## СЕГАШНИ ЗГОДНИ ПРИЛИКИ

*„Ќе процвета и порасне Израел,*
*и ќе го исполни светот со плодови”.*
*(Исаија 27:6)*

## НАШЕТО ДЕЛО

Кое е нашето дело? - Тоа е истото што му било дадено и на Јован Крстител, за коешто читаме: „Во тие дни дојде Јован Крстител, кој проповедаше во Јудејската пустина и говореше: ‘Покајте се, зашто се приближи царството небесно.’ Зашто ова е оној за кого говореше пророкот Исаија, кој рече: ‘Гласот на оној, што вика во пустината: Подгответе го патот на Господа и исправете ги патеките Негови’“ (Матеј 3:1-3). {8С 9.1}

Сите кои вистински се вклучени во Господовото дело за овие последни денови ќе носат една одредена вест. Прочитајте ги првите неколку стихови од четириесетото поглавје на книгата на пророкот Исаија: {8С 9.2}

„Гласот на оној што вика во пустината говори: ‘Пригответе Му пат на Господа, права направете ја во пустината патеката на нашиот Бог. Нека се издигне секоја долина, нека се спушти секоја гора и бреже. Што е нерамно, нека се израмни, стрмнините нека станат рамни. Тогаш ќе се открие славата Господова, и секое тело ќе ја види, зашто Господовата уста го изрече тоа’“ (Исаија 40:3-5) {8С 9.3}

„Гласот говореше: ‘Викај!’ И рече: ‘Што да викам?’ - ‘Секое тело е како трева, неговата сета убавина е како полски цвет. Тревата се суши, цветот овенува, кога Господовиот здив ќе помине преку нив. Навистина, народот е трева. Тревата се суши, цветот овенува, но словото на нашиот Бог останува довека’“ (Стихови 6-8). {8С 9.4}

Ова поглавје е полно со поуки наменети за нас во ова време. Словото што Господ ни го упатува гласи: „Покајте се, подгответе го патот за заживување на Моето дело”. {8С 10.1}

Пренесувањето на работата во Вашингтон што досега се одвиваше во Батл Крик претставува чекор во добра насока. Мораме да продолжиме со навлегувањето во сите оддалечени области во коишто народот сè уште е во духовна темнина. „Нека се издигне секоја долина, нека се спушти секоја гора и бреже. Што е нерамно, нека се израмни, стрмнините нека станат рамни“ (Исаија 40:4). Со отворањето на Божјото Слово и со укажување на тоа јасното: „Вака зборува Господ“, треба да се отстрани секоја пречка за откупување на Божјиот народ. Вистинската светлина треба да свети, зашто мрак ја покрива земјата и темнина народите. Наспроти заблудата нека се појави вистината на живиот Бог. Објавувајте ја радосната вест. Имаме Спасител, кој го дал Својот живот за секој што верува во Него да не загине, туку да има вечен живот. {8С 10.2}

Ќе се појават потешкотии кои ќе го попречуваат Божјото дело, но не плашете се. Нашиот Бог, што го држи заветот, кон Својата семоќ како Цар на царевите ја соединува и благоста и грижата на нежниот пастир. Нему ништо не може да му застане на патот. Неговата сила е неограничена и таа е гаранција дека Тој ќе ги исполни ветувањата дадени на Својот народ. Тој ќе ги отстрани сите пречки што го спречуваат напредокот на Неговото дело. Тој има начин да ги отстрани сите тешкотии, за да се избават оние кои

Му служат и ги почитуваат средствата кои Тој ги користи. Неговата добрина и љубов се бескрајни и Неговиот завет е непроменлив. {8С 10.3}

Плановите на непријателите на Божјото дело можат да изгледаат цврсти и добро утврдени, но Тој може да ги попречи и најсилните планови; и Тој ќе го направи тоа во Свое време, и на Свој начин, кога ќе види дека нашата вера е доволно испробана и дека сме Му се приближиле, земајќи го Него за свој советник. {8С 10.4}

Не плашете се ниту во најцрните денови, кога сè ќе изгледа толку страшно. Имајте вера во Бога. Тој ја остварува Својата волја правејќи сè да биде на добро на Неговиот народ. Силата на оние кои Му служат и кои Го љубат ќе се обновува секој ден. Тој им го дава Својот разум во нивната служба, за да не грешат во остварувањето на Неговите цели. {8С 10.5}

Во Божјата служба никогаш не треба да се паѓа со духот. Нашата вера треба да го издржи сиот притисок на кој ќе биде изложена. Бог може и сака да им ја даде на Своите слуги сета сила што им е потребна. Тој ќе ги исполни, па дури и надмине најголемите очекувања на оние кои се надеваат во Него. Ќе им даде мудрост која е потребна во нивните различни потреби. {8С 11.1}

Испробаниот апостол Павле рекол: „Тој ми рече: 'Доволна ти е Мојата благодат, бидејќи Мојата сила се усовршува во слабоста.' Затоа со многу поголема радост ќе се фалам со своите слабости за да се всели во мене Христовата сила. Затоа уживам во слабости, во навредување, во нужди, во прогонување, во тешкотии заради Христа, зашто кога сум слаб, тогаш сум силен“ (2. Коринтјаните 12:9,10). {8С 11.2}

О браќа мои, држете се за својата почетна доверба цврсто до крајот. Светлината на Божјата вистина не треба да потемнее. Таа мора да светли среде темнината и заблудата која го покрива овој свет. Божјото Слово треба да им се отвора и на оние кои заземаат високи положби на земјата исто така како и на оние кои се на понезначителни. {8С 11.3}

Христовата црква е Божјо средство за објавување на вистината; Тој дал власт да изврши едно посебно дело и ако таа е верна на Бога покорувајќи се на Неговите заповеди, во неа ќе пребива превозвишеноста на божествената сила. Ако го почитува Израеловиот Господ Бог, нема сила која би можела да се спротивстави. Ако биде верна на своите обврски, силите на непријателот исто така нема да можат да ја победат како што плевата не може да пружи отпор пред ветрот. {8С 11.4}

На црквата ќе осамне светол и славен ден ако се облече во облеката на Христовата праведност, отргувајќи се од секоја преданост (верност) кон овој свет. {8С 11.5}

Членовите на црквата сега треба да го признаат своето назадување и меѓусебно да се зближат. Браќа мои, немојте да дозволите ништо да ве одвои од Бога или едни од други. Не говорете за разликите на мислењата, туку обединете се во љубовта на вистината каква што е во Исуса. Излезете пред Бога и повикајте се на пролеаната крв на Спасителот како на причина заради која треба да примите помош во борбата против злото. Нема напразно да се молите. Ако се приближите кон Бога со понизни срца и во цврста вера, ќе го победите непријателот кој настојува да ве уништи. {8С 11.6}

Обратете се кон Господа, вие затвореници на надежта. Барајте сила од живиот Бог. Покажете непоколеблива, понизна вера во Неговата сила и Неговата подготвеност да спасува. Од Христа тече жива река на спасението. Тој е Фонтана на животот, Извор на секоја сила. Ако со вера се фатиме за Неговата сила, Тој на чуден начин ќе го измени и најбезнадежниот и обесхрабрувачки изглед. Тој тоа ќе го направи заради славата на Своето име. {8С 12.1}

Бог ги повикува Неговите верни, оние кои веруваат во Него, да им влеват храброст на оние кои се сомневаат и очајуваат. Нека Господ ни помогне да си помагаме едни на други и да Го потврдиме со жива вера. {8C 12.2}

„Пејте Му радосно на Бога, нашата сила; пејте Му радосно на Јакововиот Бог! Запејте песна, удрете во дајре, свирете со милозвучен псалтир“ (Псалм 81:1,2). {8C 12.3}

„Добро е да се слави Господ и да се пее на Твоето име, Сèвишен; да се возвестува Твојата љубезна милост наутро и Твојата верност секоја ноќ, на харфа со десет жици и на псалтир, со песна на лира. Зашто Ти ме развесели со Твоите дела, о Господи, ќе се радувам на делата од Твоите раце“ (Псалм 92:1-4). {8C 12.4}

„Дојдете, да Му запееме на Господа, да Му воскликнуваме на Карпата на нашето спасение! Да застанеме пред Неговото лице со благодарности, да Му воскликнуваме со песни! Зашто Господ е величествен Бог, велик Цар над сите богови. Во Неговите раце се земните длабочини, Негови се планинските височини. Негово е морето, Тој го создаде; и копното го направија Неговите раце. Дојдете, да се поклониме (да го обожаваме) и да паднеме, да клекнеме пред Господа, нашиот Создател“ (Псалм 95:1-6). {8C 13.1}

„Пејте му на Господа нова песна! Пеј Му на Господа цела земјо! Пејте Му на Господа, благословувајте Го Неговото име! Благовестете го од ден на ден, Неговото спасение; разгласувајте ја меѓу народите Неговата слава, на сите народи Неговите чуда. Зашто Господ е велик, предостоен за фалба, пострашен е од сите богови“ (Псалм 96:1-4). {8C 13.2}

„Воскликнувај Му на Господа, цела земјо! Служете Му на Господа со веселба! Дојдете пред Неговото лице пеејќи! Знајте дека Господ е Бог: Тој нè создаде, и ние сме Негови, Негов народ сме и овци на Неговото пасиште. Влезете со благодарници низ Неговите порти; со фалба во Неговите дворови; благодарете Му, благословувајте го Неговото име! Зашто Господ е добар, Неговата милост е довека, Неговата вистина од род до род“ (Псалм 100). {8C 13.3}

## ХРИСТОВИОТ НАЛОГ

Божја намера е Неговиот народ да биде посветен, чист и свет народ, народ кој ќе ја пренесува светлината на сите кои се наоѓаат околу него. Негова цел е тој народ да ја објаснува и потврдува вистината со пример во животот и да биде слава на земјата. Христовата благодат е доволна за тоа да се постигне. Но Божјиот народ мора да има на ум дека Тој ќе може да ги направи пофалба на земјата само ако тие веруваат и живеат според начелата на евангелието. Тој ќе ја ужива сета полнота и сила на ветувањата на која црквата е повикана да се потпре, само ако сите свои од Бога дадени способности ги искористи во Неговата служба. Црквата нема да го донесе оној род што Бог го очекува, ако оние кои тврдат дека веруваат во Христа како во свој Спасител достигнат само низок степен на световните мерила. Во нејзиниот извештај на небото ќе биде запишано „си се нашол лесен“. {8C 14.1}

Налогот кој Христос го дал на Своите ученици пред Своето вознесување претставува голема мисионерска повелба на Неговото царство. Давајќи им го тоа на Своите ученици, Спасителот ги направил Свои амбасадори и им ги дал нивните акредитиви. Кога подоцна биле повикани на одговорност и запрашани со какво овластување тие, неуки рибари, одат како учители и исцелители тие можеле да одговорат: „Оној кого Евреите

го распнаа, но кој воскресна од мртвите, нѐ наименува за проповедници на Неговото слово, велејќи: ‘Ми се даде секоја власт на небото и на земјата.’“ {8C 14.2}

Христос го дал овој налог на Своите ученици како на Свои главни проповедници, архитекти кои требало да ги положат темелите на Неговата црква. Ним, и на сите кои дошле по нив, Тој им оставил задача како Негови проповедници да го пренесуваат Неговото евангелие од поколение на поколение, од век до век. {8C 14.3}

Учениците не чекале народот да дојде кај нив. Тие оделе кај луѓето, барајќи ги грешниците како што пастирот ја бара изгубената овца. Христос им го отворил целиот свет како нивно поле на работа. Тие отишле „по сиот свет проповедајќи го евангелието на секое создание“ (Марко 16:15). Тие проповедале за Спасителот, за Неговиот живот на несебична служба, за Неговата срамна смрт, за Неговата неспоредлива и непроменлива љубов. Неговото име било нивна лозинка, нивна врска на единство. Тие во Негово име ги совладувале тврдините на гревот. Верата во Неговото име ги обележувала како христијани. {8C 14.4}

Давајќи им на Своите ученици подетални упатства, Христос рекол: „Но ќе примите сила од Светиот Дух, Кој ќе слезе на вас и ќе Ми бидете сведоци во Ерусалим и во цела Јудеја и Самарија, и сè до крајот на земјата”. „А вие останете во Градот Ерусалим, додека не се облечете во сила одозгора“ (Дела 1:8; Лука 24:49). {8C 15.1}

Покорувајќи се на зборовите на својот Учител, учениците се соб-рале во Ерусалим да го чекаат исполнувањето на Божјото ветување. Таму поминале десет дена во длабоко испитување на срцата. Ги измириле сите несогласувања и блиску се соединиле во христијанско братство. {8C 15.2}

По десет дена Господ го исполнил Своето ветување со прекрасно излевање на Својот Дух. „Тогаш ненадејно се создаде шум од небото, како силен ветар кога дува, и ја исполни целата куќа, каде што седеа. И им се јавија јазици како од пламен, кои се разделуваа и се спуштија по еден над секого од нив посебно. И сите се исполнија со Дух Свети, и почнаа да зборуваат на други јазици, онака како што им даваше Духот Свети, да изговараат”. „И во тој ден се присоединија кон нив околу три илјади души“ (Дела 2:2-4,41). {8C 15.3}

„Тие, пак, отидоа и проповедаа насекаде; и Господ работеше со нив и им го поткрепуваше словото нивно со чуда, што се јавуваа“ (Марко 16:20). И покрај огорчениот отпор на којшто учениците наидувале, евангелието за царството за кратко време одекнало во сите тогаш населени делови на светот. {8C 15.4}

Налогот што им бил даден на учениците исто така ни е даден и нам. Денес, како и во она време, распнатиот и воскреснат Спасител мора да се воздигне пред оние кои се без Бога и без надеж во овој свет. Господ ги повикува луѓето да бидат пастири, учители и евангелисти. Неговите слуги треба од врата до врата да ја проповедаат веста за спасението. Веста за проштевањето преку Христа мора да се однесе на секој народ, племе и јазик. {8C 15.5}

Веста не треба да се дава на бессилен и безживотен начин на изразување, туку со јасни решителни зборови кои ќе ги покренат слушателите. Стотици го чекаат предупредувањето за да го спасат својот живот. Светот во христијаните треба да види очигледен доказ за силата на христијанството. Весници на милоста се потребни не само на неколку места, туку по целиот свет. Од секоја земја се слуша повикот; „Дојдете и помогнете ни“. Богатите и сиромавите, возвишените и ниските, бараат светлина. Мажите и жените се гладни за вистината каква што е во Исуса. Кога ќе слушнат како се

проповеда евангелието со сила одозгора, тие ќе сфатат дека им е подготвен банкет и ќе одговорат на повикот: „Дојдете, зашто веќе сè е подготвено“ (Лука 14:17). {8C 16.1}

Зборовите „Одете по сиот свет и проповедајте го евангелието на секое создание“, се упатени на секој Христов следбеник. Сите кои се одлучиле за живот во Христа се повикани да работат на спасување на своите ближни. И тие треба да го покажат истиот копнеж на душата за спасување на изгубените каков што имал Тој. Не можат сите да бидат на една иста должност, но секому е наменето едно место и една задача. Сите кои примиле Божји благослов, на тоа треба да вратат со вистинска служба; секој дар треба да го искористат за напредување на Неговото царство. {8C 16.2}

## Непроменливо ветување

Христос обезбедил сè што е потребно за продолжување на делото што го доверил на Своите ученици и Тој врз Себе ја презел одговорноста за успехот на нивната работа. Додека тие се покоруваат на Неговите зборови и работат поврзано со Него, не можат да погрешат. Одете кај сите народи, им заповедал Тој. Одете до најоддалечените населени краеви на земјината топка, и знајте дека и таму ќе бидам присутен. Работете со вера и доверба, зашто никогаш нема да настапи време кога Јас ќе ве напуштам. {8C 16.3}

И нам исто така ни е дадено ветување за постојаната Христова присутност. Времето ниту малку не го изменило Неговото ветување. Тој е со нас денес исто така како што бил со Своите ученици и Тој ќе биде со нас „до свршетокот на светот“. {8C 17.1}

„Одете по сиот свет и проповедајте им на сите народи“, ни кажува Спасителот, „за и тие да станат Божји деца. Јас сум со вас во таа работа. Јас ќе ве учам, водам, тешам, засилувам и ќе ви дадам успех на вашата работа полна со самоодрекување и пожртвување. Јас ќе ги покренувам срцата на луѓето осведочувајќи ги за гревот и обратувајќи ги од мракот кон светлината, и од непокорноста кон праведноста. Во Мојата светлина тие ќе видат светлина. Вие ќе наидувате на противење од сатанските помагачи, но надевајте се во Мене. Јас никогаш нема да ве разочарам”. {8C 17.2}

Дали мислите дека Христос не ги цени оние кои живеат потполно за Него? Зар мислите дека Тој не ги посетува оние кои како љубениот Јован, заради Него се наоѓаат на тешки и мачни места? Тој секогаш ги наоѓа Своите верни и со нив одржува постојана заедница, тешејќи ги и храбрејќи ги. А Божјите ангели, кои се ненадминливи по сила, се испратени да им помагаат на Неговите човечки соработници кои ја говорат вистината на оние кои не ја познаваат. {8C 17.3}

Бог на проповедникот на евангелието му дал задача да ги приведува кон Христа оние кои заскитале од тесниот пат. Тој мора да биде мудар и срдечен во своите напори. На крајот на секоја година, тој треба да биде во состојба да се сврти и да ги види душите што ги спасил со својата работа. Некои ќе мора да ги спасува со страв, „истргнувајќи ги од оган, мразејќи ја дури и облеката испоганета од телото“, „држејќи се цврсто за верното слово, онака како што е научен“ (Јуда 23; Тит 1:9). Павловиот налог даден на Тимотеја се однесува и на денешните проповедници: „Те обврзувам пред Бога и нашиот Господ Исус Христос... проповедај го словото; настојувај во погодно време и во невреме; укорувај, прекорувај, охрабрувај со голема долготрпеливост и поука“ (2. Тимотеј 4:1,2). {8C 17.4}

Но Бог не ставил одговорност само на оние кои го проповедаат словото да работат на спасување на грешниците. Тој го ставил тоа во задача на сите. Нашите срца мораат да

бидат така исполнети со љубовта Христова, така што нашите зборови на благодарност можат да ги загреат и срцата на другите. Тоа е служба која сите можат да ја вршат и Господ ја прима како угодна жртва. Тој ја прави успешна, дарувајќи му на срдечниот работник благодат која го измирува човекот со Бога. {8C 18.1}

Нека Господ му помогне на Својот народ да види колку е сериозна работата која треба да ја изврши во тој поглед. Нека му помогне да сфати дека и во домот, и во црквата, и во светот мора да работи на Христовото дело. Тој нема да ги остави Своите верни да работат сами. Ангелите ќе бидат нивни помошници. И Христос е нивен помошник. Затоа нека работат верно и неуморно. Во вистинско време тие ќе жнеат, ако не се уморат. {8C 18.2}

Христијанинот, како патник, не смее да попушти на својата желба за одмор. Тој мора постојано да оди напред говорејќи: „Ноќта прилично одмина и денот се приближи". Неговата лозинка мора да биде: „Не затоа што веќе достигнав, или дека веќе постигнав совршенство... Јас не мислам дека сум го достигнал тоа; но едно правам: го заборавам она што е зад мене, а се стремам кон она што е пред мене, трчам кон целта - кон наградата на горното призвание од Бога во Исуса Христа" (Филипјаните 3:12-14). {8C 18.3}

## ВЕТЕНА СИЛА

Бог не бара од нас со своја сопствена сила да ја извршуваме задачата што е пред нас. Тој ни осигурил божествена сила во сите случаи во кои човечката сила е недоволна. Тој ни го дава Светиот Дух за да ни помогне во секоја неволја, да ја зајакне нашата надеж и уверување, да го просветли нашиот ум и да го очисти нашето срце. {8C 19.1}

Спасителот пред самото распнување им рекол на Своите ученици: „Нема да ве оставам сираци". „Јас ќе Го помолам Таткото, и Тој ќе ви даде друг Утешител, за да биде со вас довека". „А кога ќе дојде Тој, Духот на вистината, ќе ве упати во секоја вистина; но од Себе нема да зборува, а ќе говори што чуе, и ќе ви ја каже иднината". „Тој ќе ве научи на сè и ќе ви напомни за сè што сум ви зборувал" (Јован 14:18,16; 16:13; 14:26). {8C 19.2}

Христос овозможил Неговата црква, поседувајќи ја славата на Емануел, да биде едно преобразено тело, осветлено со небесна светлина. Негова цел е секој христијанин да биде опкружен со духовна атмосфера на светлина и мир. Нема граница на корисноста на оној, кој одрекувајќи се од своето сопствено јас, му дозволува на Светиот Дух да делува на Неговото срце и живее живот на целосна посветеност на Бога. {8C 19.3}

Какви биле последиците од излевањето на Духот на денот на Педесетница? - Радосните вести за воскреснатиот Спасител биле однесени до најоддалечените граници на населениот свет. Срцата на учениците биле исполнети со толку длабока, целосна и далекусежна љубов, што оваа љубов ги натерала да одат до крајот на земјата, сведочејќи: „Да не даде Господ да се фалам со нешто друго, освен со крстот на нашиот Господ Исус Христос" (Галатјаните 6:14). Тие ја проповедале вистината каква што е во Исуса и срцата се потчинувале пред силата на пораката. На црквата приоѓале обратеници од сите страни. Отпадниците наново се обратувале. Грешниците се соединувале со христијаните за да го бараат скапоцениот бисер. Тие што биле најогорчени непријатели на евангелието, станале негови големи поборници. Се исполнило пророштвото дека „најслабите ќе бидат како Давид", а домот на Давида

„како Ангел Господен”. Секој христијанин во својот брат гледал божествено обличје на добрина и љубов. Еден интерес преовладувал. Еден предмет на натпревар ги потиснал сите други. Единствен копнеж на верниците бил во карактерот да станат слични на Христа и да работат на проширување на Неговото царство. {8C 19.4}

„Апостолите, пак, со голема сила сведочеа за воскресението на Господа Исуса Христа; и голема благодат беше над сите нив“ (Дела 4:33). Преку нивната работа кон црквата биле приклучени одбрани луѓе, кои го примиле словото на животот и својот живот го посветиле на задачата и на другите да им влеат надеж која го исполнувала нивното срце со мир и радост. Стотици ја објавувале веста: „Се приближи Божјото царство”. Тие не се одвраќале ниту се плашеле од заканите. Преку нив зборувал Господ и каде и да оделе, лекувале болни и го проповедале евангелието на сиромасите. {8C 20.1}

Толку силно Господ може да делува кога луѓето ќе се потчинат на контролата на Неговиот Дух. {8C 20.2}

Ветувањето на Духот денес се однесува на нас исто како и на првите верници. Бог и денес сака мажите и жените да ги дарува со сила одозгора, како што ги дарувал оние што го слушнале словото на спасение на денот на Педесетница. Неговиот Дух и Неговата благодат и денес им се наменети на сите што се повикуваат на Неговите ветувања. {8C 20.3}

Треба да се забележи дека Духот се излеал врз учениците дури тогаш кога целосно се обединиле, тогаш кога престанале да се борат за највисоко место. Станале еднодушни. Сите несогласувања биле отстранети. И кога примиле сила од Духот, сите изнесувале исто сведоштво. Обратете внимание на зборовите: „А народот што поверува имаше едно срце и една душа“ (Дела 4:32). Духот на Оној што умрел за грешниците да можат да живеат го вдахнал целиот собир на верници. {8C 20.4}

Учениците не го барале тој благослов само за себе. Нив ги притискал товар за душите. Евангелието требало да се однесе во сите краеви на светот и тие барале да им се даде силата што Христос им ја ветил. Тогаш се излеал Светиот Дух и во еден ден се обраќале илјадници души. {8C 21.1}

Така може да биде и денес. Христијаните треба да ги отфрлат сите несогласувања и да му се предадат на Бога заради спасување на изгубените. Со вера нека се молат за ветениот благослов и тој ќе дојде. Излевањето на Светиот Дух во времето на апостолите бил „ран дожд“, и резултатот бил величествен. Но „доцниот дожд“ ќе биде уште пообилен. Што им е ветено на оние кои живеат во овие последни денови? - „Придете кон тврдината, вие затвореници на надежта; уште денес Јас навестувам, ќе ти вратам двојно”. „Молете Го Господа за дожд во времето на позниот дожд; Господ ќе даде светли облаци и ќе им даде дожд, на секој еден зеленило во поле“ (Захарија 9:12; 10:1). {8C 21.2}

Христос изјавил дека божественото влијание на Духот ќе биде до крајот со Неговите следбеници. Но тоа ветување не е ценето така како што би требало да биде; затоа ниту неговото исполнување не се видело такво какво што би можело да биде. Малку се мислеше на ветувањето на Духот и последиците беа такви какви што можеше да се очекува - духовна суша, духовна темнина, духовно опаѓање и смрт. Внимание се посветува на помалку важни прашања и затоа божествената сила, која е неопходна за развој и напредок на црквата и која со себе би ги донела и сите други благодети, недостига, иако е понудена во своето безгранично изобилие. {8C 21.3}

Недостаток на Духот е тоа што проповедниците на евангелието ги прави толку бессилни. Луѓето можат да бидат учени, талентирани, речити, можат да имаат најубави природни и стекнати особини, но без присуство на Божјиот Дух нема да трогнат ниедно срце, и нема да придобијат ниеден грешник за Христа. Од друга страна, ако се поврзани со Христа, ако ги имаат даровите на Духот, и најсиромашните и најнеобразованите Негови ученици ќе имаат сила која ќе делува на срцето. Бог ќе ги направи канали низ кои ќе се излева највозвишеното влијание во вселената. {8C 21.4}

Зошто не сме гладни и жедни за дарот на Духот, кога само преку Него можеме да добиеме сила? Зошто не зборуваме, не се молиме и не проповедаме за тоа? Господ повеќе сака да ни го дарува Светиот Дух отколку што родителите да им даваат добри дарови на своите деца. Секој работник треба срдечно да му се моли на Бога за крштавање со Духот. Треба да се организираат посебни групи за заеднички да бараат посебна помош и небесна мудрост, за да знаат мудро да планираат и извршуваат. Посебно треба да се молиме Бог да ги крсти Своите мисионери со Светиот Дух. {8C 22.1}

Присуството на Духот ќе им даде таква сила на Божјите работници во прикажувањето на вистината каква што не можат да им дадат никакви почести и слава од овој свет. Духот снабдува сила која ја поддржува душата која настојува и се бори во секоја неволја, среде непријателски расположените роднини, омразата на светот и свеста за сопственото несовршенство и грешки. {8C 22.2}

Ревноста за Бога ги натерала учениците да сведочат за вистината со голема сила. Не треба ли истата ревност да ги запали и нашите срца со одлучност да ја пренесеме сторијата за откупителната љубов, за Христос и Неговото распнување? Зар не треба и денес Божјиот Дух, како одговор на срдечната и истрајна молитва, да ги исполни луѓето со сила за служба? Зошто тогаш црквата е толку слаба и без Дух? {8C 22.3}

Предност на секој христијанин е не само да го очекува, туку и да го забрза доаѓањето на нашиот Господ Исус Христос. Кога сите што го исповедаат Неговото име би донесувале род во Негова слава, многу бргу целиот свет би бил посеан со семето на евангелието! Наскоро би зреела и последната жетва и Христос веќе би дошол да го собере скапоценото жито. {8C 22.4}

Браќа и сестри, молете се за дарот на Светиот Дух. Бог стои зад секое ветување кое го дал. Со својата Библија во рацете кажете: „Направив како Ти што си кажал. Се повикувам на Твоето ветување: ‘Сакајте и ќе ви се даде, барајте и ќе најдете, тропајте и ќе ви се отвори.’“ Христос кажува: „Сè што ќе побарате во молитва, верувајте дека ќе го добиете: и ќе ви биде”. „И што и да посакате од Таткото во Мое име, ќе ви го направам за да се прослави Таткото во Синот“ (Матеј 7:7; Марко 11:24; Јован 14:13). {8C 23.1}

Виножитото над престолот е уверување дека Бог е верен, дека во Него нема измена ниту сенка од промена. Ние сме згрешиле пред Него и не ја заслужуваме Неговата милост, но Тој сепак во нашите усти ја ставил најпрекрасната од сите молитви: „Не отфрлај нè, заради Своето Име, не срами го престолот на Својата слава, спомни си и не го раскинувај Својот завет со нас“ (Еремија 14:21). Тој се заветил Себеси дека ќе ги слушне нашите покорни молби, ако Му пристапиме признавајќи ја својата недостојност и грешност. Исполнувањето на Неговите зборови наменети за нас е заложено со славата на Неговиот престол. {8C 23.2}

Христос ги праќа Своите гласници на сите страни за да ја соопштат Неговата волја на Неговите слуги. Тој оди насреде Своите цркви. Тој сака да ги посвети, воздигне и облагороди Своите следбеници. Влијанието на тие што веруваат во Него во светот ќе биде мирис животен за живот. Христос ги држи ѕвездите во Својата десница и Негова

цел е со Негова светлина да го осветли светот. Тој со тоа сака да го подготви Својот народ за повозвишена служба во црквата на небото. Тој ни доверил извршување на едно големо дело. Да го извршуваме верно. Да покажаме со својот живот што сè може да направи божествената благодат за човештвото. {8C 23.3}

## НАША ОДГОВОРНОСТ

Понекогаш ми е дозволено да ја согледам вистинската состојба на црквата на остатокот - состојба на вчудовидувачка рамнодушност кон потребите на светот кој пропаѓа поради непознавање на вистината за ова време. Тогаш со часови, а понекогаш и со денови сум длабоко вознемирена. Мнозина на кои им е доверена вистината за веста на Третиот ангел не сфаќаат дека спасувањето на душите зависи од посветеноста и дејствувањето на Божјата црква. Многу примени благодети се употребуваат во служба за себе. О, колку ме боли срцето што тие со своето нехристијанско однесување го срамотат Христа! Но по овие душевни маки, согледувам дека морам уште повеќе да се трудам да ги пробудам нив на несебично работење за спасение на своите ближни. {8C 24.1}

Бог ги направил Своите луѓе повереници на Неговата благодат и вистина, и како гледа Тој на занемарувањето на должноста тие благодети да им ги предадат на своите ближни? Да претпоставиме дека некоја голема колонија на Велика Британија се наоѓа во опасност од глад и закана од војна. Мнозина умираат од глад додека непријателот на границите собира големи сили за уште повеќе да ја забрзаат смртта од гладот. Владата во Британија ги отвора своите складишта, јавно се собираат доброволни прилози, помош пристигнува преку многу канали. Бродови претрупани со скапоцени животни намирници се праќаат на местото на страдање, пратени со молитвите на оние чии срца се покренати да помогнат. Одредено време овие бродови пловат кон својата цел. Но луѓето на кои им е доверена оваа должност, да им однесат храна на оние што умираат од глад, штом брегот се изгубил од вид попуштаат во својата ревност. Иако го прифатиле делото кое ги прави соработници со ангелите, тие ја губат од вид добрата намера со која тргнале. Лошите советници ги наведуваат на искушение. {8C 24.2}

На нивниот пат се наоѓа група острови и тие одлучуваат да застанат, иако сè уште се далеку од својата цел. Искушението станува сè посилно и посилно. Нив ги опфаќа дух на себичност. Им се дава поволна прилика да заработат. Оние што управуваат со бродовите наговорени се да останат на островите. Тие ги губат од вид своите првобитни милосрдни цели. Ги забораваат луѓето кај кои се пратени и кои умираат од глад. Намирниците кои им се доверени ги употребуваат за остварување на сопствена добивка. Средствата за добродетелство се користат за себични цели. Тие ги продаваат животните намирници за да остварат себична добивка и своите ближни ги препуштаат на смртта. Пискотењата на оние што умираат стигнуваат до небото и Господ во Својот запис запишува извештај за кражбата. {8C 24.3}

Помислете на стравотиите на човечките суштества при умирање од глад на кој биле изложени затоа што оние на кои им биле доверени намирниците ја изневериле довербата. Тешко ни е да помислиме дека човек може да направи толку страшен грев. Но, драги браќа и сестри, наложено ми е да ви кажам дека христијаните секој ден го повторуваат овој грев. {8C 25.1}

Во Едем човекот паднал од својата возвишена положба и преку престапот станал подложен на смрт. Небото видело дека човечките суштества ќе пропаднат и тоа предизвикало сочувство кај Бога. Тој пронашол начин за спасение, но со неизмерна цена. „Зашто Бог толку го возљуби светот, што Го даде Својот Единороден Син, та секој што верува во Него, да не погине, но да има живот вечен“ (Јован 3:16). За престапникот не постоела друга надеж освен преку Христа. Бог видел дека „нема човек, и се зачуди дека нема посредник; тогаш Му помогна Неговата мишка и Неговата праведност го потпре“ (Исаија 59:16). {8C 25.2}

Господ избрал народ и го направил чувар на Својата вистина. Негова цел била со откривање на Својот карактер преку Израел да ги привлече луѓето кон Себе. Повикот на евангелието треба да биде упатен на целиот свет. Преку учењето за жртвената служба, Христос бил издигнат пред народите и сите кои сакале да погледнат во Него, можеле да живеат. {8C 25.3}

Но Израелците не ја остварile Божјата намера. Го заборавиле Бога и ја изгубиле од вид својата висока предност како Негови претставници. Благословите што тие ги примиле не му донеле никакви благодети на светот. Тие сите свои предности ги користеле за да се прослават себеси. Му ја скратувале на Бога службата која ја барал од нив, а ги оштетувале и своите ближни, не давајќи им верско упатување и свет пример. {8C 26.1}

Бог најпосле го пратил Својот Син за на луѓето да им го открие карактерот на Невидливиот. Христос дошол на оваа земја и живеел живот на послушност на Божјиот закон. Го дал Својот скапоцен живот за да го спаси светот и Своите слуги ги направил Свои повереници. Давајќи го Христа на луѓето, небото им ги дало сите свои богатства. Црквата била обилно снабдена со храна за изгладнетите души. Тоа било богатство кое му било доверено на Божјиот народ за да го однесе на светот. Таа света должност требало да ја врши верно, работејќи на својата задача сè додека веста на милоста не го опфати целиот свет. {8C 26.2}

Христос се вознел на небото и го пратил Својот Свети Дух за да даде сила на делото на Неговите ученици. Илјадници биле обратени во еден ден. За време од едно поколение евангелието им било однесено на сите народи под небото. Но, малку по малку, дошло до промени. Црквата ја загубила својата првобитна љубов. Таа станала себична и љубител на лесноТијата. Бил негуван световен дух. Непријателот ги маѓепсал оние на кои Бог им дал светлина за светот обвиткан во темнина - светлина која треба да се види во добрите дела. На светот му биле скратени благодетите наменети од Бога. {8C 26.3}

Зар истото не се повторува и во ова поколение? Мнозина и во нашите денови го задржуваат за себе тоа што Бог им го дал за спасување на неопоменатиот и необратениот свет. Во Божјото Слово е прикажан еден ангел како лета посреде небото, „кој имаше вечно евангелие, за да им благовести на жителите земни, на секое племе и колено, јазик и народ. Тој зборуваше со висок глас: ‘Бојте се од Бог и подајте Му слава, зашто настапи часот на Неговиот суд, и поклонете Му се на Оној, Кој го создал небото и земјата, морето и водните извори’“ (Откровение 14:6, 7). {8C 26.4}

Веста од четиринаесетото поглавје на Откровението е вест која треба да ја објавуваме на светот. Таа е лебот на животот за овие последни денови. Милиони човечки суштества пропаѓаат во незнаење и беззаконие. Но мнозина од оние на кои Бог им ги доверил богатствата на животот се рамнодушни кон овие души. Мнозина

забораваат дека им е доверен лебот на животот за оние што се гладни за спасение. {8C 27.1}

О, каде се посветените христијани, доследноста слична на Христа, верата која делува преку љубовта и ја чисти душата! Бог нека ни помогне да се покаеме и својата тромавост да ја промениме во посветена активност. Нека ни помогне со своите зборови и дела да покажеме дека чувствуваме товар за душите што пропаѓаат. {8C 27.2}

Секој момент треба да Му бидеме благодарни на Бога за Неговото трпение кон нашата бавна работа извршена со неверие. Наместо да си ласкаме себеси со тоа што веќе сме го постигнале, а тоа е толку малку, мораме да вложиме посрдечни напори. Не смееме да престанеме со своите напори ниту да попуштиме во својата будност. Нашата ревност никогаш не смее да опадне. Нашиот духовен живот секој ден мора повторно да се оживува од потоците кои го веселат градот на нашиот Бог. Секогаш мора да бидеме будни и да ја користиме секоја прилика да ги употребиме за Бога талентите што Тој ни ги дал. {8C 27.3}

Светот е театар. Неговите жители се актери кои се подготвуваат да ја одиграат својата улога во последната голема драма. Кај повеќето луѓе нема никакво единство, освен кога ќе се здружат заради некоја себична цел. Бог го посматра тоа. Ќе се оствари тоа што Тој го наменил во поглед на Своите бунтовнички поданици. Светот не е потполно препуштен во човечки раце, иако Бог допушта за одредено време да завладеат елементи на збрка и неред. Пеколните сили работат на тоа да ги забрзаат последните големи сцени во таа драма - доаѓањето на сатаната како Христос и неговата работа со секоја измама на неправедноста во тие што се поврзуваат во тајни друштва. Тие што се оддаваат на страсти со стапувањето во сојузи ги остваруваат плановите на непријателот. По причината ќе дојдат последиците. {8C 27.4}

Престапот речиси ја достигнал својата крајна граница. Светот е исполнет со збрка и голем ужас кој наскоро ќе наиде на човечките суштества. Крајот е мошне близу. Ние што ја знаеме вистината треба да се подготвуваме за тоа што наскоро ќе наиде на светот како вчудовидувачко изненадување. {8C 28.1}

Јован пишува: „И видов голем бел престол и Седнатиот на него, од чие лице побегнаа земјата и небото, и за нив место не се најде. Потоа ги видов мртвите, мали и големи, како стојат пред Бога; се отворија книги, и друга книга се отвори - книгата на животот; и судени беа мртвите според запишаното во книгите, според делата нивни“ (Откровение 20:11, 12). {8C 28.2}

Дали ние како народ спиеме? О, кога младите мажи и жени во нашите институции кои денес се неподготвени да го дочекаат Господа, непогодни да станат членови на Господовото семејство, би можеле да ги распознаат знаците на времето, каква промена би се видела на нив! Господ Исус повикува самопожртвувани работници, за да појдат по Неговите стапки, да живеат и работат за Него, да го земат својот крст и да појдат каде што Тој ги води. {8C 28.3}

Мнозина се задоволуваат со приложување на незначајна служба за Господа. Нивното христијанство е слабо. Христос се дал Себеси за грешниците. Со какво само неспокојство за спасение на душите треба да бидеме исполнети кога ги гледаме човечките суштества како пропаѓаат во гревот. Тие души се купени со неизмерно голема цена. Смртта на Божјиот Син на Голгота е мерило за нивната вредност. Тие секој ден се одлучуваат или за вечен живот или за вечна смрт. Па сепак, мажите и жените кои тврдат дека му служат на Господа се задоволуваат своето време и своето внимание да го посветат на помалку важни работи. Тие се задоволни да бидат во меѓусебни

несогласувања. Кога би биле посветени на делото на Учителот, не би се карале и препирале како непослушни деца. Секоја рака би учествувала во службата. Секој би стоел на своето место и должност, работејќи со срце и душа како мисионер на Христовиот крст. Во срцата на работниците би престојувал духот на Откупителот и тие би чинеле дела на праведност. Работниците во своето дело би ги внесувале молитвите и хармонијата на пробудената заедница. Би примале упатства од Христа и не би имале време за судири и расправии. {8C 28.4}

Би доаѓале вести од усните допрени со жив јаглен од божествениот олтар. Изговорените зборови би биле срдечни и чисти. Кон небото би се издигнувале молитви во понизност и скрушеност. Работниците со една рака би се држеле за Христа, додека со другата би се фатиле за грешниците и би ги привлекувале кон Спасителот. {8C 29.1}

„И ќе биде проповедано ова евангелие за царството по целиот свет, за сведоштво на сите народи; и тогаш ќе дојде крајот“ (Матеј 24:14). {8C 29.2}

„Избави ги оние кои ги влечат во смрт, и спасувај ги оние што одат на губилиште. Ако речеш: ‘Не знаевме за тоа, не разбира ли Оној, кој ги испитува срцата? И не знае ли Оној, Кој ти ја чува душата? И не плаќа ли Тој секому според неговите дела?’“ (Изреки 24:11,12). {8C 29.3}

## ДЕЛОТО ВО ЗЕМЈАТА И ВО СТРАНСТВО

Св. Елена, Калифорнија, 7. август 1902.

„Не велите ли вие дека уште четири месеци па ќе настане жетва? А Јас, пак, ви кажувам: подигнете го погледот и видете ги нивите како веќе побелеле готови за жетва. И жетварот веќе добива плата и собира род за вечен живот, та да се радуваат заедно и сејачот и жетварот. Зашто во овој случај вистинита станува поговорката: ‘Еден сее, а друг жнее’“ (Јован 4:35-37). {8C 30.1}

Откако ќе го посее семето, земјоделецот е присилен со месеци да чека тоа да никне и да се развие во жито подготвено за жетва. Меѓутоа, додека сее, тој е охрабрен со очекувањето на идниот род. Надежта во добриот род во времето за жетва му ја олеснува работата. {8C 30.2}

Така не било со семето на вистината што Христос го посеал во духот на Самарјанката за време на разговорот крај Јакововиот извор. Неговата сеидба не чекала долго за жетва, туку дошла веднаш. Само што ги изговорил Своите зборови, семето веќе никнало и донело род, будејќи го нејзиниот разум и овозможувајќи да сфати дека разговарала со Господ Исус Христос. Зраците на божествената светлина навлегле во нејзиното срце. Заборавајќи на својата стомна, таа веднаш отрчала да ја однесе добрата вест и на своите браќа Самарјани. „Дојдете, видете Го човекот Кој ми кажа сè што сум направила“, рекла таа (Јован 4:29). И тие веднаш дојдоа да го видат. Тогаш Тој ги споредил душите на овие Самарјани со поле пченица. „Подигнете го погледот и видете ги нивите како веќе побелеле готови за жетва“, им рекол Тој на Своите ученици. {8C 30.3}

„Кога дојдоа, пак, Самарјаните, кај Него, Го замолија да остане кај нив. И Тој остана таму два дена. И уште повеќе поверуваа поради словото Негово; а на жената велеа: ‘Сега веќе не веруваме само заради твоето кажување, зашто сами чувме и знаеме дека Тој е Спасителот на светот, Христос’“ (Јован 4:40-42). {8C 30.4}

На умот на тие Самарјани Христос им го открил словото на животот, посеал многу семе на вистината и им покажал како и тие самите можат да го сеат семето на вистината во душите на другите. Колку добро би можело да се постигне кога сите што ја познаваат вистината би работеле за грешниците - за оние на кои толку им е потребно да ја запознаат и сфатат библиската вистина и кои би ја прифатиле исто така како што Самарјаните со задоволство одговриле на Христовите зборови! Колку малку сме поврзани со Бога во тоа што би требало да биде најсилна врска помеѓу Него и нас во сожалувањето кон изопачените, виновни души кои страдаат, мртви во престапот и гревовите! Кога луѓето би учествувале во Христовото сочувствување, секогаш би ги болело срцето заради состојбата во која се наоѓаат многу напуштени полиња во кои нема работници. {8C 31.1}

Работата во странските полиња треба да се извршува срдечно и мудро, а исто така не смее на било кој начин да се занемари ниту работата во домашното поле. Немојте лесно да поминувате ни покрај полињата кои лежат во сенката на нашите врати, како ни покрај големите градови во нашата земја. Овие полиња исто така се важни како и оние во странство. {8C 31.2}

Во градовите на Америка треба да се објавува охрабрувачката порака на Божјата милост. Мажите и жените кои живеат во овие градови секој ден сè повеќе се заплеткуваат во своите деловни врски. Тие незауздано подигаат згради чиишто врвови се издигаат кон небото. Нивниот дух е преполн со славољубиви планови и пронајдоци. Бог му заповеда на секој од Своите слуги: „Викај од сето грло, не воздржувај се! Издигни го својот глас како рог. Објави му ги на Мојот народ неговите престапи, на Јакововиот дом неговите гревови“ (Исаија 58:1). {8C 31.3}

Да му се заблагодариме на Господа што има неколкумина работници кои даваат сè од себе за во нашите запоставени градови подигнат некои споменици за Бога. Да имаме на ум дека ни е должност да ги храбриме тие работници. Не му е угодно на Бога што Неговиот народ во нашата земја не ги цени и поддржува овие работници во големите градови. Работата во домашното поле токму денес е од животно значење. Времето денес овозможува најдобри можности за работа во овие полиња. За кратко време ситуацијата ќе биде многу потешка. {8C 32.1}

Исус плачел над Ерусалим заради грешноста и своеглавоста на Својот избран народ. Исто така, Тој плаче заради нечувствителноста на оние што тврдат дека се Негови соработници, а се задоволуваат со тоа да не прават ништо. Дали оние кои би морале да ја знаат вредноста на душите го носат заедно со Христос товарот на грижите, дали чувствуваат болка, измешана со солзи заради безбожните градови на земјата. На тие градови, што речиси целосно се предале на идолопоклонство им претстои уништување. Каков одговор ќе дадеме во големиот ден на завршна пресметка што сега сме занемариле да ги обработиме тие градови? {8C 32.2}

Господ нека ни помогне, додека го изградуваме делото во Америка, да посветиме потребно внимание и на други земји, така што работниците во тие полиња не би биле врзани во своето делување и оневозможени во многу градови да подигнат споменици за Бога. Да не дозволиме сите можности да се впијат во оваа земја. Да не продолжиме да забораваме на својата должност кон милионите луѓе што живеат во другите земји. Мораме подобро да ја сфатиме ситуацијата и да го откупиме минатото. {8C 32.3}

Браќа и сестри во Америка, можеби ќе примите обилно Божја благодат во своите срца, ако ги подигнете своите очи и видете дека полињата се жолти, готови за жетва. Вие кои поради неверие бевте духовно сиромашни, преку лични напори можете да

станете богати со добри дела. Вашите души нема повеќе да гладуваат среде изобилството, туку ќе ги примите даровите што Бог ви ги наменил. Кога ќе сфатите со колку скромни средства работат мисионерите во странските полиња, ќе направите сè што можете за да им помогнете. Вашите души ќе оживеат, вашиот духовен апетит ќе стане здрав, и Божјото слово, кое е лист од дрвото на животот за исцелување на народите, ќе го поткрепи вашиот ум. {8C 32.4}

Одговарајќи на Господовото прашање: „Кого да испратам?“, Исаија рекол: „Еве ме, испрати ме мене“ (Исаија 6:8). Можеби ти, брате, и ти, сестро, нема да бидете во можност да отидете во Господовото лозје, но затоа можете да дадете средства за да се испратат други. На тој начин своите пари ќе им ги дадете на „менувачите“ и кога ќе дојде Господарот, ќе можете да Му го вратите Неговото со добивка. Вашите средства можат да се употребат за испраќање и издржување на Божји гласници, кои со зборови и влијание ќе ја објавуваат веста: „Подгответе го патот на Господа и исправете ги патеките Негови“ (Матеј 3:3). Направени се планови за напредување на делото и сега е вашето време за работа. {8C 333.1}

Господ ќе ви помогне, ќе ви даде сила и ќе ве благослови, ако самопожртвувано направите сè што можете за понатамошно ширење на делото во нови полиња. Имајте доверба во сигурното ветување за Негово присуство кое ќе ве поддржи, и кое е светлина и живот. Направете сè за љубовта Исусова и за скапоцените души за кои Тој умрел. Работете со чиста и од Бога вткаена цел да го прославите Бога. Господ гледа и разбира и Тој ќе ве употреби и покрај вашите слабости, ако своите таленти ги посветите во Негова служба; бидејќи во активна и несебична служба слабите стануваат силни и се радуваат на Неговата драгоцена пофалба. Радоста од Господа е важен елемент за сила. Ако бидете верни, мирот кој го надминува секое разбирање ќе биде ваша награда во овој живот, а во идниот живот ќе влезете во радоста на вашиот Господар. {8C 33.2}

23 јануари 1903.

Морам да напишам нешто за начинот на кој се одминуваат и запоставуваат нашите градови во Америка - градови во кои не е објавена вистината. Оваа вест мора да им се однесе на илјадници странци кои живеат во тие градови во нашето поле. {8C 34.1}

Не можам да сфатам зошто нашиот народ толку малку се труди да го изврши тоа дело кое Господ со години ми го предочуваше -дело на објавување на вистината во Јужните држави. Малку се оние што се чувствуваат должни да се посветат на тоа дело. Нашиот народ пропушти да влезе во нови полиња и да работи во градовите на Југ. Господ повеќе пати ми укажуваше на потребите на ова поле, но немаше некакви посебни резултати. Понекогаш чувствував дека нема да можам повеќе да го издржам товарот на оваа задача. Помислував, ако луѓето продолжат да ја запоставуваат оваа работа, да оставам сè да оди по свој тек и да Му се молам на Господа да биде милостив кон оние што се во незнаење и што залутале. {8C 34.2}

Но Господ „има спор“ со нашите проповедници и со народот и затоа мораме да зборуваме и да ги предупредуваме на нивната должност да работат во јужното поле и нашите градови. Кој чувствува товар за објавување на веста во големиот Њујорк и во многу други наши сè уште необработени градови? Ние не треба сите собрани пари да ги праќаме надвор од Америка, во далечни земји, додека во домашното поле се укажуваат толку големи можности вистината да им се однесе на милиони кои никогаш не

слушнале за неа. Меѓу овие милиони има претставници од многу народи и тие се подготвени да ја примат веста. Мора да се направи уште многу во сенката на нашите врати - во градовите на Калифорнија, Њујорк и многу други држави. {8C 34.3}

Бог му зборува на Својот народ: „Стани, засветли, зашто твојата светлина дојде, над тебе блеска Господовата слава“ (Исаија 60:1). Зошто тогаш тој толку малку се труди да го подигне знамето на вистината во нови места? Зошто не им се покорува на зборовите: „Продајте ги вашите имоти и давајте милостина! Подгответе си ќесиња што нема да изветват, неисцрпна ризница на небото“ (Лука 12:33). Зошто не му го врати на Господа тоа што е Негово за да се искористи за небесна корист? Зошто срдечно не се повикуваат доброволци кои ќе влезат во полињата кои се жолти за жетва? Ако за градовите на Америка не се направи нешто повеќе од тоа што се правело досега, проповедниците и народот ќе мораат да дадат тешка сметка на Оној што на секој човек му доверил одредена задача. {8C 35.1}

Ние ја повторуваме молитвата: „Да дојде царството Твое, да биде волјата Твоја, како на небото, така и на земјата“ (Матеј 6:10). Дали постапуваме во согласност со оваа молитва? Ние веруваме дека нам ни е даден налогот што Христос го дал на Своите ученици. Дали го исполнуваме? Господ нека ни прости за нашата страшна немарност во извршување на делото кое одвај сме го допреле со своите прсти. Кога ќе биде извршено ова дело? Срцето ми се стега и ме боли кога ќе забележам колкаво е слепилото кај Божјиот народ. {8C 35.2}

Илјадници луѓе во Америка пропаѓаат во незнаење и грев. Тие што ја познаваат вистината рамнодушно поминуваат покрај полињата кои се близу, а фрлаат поглед на некое оддалечено поле. Христос кажува: „Оди денес да работиш во Моето лозје”. „Не велите ли вие дека уште четири месеци, па ќе настане жетва? А јас, пак, ви кажувам: подигнете го погледот и видете ги нивите како веќе побелеле, готови за жетва“ (Матеј 21:28; Јован 4:35). {8C 35.3}

Пробудете се, пробудете се, браќа и сестри, и влезете во американските полиња во кои никој досега не работел. Немојте да мислите дека сте ја извршиле својата должност ако сте дале нешто за странските полиња. Во странските полиња има работа која секако дека треба да се изврши, но и работата која треба да се изврши овде во Америка е исто така значајна. Во градовите во Америка живеат луѓе речиси од сите јазици. Ним им е потребна светлината што Бог ја дал на Својата црква. {8C 36.1}

Господ живее и владее. Тој набргу ќе се појави во Својата величественост за страшно да ја потресе земјата. Сега треба да се објавува една посебна вест, вест која ќе продре низ духовната темнина и која ќе ги увери и обрати душите. „Бегај бргу, избави ја својата душа“ е повикот што треба да им се упати не оние што живеат во грев. Сега мораме да бидеме мошне сериозни. Не смееме да губиме ниеден момент во критикување и обвинување. Тие што го правеле тоа нека паднат на колена во молитва и нека внимаваат своите планови и своите зборови да ги стават на местото на Божјите зборови и Божјите планови. {8C 36.2}

Немаме време да се занимаваме со безначајни прашања. Нашето време треба да го посветуваме на проповедање на последната вест на милост на грешниот свет. Потребни се луѓе што ќе бидат покренати со вдахновението на Божјиот Дух. Проповедите на некои наши проповедници треба да бидат многу посилни отколку што се сега, бидејќи многумина кои назадиле во верата ќе изнесуваат бессилна, безначајна вест која ќе го заспие народот. При секој говор треба да се има на ум судот што набргу ќе го снајде

светот. Веста на вистината треба да се објавува со усти до кои се допрел жив јаглен од божествениот олтар. {8C 36.3}

Моето срце е исполнето со болка кога ќе помислам на невпечатливите проповеди што ги изнесуваат некои од нашите проповедници, а би требало да ја објавуваат пораката за живот или смрт. Проповедниците спијат; членовите на црквата спијат; а светот пропаѓа во грев. Бог нека му помогне на Својот народ да се разбуди, да живее и работи како што би требало да работат луѓе кои се на границата на вечниот свет. Жителите на земјата набргу ќе доживеат страшно изненадување. Христос ќе дојде неочекувано со голема сила и слава. Тогаш нема да има време да се подготвиме за средба со Него. Сега е време кога веста на опомена треба да му се упати на светот. {8C 37.1}

Ние сме повереници на кои отсутниот Господар ја доверил грижата за Својот дом и Своите интереси заради кои дошол на овој свет. Тој се вратил на небото, оставајќи ни задача да се грижиме за тоа, и Тој очекува да стражариме и да го чекаме Неговото доаѓање. Да бидеме верни во извршувањето на задачата што ни е доверена, за да не дојде одненадеж и да нè затече како спиеме. {8C 37.2}

## ДЕЛОТО ВО ЕВРОПА

Св. Елена, Калифорнија, 7. декември 1902.

*До моите браќа во Европа –*

Сакам да ви кажам нешто. Дојде време кога во Европа мора да се вложи многу труд. И во Европа може да се направи големо дело, како што е направено во Америка. Формирајте санаториуми, отворајте ресторани за здрава храна. Светлината на сегашната вистина треба да се шири и преку печатот. Преведувајте ги нашите книги. Ми беше покажано дека во многу земји во Европа ќе се запалат светилки. {8C 38.1}

Има многу места во кои сè уште не пробило Господовото дело. Потребна е помош во Италија, Франција, Шкотска и многу други земји. Во тие земји треба да се направи голема работа. Потребни се работници. Меѓу Божјиот народ во Европа има таленти и Бог сака тие таленти да се искористат за подигнување на центри ширум Велика Британија и низ континентот од кои ќе свети светлината на Неговата вистина. {8C 38.2}

Работа нè чека и во Скандинавија како и овде во Америка. Бог е спремен да работи преку скандинавските верници на ист начин како и преку американските верници. {8C 38.3}

Браќа мои, поврзете се со Господа над војските. Тој нека ви биде страв и трепет. Дојдено е време да се прошири Неговото дело. Ни претстојат тешки времиња, но ако се повземе во христијанско братство, ако никој не се бори за првенство, Бог силно ќе работи за нас. {8C 38.4}

Да бидеме храбри и полни со надеж. Да се очајува во Божјата служба е грешно и неразумно. Нему му се познати сите наши потреби. Тој располага со сета сила и Тој на Своите слуги ќе им даде способности во мера која ги задоволува нивните потреби. Неговата бескрајна љубов и сомилост се неисцрпни. Со Својата величествена семожност Тој ги соединува благоста и грижата на нежниот пастир. Не мораме да се плашиме дека Тој нема да ги исполни Своите ветувања. Тој е вечна вистина. Тој никогаш нема да го

промени заветот што го направил со оние што Го љубат. Неговите ветувања дадени на црквата се постојани засекогаш. Тој ќе ја направи неа вечно издигната и радост на многу поколенија. {8C 38.5}

Проучете го четириесет и првото поглавје од книгата на пророкот Исаија и настојувајте да го сфатите неговото значење. Бог кажува: „Ќе отворам реки на голите брегови, и извори среде доловите. Ќе ја претворам пустината во езеро, а сувата земја во кладенци. Ќе посадам во пустината: кедар, багрем, мирта и маслинка. Степата ќе ја пошумам со чемпрес, со јавор и со бука заедно. Сите нека видат и нека знаат, нека размислат и нека сфатат: Господовата рака го направи тоа, Израилевиот Светец создаде сè“ (Исаија 41:18-20). {8C 39.1}

Тој што го избрал Христос, се придружил на една сила што не може да ја порази никаква човечка мудрост и сила. Тој објавува: „Не бој се, зашто Јас Сум со тебе; не се вознемирувај, зашто Јас Сум твој Бог. Јас ќе те закрепам и ќе ти помагам, ќе те подржам со десницата на Мојата праведност”. „Зашто Јас, Господ, твојот Бог, ја крепам твојата десница и ти велам: ‘Не бој се, Јас ќе ти помогнам’“ (Исаија 41:10,13). {8C 39.2}

„’Со кого ќе Ме изедначите Мене, кој Ми е рамен?’ вели Светецот. Подигнете ги очите и гледајте: кој го создаде тоа? Оној Кој по број ја изведува нивната војска, и Кој ги вика сите по име. Зошто велиш Јакове, и ти, Израиле зборуваш: ‘Мојот пат е скриен за Бога, мојата правда Му избегнува на мојот Бог?’ Зар не знаеш? Зар не си чул? Господ е вечен Бог, Творец на земните краишта. Тој не се заморува, не постанува, и Неговиот ум е неизмерлив. На замореният му ја враќа силата, го зајакнува немоќниот. Младите се заморуваат и се истоштуваат, изнемоштените момчиња се тетераат. Но на оние кои се надеваат на Господа, силата им се обновува, им растат крилја како на орлите, трчаат и не постануваат, одат и не се уморуваат“ (Исаија 40:25-31). {8C 39.3}

Светлината на вистината треба да свети до краевите на земјата. Од лицето на Откупителот зрачи небесна светлина која со сè поголем сјај свети на Неговите претставници за да се пробие низ темнината на непросветлениот свет. Како Негови соработници, мораме да се молиме за посветување од Неговиот Дух, за да можеме да светиме со сè посилна и посилна светлина. {8C 40.1}

Светлината на вистината за ова време денес ги осветлува и кабинетите на кралевите. Вниманието на државниците е посочено кон Библијата - законикот на сите народи - и тие ги споредуваат своите национални закони со овие закони. Како претставници на Христа ние не смееме да губиме време. Не треба да ги насочуваме своите напори на неколку места во кои светлината станала толку обилна што луѓето не ја ценат. Веста на евангелието треба да се објави на секое племе, јазик, колено и народ. {8C 40.2}

## СЦЕНА НА БОРБА

Во видение ми беа покажани две војски во страшна борба. Едната имаше знамиња на кои се наоѓаа обележјата на овој свет; а другата го носеше знамето попрскано со крвта на Кнезот Емануел. Знамиња паѓаа едно по едно и се влечеа по прашината, бидејќи група по група од Господовата страна преминуваат на страната на непријателот, додека племиња едно по друго се соединуваат со Божјиот народ кој ги држи Божјите заповеди. Видов ангел како лета среде небото и знамето на кнезот Емануел го става во рацете на мнозина, додека еден моќен војсководец вика со силен глас: „Наредете се во

редови. Оние што се верни на Божјите заповеди и сведоштвото Христово нека ја заземат својата положба. Излезете од нив, и одвојте се, и не допирајте се до ништо што е нечисто, и јас ќе ве примам, и ќе ви бидам Татко, а вие ќе бидете Мои синови и ќерки. Сите што сакаат нека дојдат во помош на Господа, во помош на Господа против силните". {8C 41.1}

Битката сè повеќе се заострува. Победата навалува де на едната де на другата страна. Војниците на крстот моментално се повлекуваат, „како знаменосец кога ќе изнемошти" (Исаија 10:18). Но целта на нивното привидно повлекување е да заземат уште поповолна положба. Се слушаат радосни извикувања. Се ори песна на благодарност кон Бога и гласовите на ангелите се придружуваат на оваа песна бидејќи Христовите војници го веат Неговото знаме на sидините на тврдината која досега ја држел непријателот. Водачот на нашето спасение лично ја води битката и им праќа помош на Своите војници. Неговата моќ силно се покажува, храбрејќи ги Своите борци да ја сузбијат борбата до вратите. Тој ги учел чудесни работи во праведност додека ги водел чекор по чекор, победувајќи и да победат. {8C 41.2}

Најпосле победата е задобиена. Војската на чие знаме е напишано „Божјите заповеди и верата Исусова" величествено триумфира. Христовите војници стигнуваат до вратите на градот кој радосно го прима својот Цар. Се воспоставува царството на мир, радост и вечна праведност. {8C 41.3}

Црквата сега е во борба. Ние сме соочени со свет кој се наоѓа во полноќна темнина и кој речиси целосно се предал на идолопоклонство. Но доаѓа ден кога по долго водената борба ќе се задобие конечна победа. Божјата волја мора да биде на земјата исто како што е на небото. Тогаш ниеден народ нема да има друг закон освен небесниот. Сите ќе бидат едно среќно, обединето семејство, облечени во облеки на благодарност и слава - облеки на Христовата праведност. Целата природа во својата недостижна убавина ќе му приложува на Бога постојан данок на благодарност и обожавање. Светот ќе биде осветлен со небесна светлина. Годините ќе минуваат во радост. Светлината на месечината ќе биде како светлината на сонцето, а светлината на сонцето ќе биде седум пати појака од денеска. Над оваа заедно сцена ќе пеат sвездите утрински и синовите Божји ќе воскликнуваат од радост, додека Бог и Христос заеднички ќе објават: „Грев нема да има веќе, ниту смрт ќе има повеќе". {8C 42.1}

Таа сцена ми е покажана. Но црквата мора да се бори и ќе се бори против видливите и невидливите непријатели. Сатаната има на земјата помагачи во човечки облик. Луѓето се здружуваат против Господа над војските. Нивната завера ќе продолжи се додека Христос не го напушти Своето место на посредување пред престолот на милоста и не облече одмаздничка облека. Сатанските агенти се наоѓаат во секој град, вредно организирајќи ги во групи оние што се противат на Божјиот закон. Ним им се приклучуваат таканаречените верници, а и отворените неверници. Божјиот народ денес не треба да биде слаб. Ниту за еден момент не смееме да попуштиме во својата будност. {8C 42.2}

„Бидете силни во Господа и во силата на Неговата моќ! Облечете се во сето оружје Божјо за да се одржите против ѓаволското лукавство; зашто нашата борба не е против крв и тело, туку против началствата, против властите, против световните управители на темнината од овој век, против поднебесните духови на злобата. Поради тоа примете го сето оружје Божјо, за да можете да се браните во лош ден, та, отакако ќе победите, да се одржите. И така стојте, откако ќе се опашете со вистината и ќе се облечете во оклопот на праведноста, и нозете да ви бидат обуени во подготвеност за да благовестите мир. А

над сѐ земете го штитот на верата, со кој ќе можете да ги изгаснете сите вжештени стрели на лукавиот; земете го и шлемот на спасението и мечот на Духот, кој е словото Божјо!“ (Ефесјаните 6:10-17). {8C 42.3}

„И се молам вашата љубов сѐ повеќе и повеќе да изобилува преку познанието и разбирањето на сѐ, за да можете да го распознавате најдоброто, та да бидете чисти и беспрекорни во денот на Христос, полни со плодот на праведноста, кој е преку Исус Христос, за слава и пофалба на Бога“ (Филипјаните 1:9-11). {8C 43.1}

„Живејте достојно за Христовото евангелие;... стојте во еден дух, борејќи се еднодушно за верата на евангелието, и во ништо не плашете се од противниците; тоа е знак за нивната погибел, а за вашето спасение, и тоа е од Бога. Зашто вам ви се даде дар поради Христа не само да верувате во Него, туку и да страдате за Него“ (Филипјаните 1:27-29). {8C 43.2}

Во овие последни денови се откриваат виденија за идната слава, сцени насликани со Божја рака, и тие треба да им бидат драги на Неговата црква. Што го држело Божјиот Син во Неговите искушенија и страдање? - Тој го видел плодот на својата душа и бил задоволен. Тој фатил еден поглед на големината на вечноста и среќата на оние што преку Неговото понижување и смрт ќе примат проштевање и вечен живот. Бил ранет за нивните престапи, камшикуван за нивните беззаконија. Казната за нивниот мир паднала на Него, а преку Неговите рани тие се исцелија. До Неговото уво допреле воскликнувањата на откупените. Слушнал како спасените ја пеат песната на Мојсеја и на Јагнето. {8C 43.3}

Ние мораме да имаме одредена визија за иднината и за блаженството на небото. Да застанеме на прагот на вечноста и да го слушнеме срдечното добредојде упатено на оние што соработувале со Христа во овој живот, сметајќи дека се почестени и среќни што можат да страдаат за Него. Кога ќе им се придружат на ангелите, тие ги оставаат своите круни пред нозете на Откупителот, воскликнувајќи: „Достојно е закланото Јагне да прими сила и богатство, мудрост и моќ, чест слава и благослов... На Оној Кој седи на престолот, и на Јагнето - благослов и чест, слава и владеење во сите векови“ (Откровение 5:12,13). {8C 44.1}

Тука откупените ќе ги поздравуваат оние што ги упатиле на распнатиот и воскреснат Спасител. Ќе се соединат во славење на Оној што умрел за човечките суштества да имаат живот кој (по должина) може да се спореди со Божјиот живот. Борбата е завршена. На сите маки и на сите неволји им дошол крајот. Кога откупените ќе се соберат околу Божјиот престол, песната на победа ќе го исполни целото небо. Сите ќе ја запеат радосната песна: „Достојно, достојно е Јагнето, што беше заклано, и живее повторно - триумфалниот победник”. {8C 44.2}

„Потоа видов, и ете, големо мноштво народ, кое никој не можеше да го преброи, - од сите племиња и колена, народи и јазици; тие стоеја пред престолот и пред Јагнето, облечено во бели облеки и со палмови гранчиња во рацете. И воскликнуваа со висок глас велејќи: ‘За спасението наше слава на нашиот Бог, Кој седи на престолот и на Јагнето’“ (Откровение 7:9,10). {8C 44.3}

„Тие се што дојдоа од големи маки; тие ги испраа облеките свои и ги избелија со крвта на Јагнето. Затоа се пред престолот на Бога, Кому му служат во Неговиот храм и дење и ноќе; и Оној, Кој седи на престолот, ќе се всели во нив; и нема веќе да огладнат, ниту, пак, да ожеднат; нив нема да ги пече сонцето и никаква горештина; бидејќи Јагнето, Кое е среде престолот, ќе ги пасе и води на живи извори водни, и Бог ќе им ја избрише секој солза од очите нивни”. „И ќе ја избрише Бог секоја солза од очите нивни,

и смрт нема да има веќе; ни плач, ни пискот, ниту болка нема да има веќе, бидејќи поранешното помина“ (Откровение 7:14-17; 21:4). {8C 44.4}

Дали ќе го сфатите вдахновението на ова видение? Дали ќе размислувате за оваа сцена? Зар нема вистински да се обратите и да работите во дух сосема различен од оној во кој сте работеле во минатото, потиснувајќи го непријателот и рушејќи ја секоја пречка на патот за ширење на евангелието, исполнувајќи ги срцата со светлина, радост и мир Господен? Зар не треба да се погребе бедниот дух на изнаоѓање на туѓи грешки и негодувања, така што никогаш повеќе да не воскресне? Зар не треба од срцата очистени, посветени и прославени од Христовата присутност да се издига мирисен темјан на благодарност и слава? Зар нема да им пријдеме на грешниците и со вера да ги привлечеме кон крстот? {8C 45.1}

Кој сака сега да се посвети на Господовата служба? Кој ќе се заветува сега дека нема да се поврзува со светот, туку ќе излезе од светот и ќе биде издвоен, не дозволувајќи да ја извалка својата душа со световни сплетки и постапки поради кои црквата падна под влијание на непријателот? {8C 45.2}

Ние живееме на овој свет за да го носиме крстот на самоодрекување. Ако го издигнеме тој крст, ќе видиме дека и тој нас нè издига. Секој христијанин мора да стои на своето место, вдахновувајќи се од делото што Христос го правел за душите, кога бил на овој свет. Нам ни е потребна ревност како на христијански херои, кои можат да го издржат погледот на Невидливиот. Нашата вера мора да воскресне. Христовите војници мора да имаат позитивно влијание на добро. Христос вели: „Кој не е со Мене, против Мене е; и кој не собира со Мене, тој растура“ (Матеј 12:30). Да се биде рамнодушен во христијанскиот живот значи да се одрекуваш од Спасителот. {8C 45.3}

Зар не треба денес во светот да има христијани кои во секој поглед ќе бидат достојни на името што го носат, кои копнеат за тоа да чинат дела достојни за храбри војници на крстот? Живееме при крајот на големата борба кога многу души треба да се ослободат од робувањето на гревот. Живееме во време во кое посебно вреди ветувањето што Христос им го дал на Своите следбеници: „И ете, Јас сум со вас преку сите дни до крајот на светот“ (Матеј 28:20). Оној што од мракот нè повикал во Својата чудесна светлина, бара од нас нашата светлина да свети пред другите за, гледајќи ги нашите добри дела, да го прослават нашиот Татко кој е на небесата. На Божјиот народ му е дадено толку многу светлина, што Христос со право бара од него да биде светлина на светот. {8C 45.4}

На нашите лекари и проповедници им ја праќам следната порака: Придружете му се на Господовото дело како оние што веруваат во вистината за сегашното време. Здравствено-мисионерските работници и работниците во службата на проповедање треба да се поврзат со нераскинливи врски. Својата работа тие треба да ја вршат живо и со сила. Насекаде низ нашите цркви треба да постои нановообратување и повторно посветување на служба. Зар нема да бидеме еднодушни на нашите собори и во нашата идна работа? Зар нема да се бориме со Бога во молитва, барајќи Светиот Дух да дојде во секое срце? Христовото присуство меѓу нас би ја очистило лепрата на неверство што нашата служба ја напра-вила толку слаба и неделотворна. Нам ни е потребно да го вдишеме духот на божествениот живот. Ние мора да бидеме канали преку кои Господ ќе може да праќа светлина и благодат на светот. Отпадниците треба да се вратат назад. Ние треба да ги отфрлиме гревовите и со признавање и покајание да го понизиме своето гордо срце пред Бога. Реки од духовни сили ќе се излијат врз оние што се подготвени да ги примат. {8C 46.1}

Кога ние, што живееме пред самото завршување на времето на милоста, би сфатиле колку Исус се трудел за во светот да го посее семето на евангелието, би работеле неуморно за да им го дадеме лебот на животот на душите што пропаѓаат. Зошто сме толку студени и рамнодушни? Зошто нашите срца се толку неподложни на впечатоци? Зошто сме толку ненаклонети да му се посветиме на делото на кое Христос го посветил Својот живот? Мора да се преземе нешто за да се излечи таа страшна рамнодушност во која сме западнале. Да ги наведнеме нашите глави во понизност, кога ќе видиме колку помалку сме направиле во сеењето на семето од тоа што сме можеле да го направиме. {8C 46.2}

Драги браќа и сестри, ви зборувам со зборови на љубов и нежност. Пробудете се и безусловно посветете се на објавувањето на вистината за ова време на оние што се во темнина. Бидете проникнати со духот на големиот Учител и Работник. Учете од Пријателот на грешниците како треба да им се помага на душите заболени од гревот. Имајте на ум дека во животот на Неговите следбеници мора да се види истата посветеност, истата потчинетост на Божјото дело на секое барање на општеството, секоја земна приврзаност, како што тоа се видело во Неговиот живот. Божјите барања секогаш треба да ни бидат поважни од сè друго. Христовиот пример треба да нè поттикне да вложуваме постојани напори за доброто на другите. {8C 47.1}

Бог го повикува секој член на црквата да се посвети на службата за Него. Вистината која не се живее и која не се пренесува на другите, ја губи својата животодавна и исцелителна сила. Секој мора да се научи да работи и да го носи својот товар. Секој поединец кој ќе пристапи на црквата треба да биде една придвижувачка сила повеќе за остварување на големиот план на спасение. Целата црква, работејќи како еден човек, сочинувајќи соодветна целина во совршено единство, треба да биде жива, активна мисионерска сила, која ја придвижува и контролира Светиот Дух. {8C 47.2}

Во делото, што ќе ја исполни земјата со познавање на Господа како што морето е полно со вода, не треба да работат само луѓе кои се наоѓаат на високи и одговорни положби или во одборите, ниту само управителите на нашите санаториуми и издавачки куќи. Ова дело може да го оствари единствено целата црква извршувајќи го својот дел под Христово раководство и во Негова сила. {8C 47.3}

Отсек Два

# ЧЕСТО ПОВТОРУВАНИ СОВЕТИ

*„Господ, Бог на нивните татковци,*
*испраќаше кај нив рано Свои гласници;*
*ги праќаше постојано, зашто му беше*
*жал за Својот народ и за Своето*
*живеалиште“ (2. Летописи 36:15).*

**ОПОМЕНИ И СОВЕТИ ДАДЕНИ**
**НА ЦРКВАТА ВО БАТЛ КРИК**

Гранвил, Н. С. В., Австралија, 20. јули 1894.

Сакам да ги потсетам своите браќа и сестри на советите и опомените што ми беа дадени во поглед на постојаното вложување на средства во Батл Крик заради проширување на постоечките простории, или правење на нештата да бидат поудобни. Треба да се заземаат нови полиња; вистината треба да се објавува за сведоштво на сите народи. Делото се кочи и знамето на вистината не може да се подигне во нови полиња така како што би требало тоа да биде. Додека нашите браќа во Америка чувствуваат дека можат слободно да вложуваат средства во згради, за коишто времето ќе покаже дека би било и подобро да ги нема, се трошат илјадници долари за кои Господ бара да се искористат во други земји. Јас презентирав опомени и предупредувања, како зборови од Господа, но срцето ме болеше гледајќи како без оглед на сето кажано се трошат пари на задоволување на тие привидни потреби. Се градеа згради една по друга, така што парите не можеа да се искористат таму каде што луѓето немаат никакви услови, каде што нема згради за јавно богослужение, кои би му дале обележје на делото и каде што би можело да се постави знамето на вистината. Ви го кажав ова, но вие и понатаму продолживте да вложувате средства, Божји средства, само на едно место, иако Господ веќе кажа дека се вложени премногу пари на едно место, додека на други места нема ништо, ниту згради, ниту некакви други услови со кои би можело да се започне делото. {8C 48.1}

Кој ве повика да вложувате илјадници долари за нови училишни згради? Претпоставувавте дека тоа е потребно, но зарем не добивавте срдечни молби да не ги вложувате парите во тоа? {8C 49.1}

## Времето на крајот

Ми беше покажана страшната состојба во која се наоѓа светот. Ангелот на милоста ги собира своите крилја подготвен да замине. Господодовата сила која го сузбива злото, се повлекува од земјата. Сатаната се труди да активира разни елементи во верскиот свет, наведувајќи ги луѓето да се стават под обука на големиот измамник, кој работи со секоја измама на неправдата во синовите на непокорноста. Жителите на земјата веќе се редат под знамето на кнезот на темнината, а тоа е само почеток на крајот. {8C 49.2}

Божјиот закон се смета за невалиден. Гледаме и слушаме за збрки и забуни, немаштија и глад, земјотреси и поплави. Луѓето се впуштаат во страшни злосторства; со нив повеќе не владее разумот, туку страста. Божјиот гнев само што не се излеал на жителите на светот кој набргу ќе стане толку расипан како што биле жителите на Содом и Гомор. Огнот и водата веќе уништуваат илјадници животи и богатства кои себично биле натрупувани со угнетување на сиромасите. Господ наскоро ќе го заврши Своето дело и ќе му стави крај на гревот. О, кога сцените на беззаконие во овие последни де-нови што ми беа покажани, би можеле да остават длабок впечаток на срцето на народот кој тврди дека е Божји! Како што било во деновите на Ное, така ќе биде и кога ќе се појави Синот човечки. Господ го повлекува од земјата Своето ограничување (задржување на четирите ветришта) и наскоро смрт и уништување, сè поголеми злосторства и свирепи одмазди ќе ги снајдат богатите кои се издигнале над сиромашните. Тие што нема да имаат Божја заштита нема да бидат сигурни на ниедно место и на било каква положба. Луѓето се обучуваат и ги користат своите пронаоѓачки

способности за да измислат што поубиствени направи и орудија за уништување. {8C 49.3}

Наместо да ги прошируваме постоечките и да градиме нови згради во Батл Крик и во други места во кои веќе има наши институции, би требало да ги ограничиме своите барања. Нека средствата и работниците се расеат, за да ја презентираат вистината и ја дадат веста на опомена во далечните краишта. {8C 50.1}

## Помош во време на неволја

Кога Израеловите синови патувале низ пустината, Господ ги штител од отровните змии; Но дошло време кога Господ, заради престапите, непокајанието и тврдоглавоста на Израел, ја повлекол Својата сила која ги спречувала тие отровници и мнозина од народот изумреле од нивните каснувања. Тогаш била подигната змија од бронза, за сите кои би се покајале и со вера погледнат во неа, да живеат. {8C 50.2}

Во времето на неволјите што е пред нас, време на неволји какво што немало од кога постои народ, издигнатиот Спасител ќе им биде прикажан на луѓето во сите земји, за сите кои со вера ќе погледнат во Него, да живеат. {8C 50.3}

## Недостиг на почит кон Бога

Во поглед на страшната криза што е пред нас, што работат оние кои тврдат дека веруваат во вистината? Мојот Водач ме повика велејќи ми „појди по мене“, и видов кај нашиот народ појави што не се сложуваат со неговата вера. Се појави некое лудило за велосипеди. Луѓето ги трошат своите пари за да ја задоволат оваа страст, иако многу подобро би било кога овие пари би ги вложиле во подигање на домови за богослужение кои се толку многу потребни. Ми беше покажано на некои мошне чудни појави во Батл Крик. Некое маѓепсничко влијание како бран надојде на нашиот народ по кој видов како доаѓаат и други искушенија. Сатаната се обидува со сите сили да го наведе нашиот народ да го троши своето време и своите пари на задоволување на некои божемни потреби. Тоа е еден вид на идолопоклонство. По примерот на едни се поведуваат други, и додека стотици гладни копнеат за леб, додека се чувствува и гледа глад и помор, бидејќи Бог, заради славата на Своето име, не може да ги земе во заштита оние кои работат против Неговата волја, дали можат оние кои тврдат дека го љубат Бога и дека Му служат, да се поведуваат по наклонетоста на телесното срце, постапувајќи како што постапувале луѓето во времето на Ное? {8C 50.4}

И додека вие ги трошите парите на задоволување на своите желби - Божјите пари - за кои ќе морате да дадете одговор, мисионската работа е во застој, бидејќи нема доволно средства ниту работници за да го постават знамето на вистината во места каде што луѓето сè уште не слушнале за веста на предупредување. Дали Бог на оние кои им угодуваат на своите себични желби ќе им каже: „Добро извршено, добар и верен слуго! Во малку беше верен, над многу ќе те поставам: влези во радоста на својот Господар“? (Матеј 25:23). {8C 51.1}

Браќа и сестри во Батл Крик, какво сведоштво му давате на неверниот свет? Видов дека Господ не ги одобрува вашите постапки, затоа што вашите дела се противречни со верата што ја исповедате. Вие не сте извршители на Христовите зборови. {8C 51.2}

Мојот Водач ми рече: „Погледни и види го идолопоклонството на Мојот народ на кого му зборував неуморно и навремено, укажвајќи му на опасностите кои му се закануваат. Очекував тој да донесе добар род". Некои се бореа за превласт стремејќи се да ги надминат другите во брзо возење на велосипед. Меѓу нив се покажа дух на борба и препирање околу тоа кој треба да биде најголем. Истиот дух се покажа и на натпреварите на бејзбол на игралиштата на колеџот. Мојот Водач рече: „Сето ова го навредува Бога. На сите страни, близу и далеку, гинат души за лебот на животот и водата на спасението". Кога сатаната е победен на едно поле, тој веднаш потполно е подготвен да излезе со други планови кои изгледаат поприврлечни и попотребни, кои ќе ги проголтаат нивните пари, обземат нивните мисли, пробудат во нив себичност, за на тој начин да ги совлада оние кои лесно се предаваат на лажни и себични задоволства. {8C 52.1}

Се поставува прашањето: Какво бреме носат таквите личности за ширење на Божјото дело? Го сфаќаат ли значење на делото за ова време? Христос им кажал на Своите ученици: „Вие сте светлината на светот... Така треба да свети пред луѓето и вашата светлина, за да ги видат вашите добри дела и да Го прослават вашиот Татко, Кој е на небесата" (Матеј 5:14-16). Дали тоа трошење на средства и трка на велосипеди низ улиците на Батл Крик дава доказ за искреноста на вашето верување во последната свечена вест која треба да им се даде на човечките суштества кои се наоѓаат на самиот праг на вечниот свет? {8C 52.2}

Браќа мои и сестри во Америка, јас апелирам до вас. „Не лажете се: Бог не дозволува да биде исмеван. Што ќе си посее човекот, тоа и ќе си жнее" (Галатјаните 6:7). Мнозина живеат премногу нежен и префинет живот. Не знаат што значи да се поднесуваат тешкотии како добри Христови војници. Тие само ја попречуваат работата на спасување на души. Тие имаат многу потреби, сè треба да им оди угодно и лесно и да одговара на нивните склоности. Самите не сакаат да направат ништо, а со своите привидни и замислени потреби и љубовта кон идолите им пречат на оние кои сакаат да направат нешто. Се сметаат себе за христијани, а не знаат што значи практичен христијански живот. Што значи да се биде христијанин? Тоа значи да се биде сличен на Христа. {8C 52.3}

Кога Господ ќе види дека Неговиот народ ги ограничува своите замислени желби и потреби, дека живее во самоодрекување, и тоа без тажење и без негодување како Лотовата жена кога го напуштила Содом, туку радосно, затоа што тоа го прави заради Христа и затоа што тоа е исправно, делото ќе напредува во сила. Ништо, колку и да ви е драго и омилено, не треба да ги обзема вашите мисли и чувства, одвојувајќи ве од проучувањето на Божјото Слово или срдечната молитва. Бдејте во молитва. Живејте во согласност со вашите молитви. Соработувајте со Бога работејќи во согласност со Него. Исфрлете го од храмот на душата сето она што е слично на некој идол. Сега е Божјо време; а Неговото време е и ваше време. Борете се во добрата борба на верата, отфрлувајќи ја секоја помисла или разговор за неверувањето. Светот треба да ја слушне последната вест на предупредување. {8C 53.1}

## НАШАТА ДОЛЖНОСТ КОН СВЕТОТ

Гранвил, Н. С. В., 1894.

Во местата во кои мажите и жените примиле поголема светлина треба да се изврши одлучна промена во духот и карактерот на работата. Што работат тие за да ги опоменат оние што не сфаќаат дека Господ наскоро доаѓа? „Ете, Господ излегува од Своето живеалиште за да ги казни земните жители за беззаконијата нивни. Земјата ќе ја исфрли сета крв што е пролеана на неа и не ќе ги крие веќе оние кои беа убиени на неа“ (Исаија 26:21). Се прашувам, кој чувствува товар за душите кои пропаѓаат без Христа? Кој сака да излезе надвор од живеалиштето, носејќи ја Неговата поруга? Кој ќе го остави удобниот дом и драгите роднини, за скапоцената светлина да ја однесе во оддалечените земји? Секој ден и секој момент што го имаат оние на кои им е доверена вистината, притиснат е со страшно значење, мажите и жените во сите земји се подготвуваат за добро или зло, одлучувајќи ја својата судбина за вечноста. {8C 53.2}

Бог поднел чудесни жртви заради човечкиот род. Тој употребил силна енергија за грешните луѓе да ги врати во вера и послушност; но ми беше покажано дека Тој ништо не работи без соработка на човечките орудија. Тој обилно нè дарувал со сите дарови на благодат, сила и делотворност. Изнесени се најсилни побуди за во човечките срца да се пробуди и да се одржува мисионерски дух, за да се соединат напорите на божествените и човечките орудија. Но што направил нашиот народ во поглед на задвижувањето од Батл Крик, за светлината да се однесе во земји во кои знамето на вистината сè уште не е поставено? Зар Господ на последната конференција не ги отвори небесните брани и не излеа ли благослов? Како ги искористивте овие Божји дарови? Тој ви даде задвижувачка сила за трпеливо, со надеж и во неуморна будност да им укажувате на луѓето на Христа, и тоа распнатиот, и да ги повикувате да се покаат за своите гревови, и гласно да ја објавувате опомената дека Христос набргу ќе дојде со голема сила и слава. {8C 54.1}

Ако членовите на црквата во Батл Крик сега не се пробудат и не тргнат да работат во мисионските полиња, повторно ќе заспијат со смртен сон. Како делуваше Светиот Дух на вашите срца?... Зар не ве покрена, било да сте млади или стари, машки или женски, способностите кои Бог ви ги дал да ги употребите за на другите да им ја изложите вистината за ова време, вложувајќи лични напори, одејќи во градови каде вистината сè уште не е објавена и таму да подигнете знамето? {8C 54.2}

Зар вашите енергии не беа освежени со благословот што Бог го излеа на вас? Зар вистината не се врежа во вашата душа уште подлабоко? Зар сè уште не сте сфатиле колку е важна таа за душите кои пропаѓаат без Христа? Дали после очигледното откривање на Божјиот благослов сведочевте за Христа појасно и поодлучно од било кога порано? {8C 55.1}

Светиот Дух недвосмислено ви укажа на значајните, битни вистини за ова време. Треба ли ова знаење да се врзе во крпа и да се закопа во земја? - Не, не. Тоа треба да се однесе на „менувачите“. Ако човекот верно ги искористува своите способности, колку и да се скромни, Светиот Дух делува на него уште појасно да го сфати тоа што е божествено. Божјото слово преку силата на Светиот Дух станува животодавна сила. Таа е жива и силна и врши силно влијание на умот, не поради ученоста или интелигенцијата на човечкото орудие, туку поради божествената сила која соработува со човечката сила. Целата слава треба да ѝ се оддаде на таа божествена сила. {8C 55.2}

Треба ли нас да нè привлекува себичноста и удобноста на оние што уживаат во земната раскош и привлечните куќи. Треба ли како морално придвижувачка сила да престанеме да ги употребуваме своите способности за спасување на душите? Зар нашите гласови треба да бидат нејасни? Тогаш врз нас што сме имале голема светлина

ќе падне Божјо проклетство и на ѕидовите на нашите куќи ќе пишува: „Повеќе сластољубиви отколку богољубиви“ (2.Тимотеј 3:4). Тој ќе им даде јазик на камењата и тие ќе прозборуваат; но Бог ви заповеда вам во Батл Крик да тргнете напред. {8C 55.3}

### Како да се постигне успех

Одлучете, и тоа не во своја сила, туку во силата и благодатта примена од Бога, дека ќе Му ги посветите сите свои сили и способности, и тоа сега, токму сега. Тогаш ќе тргнете по Исус затоа што Тој ве повикува, и нема да прашувате каде и каква награда ќе добиете за тоа. Ќе ви биде добро ако им се покорите на Неговите зборови: „Тргни по мене”. Ваша задача е со разумни и верни напори и други да доведувате кај вистината. Под надзор на божествениот Водач, секогаш подготвен да помогне, одлучете да работите и тоа без никакво колебање. {8C 55.4}

Ако умре вашето „јас“, ако целосно се потчините на Бога извршувајќи ја Неговата волја, ако светлината што Тој ви ја дал свети во добри дела, тогаш нема да работите сами. Божјата благодат е подготвена да соработува со секој ваш напор да ги просветлите не-упатените и тие што не знаат дека крајот на сите нешта е пред вратата. Но Господ нема да го направи тоа што вам ви го дал за задача. Светлината може да светли во изобилие, но дадената благодат ќе ја обрати вашата душа единствено ако таа се пробуди и почне да соработува со небесните орудија. Вие сте повикани да го земете христијанското оружје и како војници да стапите во служба на Господа. Божествената сила треба да соработува со човечките напори, за да се разбие привлечноста на световните задоволства со која непријателот ги маќепсал душите. {8C 56.1}

Повторно ве повикувам да дадете помош и да приложите средства кои ни се потребни ако сакаме да постигнеме нешто во оваа земја. Вашите срца нека бидат трогнати со љубов кон душите кои пропаѓаат. Покорете им се на поттикнувањата кои доаѓаат од небото. Не жалостете го Светиот Дух со своето колебање. Не се противете на Божјите методи на обновување на душите од ропството на гревот. Секој човек добил некоја задача според своите способности. Направете сè што можете и Бог ќе ги прими вашите напори. {8C 56.2}

## МИСИОНЕРСКА РАБОТА ВО ЗЕМЈАТА И ВО СТРАНСТВО

Гранвил, Н. С. В., 1894.

Божјо поле претставува целиот свет. Исус им рекол на Своите ученици: „Но ќе примите сила од Светиот Дух, Кој ќе слезе на вас и ќе Ми бидете сведоци во Ерусалим и во цела Јудеја и Самарија, и сè до крајот на земјата”. „И да биде проповедано во Негово име покајание и проштевање на гревовите кај сите народи почнувајќи од Ерусалим“ (Дела 1:8; Лука 24:47). Петар им рекол на верните: „Зашто вам ви припаѓа она ветување и на вашите деца и на сите што се далеку, што ќе ги повика Господ, нашиот Бог“ (Дела 2:39). {8C 56.3}

Бог кажува: „И ќе ја посеам за Себе во земјата, и ќе се смилувам над непомилуваната и ќе им речам на оние кои не беа Мој народ: ‘Вие сте Мој народ!’ А тие ќе речат: ‘Ти си мој Бог!’“ (Осија 2:23). „И ми рече: ‘Премалку е да Ми бидеш слуга за да

ги подигнеш Јакововите племиња и за да го вратиш Израелевиот остаток, но ќе те поставам за светлина над народите, за да допре Моето спасение до крајот на земјата'" (Исаија 49:6). {8C 57.1}

Бог обилно го излил Својот Свети Дух на верните во Батл Крик. Како сте ги употребиле тие благослови? Дали сте постапувале како оние на кои слегнал Светиот Дух на денот на Педесетницата? Тогаш „тие што се беа распрснале, одеа насекаде благовестувајќи го словото" (Дела 8:4). Дали таа работа се покажа и во Батл Крик? Дали Бог ги поучил членовите на црквата што им е должност и како да ја носат на другите светлината што ја примиле? {8C 57.2}

## Пример за тоа како треба ние да работиме

„Кога слушнаа апостолите што беа во Ерусалим дека Самарија го прими словото Божјо, ги пратија кај нив Петар и Јован" (Дела 8:14). Божјиот Дух чекал да ги просветли душите и да ги обрати кон вистината. {8C 57.3}

Погледнете колку напор е вложено само за еден човек, Етиопјанин. „А на Филип му рече ангел Господов: 'Стани и тргни на југ, по патот што води од Ерусалим за Газа, кој е пуст.' Тој стана и тргна; и ете, еден човек од Етиопија, евнух, висок достоинстеник на Кандикија, етиопската царица, кој беше чувар на сите нејзини ризници. Тој дошол во Ерусалим на поклонение, а сега се враќаше и, седејќи в кола, го читаше пророкот Исаија. {8C 57.4}

Духот, пак, му рече на Филип: 'Приближи се и застани до колата!' Филип побрза, и, откако чу дека тој го чита пророк Исаија, му рече: 'Го разбираш ли тоа што го читаш?' Овој одговори: 'Како ќе можам да го разберам, ако некој не ме упати?' Па го замоли Филип да се качи и да седне до него. {8C 58.1}

А тогаш, Филип... започнувајќи да му објаснува од тоа место во Писмото и да му благовести за Исус. И одејќи така патем, тие стигнаа до една вода: и Етиопјанецот рече: 'Еве вода! Што ми пречи да се крстам?' А Филип му рече: 'Ако веруваш од сè срце - можеш.' Тој одговори и рече: 'Верувам дека Исус Христос е Син Божји.' {8C 58.2}

И заповеда колата да запре, па слегоа во водата обајцата, и Филип и евнухот, и го крсти. {8C 58.3}

А кога излегоа од водата, Духот Свети се симна над евнухот, а ангел Господов го грабна Филип, па евнухот веќе не го виде. Тој радосно го продолжи својот пат. Филип се најде во Азот, од каде што тргна во обиколка, проповедајќи го евангелието по сите градови, додека не стигна во Кесарија" (Дела 8:26-40). {8C 58.4}

Ова искуство на Филип и на Етиопјанинот ни покажува на какво дело Бог го повикува Својот народ. Етиопјанинот ги претставува оној голем број на луѓе на кои им се потребни мисионери слични на Филип, мисионери кои ќе го слушаат Божјиот глас и ќе одат таму каде што Тој ги праќа. Во светот има луѓе кои го читаат Светото Писмо, но не можат да го разберат неговото значење. Потребни се мажи и жени кои го познаваат Бога за на овие луѓе да им го објаснат Божјото слово. {8C 58.5}

## Запоставена работа

Во приказната за милостивиот Самарјанин, свештеникот и Левитот виделе еден човек кој бил ограбен и ранет, но не им изгледало пожелно да му помогнат на овој беспомошен и оставен човек, на кого помошта му била најпотребна. Свештеникот и Левитот претставуваат мнозина во Батл Крик. {8C 59.1}

Кога само еден мал дел од оние пари кои во Батл Крик безмилосно се трошат на зголемување на удобноста би се одвоиле за Јужното поле, би можеле да се спасат многу души. Господовото наследство необично е запоставено и Бог заради тоа ќе му суди на Својот народ. Со ова натрупување на удобности е поттикнувана гордоста и љубовта кон раскошот, додека новите полиња останале недопрени. {8C 59.2}

Нешто е направено во странските мисии и нешто во домашните мисии, но сепак големите области останале необработени. Делото е премногу централизирано. Во Батл Крик премногу се натрупуваат удобности, што значи дека од другите делови на полињата се задржува она што би требало да им се даде. Сè поголемите и поголеми подготовки за подигање на нови и проширување на постоечките градби, заради што мнозина дошле во Батл Крик и останале во него, не е во согласност со Божјиот план, туку е во директна спротивност со него. {8C 59.3}

Некои упорно докажуваа дека сместувањето на многу институции на едно место има големи предности, дека тие ќе си помагаат една на друга, а исто така ќе даваат помош на оние кои сакаат да се образуваат и да се вработат. Тоа е во согласност со човечките мислења. Од човечка гледна точка, мора да се признае дека со натрупувањето на институции во Батл Крик можат да се добијат многу предности, но ние мораме да имаме поширок погледи. {8C 59.4}

Тие погодности треба да се разделат на многу делови, за работата да може да отпочне во многу градови кои исто така можат да станат центри. Зградите и соодветни центри треба да се подигаат во многу места на кои денес се задржани важни духовни интереси затоа што сè се довлекува во Батл Крик, кој веќе и така е преполн со сè. Со ваквите постапки луѓето на одговорни положби не придонесуваат за Божја слава. „Земјата ќе се наполни со знаењето на Господовата слава, како што водите го покриваат морето". „А животот вечен е тоа, да Те познаат Тебе Единиот вистински Бог, и испратениот од Тебе Исус Христос" (Авакум 2:14; Јован 17:3). {8C 60.1}

Спасението на незнабошците долго е сметано за прашање на кое христијаните мораат да ги посветат своите интереси; и повеќе од праведно е светлината да се однесе до нивните темни граници. Но и домашната мисионска работа е исто така потребна. Незнабошците се наоѓаат пред самата наша врата. Идолопоклонство и незнаење постојат во сенките на нашите домови. Нешто е направено за обоените, но тоа е речиси ништо во споредба со онаа што примиле тие кои веќе ја познаваат вистината, кои имале безбројни прилики, но ниту наполу не ги ценеле своите предности. Покажете им ја Исусовата љубов на оние кои не ја познаваат вистината и тоа ќе делува како квасец на преобразувањето на карактерот. {8C 60.2}

Што сме направиле за Јужното поле? Јас со најголема загриженост чекав да видам дали ќе се создаде некој план со кој би се надополнило сè што со грешната немарност е пропуштено во тоа поле, но не видов никаков предлог ниту било каква одлука. Можеби се планирало нешто што јас не сум видела. Се надевам дека е така и фала на Господа ако тоа е така. Но иако со години ни се укажуваше мошне јасно на тоа што ни е должност, сепак Јужното поле беше допрено само со врвовите на нашите прсти. Сметам дека ми е должност повторно да ви го свртам вниманието на тоа напуштено Господово лозје. Многу пати ми беше укажано на тоа прашање. Толку пати сум се будела среде ноќ

и ми доаѓаше заповедта: Напиши го тоа што сум ти го открил, и покрај тоа дали луѓето ќе послушаат или не. {8C 60.3}

## СВЕТИОТ ДУХ ВО НАШИТЕ УЧИЛИШТА

Куренбонг, Н. С. В., 10 мај 1896.

Вие кои живеете во самото срце на делото ве повикувам да се осврнете на искуството од годините и да погледнете дали сте ја заслужиле пофалбата „добро направено“. Ги повикувам учителите во нашите училишта внимателно и со молитва да се запрашаат: Дали сум внимавал на својата душа како оној кој соработува до Бога за да ја очистам од секој грев и потполно да ја посветам? Можете ли со поука и со пример да ја учите младината на посветување преку вистината, се до светоста? {8C 61.1}

Зар не сте се плашеле од Светиот Дух? Тој Дух од време на време доаѓаше со најпродорно влијание во училиштата во Батл Крик и во други места. Дали сте ја почувствувале Неговата присутност? Дали сте Му ја укажале почеста што му ја должите како на небесен весник? Кога сте виделе дека Духот се бори со младината, дали тогаш сте кажале: „Да го оставиме настрана сето проучување, бидејќи меѓу нас е еден небесен гостин? Да го фалиме и славиме Бога”. Дали со понизни срца сте се приклониле во молитва заедно со своите ученици, молејќи да го примите благословот кој Господ ви го испраќаше? {8C 61.2}

Самиот голем Учител беше меѓу вас. Дали му укажавте чест? Дали беше Тој странец за некои од едукаторите? Дали беше потребно да се повика некој од претпоставените за да го поздрави со добредојде или да го одбие овој Весник испратен од небото? Иако невидлив, Тој беше меѓу вас. Но зар некои не мислеа дека во училиштето целото време треба да се посвети на учење, дека сè има свое време и дека часовите посветени на учење се премногу драгоцени за да се посветат на делувањето на небесниот Весник? {8C 61.3}

Ако на било кој начин сте го ограничувале или одбивале делувањето на Светиот Дух, ве преколнувам да се покаете што побрзо. Ако ниеден од нашите учители не му ја отворил на Божјиот Дух вратата на своето срце, туку ја затворил и заклучил, го повикувам да ја отвори вратата и срдечно да се помоли: „Остани со мене”. Кога Светиот Дух ќе ја открие Својата присутност во вашата училница, кажете им на своите ученици: „Господ ни дава до знаење дека денес ќе ни даде поука со небесно значење, позначајна од нашите вообичаени лекции. Ајде да слушаме, да клекнеме пред Господа и да Го побараме со целото свое срце”. {8C 62.1}

Дозволете ми да ви кажам што знам за тој небесен Гостин. Светиот Дух лебдеше над младите за време на училишните часови, но некои срца беа толку ладни и мрачни што не го посакаа Неговото присуство и така Божјата светлина се оддалечи. Небесниот посетител би го просветил сечиј ум и би им дал знаење и мудрост во сите науки што можат да се искористат за Божја слава. Господовиот Гласник доаѓаше за да го изобличи гревот и за да ги омекне срцата што отврднале поради долгото отуѓување од Бога. Доаѓал да ја открие големата љубов со која Бог ја љуби таа младина. Таа е Божјо наследство и на самите образовни работници им е потребно „по-возвишено образование“ за да можат да бидат учители и водачи на младите. {8C 62.2}

Учителот може да знае многу нешта за физичкиот свет, за структурата на живите созданија, механичките откритија, за откритијата на науката, но не може да се смета за образован ако не го познава единствениот Бог и Исуса Христа кого Тој го испратил. Начело од божествено потекло мора да ги проникнува нашите постапки и да нè поврзе со Бога. Тоа на никој начин нема да биде пречка во напредувањето во вистинската наука. Стравот Господен е почеток на мудроста и човекот што дозволува да биде обработен и обликуван според божествениот пример станува најблагороден примерок на Божјото делување. Сите што одржуваат постојана заедница со нашиот Творец, ќе ја сфатат намерата што ја имал при создавањето и ќе увидат дека Бог им дал задача своите способности да ги искористат за најдобри цели. Тие нема да тежнеат да се прослават, ниту ќе се потценуваат себеси. {8C 62.3}

**Божјата волја за нас**

Знаењето за Бога се стекнува од Неговото слово. Вистинското познавање на вистинската побожност што се наоѓа во секојдневната посветеност осигурува најдобар развој на телото, умот и душата. Со посветување на своите сили на Бога се чуваме од самовоздигнување. Давањето на божествена сила претставува признание и го наградува нашиот искрен копнеж за мудроста која ќе нè оспособи своите најдобри способности да ги искористиме на Божја слава и за доброто на своите ближни. Бидејќи тие способности не ги креираме сами, туку ги добиваме од Бога, мораме да ги сметаме за таленти примени од Бога што треба да се користат во Негова служба. {8C 63.1}

Со духовните способности што ни ги дало небото треба да се постапува како со виши сили кои треба да владеат со царството на телото. Природните склоности и страсти треба да се потчинат на контролата на совеста и духовните сили... {8C 63.2}

Христовата религија никогаш не го понижува примачот. Таа никогаш не го прави груб, нељубезен, вообразен, страстен или нечувствителен. Напротив, таа го префинува вкусот, го посветува расудувањето, ги чисти и облагородува мислите, и ги доведува во покорност на Христа. Божјиот идеал за Неговите деца е повозвишен од тоа што може да го замисли и најголемата човечка мисла. Тој во Својот свет закон дал препис на Својот карактер. {8C 63.3}

Христос е најголемиот Учител што светот некогаш го познавал. На каков пример им укажува Тој на сите што веруваат во Него? „Но, вие бидете совршени како што е совршен вашиот Татко небесен“ (Матеј 5:48). Како што Бог е совршен во Својот делокруг, така и човекот може да биде совршен во својот. {8C 64.1}

Идеал на христијанскиот карактер е сличност со Христа. Пред нас е отворен пат на постојано напредување. Ние мораме да постигнеме една цел, да достигнеме еден степен кој опфаќа сè што е благородно и возвишено. Треба постојано да се бориме и непрестано сè повеќе да напредуваме кон совршенство на карактерот. {8C 64.2}

Павле вели: „Браќа, јас не мислам дека сум го достигнал тоа; но едно правам: го заборавам она што е зад мене, а се стремам кон она што е пред мене, трчам кон целта - кон наградата на горното призвание од Бога во Исуса Христа“ (Филипјаните 3:13,14). {8C 64.3}

Божја волја за човечките суштества е тие да се посветат. Пробивајќи се по нашиот пат кон небото, мораме сите свои способности да ги одржуваме во најдобра состојба за да бидеме способни за верна служба. Силите што Бог му ги дал на човекот мора да се

напрегнат до крајни можности. „Возљуби го Господ, твојот Бог, со сето свое срце, со сета своја душа, со сета своја сила и со сиот свој разум; и својот ближен како себеси“ (Лука 10:27). Човекот не може да го постигне ова само со свои сили и затоа мора да добие помош од Бога. Каков удел има човечкото орудие? - „Со страв и трепет градете го своето спасение. Зошто Бог е Оној Кој во вас прави да сакате и да дејствувате според Неговата добра волја“ (Филипјаните 2: 12,13). {8C 64.4}

Без божествено делување човекот не може да направи ништо добро. Бог го повикува секој човек да се покае, но човекот не може дури ни да се покае ако Светиот Дух не делува на неговото срце. Но Господ не сака човекот пред да појде кај Христа да чека сè дури не заклучи дека се покајал. Спасителот постојано ги привлекува луѓето кон покајание. Тие треба само да ѝ се потчинат на таа привлечна сила и нивните срца ќе се растопат во каење. {8C 64.5}

На човекот му е дадена една задача во оваа голема борба за вечен живот; тој мора да му се потчини на делувањето на Светиот Дух. Потребен е голем напор за човекот целосно да ги скрши силите на мракот и Духот да делува на него за тој да може да го постигне тоа. Но човекот не е пасивно суштество, да биде спасено во неактивност. Во борбата за бесмртност тој мора да го напрегне секој свој мускул и да ги искористи сите свои способности, но Бог е тој кој сето тоа го прави делотворно. Ниеден човек не може да биде спасен во мрзеливост. Господ нè повикува: „Потрудете се да влезете низ тесната врата; зашто ви велам: мнозина ќе сакаат да влезат и не ќе можат”. „Влезете низ тесната врата; зашто широки се вратите и широк е патот што води кон пропаст, и мнозина минуваат низ нив; а тесни се вратите и тесен е патот што водат кон животот, и малкумина го наоѓаат“ (Лука 13:24; Матеј 7:13,14). {8C 65.1}

## Делување против Светиот Дух

Ги преколнувам учениците во нашите училишта да бидат разумни. Лекомисленоста на младината не му е мила на Бога. Нивните игри и спортски натпревари отвораат врата на поплава од искушенија. Вашите умни способности се небесен дар од Бога и не смеете да дозволите вашите мисли да бидат ништожни и ниски. Карактерот обликуван во согласност со прописите на Божјото Слово ќе покаже цврсти начела и чисти, благородни копнежи. Ако Светиот Дух соработува со човечките умни сили, вашите побуди ќе бидат повозвишени и свети... {8C 65.2}

Бог го гледа тоа што не можат да го видат слепите очи на едукаторите, дека неморал од сите видови и степени копнее за превласт, работејќи против силата на Светиот Дух. На тој начин во ткивото на карактерот се вовлекуваат најобични разговори и ниски, расипани мисли. {8C 65.3}

Собирите заради лекомислени и световни задоволства, заради јадење, пиење и песни се вдахновени од духот одоздола. Тие претставуваат принесување на жртви на сатаната. Неразумното воодушевување за велосипеди исто така му е одвратно на Бога. Неговиот гнев се распламтува против оние што постапуваат така. Таквите задоволства го опиваат духот како и алкохолните пијалаци. Се отвораат вратите за лошо друштво. Мислите почнуваат да се занимаваат со ниски нешта, и набргу ги изопачуваат сите способности на човечкото битие. Како и во стариот Израел, љубителите на задоволства јадат и пијат, па стануваат да играат. Тука има веселба и пијанчење, забава и помини. Младината по сето ова се поведува од примерот на писателите на книгите што им се

дадени за учење. Најголемото зло од сето тоа е трајниот ефект кои овие нешта го имаат врз карактерот. {8C 66.1}

Тие што водат во ова му нанесуваат срам на делото што не може лесно да се отстрани. Тие ги повредуваат своите сопствени души и ќе носат лузни цел живот. Можеби грешникот ќе го согледа својот грев и ќе се покае, можеби Бог ќе му прости на престапникот; меѓутоа во голема мера ќе остане уништена моќта на разликување, што треба да се одржува силна и чувствителна за да можеме да го разликуваме светото од несветото. Човечките идеи и мечтаења премногу често се прифаќаат како божествени. Некои души постапуваат како да се слепи и неразумни, подготвени да прифатат ниски, неблагородни, дури и невернички мислења, додека од друга страна им се противат на доказите од Светиот Дух. {8C 66.2}

## ОТСТАПУВАЊЕ ОД ПРАВИЧНОТО

Куренбонг, Н. С. В., 12. јануари 1898.

Мило ми е што Господ во Својата милост повторно ја посети црквата. Срцето ми се стега кога ќе помислам колку пати доаѓаше и колку пати Неговиот Дух делуваше во црквата, но делата на Неговата милост беа заборавани штом ќе поминеше првиот впечаток. На небото беше запишана гордоста и духовната рамнодушност. Тие што ја примиле Божјата богата милост и благодат го срамотеа својот Спасител со своето неверување... {8C 66.3}

Спасителот често ве посетуваше во Батл Крик. Тој доаѓаше кај вас исто толку вистински како што одел по улиците на Ерусалим, со желба да вдахне дух на духовен живот во срцата на оние што станале малодушни и биле готови да умрат. Него го отфрлиле градовите на кои им донел толку голем благослов со Своето присуство, со Своето проштевање, со Своите дарови на исцелување; Батл Крик покажа исто толку голема, па дури и уште поголема неблагодарност за укажаната љубов. Зар Христос не ја осветли Својата црква со Своите благодати и благослови? Зар Своите слуги со веста за проштевање и праведност да не ги прати кај сите што сакаат да ја примат? {8C 67.1}

Ерусалим е претслика на тоа што ќе биде црквата ако ја одбие светлината што Бог ѝ ја дал и ако не живее според таа светлина. Ерусалим бил почествуван од Бога како чувар на светата доверба. Но неговиот народ ја искривил вистината и ги презрел сите молби и опомени. Не ги почитувал Неговите совети. Предворјето на храмот било осквернето со трговија и измама. Била негувана себичност, љубов кон парите, завист и кавга. Секој гледал само на својата корист. Христос се завртел од нив, велејќи: „Ерусалиме, Ерусалиме“, како да се одречам од тебе? „Колкупати сакав да ги соберам чедата твои, како квачката што ги собира пилињата свои под крилјата, а вие не сакавте“ (Матеј 23:37). {8C 67.2}

Така Христос тагува и плаче над нашите цркви, над нашите образовни институции што не одговориле на Божјите барања. Тој доаѓа да ја испита состојбата во Батл Крик кој тргнал по истиот пат како и Ерусалим. Издавачката куќа беше претворена во осквернета светиња, во место за несвета стока и трговија. Таа стана место каде се врши неправда и проневера, и каде завладеа себичност, завист, пакост и страст. Па сепак, луѓето што со погрешни начела се заведени на крив пат изгледа дека не се свесни за тоа. Кога ќе им

се упатат молби и опомени, тие велат: „Зар таа не зборува во параболи?“ Зборовите на опомена и укор се сметаат како безначајни приказни. {8C 67.3}

Гледајќи од врвот на Маслинската гора, Христос ја видел оваа состојба која постои во секоја црква. Опомената им е упатена на сите што тргнуваат по патот на Ерусалим, на сите што имале толку голема светлина. Со отфрлањето на Божјите опомени денес, луѓето го повторуваат гревот на Ерусалим. Господ го гледа тоа што човекот не го гледа и не сака да го види - резултатот на сите човечки измислици во Батл Крик. Тој направил сè што може само Бог да направи. Направил светлината да засвети пред очите на луѓето, за нивните гревови да не ја поминат границата после која веќе нема да се чувствува каење. Но со долго и сè поголемо оддалечување од вистинските и праведни начела луѓето дојдоа во положба во која повеќе не ја препознаваат светлината и вистината, правдата и милоста. Тоа станало дел од нивната природа. {8C 68.1}

Ги повикувам сите што се обединиле во едно дело, кое начелно е лошо, да спроведат решителна реформа и секогаш да чекорат понизно со Бога... {8C 68.2}

Ова не се безначајни приказни, туку вистина. Повторно ве прашувам: На чија страна сте? „Ако е Господ Бог, следете го Него; ако е Ваал, следете го него“ (1. Цареви 18:21). {8C 68.3}

## ОБРАЌАЊЕ КАЈ БОГА ЗА ПОМОШ

Куренбонг, Н. С. В., 8. јуни 1898.

Има време кога мора да се зборува вистината, без разлика дали луѓето сакаат да ја слушнат или не. Кога тие што тврдат дека веруваат во вистината не можат да дојдат во слога и се обраќаат на адвокати, тие со тоа многу го обесчестуваат Господа. Дали ќе сакате да го проучите Господовиот збор и да се управувате според упатствата дадени за таа работа? Интересите на Божјото дело не треба да им се доверуваат на луѓе кои немаат никаква врска со небото. {8C 69.1}

Ми беа предочени појави кои мојата душа ја исполнија со длабока болка. Видов како луѓето се поврзуваат со адвокати, но Бог не беше во нивното друштво. Имајќи многу идеи во поглед на работата, тие им се обраќаат на адвокати за да им помогнат во остварување на нивните планови. Ми беше наложено да кажам дека таквите не работат по вдахновението на Божјиот Дух. {8C 69.2}

„Зар нема Бог во Израел, та одите да се советувате со Вал-Зевул, акаронскиот бог? (2. Цареви 1:3). Луѓето на одговорни положби се обединуваат со оние од црквата и надвор од црквата, кои со своите совети ги заведуваат на крив пат. Дали е потребно Господ да дојде со стап за да ви покаже дека ви е потребно поголемо искуство пред да можете да стапите во врска со небесното семејство? Зар ќе се поврзувате со луѓе што имаат истакнати способности за обвинување, да мислат и да зборуваат зло за тоа што Бог го одобрува? Ви кажувам во името на Господа дека мора да имате појасно распознавање и почист духовен поглед. {8C 69.3}

До денешнава збрка и немаштија за средства никогаш не би ни дошло доколку би се управувале според светлината што Бог ви ја даде толку пати: дека треба да се децентрализира делото и средствата што се натрупани во Батл Крик и дека мисионски центри треба да се формираат во многу места. {8C 69.4}

Луѓето што живеат во Батл Крик не ги послушаа Господовите совети, бидејќи им е многу поудобно сè да биде сместено во ова место. Бог допушти да управуваат нивните човечки мудрости, и плодовите на тоа се гледаат во денешните тешкотии. {8C 70.1}

„Кој од вас се бои од Господа и го слуша гласот на Неговиот слуга, кој оди во темнина, без зрак на светлина? Нека се надева на Господовото име, нека се потпре на својот Бог. Ете сите вие што палите оган и се опашувате со искри; одете во светлината на својот оган, и во искрите што ги распаливте. Мојата рака ќе ви го направи ова: ќе лежите во маки“ (Исаија 50:10,11). {8C 70.2}

„Затоа сега речи им на Јудејците и на Ерусалимците, Господ зборува вака: ‘Еве, ви подготвувам зло и смислувам замисли против вас. И така, вратете се, секој од својот лош пат и поправете ги своите патишта и своите дела.’ Но тие велат: ‘Напразно! Ние ќе живееме како што сакаме и ќе правиме секој според замислите на своето зло срце.’ Затоа Господ зборува вака: ‘Распрашајте се по народите, дали некој чул нешто такво? Толкава грозота направи Израелевата девица. Го снемува ли од горските стрмнини ливанскиот снег? Можат ли да пресушат далечните води што течат студени? А Мојот народ Ме заборави Мене! Кади на суети; се спотакнува на своите патишта, ги остава старите патишта за да оди по врвици, по непрооден пат’“ (Еремија 18:11-15). {8C 70.3}

## Здравствено-мисионерска работа

Господ повеќе пати ми укажуваше на делото што треба да го спроведуваат членовите на црквата во Батл Крик, како и во нашите останати цркви во цела Америка. Степенот на нивниот духовен напредок треба да биде многу повисок од оној што досега го достигнале. Тие мора да се пробудат од својот сон и да излезат надвор, да работат за душите што се на работ на пропаста. {8C 70.4}

Здравствено-мисионерските работници работат на едно толку долго запоставено дело што Бог го дал како задача на црквата во Батл Крик - тие го објавуваат последниот повик за вечерата што Тој ја подготвил. {8C 71.1}

Браќа мои, зошто за Батл Крик врзувате толку нешта? Зошто не тргнете со брошури и мисионерска работа во други градови на кои толку им е потребна мисионерска работа. {8C 71.2}

Многу институции што сега се натрупани во Батл Крик треба да се поделат на помали делови повторно и повторно, и да се преместуваат во други места. Вие кои за себе мислите дека сте мудри, можеби ќе кажете: „Тоа би нè чинело премногу. Овде во Батл Крик можеме да работиме со помалку средства”. Зар Господ не знае за сето тоа? Зар тој не е Бог кој ги познава сите мисли на неверие со кои толку многу интереси се задржуваат во Батл Крик? Тој ви откри дека во сите градови треба да формирате центри. Така мнозина би морале да заминат од Батл Крик за да работат во други места. {8C 71.3}

За здравствено-мисионерската работа потребни се таленти, ако сакаме таа правилно да се развива. Тоа бара силни и вредни раце, и мудро и остроумно раководство. Но може ли да се постигне ова додека луѓето на одговорни положби - претседатели на Области и проповедници - го попречуваат патот? {8C 71.4}

На претседателите на Областите и на другите влијателни браќа Господ им порачува: „Отстранете ги камењата за сопнување што се ставени пред народот”. {8C 71.5}

Нашиот народ во Батл Крик не ги користеше своите способности за планирање и пронаоѓање начини знамето на вистината да се издигне во места во кои вистината сè

уште не е објавена и каде треба да се преземат енергични напори. Господ го покрена Др. Келог и неговите соработници да се заложат за ова дело кое и припаѓа на заедницата и кое ѝ беше предочено, но кои тие не го прифатија. Некои луѓе во Батл Крик, наместо да ја прифатат задачата што Бог им ја даде, одеа понатаму со своите себични цели, така што самите духовно ослепеа, а духовно ги ослепеа и другите. Затоа Господ Своето скапоцено дело го предаде во рацете на оние што покажаа волја да го прифатат и остварат. {8C 71.6}

Бог е во Своето свето место, но Тој живее и со оние што се со понизни срца и скрушен дух, оживувајќи ги срцата и духовите на понизните. Црквата треба да даде целосна поддршка и соработка на оние што работат на здравствено-мисионерското поле. Ако го немаат тоа, тие ќе бидат попречувани во својата работа; но сепак ќе одат напред. Не е Божји план во Батл Крик поради недостиг на соработка да постојат две цркви. Многу е подобро да се копнее за единство во работата. Ако здравствено-мисионерските работници почнат да работат во сите цркви, ако работат во страв Божји, пред нив ќе се отворат многу врати и ангелите ќе соработуваат со нив. {8C 72.1}

Ве молам да го прочитате повикот на вечерата и последниот повик што треба да се објави. Размислете што е направено за да се изврши Исусовата заповед. Не можам да сфатам зошто се покажува толкава рамнодушност, зошто вие стоите по страна, критизирате и се повлекувате. Мрежата на евангелието треба да се фрли во морето и таа ќе фати и добри и лоши. Но зар тоа ќе биде причина мажите и жените да не вложуваат напори за спасување на оние што ќе поверуваат и кои ќе се обединат за да допрат до оние за кои Христос, укорувајќи ги фарисеите, рекол: „Грешниците и блудниците ќе влезат во Божјото царство пред вас". Зар не гледате дека дури и во црквата има такви што немаат никаква врска со Бога? Но Христос кажува: „Оставете нека расте и едното и другото, заедно до жетвата; а за време на жетвата ќе им кажам на жетварите: соберете го најнапред каколот и врзете го в снопови, за да изгори; а, житото приберете го во Мојата житница" (Матеј 13:30). {8C 72.2}

Кога Господ ќе ги повика црквите да направат некое дело, а тие ќе одбијат да го извршат тоа, но сепак се најдат некои што своите човечки напори ги соединуваат со божествените настојувајќи да се спуштат Бог таквите богато ќе ги благослови. Колку и да се малку оние што ќе ја примат благодатта на нашиот Господ Исус Христос, нивната работа нема да биде напразна, бидејќи една душа е скапоцена, многу скапоцена во Божјите очи. Христос би умрел за една душа, за таа да живее низ вечните времиња. {8C 72.3}

Да го проучуваме осумнаесеттото поглавје од евангелието по Матеј. Ова поглавје треба да ги посвети нашите очи: „Гледајте", кажува Христос, „да не презрете едно од овие мали, зашто, ви велам, нивните ангели на небесата постојано го гледаат лицето на Мојот Татко небесен. Зашто Синот Човечки дојде да го најде и спаси загубеното. Што мислите? Ако некој човек има сто овци и една од нив се загуби, нема ли да ги остави деведесет и деветте в планина и да појде да ја бара загубената? Па, ако ја најде, вистина ви велам, дека ќе се радува за неа повеќе отколку за деведесет и деветте незагубени. Така, не е волја на вашиот Татко небесен да загине ниедно од овие мали" (Матеј 18:10-14). {8C 73.1}

Верните работници оттргнале и ослободиле многу души од рацете на сатаната. Некој мора да чувствува товар за душите и да ги најде тие што се изгубени за Христа. Небесните ангели се радуваат кога ќе се ослободи една душа над која сатаната триумфирал. Има човечки битија кои во себе го уништиле моралниот Божји лик.

Мрежата на евангелието мора да ги фати тие јадни и отфрлени души. Божјите ангели ќе соработуваат со оние што ќе му се посветат на тоа дело, вложувајќи секаков напор да ги спасат душите што пропаѓаат, давајќи им можност која мнозина од нив никогаш не ја имале. Освен Христовиот пат, не постои друг пат по кој би можело да се допре до овие души. Тој секогаш се трудел да им помогне на напатените и да ги поучи на праведноста. Само на тој начин можат да се подигнат грешниците од длабочината на деградација во која паднале. {8C 73.2}

Работниците мора да работат со љубов, хранејќи ги, чистејќи и облекувајќи ги оние на кои им е потребна нивната помош. Така отфрлените битија ќе дознаат дека некој се грижи за нив. Господ ми покажа дека многу од тие јадници кои општеството ги отфрлило, со помош на човечките орудија ќе соработуваат со божествената сила и ќе настојуваат да го обноват моралниот Божји лик во другите за кои Христос ја платил цената со Својата крв. Тие ќе бидат наречени Божји избраници, скапоцени луѓе, и ќе стојат во непосредна близина на Божјиот престол. {8C 74.1}

## Зборови на предупредување

„Тогаш ќе се јави на небото знакот на Синот Човечки и ќе заплачат сите земни племиња, и ќе Го видат Синот Човечки како доаѓа на небесните облаци, со сила и голема слава; и ќе ги испрати Своите ангели со силен трубен глас, и ќе ги соберат Неговите избраници од четирите ветра, од едниот до другиот крај на небесата". {8C 74.2}

„Па така, бидете будни, зашто не знаете во кој час ќе дојде вашиот Господ. Знајте го и ова: кога домаќинот на куќата би знаел во кој час ќе дојде крадецот, тој би останал буден и не би дозволил да му про-валат во куќата. Затоа и вие бидете подготвени, зашто синот Човечки доаѓа во часот кога не очекувате. Кој е, пак, тој верен и мудар слуга, кого ќе го постави господарот негов над слугите свои да им дава на-време храна? Блазе на тој слуга, кого, кога ќе дојде господарот негов, го наоѓа дека постапува така; вистина ви велам дека над целиот свој имот ќе го постави него. Ако, пак, тој слуга е лош и си рече во срцето свое: 'Господарот мој уште за долго време нема да дојде', па почне да ги тепа другарите свои и да јаде и пие со пијаниците, господарот на тој слуга ќе дојде во ден кога тој не го очекува, и во час што не го знае; и ќе го расече на две, и ќе му даде удел со лицемерите; таму ќе има плач и крцкање со заби" (Матеј 24:30,31,42-51). {8C 74.3}

Браќа бидете внимателни, мошне внимателни. Здравствените мисионери вршат дело кое одговара на описот даден во евангелието по Матеј 24:48-51. Господ работи за да допре и до најзопачените. Мнозина ќе дознаат што значи да му се приjде на Христа, но нема да имаат морална храброст да се борат против апетитот и страстите. Но работниците не смеат поради тоа да се обесхрабрат, бидејќи е запишано: „Во последните времиња некои ќе отстапат од верата, слушајќи измамнички духови и науки ѓаволски" (1. Тимотеј 4:1). Зар отпаѓаат само оние што се избавени од најголеми длабочини? Има и проповедници кои имале светлина и познавање на вистината, па сепак нема да бидат победници. Тие не ги потиснуваат својот апетит и страсти ниту се одрекуваат од себе заради Христа. Мнозина што се отфрлени, дури и цариници и грешници, ќе ја прифатат надежта на која им укажува евангелието и ќе влезат во царството небесно пред оние што имале голема предност и голема светлина, но оделе во темнина. Во последниот голем ден мно-зина ќе кажат: „Господе, Господе, отвори ни". Но вратата ќе биде затворена и нивното чукање ќе биде напразно. {8C 75.1}

Мораме длабоко да ги чувствуваме тие нешта, бидејќи тие се вистинити. Мораме високо да ја цениме вистината и вредноста на душите. Времето е кратко, а треба да се изврши големо дело. Ако не ве интересира делото што напредува, ако не сакате да ја поттикнувате здравствено-мисионската работа во нашите цркви, тоа дело ќе се развива и без ваше учество и дозвола, бидејќи тоа дело е Божје и мора да се изврши. Браќа и сестри, застанете на Господова страна и бидете срдечни, вредни, храбри Христови соработници, трудејќи се заедно со Него да ги барате и спасувате изгубените. {8C 75.2}

## АПЕЛ ДО БРАЌАТА ВО БАТЛ КРИК

Куренбонг, Н. С. В., 1898.

Поради што, браќа, продолжувате со централизирање на толкави институции во Батл Крик? Зошто не ги слушате советите и опомените што ви се дадени во врска со тоа прашање? Зошто не преземате решителни чекори за формирање на влијателни центри во многу големи градови? Зошто не им дадете поддршка на Мичигенското и Меѓународното здружение за публикации за да формираат свои уредништва во градовите во кои треба да се изврши големо мисионерско дело, и каде што нивните секретари и другите работници би можеле лично да се вклучат во мисионерската работа, дејствувајќи како водачи во важните потфати? Тргнете, браќа, тргнете и оспособувајте ги работниците да се залагаат за оние што се наоѓаат надвор од кампот. Зошто ја сокривате својата светлина со тоа што постојано сте во Батл Крик? Излезете, браќа, и отидете во други краеви. {8C 76.1}

Мора да се направи многу, и нашите искусни работници мораат да се трудат да дојдат во непосреден контакт со оние на кои им е неопходна помош. Тие можат да направат релативно малку во Батл Крик. Зар е исправно браќа, својата светлина да ја држите сокриена под сад? Зар не е подобро да правите така како што Господ јасно ви покажа дека треба да правите? Сега одлучете да се одречете од она што го претпочитувате и од својот пат и да му се покорувате на Неговиот глас. Побарајте го Господа најсрдечно, со срдечна и понизна молитва за мудрост и успех во тој потфат. Тогаш, извадете ја светлината од садот, напуштете го местото што ви донесува најголеми материјални добивки, и кое ви е најудобно, и ставете ја светлината на светилник за да им свети на сите што се во куќата. {8C 76.2}

Ни претстои криза во мисионерската работа. Треба да се изврши едно големо дело. Ако тоа дело совесно го вршиме во Батл Крик, ако верно го вршиме во сите наши цркви во Мичиген, ако тоа енергично го продолжиме во сите наши постари цркви и тврдини на влијание, можеме да се надеваме дека со тоа ќе внесеме живот во сите наши цркви ширум Областите од кои многу се како замрени. {8C 76.3}

Институциите што Бог ги поставил како центри на влијание за раширување на вистината не ги усогласуваат своите интереси и не работат во слога во која Бог би сакал да работат. Управувачите на тие институции мораат да знаат дека прва должност им е да работат во слога со своите соработници. Нашите проповедници мора да се пробудат и да ја сфатат ситуацијата. Евангелието врши посветувачко влијание во светот. Неговото влијание врз срцата ќе внесе хармонија. Знамето на вистината треба да се издигне и Христовото откупување треба да се изнесе како голема, основна тема за размислување. {8C 77.1}

Здравствено-мисионерската работа треба да биде на црквата она што е десната рака на телото. Третиот ангел не престанува да ги објавува Божјите заповеди и верата Исусова. Здравствено-мисионерската работа е евангелие во пракса. Сите гранки на делото мораат да бидат усогласени и единствени во објавувањето на повикот: „Дојдете, бидејќи сè е подготвено". {8C 77.2}

На нашите членови во Батл Крик им беше дадена вест многу од нив да се преселат таму каде што заедно со своите земни занимања би можеле да му се посветат и на делото. Да отидеа во вера, подготвени да работат напорно и да поднесуваат немаштија заради делото, би стекнале богато искуство во работата за Бога и за своите ближни. Но тие мислеа дека ќе им биде подобро и полесно во Батл Крик, дека работата таму ќе биде помалку напорна од било кое друго место и затоа останаа во него. Мнозина кои се насобираат во Батл Крик, немаат никакво добро од тоа, бидејќи не можат да го користат знаењето со кое се здобиле. Тие не прават ништо добро во Батл Крик, туку само го зголемуваат бројот на оние на кои им е потребно обраќање. Во нив нема дух на пожртвување. Во нив има многу себичност, а малку Христов Дух, малку вера и уште помалку добри дела. Мислат дека имаат вера, но сето тоа е ништожно. {8C 77.3}

Бог ви кажува во Своето Слово велејќи: „Бидејќи овој народ Ми пристапува само со устата, и Ме почитува само со усните, а срцето му е далеку од Мене, и почитувањето нивно пред Мене е човечка одредба на која биле научени, затоа, еве, и понатаму ќе постапувам чудно со овој народ - чудно и пречудно: и ќе пропадне мудроста на неговите мудреци, и умноста на неговите умници". {8C 78.1}

„И во оној ден глувите ќе го чујат словото на книжниот свиток; очите на слепите ослободени од мракот и темнината, ќе гледаат. А кротките многу ќе се радуваат во Господа, сиромашните ќе Му воскликнуваат на Израелевиот Светец" (Исаија 29:13,14, 18,19). {8C 78.2}

Браќа мои, Господ ве повика да работите на едно одредено дело, но вие не го направивте тоа. Во местото во кое живеете владее неслога, расправии и судири. Но не треба да биде така. Бог не сака Неговите работници да живеат одделено еден од друг како посебни атоми. Секој од нив има едно големо и свето дело што треба да го изврши и тоа треба да се работи под Божји надзор. {8C 78.3}

Бог ќе направи големи работи за Својот народ, доколку тие соработуваат со Него. Тој ќе делува на умот на луѓето на тој начин, што во нивниот живот уште на овој свет ќе се види исполнување на ветувањето за идната состојба: {8C 78.4}

*-„Ќе се зарадува пустината и исушената земја,*
*и ќе воскликнува степата и ќе процвета како ружа.*
*Ќе процвета обилно, и ќе се весели радувајќи се и пеејќи.*
*Ќе ѝ се даде славата на Ливан,*
*и убавината на Кармил и Сарон;*
*тие ќе ја видат Господовата слава,*
*величието на нашиот Бог.*
*Закрепете ги изнемоштените раце,*
*зацврстете ги ослабените колена!*
*Речете им на исплашените срца:*
*'Бидете силни, не бојте се!*
*Ете, вашиот Бог ќе дојде со одмазда,*
*со отплата Божја,*

*Тој ќе дојде и ќе ве спаси!'*
*Тогаш очите на слепците ќе прогледаат,*
*ушите на глувите ќе се отворат,*
*тогаш хромиот ќе скока како елен,*
*а јазикот на немиот ќе пее.*
*Зашто во пустината ќе бликнат води,*
*и во степата потоци.*
*И водниот привид ќе стане езеро,*
*а жедната почва - извори.*
*Во дувлата во кои лежеа чакалите,*
*ќе никне рогозина и трска.*
*Таму ќе има друм, пат,*
*и ќе се нарече патот на светоста;*
*нечистиот нема да оди по него;*
*туку тој ќе биде за откупените.*
*Оние што одат по тој пат, дури и глупавите,*
*нема да се загубат по него.*
*Таму нема да има лав,*
*ниту ѕвер ќе поминува таму.*
*Тие нема да се најдат таму,*
*туку по него ќе одат само откупените.*
*Ќе се вратат откупениците Господови,*
*ќе дојдат во Сион воскликнувајќи од радост,*
*и вечна радост ќе има над нивните глави.*
*Ќе се здобијат со веселба и радост,*
*а тагата и воздишката ќе побегнат од нив" (Исаија 35).* {8С 78.5}

Самата пустина нема ниту слава ниту извонредност и сета чест за остварето преобразување ќе му припадне на Господа. Тоа големо дело е од Бога. Затоа не воздигнувајте ги луѓето што се под посебно делување на Неговата сила. Славете Го Бога и Тој и понатаму ќе делува. {8С 79.1}

Господ има посебно дело наменето за Неговиот народ во ова време. Тој вели: „Засилете ги ослабените раце и ослабените колена". Тоа е истата задача што и апостол Павле им ја наложува на црквите: „Исправете ги премалените раце и ослабените колена", кажува Тој. „Израмнете ги патеките со своите нозе, за да не се исколчи хромото, туку, напротив, да се исцели. Стремите се кон мир со сите и кон светоста, без која никој не може да Го види Господа, внимавајќи да не би некој се лиши од Божјата благодат, за да не изникне некој горчлив корен и за да не ве вознемири, и за да не се онечистат со него мнозина" (Евреите 12:12-15). {8С 79.2}

Се молам денес, повеќе од било кога порано, проповедниците и верниците да му придојдат во помош на Господа, во помош на Господа против моќните сили на темнината. Проучувајте го со молитва седумнаесеттото поглавје од евангелието според Јован. Тоа не треба само да се чита одново, туку со тие вистини треба да се храниме и да им се прилагодиме. „И за нив јас се посветувам", се молел Христос, „та и тие да бидат посветени преку вистината. Но не се молам само за нив, туку и за оние што преку нивните зборови ќе поверуваат во Мене, за сите да бидат едно, како што си Ти, Татко, во Мене, и Јас во Тебе; па така и тие да бидат во Нас едно, и да поверува светот дека Ти

си Ме пратил. И славата што си Ми ја дал, ним им ја дадов, за да бидат едно како Ние што сме едно. Јас сум во нив и тие се во Мене, за да бидат во сè едно, и да дознае светот дека Ти си Ме испратил, и нив си ги возљубил, како Мене што Ме возљуби“ (Јован 17:19-23). {8C 80.1}

Зар треба да се занемарат овие зборови, што имаат толку чудесно значење за нас. Бог ги повикува оние што тврдат дека се Негови деца да ги проучат овие зборови, да ги изедат (примат во себе), да живеат според нив. Тој ги повикува да копнеат за слога и љубов, инаку светилникот ќе биде земен од своето место. {8C 80.2}

## ЗАНЕМАРЕНО ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ

Св. Елена, Калифорнија, ноември 1901.

„Ете, денес ви нудам благослов и проклетство: благослов, ако ги слушате заповедите на Господа, вашиот Бог, што ви ги давам денес; а проклетство, ако не ги слушате заповедите на Господа, својот Бог, туку се отклоните од патот што ви го одредувам денес па тргнете по други богови, што не ги познавате“ (Второзаконие 11:26-28). {8C 81.1}

„Затоа, ако навистина ги послушате заповедите што ви ги давам денес, и ако Го љубите Господа, својот Бог, и ако Му служите со сето свое срце и сета своја душа, ќе ѝ давам на вашата земја дожд во право време: наесен и напролет, и ќе можеш да ги собираш: своето жито, своето вино и своето масло; ќе му давам трева на твоето поле за твојот добиток. Така ќе јадеш и ќе бидеш сит. Внимавајте да не биде заведено вашето срце, да не тргнете по грешен пат, да не им искажувате почитување на други богови и да не им се клањате. Зашто тогаш Господ ќе пламне со гнев против вас: ќе ги затвори небесата; ќе нема дожд; земјата не ќе дава род, и вас ќе ве снема брзо од таа добра земја што Господ ви ја дава“ (Стихови 13-17). {8C 81.2}

„Вложете ги овие Мои зборови во своето срце и во својата душа; врзете ги како знак на својата рака; нека ви бидат како запис меѓу очите! Поучете ги на нив своите синови, изговарајте ги кога седите во својата куќа и кога одите патем; кога легнувате и кога станувате. Напишете ги на довратниците на својата куќа и на својата врата, за да бидат вашите денови и деновите на вашите синови - во земјата за која Господ им се заколна на вашите татковци дека ќе им ја даде - бројни како деновите на небесата над земјата“ (Стихови 18-21). {8C 81.3}

Да одеа адвентистите на седмиот ден по патот на Господа, не допуштајќи со нив да завладеат себични желби, Господ обилно ќе ги благословеше. Тие што против Божјата волја останаа во Батл Крик, го изгубија скапоценото искуство и духовното знаење, што можеа да го стекнат да беа послушни. Мнозина од нив ја проиграа Божјата наклонетост. Срцето на делото стана преоптоварено. Опомената беше давана долго, но луѓето не ја примија. Причина за таа непокорност е тоа што срцето и мислите на мнозина во Батл Крик не се под влијание на Светиот Дух. Тие не сфаќаат уште колку многу треба да се направи. Тие спијат. {8C 82.1}

Адвентистите на седмиот ден кои заминуваат во градовите каде што веќе има големи цркви не се на вистинско место и поради тоа нивната духовност станува сè послаба. Нивните деца се изложени на многу искушенија. Брате мој и сестро моја, освен ако не сте неопходно потребни за напредување на делото во тоа место, би било мудро

да се преселите во некое место каде што вистината сè уште не е објавена и таму да дадете доказ за вашата способност да работите за Учителот. Вложете срдечни напори да го разбудите интересот за сегашната вистина. Работата од куќа до куќа е многу делотворна, ако се изведува на Христолик начин. Одржувајте состаноци и направете ги што поинтересни. Имајте на ум дека за тоа е потребно нешто повеќе од само проповедање. {8C 82.2}

Мнозина што толку долго време живееле на едно место, го поминуваат своето време во критикување на оние што на Христов начин работат на уверување и обратување на грешниците. Тие ги критикуваат намерите и побудите на другите како никој да не е во состојба несебично да работи на тоа дело на кое тие самите не сакаат да работат. Тие претставуваат камен на сопнување. Кога би се преселиле во места во кои нема верници и би работеле на придобивање на души за Христа, тие набргу би имале толку работа во објавувањето на вистината и во помагањето на страдалниците, што не би имале време за проучување на туѓите карактери, нема да имаат време за зли претпоставки и откривање на она што со својата наводна остроумност го пронашле под површината. {8C 82.3}

Тие што долго живееле во местата во кои има големи цркви треба да одат во полето и да сеат и жнеат за Учителот. Во желбата да ги спасат душите, тие ќе забораваат на себе. Пред себе ќе имаат толку работа, толку ближни на кои треба да им се помогне, што нема да имаат време за пронаоѓање на туѓите грешки. Нема да имаат време за работа во негативна насока. {8C 83.1}

Собирањето на толку многу верници во едно место создава прилики за зли претпоставки и озборување. Мнозина своето време го посветуваат на гледање и слушање на нешто лошо. Тие забораваат колку голем грев прават со тоа. Забораваат дека никогаш не можат да ги вратат зборовите што ги изговориле и дека со своите сомнежи сеат семе што ќе израсне и ќе донесе жетва на зло. Колкава ќе биде оваа жетва никој нема да дознае до последниот голем ден, кога на судот ќе се изнесе секоја помисла, секој збор и секое дело. {8C 83.2}

Непромислените и нељубезните зборови што се изговараат со секое повторување сè повеќе се размножуваат. Секој додава по нешто, така што лагата на крајот добива големи димензии. Со тоа е направена голема неправда. Со своите неправедни сомнежи и неправедни осуди озборувачите нанесуваат штета на својот сопствен углед и сеат семе на неслога во црквата. Кога тие би можеле да ги видат тие работи како Бог што ги гледа, би го промениле својот став. Ќе сфатат дека, барајќи грешки кај своите браќа и своите сестри, ги занемариле должностите што Бог им ги доверил. {8C 83.3}

Многу е подобро да се помине во молитва времето што се троши за да се критикуваат побудите и делата на Христовите слуги. Кога тие што изнаоѓаат грешки кај другите би ја знаеле вистината за тие што ги осудуваат, би имале сосема друго мислење за нив. Колку би било подобро кога секој, наместо да критикува и осудува, би рекол: „Морам да работам на своето сопствено спасение. Ако сакам да соработувам со Оној што сака да ја спаси мојата душа, морам ревно да внимавам на себе. Морам да го искоренам секое зло од својот живот. Морам да станам ново создание во Христа. Морам да го победам секој недостаток. И тогаш, наместо да ги слабеам оние што се борат против злото, ќе можам да ги зајакнам со зборови на охрабрување”. {8C 83.4}

Тие што својот дар на говор го употребуваат да ги обесхрабрат и да ги направат малодушни Божјите слуги што се борат за напредок на Божјото дело со планирање и отстранување на пречките, треба да му се молат на Бога да им прости за неправдата што

ја нанеле на Неговото дело со своите зли предрасуди и нељубезни зборови. Нека размислат за штетата што ја направиле пренесувајќи лажни извештаи и осудувајќи ги оние што немаат право да ги осудуваат. {8C 84.1}

Во Божјото слово ни се дадени јасни упатства како треба да постапиме кога сметаме дека некој наш брат греши. Христос кажува: „Ако згреши против тебе братот твој, оди и искарај го насамо; ако те послуша, си го придобил брата си; ако не те послуша, земи со себе уште еден или двајца, па со устата на двајца или тројца сведоци нека се потврди секој збор; ако, пак, не ги послуша и нив, кажи на црквата; па, ако и црквата не ја послуша, тогаш нека ти биде тој како незнабожец и цариник". Спасителот потоа кажува на друго место: „И така, ако принесуваш дар на жртвеникот и таму се сетиш дека брат ти има нешто против тебе, тогаш остави го дарот таму, пред жртвеникот, па оди и најнапред помири се со брата си, а по-тоа дојди и принеси го дарот свој" (Матеј 18:15-17; 5:23,24). {8C 84.2}

„Господи, кој може да живее во Твојот шатор? Кој ќе се настани во Твојата Света Гора? Оној кој оди непорочно, кој твори правда и зборува вистина од своето срце; кој не клевети со својот јазик, кој не му прави зло на ближниот и не го срамоти својот сосед. Кој го презира лукавиот, а ги почитува оние, кои се бојат од Господа; кој кога се заколнува на своја штета, не се одречува; кој не го дава своето сребро за добивка и не прима поткуп против невиниот. Кој постапува така, нема да се помрдне до века„ (Псалм 15). {8C 84.3}

„Не судете, за да не бидете судени; зашто, со каков суд судите, со таков ќе бидете судени; со каква мерка мерите, со таква и ќе ви се мери. Зошто ја гледаш раската во окото на твојот брат, а гредата во своето око не ја чувствуваш? Или, како ќе му кажеш на твојот брат: 'Чекај да ти ја извадам раската од окото', кога во твоето око има греда? Лицемере, извади ја прво гредата од своето око, па тогаш ќе видиш како да ја извадиш раската од окото на твојот брат!" (Матеј 7:1-5). {8C 85.1}

Да се осуди некого значи многу. Имајте на ум дека набргу извештајот за вашиот живот ќе се разгледува пред Бога. Исто така имајте на ум дека Тој рекол: „И така, немаш изговор, о човеку, кој и да си ти, зашто со каков суд судиш друг, со таков се осудуваш сам, бидејќи ти, кој судиш, го правиш истото. А знаеме дека Божјиот суд, кој паѓа врз оние кои вршат такви работи, е според вистината. Зар мислиш, о човеку, дека ќе го избегнеш Божјиот суд ти, кој ги осудуваш оние што прават такви работи, какви што правиш и сам?" (Римјаните 2:1-3). {8C 85.2}

Тие што дојдоа во Батл Крик иако имале должност во црквата што ја напуштиле, со доаѓањето во Батл Крик го изгубиле својот мисионерски дух и своето духовно расудување. Тие дојдоа во допир со фарисејството и самоправедноста што секогаш претставува мамка. Тоа е само обличје на побожност без нејзината сила. {8C 85.3}

Во црквата во Батл Крик ќе се појави големо реформно движење кога луѓето во своето срце ќе ја почувствуваат силата на вистината и кога во својот секојдневен живот ќе ги внесат начелата на вистината. Набргу ќе се исполнат зборовите: „Ќе превртам и ќе расеам". Ние не знаеме кога точно ќе се случи тоа, но ќе дојде време кога луѓето ќе се расеат од Батл Крик. Ќе заминат оние што дошле во ова место без Господ да ги повика. {8C 86.1}

Искрените работници немаат време да мислат на туѓите недостатоци. Тие гледаат на Спасителот и со набљудување се преобразуваат - стануваат слични на Него. Во изградувањето на својот карактер треба да се угледаме единствено на Неговиот пример. Тој со Својот живот на земјата јасно ја откри божествената природа. Мораме да

копнееме за совршенство во својот делокруг, како што Тој бил совршен во Својот. Верниците не смеат и понатаму да бидат рамнодушни кон изградувањето на правилен карактер. Ставајќи се под моќно влијание на Светиот Дух, тие треба да изградат карактер кој ќе биде одраз на божествениот Пример. {8C 86.2}

## РЕЗУЛТАТ ОД РЕФОРМАЦИЈАТА

Св. Елена, Калифорнија, 26. септември 1901.

Драги брате Даниелс, вчера наутро го прочитав твоето писмо во кое изразуваш топла желба една силна група на работници да биде упатена во Индија и Кина и други источни земји. Минатата ноќ ми беше даден совет дека во овој момент нашите главни напори не треба да бидат насочени кон Кина или други полиња слични на Кина. Својата должност прво мораме да ја извршиме дома. Сите наши институции - нашите санаториуми, издавачки куќи и училишта - треба да достигнат еден повисок стандард. Тогаш работниците што ќе се упатуваат во странските полиња ќе имаат поголеми резултати. Тогаш тие ќе бидат посрдечни, подуховни и нивните напори ќе бидат поделотворни. {8C 87.1}

Пред многу години Господ ми даде посебни упатства дека во разни места на Америка, Европа и други земји треба да се градат згради во кои ќе се подготвува и издава литература што ја содржи светлината на сегашната вистина. Господ нареди да се вложат најголеми напори за преку печатот на народот да му се упати веста на повик и опомена. Нашата литература ќе допре и до оние до кои нема да можеме да допреме на друг начин. Од нашите книги и трактати треба да се шират зраците на светлината што ќе го осветлат светот со сегашната вистина. {8C 87.2}

Во нашите издавачки претпријатија не треба да се примаат работници кои не ги користат можностите што ги дава учеството во Божјото дело. Тие институции исто така не смеат да се занимаваат со прашања кои не се од беспрекорен карактер, бидејќи на тој начин Божјата света вистина се става на исто ниво со тоа што е обично и секојдневно. И кога ќе се впуштат со работа донесена од надвор, таквите институции мора да вработат соодветен број работници. Тоа со себе повлекува грижи и збрка. {8C 87.3}

Ми беше покажано дека во нашите издавачки куќи се правени грешки. Постојано се набавува скапа машинерија за комерцијално работење. Тука се работат многу работи што немаат никаква врска со делото што мора да се извршува со вера и љубов за да се спасат човечките суштества. Времето и способностите се користат на работи што не му донесуваат слава на Бога. Се вложува многу труд во работа која ништо не придонесува за ширење на сознанието за вистината. {8C 88.1}

Крајно време е да се размисли за ова прашање. Оваа грешка мора да се исправи. Не е мудро да се трошат пари на проекти кои не се продуктивни. Се зборува дека издавачките куќи треба да имаат деловен простор. Меѓутоа, тие располагаат со доволно простор и ако се работи како што треба, ќе се види дека има доволно простор. {8C 88.2}

Нашите издавачки претпријатија треба многу помалку да се занимаваат со комерцијална работа и не смеат да печатат ниеден ред што содржи сатанско мислење. Внесување на такви нешта го уништува секое чувство за светоста на институциите. Целата институција го губи својот углед и вредност. Кога световното ќе се помеша со

светото, секогаш постои опасност тоа што е световно да го заземе местото на тоа што е свето. {8C 88.3}

Како Господ гледа кон користењето на печатниците во Неговите институции за печатење на заблудите на непријателот? Кога тоа што не е беспрекорно ќе се помеша со светите нешта што излегуваат од печатење, Господ не може да ја благослови завршената работа. Божествениот Учител кажува: Што добивате со впуштање во тие световни работи? Тие ви донесоа многу непријатности, а работниците мораат да брзаат и да се трудат да ја завршат работата во одредено време. Тоа предизвика збрка и судир. Беа изговорени груби зборови и во институцијата беше внесен непријатен дух. Финансиската добивка во никој случај не може да ја надомести загубата што е последица на брзањето, притисокот, навредите и раздразливоста. {8C 88.4}

Господ нека му помогне на Својот народ да увиди дека тоа не е добро и дека на тој начин се губи многу повеќе отколку што се добива. Доколку се поставаат помалку машини и помал број на работници на едно место, додека други делови од Неговото лозје се лишуваат од можности и работна сила; доколку повеќе средства се вложуваат во основање на институции во разни места, на Бога би му било поугодно. Посветените амбиции не беше тоа што нè доведе до вложување на толку голема сума на пари на едно место. Погрешно е што нашите браќа формираат толкави печатници за печатење на световни книги. Ние се приближуваме кон крајот. Нашето дело треба да се состои во печатење и ширење на книги што ја содржат вистината за ова време. {8C 89.1}

Постои очевидна немарност кон опомените и предупредувањата што се даваат одвреме навреме. Ако го бараме Господа и ги признаеме гревовите, ако се спроведе потребната реформација, ќе се покаже соединета ревност и срдечност во повторното воспоставување на тоа што беше спречувано. Господ ќе ја покаже Својата љубов која простува и ќе добиеме средства со кои ќе ги исплатиме долговите на нашите институции. {8C 89.2}

## СВЕЧЕНО ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ

*До управителите на „Преглед и Гласник“ –*

Драги браќа, при формирањето на издавачката куќа во Батл Крик, Божја намера беше од неа светлината да свети како од запален светилник. Тоа им е предочено на управувачите. Ним постојано им е укажувано на светоста на Божјата издавачка институција и на значењето на одржувањето на нејзината чистота. Меѓутоа, тие го изгубија од вид правилното расудување и се соединија со силите на непријателот согласувајќи се да печатат книги и трактати што содржат најопасни заблуди. Тие не го забележаа лошото влијание на тие заблуди врз словослагачите, коректорите и сите други лица што учествуваат во печатењето на таквите нешта. Тие духовно заспаа. {8C 90.1}

По пат на некои други работи што се внесени однадвор во оваа институција сатанската наука им беше подметнувана на работниците. Со печатењето на таквите нешта Бог се обесчестува. Тоа придонесува за влошување на духовната состојба на работниците. Управителите дозволија такви нешта да се печатат по ниска цена. Добивката претставуваше загуба дури и кога таквите нешта беа печатени по најскапа цена. {8C 90.2}

Добив писмо од старешината Даниелс во врска со изградбата на уште една зграда за уредништвото на „Преглед и Гласник“. Мојот одговор гласи: Не, не, не. Наместо проширување на постоечките и изградба на нови згради, очистете го уредништвото од ништожности од сатанско потекло - и ќе добиете доволно простор. {8C 90.3}

На Бог не му е угодна пренатрупаноста во Батл Крик. На Бога би му било поугодно ако работниците се распоредени, ако институциите се формирани во други места, а знамето на вистината е подигнато во места кои никогаш не слушнале за Божјата порака. Пред да додадете една зграда на уредништвото во Батл Крик, надоместете го сè она што е изгубено на јужните полиња. Тоа уште не е направено како што треба. Секој чекор беше присилен. {8C 90.4}

Петте илјади долари, што би биле потребни за додавање на нова зграда на „Преглед и Гласник“, треба да се вложат во Божјото дело во други места каде што евангелската вистина уште не е проповедана. {8C 91.1}

Чувствувам ужасна болка во душата кога ќе видам каде тргнала нашата издавачка куќа. Печатниците во Божјите институции печатат теории на римокатолицизмот кои ја уништуваат душата, како и други тајни на беззаконието. Имам сведоштво од Господа за оние што такви нешта ставиле во рацете на работниците. Одговорни сте пред Бога затоа што пред младите мажи и жени изнесувате плодови од забранетото дрво за познавањето на доброто и злото. Дали е можно да не ви се познати опомените дадени по тоа прашање на Пацифичката печатница? Дали е можно знаејќи ги тие опомени и понатаму да одите по истиот пат, правејќи уште полошо? Толку пати ви е повторено дека Божјите ангели поминуваат низ секоја просторија на Уредништвото. Каков впечаток остави тоа на вашето срце и вашиот ум? {8C 91.2}

Вие во рацете на работниците ставивте книги што содржат сатански мисли, наведувајќи ги да мислат за неговите лажни порочни начела. Господ на таа ваша постапка гледа како на помагање на сатаната да ги постави своите стапици за фаќање на душите. Бог нема да ги смета за невини тие што го направиле тоа. Тој „има спор“ со управителите на издавачката куќа. Јас речиси се плашев да го отворам „Прегледот“, плашејќи се дека ќе ја прочитам веста дека Бог со оган ја очистил издавачката куќа. {8C 91.3}

Господ ме поучи дека тие што не ја увидуваат грешноста на соработката со сатаната во објавувањето на неговите лаги, треба да побараат некоја друга работа со која нема да ги упропастуваат телата и душите на нашата младина. Постои опасност знамето на вистината и праведноста да биде спуштено толку ниско што Бог ќе ги казни тие што прават зло. {8C 92.1}

Крајно време е да сфатиме каков дух со години владееше во уредништвото на „Преглед и Гласник“. Ме ужасува помислата дека најпрепредените облици на спиритизмот се изнесуваат пред работниците и тоа на начин кој е направен за да го збуни и збрка умот. Бидете уверени дека сатаната ќе ја искористи приликата што му се дава на тој начин. {8C 92.2}

Уредништвото на „Преглед и Гласник“ е осквернето како што бил осквернет храмот во времето на Христа, само што последиците сега се десетпати покатастрофални. Кога им ги испретурил масите на оние што менуваат пари, Христос ги истерал овците и говедата од храмот зборувајќи: „Напишано е: ‘Домот Мој ќе се нарече дом за молитва’, а вие го направивте разбојничка пештера“ (Матеј 21:13). Уште полошо од осквернувањето на храмот беше осквернетата издавачката куќа со печатење на нешта

кои никогаш не би смееле да се стават во рацете на работниците во Божјата институција. {8C 92.3}

Божјиот закон е прекршен, направено е предавство на Неговото дело, а Неговата институција е претворена во разбојничка пештера. Беше посветено мало или никакво внимание на печатењето на возбудливите повици на вистината, што мораше да биде на прво место и на што требаше да се посветат времето и способностите на работниците. Комерцијалните зделки, од кои некои се сосема сомнителни, постепено избија на прво место. Тие работи ја голтаа  енергијата што требаше да се посвети на објавување на литература со најчист квалитет и највозвишен карактер. Времето е трошено напразно, способностите беа користени погрешно, а парите беа злоупотребувани. Работата што требаше да се направи остана незавршена. Беа воздигнувани сатанските погледи. Неговите теории беа печатени во печатниците од кои треба да излегува само Божја вистина. Луѓето посакуваа напредок додека нивните начела беа под проклетство од Божјото неодобрување. Материјалната загуба е бескрајно подобра од нечесната добивка. {8C 92.4}

О, што ќе направи Бог со оние луѓе чие срце не е во работата? Мислите ли дека Исус ќе се наоѓа во печатницата за преку Своите ангели да делува на човечките умови за вистината што излегува од печат да ја претвори во сила за предупредување на светот дека се приближи крајот, додека на сатаната му се дозволува да ги расипува умовите на работниците во самата институција? Ми беше дадена оваа светлина: Не печатете повеќе ниту еден ред на такви погибелни книги. Тие што придонесоа за внесување на такви нешта во издавачката куќа треба да се покајат пред Бога во понизност на душата, бидејќи Неговиот гнев се разгорел против нив. Таков вид на работа треба засекогаш да се исклучи од нашите издавачки претпријатија. Посветете повеќе време на печатење и ширење на книги што ја содржат вистината за ова време. Настојувајте вашата работа во таа насока да стане совршена. Направете сè што е во ваша моќ за во светот да ја ширите небесната светлина. {8C 93.1}

Помошниците и другите работници не смеат да се тераат на брзање така што ќе немаат време за молитва. Младите во нашите издавачки куќи треба да се воспитуваат исто како што биле воспитувани младите во пророчките училишта. Нив треба да ги подготвиме за преземање на делото во нови места. {8C 93.2}

Ако луѓето што ја слушнаа веста дадена за време на Конференцијата - најсвечената вест што некогаш е дадена - не беа толку нечувствителни, и ако искрено запрашаа: „Господе, што сакаш да правам?“ нивното искуство од минатата година ќе беше сосема поинакво отколку што е. Меѓутоа, тие не го исчистија патот по кој тргнаа. Не ги признаа своите грешки и денес во голема мера ги повторуваат истите грешки, одејќи по истиот погрешен пат, бидејќи го уништија својот духовен вид. {8C 93.3}

Веста на Третиот ангел треба да го подготви народот за да може да се одржи во овие опасни денови. Таа мора да биде објавувана со силен глас и да го изврши делото што малкумина го сфаќаат. {8C 94.1}

Јован пишува: „И видов друг ангел како лета среде небото, имајќи го вечното евангелие, за да им благовести на жителите земни, на секое племе и колено, народ и јазик. Тој зборуваше со висок глас: ‘Бојте се од Бога и подајте Му слава, зашто настапи часот на Неговиот суд, и поклонете Му се на Оној Кој ги создал небото и земјата, морето и водните извори!’ И друг ангел се појави по него, велејќи: ‘Падна, падна Вавилон, големиот град, зашто сите народи ги напои со жестокото вино на своето блудство“ (Откровение 14:6-8). Како е направено тоа? - со тоа што луѓето се присилувани да ја

празнуваат лажната сабота. Нам во триесет и првото поглавје од втората книга Мојсеева јасно ни е кажано кој ден е Господовиот ден за одмор. Речено е дека саботата е знак за верноста на Божјиот народ. {8C 94.2}

Бог го мисли тоа што го зборува. Човекот се поставил помеѓу Бога и народот, и Господ го пратил Третиот ангел со веста: „Кој ќе му се поклони на sверот и на ликот негов, и прими белег на челото свое или раката своја, тој ќе пие од виното на јароста Божја, вино неразводнето, излеано во чашата на Неговиот гнев, и ќе биде мачен со оган и сулфур пред светите ангели и пред Јагнето“ (Откровение 14:9,10). {8C 94.3}

Божјиот народ мора да ги држи Неговите заповеди, отфрлајќи ги сите световни насочувања. Бидејќи ги прифатиле исправните начела на делување, луѓето треба да се покоруваат на тие начела бидејќи тие се од небесно потекло. Покорноста на Бога за вас е од поголема вредност од среброто и златото. Со земањето на Христовиот јарем и учејќи се од Него на понизност, ќе се избегнат многу судири, бидејќи кога непријателот ќе надојде како поплава, Господовиот Дух ќе го подигне знамето против него. {8C 95.1}

Им се обраќам на оние што примиле доверливи должности во издавачката куќа и имаат задача да водат сметка за правилното воспитување на работниците. Настојувајте да ја сфатите важноста на вашата задача. Тие што со своите постапки покажуваат дека не се трудат да прават разлика помеѓу светото и несветото, нека знаат дека Бог ќе ги казни ако не се покајат. Овие казни можеби ќе се одложат за одредено време, но сигурно ќе дојдат. Ако со своите нечисти и необлагородени мисли ги наведувате другите на лош пат, Бог ќе ве повика на одговорност. Тој ќе ве праша: „Зошто работите за ѓаволот, кога би требало да вршите добро дело за Учителот?“ {8C 95.2}

На големиот ден на крајна пресметка неверниот слуга ќе биде соочен со последиците на своето неверство. {8C 95.3}

Ви го пишувам ова затоа што се плашам за вас. Вам постојано ви доаѓаат нови работници, за кои би било подобро да одат во други места. Една ноќ сериозно зборував (во сон или визија) на вашите состаноци и ја изнесував вистината каква што е во Исуса. Но некои ја отфрлија. Не дозволија да се уверат. Грешеа против големата светлина и спознание, загушувајќи ја совеста до таа мера што вистината повеќе не можеше да допре до затврднатите срца. {8C 95.4}

Некои толку долго го жртвувале начелото што повеќе не гледаат никаква разлика помеѓу светото и обичното. Тие што не сакаат да внимаваат на Господовите поуки ќе одат се подлабоко и подлабоко по патот на пропаста. Денот на неволјите и искушението е токму пред нас. Секој треба да ја покаже својата вистинска боја. Што ќе изберете, верност или побуна? Покажете ја својата боја пред луѓето и ангелите. Сигурни сме единствено ако сме на страната на правдата. Тогаш светот ќе знае на која страна ќе бидеме во денот на неволји и искушенија. {8C 96.1}

Ако делото започнато на Генералната Конференција беше целосно остварено, немаше да бидам повикана да ги напишам овие зборови. Ви се даде прилика да ја признаете или одрекнете заблудата, и во многу случаи дојде до одрекување, за да се избегнат последиците на признанието. {8C 96.2}

Ако не се реформирате, издавачката куќа ќе ја снајде несреќа и светот ќе ја знае причината за тоа. Ми беше покажано дека обратувањето кон Бога не било со цело срце. Господ е обесчестен во институциите што се изградени на Негова слава. Забележителното непочитување на Божјите заповеди остави впечаток и врз работниците. Бог прашува: „Нема ли да судам за ова?“ Видов како небесните ангели со тага го сокриваат своето лице. Со затврднатоста на своето срце, што постојано се

зголемува, вие го исмејувате Бога. Тие што знаат за вистината, а сепак ги кршат Божјите заповеди, ќе бидат казнети соодветно според својата одговорност. {8C 96.3}

## ПОЖАРОТ ВО „ПРЕГЛЕД И ГЛАСНИК“

Св. Елена, Калифорнија, 5. јануари 1903.

*До браќата во Батл Крик –*

Денес примив писмо од проповедникот Даниелс дека со пожар е уништено уредништвото на „Преглед“. Оваа голема загуба за делото ме погоди мошне болно. Знам дека ова време мора да биде време на проба за браќата што работат на делото и за службениците во уредништвото. Тагувам со сите што тагуваат. Но оваа жалосна вест не ме изненади; бидејќи во ноќно видение видов ангел како стои и го испружува својот огнен меч над Батл Крик. Еднаш, преку ден, додека уште го држев перото во раката, ја изгубив свеста и ми се чинеше дека тој огнен меч е свртен најпрво во еден, а потоа и во друг правец. Изгледаше како да доаѓаат несреќи една по друга, бидејќи луѓето го обесчестија Бога смислувајќи како да се воздигнат и слават себеси на сите можни начини. {8C 97.1}

Тоа утро сесрдно му се молев на Господа да ги наведе сите што работат во уредништвото на „Преглед“ внимателно да испитаат во што се оглушиле за многу пораки што Бог ги дал. {8C 97.2}

Пред извесно време, браќата од „Преглед“ ме замолија за совет во поглед на градењето на нова зграда. Тогаш им реков дека немаше ни да прашаат за градење на нова зграда таму, кога тие што се заложуваат за изградба на нова зграда за „Преглед и Гласник“ би виделе што претстои во иднина, кога би можеле да видат што ќе се случи во Батл Крик. Бог рече: „Го презреа Мојот збор, затоа ќе испревртам и растурам”. {8C 97.3}

На Генералната Конференција одржана во Батл Крик во 1901. година, Господ на Својот народ му даде докази дека го повикува на реформа. Умовите на присутните беа осведочени и срцата беа задвижени, но делото не беше завршено до крај. Ако упорните срца тогаш понизно му се потчинеа на Бога, ќе се видеше едно од најголемите откровенија на Божјата сила што некогаш се видело. Но Бог не беше прославен. Сведоштвото на Неговиот Дух не беше земено во предвид. Луѓето не се одрекоа од постапките кои се целосно спротивни на начелата на вистината и праведноста, начела што треба да се држат секогаш во Божјото дело. {8C 97.4}

Тој што ми дава пораки за Својот народ често ми ги повторуваше вестите упатени на црквите во Ефес и Сард: „На ангелот на Ефеската црква напиши му: Ова го вели Оној Кој ги држи седумте ѕвезди во десницата Своја, Кој оди среде седумте свеќници; ги знам делата твои, трудот и трпението твое, и дека не можеш да ги поднесеш злите; знам дека си ги испитал оние што себеси се нарекуваат апостоли, а не се, и дека си утврдил дека се лажговци; дека имаш трпение, дека си поднесувал за името Мое и дека не си се уморил. Но имам нешто против тебе, зашто ја остави својата прва љубов. Спомни си од каде си паднал и покај се; ако не, скоро ќе ти дојдам и ќе го преместам свеќникот твој од местото негово, ако не се покаеш„ (Откровение 2:1-5). {8C 98.1}

„И на ангелот на Сардската црква напиши му: Еве што вели Оној Кој ги има седумте ѕвезди: ги знам делата твои; носиш име дека си жив, а мртов си. Биди буден и утврдувај ги оние што се на умирање; бидејќи делата твои не ги најдов совршени пред Мојот Бог. Спомни си за она што си го примил и чул, и послушај го, и покај се. Ако не бидеш буден, ќе дојдам против тебе како крадец, и нема да дознаеш кога ќе дојдам против тебе“ (Откровение 3:1-3). {8C 98.2}

Ние гледаме исполнување на овие опомени. Никогаш Светото Писмо не се исполнило поточно отколку во овој случај. {8C 99.1}

Луѓето можат највнимателно да градат згради осигурени од пожар, но еден допир на Божјата рака, една искра од небото, ќе го збрише секое прибежиште. {8C 99.2}

Ми беше поставено прашање дали можам да дадам некој совет. Јас веќе го дадов советот што Бог ми го даде, надевајќи се дека ќе го задржам огниениот меч што висеше над Батл Крик. Сега се случи тоа од што се плашев - дојде веста дека гори зградата на „Преглед и Гласник“. Кога пристигна веста јас не бев изненадена и немав што да кажам. Тоа што морав одвреме навреме да го кажам во поглед на опомените немаше никакво влијание, освен тоа што тие кои ги слушнаа уште поцврсто останаа на својот став. И сега можам само да кажам: жал ми е; мошне ми е жал што беше неизбежно да дојде до тој удар. Светлината беше дадена обилно. Да се постапуваше според неа, нова светлина немаше да биде потребна. {8C 99.3}

Јас бев поучена да му кажам на нашиот народ, проповедниците и лаиците: „Барајте Го Господа додека може да се најде, повикувајте Го додека е близу! Безбожникот нека го остави својот пат, а неправедникот своите замисли. Нека се врати при Господа, Кој ќе му се смилува, кон нашиот Бог, зашто Тој изобилно простува“ (Исаија 55:6,7). {8C 99.4}

Секоја душа треба да внимава. Непријателот ви е зад петиците. Стражарете будно за да не ве изненади некоја внимателно сокриена и вешто поставена мамка. Безгрижните и рамнодушните нека внимаваат Господовиот ден да не им дојде како крадец во ноќно време. Мнозина ќе застранат од патеката на понизност и, отфрлајќи го Христовиот јарем, ќе се упатат кон туѓи градови. Заслепени и збркани, тие ќе го напуштат тесниот пат што води во Божјиот град. {8C 99.5}

Човекот што не е буден христијанин не може да биде среќен христијанин. Кој сака да победи мора да стражари, бидејќи сатаната се труди со световни заплетки, заблуди и празноверија, Христовите следбеници да ги одвои од Него. Не е доволно да ги избегнуваме само очигледните опасности и да се оттргнуваме од опасните и недоследни постапки. Мораме цврсто да се држиме за Христа и да одиме по патот на самоодрекување и жртва. Се наоѓаме на територија на непријателот. Тој е исфрлен од небото и дошол на земјата со голема сила. Тој со сите можни вештини и стапици се труди да ги зароби душите. Ако не бидеме постојано внимателни, ќе станеме лесен плен на неговите безбројни измами. {8C 100.1}

Искуството на учениците во Гетсиманската градина содржи една поука за денешниот народ на Господа. Земајќи ги со себе Петар, Јаков и Јован, Исус отишол во Гетсиманија да се моли. Тој им рекол: „’Душата Ми е до смрт нажалена; останете тука и бидете будни.’ И штом се оддалечи малку, падна на земјата и се молеше, за да Го одмине часот ако е можно; и велеше: ‘Ава, Оче! Сè е можно за Тебе, отклони ја од Мене оваа чаша; сепак не како Јас што сакам, туку како Ти!’ Па дојде и ги затече да спијат, и му рече на Петар: ‘Симоне, спиеш ли? Не можеше ли еден час да бидеш буден? Бидете будни и молете се да не паднете во искушение: зашто духот е бодар, но телото е слабо’“ (Марко 14:34-38). {8C 100.2}

Внимателно прочитајте ги овие зборови. Мнозина денес спијат, како што спиеле и учениците. Тие не бдеат и не се молат да не паднат во искушение. Да го читаме и да го проучуваме овој дел од Божјото Слово што се однесува на овие последни денови и укажува на опасноста што му се заканува на Божјиот народ. {8C 100.3}

Потребно ни е јасно, посветено восприемање кое не треба да го користиме за да се критикуваме и осудуваме еден со друг, туку за да ги препознаеме знаците на времето. Мораме будно да внимаваме на своето срце за да не доживееме бродолом на верата. Мнозина што некогаш беа цврсти во верата станале немарни кон своето духовно добро и без најмало противење попуштаат пред вештите измами на сатаната. Време е нашиот народ да ги повлече своите семејства од градовите и да оди во помирни места, бидејќи непријателот мнозина од младите, а исто така и старите ќе ги фати во своите стапици и ќе ги зароби. {8C 101.1}

7 јануари 1903.

Многу нè растажи веста за страшната загуба што му е нанесена на делото со пожарот во уредништвото на „Преглед и Гласник“. Оганот во една година ги уништи нашите две најголеми институции. Веста за оваа несреќа ни нанесе длабока болка, но Господ дозволи тоа да дојде врз нас, и ние не смееме да се жалиме, туку од тоа да примиме порака што Бог ни ја дава. {8C 101.2}

Преку уништувањето на зградата на „Преглед и Гласник“ не треба да преминеме како преку нешто што нема никакво значење. Секој што е поврзан со уредништвото треба да се запраша: „Со што ја заслужив оваа поука? Во што постапував против тоа ‘така зборува Господ’, за Тој да ми ја прати оваа порака? Одев ли по свој пат?“ {8C 101.3}

Бог кој ги истражува срцата нека ги укори заблудените и сите нека Му се поклонат во понизност и покајание, отфрлајќи секое лицемерие и суета, признавајќи и оставајќи ги сите свои гревови, и во име на Откупителот нека бара проштевање од Него. Бог вели: „Кој доаѓа кај Мене, нема да го исфрлам надвор“ (Јован 6:37), и тие што искрено ќе му се предадат ќе добијат проштевање и оправдување и ќе примат сила да станат Божји синови. {8C 101.4}

Се молам тие што се противеа на вистината и доказите, одбивајќи да ги слушаат Божјите опомени, во уништувањето на уредништвото на „Преглед и Гласник“ да видат повик со цело срце да му се обратат на Бога. Зар не сфаќаат дека Бог срдечно постапува со нив? Тој не настојува да уништи живот, туку да спаси. Во неодамнешното уништување милостиво беа сочувани животите на работниците за на сите да им биде дадена можност да согледаат дека Бог ги опоменува со вест која не доаѓа од човечки извори, туку одозгора. Божјиот народ се одвои од Бога, не ги држеше Неговите упатства и Бог му се приближи на Својот народ карајќи го, но не донесе уништување на животи. Смртта не зема ниту една единствена душа. Сите останаа живи за да ја согледаат Силата на која ниеден човек не може да противречи. {8C 102.1}

Да го славиме Господа што животите на нашите деца ги сметаше за толку скапоцени. Тој можеше да ги исече (како неплодна смоква) работниците што му беа непослушни и задоволни со самите себе. Но не! Тој вели: „Ќе им дадам уште една прилика. Ќе дозволам огнот да им зборува, и ќе видам дали ќе работат против Моето провидение. Ќе ги испробам со оган за да видам дали ќе ја прифатат поуката што сакам да им ја дадам”. {8C 102.2}

Кога беше уништен санаториумот во Батл Крик, Христос ги заштити животите на мажите и жените. Со тоа уништување Бог го повикуваше Својот народ да Му се врати. И со уништувањето на Уредништвото на „Преглед и Гласник“ и спасувањето на животите, Бог по втор пат го повикува Својот народ. Тој сака народот да согледа дека чудотворната моќ на Бескрајниот ги спасуваше животите за на секој работник да му се даде прилика да се покае и обрати. Бог вели: „Ако се обратат кон мене, ќе им ја вратам радоста на своето спасение. Но ако продолжат по својот пат, ќе им се приближам уште поблиску и несреќа ќе се сруши врз оние што тврдат дека веруваат во вистината, но не ја спроведуваат во секојдневниот живот и врз оние на кои Господ Бог Израелов не им е страв и трепет”. {8C 102.3}

Секој нека се испита себеси за да види дали е во верата. Божјиот народ мора да се покае и да се обрати за да се исчисти од своите гревови, да дојдат времиња за освежување од лицето Господово. Секој нека се испита во што не одел по патот што Бог го означил, и во што пропуштил да ја очисти својата душа придржувајќи се на Неговите совети. {8C 103.1}

## ШТО МОЖЕШЕ ДА БИДЕ

Св. Елена, Калифорнија, 5. јануари 1903.

*До црквата во Батл Крик –*

Еден ден напладне пишував за делото што можеше да биде извршено на последната Генерална Конференција ако луѓето што се на одговорни положби се покореа на Божјата волја и ако се придржуваа до Неговиот пат. Тие што добија голема светлина не одеа во светлината. Состанокот беше затворен, но до промени не дојде. Луѓето не се понизија пред Господа како што требаше и Светиот Дух не беше даден. {8C 104.1}

Пишував многу за тоа се додека не ја изгубив свеста и ми се причини дека сум очевидец на една сцена во Батл Крик. {8C 104.2}

Бевме собрани во еден молитвен дом. Се помоливме, испеавме една песна и повторно се помоливме. Најсрдечно се помоливме пред Бога. Состанокот беше обележен со присуство на Светиот Дух. Присутните беа длабоко потресени, а некои гласно плачеа. {8C 104.3}

Еден верник се исправи од наведнатата положба и рече дека во минатото не се согласувал со одредени поединци и дека кон нив не чувствувал љубов, но сега се гледа себеси каков е. Тој мошне сериозно ја повтори пораката упатена на Лаодикејската црквата: „Зашто велиш: ‘Богат сум, и се збогатив, и ништо не ми треба”. „Задоволен со самиот себе и јас се чувствував токму така“, рече тој. „А не знаеш, дека си беден и проколнат, сиромав, слеп и гол”. „Сега гледам дека се наоѓав во таква состојба. Сега ми се отворија очите. Мојот дух беше строг и неправеден. Себеси се сметав за праведен, но моето срце е скршено и ја согледувам потребата за скапоцен совет од Оној што целосно ме испитува. О, колку се милостиви, сочувствителни и полни со љубов овие зборови: ‘Те советувам да си купиш од Мене злато низ оган пречистено, за да се збогатиш; и бела облека, за да се облечеш, и да не се гледа срамот на голотијата твоја, и со очна маст намачкај ги очите твои за да гледаш‘„ (Откровение 3:17,18). {8C 104.4}

Говорникот се сврте кон оние што се молеа и рече: „Мораме нешто да направиме. Мораме да ги признаеме своите гревови и да ги понизиме своите срца пред Бога". Тој со скршено срце изрази признавање и потоа им пријде на поедини браќа, пружајќи рака и барајќи проштевање. Оние на кои им зборуваше скокнаа на нозе, се исповедаа и бараа проштевање, прегрнувајќи се еден со друг плачејќи.

*Тогашна голема црква (4.000 седишта) во Батл Крик наречена: The Dime Tabernacle. Таму во 1901 година се одржала и сесија на Генералната Конференција. Истата уништена од оган во 1922. година.

Дух на признание го опфати целиот собор. Тоа беше време на излевање на Духот. Пеевме фалејќи го Бога и се молевме длабоко во ноќта, речиси до утрото. {8C 105.1}

Често мошне јасно и разбирливо беа повторувани зборовите: „Оние што Јас ги сакам, нив ги карам и казнувам. И така, биди искрен и покај се. Ете, стојам пред вратата и чукам. Ако некој го чуе гласот Мој и ја отвори вратата, ќе влезам кај него и ќе вечерам со него, и тој со Мене" (Откровение 3:19,20). {8C 105.2}

Никој не беше толку горд за од длабочината на своето срце да не признае. Во ова предводеа тие што беа влијателни, и кои порано немаа храброст да ги признаат своите гревови. {8C 105.3}

Во молитвениот дом се чувствуваше радост како никогаш порано. {8C 105.4}

Тогаш се разбудив од бесвесноста и едно време не знаев каде се наоѓам. Перото сè уште ми беше во раката. Ми беа упатени овие зборови: „Така можеше да биде. Господ чекаше сето тоа да го направи за Својот народ. Целото небо сакаше да се сожали". Размислував за тоа каде ќе бевме денес ако на последната Генерална Конференција беше извршено едно такво дело. Ме опфати болно разочарување кога сфатив дека тоа што ми беше покажано не беше стварност. {8C 105.5}

Божјиот начин на постапување секогаш е правилен и промислен, и секогаш му донесува чест на Неговото име. Човекот може да се осигура против импулсивните и славољубиви постапки само ако своето срце го одржува во хармонија со Исуса Христа. Човечката мудрост не е сигурна. Човекот е непостојан, исполнет со самопочит, гордост и себичност. Работниците што се во служба на Господа треба целосно да се потпрат на Бога. Тогаш водачите ќе покажат дека се подготвени да бидат водени, не со човечка мудрост, која е бескорисна како да се потпираат на скршена трска, туку со мудроста на Оној кој вели: „Ако некому од вас му недостига мудрост, нека ја бара од Бога, Кој на сите им дава изобилно и без приговарање - и ќе му се даде. Но да моли со вера и никако да не се сомнева" (Јаков 1:5, 6). {8C 106.1}

## ЗАБОРАВЕНОСТ

Ги повикувам сите што тврдат дека се Божји деца да ја имаат на ум историјата на Израел, како што е запишана во сто и петтиот, сто и шестиот и сто и седмиот псалм. Ако внимателно ги проучуваме тие стихови, ќе можеме поцелосно да ја сфатиме добрината, милоста и љубовта на нашиот Бог. {8C 107.1}

**Псалм 105. Химна за ветената земја**

„Славете Го Господа, повикувајте Го Неговото име; навестувајте ги Неговите дела меѓу народите. Пејте Му и славете го, раскажувајте ги сите Негови чудеса! Фалете се со Неговото свето име; нека се радува срцето на оние кои Го бараат Господа! Барајте Го Господа и Неговата сила, барајте Го секогаш Неговото лице! {8C 107.2}

Спомнете си за чудесата што ги направи, за чудата и за судовите на Неговата уста, вие, потомство на Авраам, Неговиот слуга, синови Јаковови, Негови избраници. Тој е Господ, Бог наш; Неговите судови се по целата земја. Тој си спомнува секогаш за Својот завет, за словото што им го заповедал на илјада поколенија; за заветот што го склучи со Авраам, и за Својата заклетва на Исак. И му го поставил тоа како закон на Јакова, и како вечен завет за Израел, зборувајќи: 'Тебе ќе ти ја дадам Хананската земја, како дел во вашето наследство.' Кога уште беа малку на број, многу малку, и кога беа придојденици во неа. Тие одеа од народ до народ, од едно царство кај друг народ. Но не остави никого да ги угнетува, ги укоруваше и царевите заради нив: 'Не гибајте ги Моите помазаници, не нанесувајте им зло на Моите пророци!' {8C 107.3}

И Тој го повика гладот на земјата, и секој лебен клас го сотре. Испрати човек пред нив: Јосиф беше продаден во ропство. Ги врзаа со окови неговите нозе, вратот му го ставија во железо. До времето кога се исполни зборот Негов, зашто словото Господово го испитуваше. Царот нареди да го одврзат, владетелот на народите го ослободи. Го постави за домаќин на својот дом, И за управител на сиот свој имот. Да ги врзува кнезовите по своја волја, и да ги учи неговите старци на мудрост. Тогаш Израел влезе во Египет, Јаков се пресели во Хамовата Земја. Го умножи многу Својот народ, го направи посилен од непријателите. {8C 108.1}

Им го сврти срцето за да го замразат Неговиот народ, за да бидат лукави кон Неговите слуги. Го испрати Мојсеја, Својот слуга, и Арона, кого го одбра. Ги правеа Неговите знаци меѓу нив, и чудеса во Хамовата Земја. Испрати темнина, и се смрачи, и тие не се побунија на Неговите зборови. Им ги претвори водите во крв, и ги помори нивните риби. Заврвеа жаби низ нивната земја, проникнаа и во царските соби. Рече: и рој муви долета, и комарци во сите нивни краишта. Место дожд им даде град, огнени секавици во нивната земја. Ги удри нивните лозја и смокви, ги искрши дрвата во нивните предели. Рече: и скакулци дојдоа, и безбројни млади скакулци со нив. Ги изедоа сите растенија во нивната земја, го изедоа плодот на нивните ниви. Ги порази сите првороденци во нивната земја, најдоброто од сета нивна сила. {8C 108.2}

Ги изведе со сребро и злато; во нивните племиња немаше ниту еден болен. Египет се зарадува на нивното заминување, зашто го опфати страв од нив. Го распростре облакот како покрив, и оган да свети во ноќта. Замолија, и доведе препелици, и со небесен леб ги наситуваше. Ја расцепи карпата, и вода извираше, потече како река низ безводните. {8C 108.3}

Зашто се сети за Своето свето слово, што му го даде на Својот слуга Авраам. Го изведе Својот народ со воскликнување, и со веселба Своите избрани. Им ја даде многубожечката земја, го наследија трудот на народите, за да ги чуваат Неговите повелби, и да ги пазат Неговите закони. Алелуја!" {8C 109.1}

**Псалм 106. Химна за ропството**

*„Алилуја! {8C 109.2}*
*Фалете Го Господа, зашто е благ,*

*зашто е вечна Неговата милост!*
*Кој може да ги искаже Господовите моќни дела?*
*Кој ли ќе Му ги разгласи сите Негови пофалби?*
*Блажени се оние, кои го чуваат правосудието,*
*и кои прават правда во секое време!*
*Спомни си за мене, Господи,*
*во благоволението Свое кон Својот народ;*
*Посети ме со Своето спасение,*
*за да ја видам благосостојбата на Твоите избраници,*
*за да се радувам со радоста на Твојот народ,*
*за да се фалам заедно со Твоето наследство. {8C 109.3}*

***I***

*Згрешивме како нашите татковци,*
*правевме беззаконија, работевме безбожно.*
*Нашите татковци во Египет не ги разбраа Твоите чудеса,*
*не си спомнуваа за Твојата голема милост,*
*туку се побунија крај морето, крај Црвеното Море.*
*Но Тој ги избави заради Своето Име,*
*за да ја покаже Својата сила.*
*Му заповеда на Црвеното Море и тоа пресуши,*
*ги преведе по бездните како низ пустина.*
*Ги избави од рацете на нивните мразители,*
*ги ослободи од рацете на непријателите.*
*И водите ги покрија нивните непријатели,*
*не остана ниеден од нив.*
*Тогаш поверуваа на Неговите зборови и Му испеаја пофалба. {8C 109.5}*

***II***

*Но наскоро ги заборавија Неговите дела,*
*не го дочекаа Неговите совети.*
*Се полакомија многу во пустината,*
*и го искушуваа Бога во безводната земја.*
*Им даде што бараа,*
*но им испрати пораз за душите нивни.*
*Му завидеа тогаш на Мојсеја, во логорот,*
*на Арона, Господовиот светија.*
*Земјата се отвори и го голтна Датана,*
*и ја покри Авировата дружина.*
*Оган падна врз сета негова дружба*
*и пламенот ги изгоре злите.*
*Направија теле во Хорив,*
*му се поклонуваа на излеаниот идол.*
*Ја заменија својата слава*
*со лик на бик, што јаде трева. {8C 110.2}*

*Го заборавија Бога, Спасителот свој;*
*Кој изврши големи дела во Египет,*
*чудесни нешта во Хамовата земја,*
*и стравотии при Црвеното Море.*
*Затоа рече дека ќе ги истреби, но Мојсеј,*
*Неговиот избраник, се зазеде за нив во пукнатината,*
*за да Му го одврати гневот и да не ги уништи.* {8C 110.3}

***III***

*Тие ја презреа пожелуваната земја,*
*не верувајќи Му на Неговото слово.*
*Роптаа под своите шатори,*
*И не го послушаа Господовиот глас.*
*Тој крена рака против нив,*
*за да ги погуби во пустината,*
*да го расее нивното семе меѓу народите,*
*и да ги растури по земјите.*
*Тие се придружија кон Ваал-фегор*
*и јадеа жртви принесувани за мртвите.*
*Го дразнеа Бога со своите дела*
*и Тој фрли на нив помор.*
*Но стана Финес, и изврши суд,*
*и поморот престана.*
*И тоа му се засмета за праведност,*
*во сите поколенија довека.* {8C 110.5}

***IV***

*Го разгневија пак кај Меривските Води,*
*и настрада Мојсеј заради нив,*
*зашто тие се побунија против неговиот дух,*
*и проговори непромислено со усните свои.*
*Тие не ги истребија народите,*
*како што Господ им беше наредил.*
*Се измешаа со многубошците,*
*ги научија нивните дела;*
*им служеа на нивните идоли,*
*и тие им станаа стапица.*
*Им ги жртвуваа своите синови и своите ќерки на демоните.*
*Пролеваа невина крв, крвта на своите синови и ќерки,*
*што ги жртвуваа на хананските идоли.*
*Земјата беше онечистена со крв,*
*се извалкаа со своите дела,*
*блудствуваа со постапките свои.* {8C 111.2}

*Затоа се разгоре гневот на Господа против Неговиот народ,*

*Му се згнаси Неговото наследство.*
*Ги предаде во рацете на многубошците,*
*и нивните мразители управуваа со нив.*
*Непријателите ги измачуваа,*
*и ги угнетуваа со својата рака.*
*Ги избавуваше пречесто,*
*но тие бунтуваа со упорноста своја,*
*и беа покосени заради своите беззаконија.* {8С 111.3}

*Но, Тој погледна на нивната неволја,*
*кога ги чу нивните повици,*
*и се сети за Својот Завет со нив,*
*се сожали на нив поради Својата голема милост.*
*Направи да најдат милост кај оние, што ги поробија.* {8С 112.1}

*Спаси нè, Господи, наш Боже,*
*и собери нè од безбожните народи,*
*за да Го славиме Твоето свето Име,*
*за да се фалиме со Твојата Слава.*
*Благословен да е Господ, Израилевиот Бог,*
*одвека довека! И сиот народ нека рече: Амин!*
*Алилуја!“* {8С 112.2}

**Псалм 107. Песна на откупените**

„Славете Го Господа, зашто е добар, зашто Неговата милост е вечна! Така нека речат сите избавеници Господови, кои Тој ги избави од непријателските раце, и кои ги собра од сите земји: од исток и запад, од север и југ. {8С 112.3}

**I**

*Скитаа низ пустината во пуста осаменост,*
*не наоѓајќи ниеден населен град.*
*Беа гладни, изморени од жед,*
*душата им ослабна во нив.*

*Тогаш извикаа кон Господа во својата тешкотија,*
*и Тој ги избави од сите неволји.*
*Ги поведе по правиот пат,*
*за да стигнат до населен град.*

*Нека Го слават Господа за Неговата милост,*
*за Неговите чудеса кон човечките синови,*
*зашто Тој ја насити гладната душа,*
*ја наполни со добрина изгладнетата душа.* {8С 112.5}
*Седеа во мрак и во темнина,*

*оковани со беда и железо, {8С 112.6}*
*бидејќи не се покорија на зборовите Божји,*
*и го презреа наумот на Сèвишниот.*
*Заради тоа го понизи нивното срце во маки,*
*се слизнуваа, и немаше никој да им помогне.*

*Тогаш извикаа кон Господа во својата тешкотија,*
*и Тој ги спаси од сите неволји.*
*Ги изведе од мрак и од смртната сенка,*
*и ги извади нивните окови.*

*Нека Го фалат Господа за Неговата добрина,*
*за Неговите чудеса кон човечките синови!*
*Зашто ја разби бронзената врата*
*и ги скрши железните лостови... {8С 113.1}*

*II*

*Тој ги претвори реките во пустина,*
*а водните извори во жедна земја;*
*плодоносната земја во солена пустина,*
*заради лошотијата на нејзините жители.*

*Тој ја претвори пустината во езеро,*
*а сувата земја во водени извори.*
*И ги насели таму изгладнетите,*
*па изградија град каде ќе живеат.*
*Ги засеаја нивите, ги засадија лозјата,*
*што им донесоа изобилни плодови.*
*И Тој ги благослови, па се намножија многу,*
*и стадата не им се намалија. {8С 113.3}*

*Беа проредени и пострадаа,*
*под товарот на страдањата и неволјите.*
*Оној Кој излева презрение кон кнезовите,*
*ги пушти да скитаат по пусти патишта.*
*Го издига бедниот од неволја*
*и ги умножи семејствата како стадо.*
*Гледајќи го тоа, нека се радуваат чесните,*
*а беззаконикот нека си ја затвори устата! {8С 113.4}*

*Кој е мудар, нека размисли за сето ова,*
*и нека ја согледа Господовата милост”. {8С 113.5}*

**„Присетувајте се на поранешните денови“**

Зошто стариот Израел ги заборавил Божјите дела толку брзо?

Народот не ги запаметил Неговите големи и силни дела, ниту Неговите зборови на опомена. Ако луѓето се сеќавале на Неговите чудесни постапки со нив, немаше да им биде упатен овој укор: -{8C 113.6}

*„Кој си ти, та се боиш од смртен човек*
*и од човечки син, кој е како трева?*
*и Го заборави Господа својот Создател,*
*Кој ги распростре небесата*
*и Кој ја основа земјата;*
*непрестајно, секој ден се плашиш,*
*од јароста на угнетувачот,*
*кога се приготвува за да уништи?*
*Но каде е сега гневот на угнетувачот?“*
*(Исаија 51:12,13). {8C 114.1}*

Но Израелските синови често го заборавале Бога, чии биле по создавање и по откупувањето. Иако ги виделе сите Негови чудесни дела, тие Го искушувале. ). {8C 114.2}

На Израелците им биле доверени светите пророштва. Но тие погрешно ги толкувале и погрешно го применувале откриеното Божјо Слово. Народот ја презрел речта на Светецот Израелев. {8C 114.3}

*„Лозјето на Господ над воинствата е домот Израелов;*
*Неговиот мил расад: луѓето Јудејци.*
*Тој чекал правосудство, а ете крвопролевање;*
*чекал праведност, а ете писком”. {8C 114.4}*

*„Тешко на оние*
*на кои... не им е грижа за Господовото дело,*
*кои не ги гледаат делата на Неговите раце.*
*Затоа Мојот народ ќе биде одведен во ропство,*
*зашто немаат знаење”. {8C 114.5}*

*Тешко им на оние*
*што злото го наречуваат добро, а доброто зло,*
*темнината ја сметаат за светлина, а светлината за темнина,*
*горчливото за слатко, а слаткото за горчливо! {8C 114.6}*

*Тешко им на оние*
*кои се мудри во сопствените очи*
*и разумни пред самите себе. {8C 114.7}*

*Затоа, како што огнот ја проголтува сламата,*
*и како што сувата трева исчезнува во пламенот,*
*така ќе изгние нивниот корен,*
*нивниот цвет ќе се разлета како прав,*
*зашто го отфрлија законот на Господа над Воинствата*

*и го презреа Словото на Израилевиот Светец“ (Исаија 5:7,11-13,20,21,24).* {8C 115.1}

## „Беше запишано нам за опомена“

„Сето тоа... беше запишано нам за опомена, до кои стигна крајот на вековите“ (1. Коринтјаните 10:11). Доаѓа опомена која одзвонува до нашето време: - {8C 115.2}

„Браќа, гледајте, да не би во некого од вас има зло и неверно срце, та да отстапи од живиот Бог. Туку храбрете се секој ден еден со друг додека сè уште се вели: Денес, та никој од вас да не отрпне преку измамата на гревот. Зашто ние станавме соработници на Христа, доколку ја задржиме цврсто до крај првобитната доверба; додека се вели: - ‘Денес, кога ќе го чуете Неговиот глас, Да не отрпнат срцата ваши, онака како кога се побунивте.’ А кои беа тие што чуја и пак се побунија? Зар не беа тоа сите оние кои со Мојсеј излегоа од Египет?“ (Евреите 3:12-16). {8C 115.3}

Зар ние што живееме во последното време не можеме да го сфатиме значењето на зборовите на апостолот: „Браќа, гледајте, да не би во некого од вас има зло и неверно срце, та да отстапи од живиот Бог“ (Евреите 3:12). {8C 115.4}

Нас нè осветлува светлина што се собирала со векови низ минатото. Записот за заборавеноста на Израел е сочуван за наша поука. Во овој век Бог ја испружил Својата рака за да собере за Себе народ од сите племиња, колена и јазици. Тој во адвентното движење се залага за Своето наследство како што се залагал за Израелците што ги извел од Египет. Во големото разочарување во 1844. година, верата на Неговиот народ беше искушувана како што беше искушувана верата на Евреите на Црвеното Море. Ако адвентистите во почетокот имаа доверба во водечката Рака која беше со нив во минатото, тие би го виделе Божјото спасение. Кога сите што работеа единствено во делото во 1844 година, би ја примиле веста на Третиот ангел и би ја објавувале во сила на Светиот Дух, Господ силно би ги помагал нивните напори. На светот би се излеала плима на светлина. Жителите на земјата одамна би биле опоменати, завршното дело би било завршено, а Христос би дошол да го избави Својот народ. {8C 115.5}

## Порака за ова време

Наложено ми е да им упатам зборови на опомена на браќата и сестрите кои се наоѓаат во опасност да го изгубат од вид посебното дело за ова време. Господ ни ја доверил светата вистина. Да се пробудиме и да светиме! Во сите земји треба да се разгласи второто Христово доаѓање, објавувајќи со зборовите на писателот на Откровението: „Ете, иде со облаци, и ќе го види секое око, и оние што Го прободоа; и ќе се расплачат пред Него сите племиња на земјата“ (Откровение 1:7). {8C 116.1}

Што направивме? Дали ја објавувавме веста на Третиот ангел? „И трет ангел по него наиде, зборувајќи со висок глас: ‘Кој ќе му се поклони на sверот и на ликот негов, и прими белег на челото свое или на раката своја, тој ќе пие од виното на јароста Божја, вино неразводнето, излеано во чашата на Неговиот гнев, и ќе биде мачен со оган и сулфур пред светите ангели и пред Јагнето. Димот од мачењето нивно ќе се издига во сите векови; нема да имаат мир ни дење, ни ноќе оние што ќе му се поклонат на sверот и на неговиот лик, и што ќе го примат белегот на неговото име!’ Тука е трпението на

светиите; тука се оние што ги пазат Божјите заповеди и верата во Исуса“ (Откровение 14:9-12). {8C 116.2}

Божјите заповеди и сведоштвото Исусово се соединети. Тие треба јасно да му бидат изложени на светот. {8C 117.1}

## Спротивставувањето на непријателот

Последиците од објавувањето на веста на Третиот ангел ни се прикажани во Божјото Слово: „И се разлути змевот на жената и отиде да војува со другите од семето нејзино што ги пазат Божјите заповеди и го имаат сведоштвото на Исуса Христа“ (Откровение 12:17). Одбивањето на послушност кон Божјите заповеди и одлучноста да се негува омраза против оние кои ги објавуваат тие заповеди, доведува до најодлучна војна од страна на змевот, кој со сите свои сили води борба против Божјиот народ кој ги држи Неговите заповеди. „И ќе направи на сите - мали и големи, богати и сиромаси, слободни и робови - да им се стави белег на десната рака или на челата нивни, та никој да не може ни да купува ниту да продава, освен оние што го имаат тој белег, или името на sверот, или бројот на името негово“ (Откровение 13:16,17). {8C 117.2}

Белегот или Божјиот печат се открива во празнувањето на саботата, седмиот ден, што Бог го поставил како спомен на создавањето. „Господ му рече на Мојсеја, велејќи: ‘Кажи им на децата Израилеви: пазите ги саботите Мои, зашто саботата е знак Меѓу мене и вас од поколение до поколение, за да знаете дека Јас, Господ, ве посветувам’“ (Излез 31:12,13). Овде јасно е кажано дека саботата е знак меѓу Бога и Неговиот народ. {8C 117.3}

Белегот на sверот е спротивен на ова - празнување на првиот ден во седмицата. Со овој закон тие што ја признаваат врховната власт на папата се одвојуваат од оние што го признаваат Божјиот авторитет. {8C 117.4}

## Гласната вика

Како што е проречено во осумнаесеттото поглавје на Откровението, тие што ја носат последната опомена против sверот мораат со голема сила да ја објавуваат веста на Третиот ангел: „а потоа видов како од небото слегува друг ангел кој имаше голема власт: и земјата светна од неговата слава. И извика силно, зборувајќи со сиот глас: ‘Падна, падна (блудницата) Вавилон големиот, и стана ѓаволско живеалиште и засолниште на секаков нечист дух, врталиште на сите нечисти и гладни птици; зашто со отровното вино на своето блудство ги напои сите народи. И царевите земни блудствуваа со неа, а трговците нејзини се збогатија од нејзината голема раскош!’ И чув друг глас од небото како вели: ‘Излезете од неа, луѓе Мои, за да не соучествувате во гревовите нејзини; бидејќи гревовите нејзини стигнаа до небото, и Бог си спомна за неправдите нејзини. Платете ѝ како што и таа ви плати вам и дајте двојно онолку за делата нејзини; со чашата со која ве служеше, послужете ја двојно“ (Откровение 18:1-6). {8C 118.1}

Тоа е пораката што Бог ја дал да се објави со гласниот викот на Третиот ангел. {8C 118.2}

Тие чијашто вера и ревност е сразмерна со нивното познавање на вистината, ќе ја покажат својата ревност кон Бога со тоа што вистината со целата нејзина спасоносна и

посветувачка сила ќе им ја пренесат на сите со кои доаѓаат во контакт. Нивниот живот на светост и несебична служба ќе биде во согласност со важните начела на небесното царство. {8C 118.3}

### „Си заборавил“

Голема и страшна е вистината дека мнозина што ревно ја проповедаа веста на Третиот ангел сега стануваат неактивни и рамнодушни! Граничната линија што ги дели световните луѓе од мнозина што тврдат дека се христијани стана речиси незабележлива. Мнозина што некогаш биле ревни адвентисти, се прилагодуваат на светот на неговите навики, на неговите постапки, на неговата себичност. Наместо црквата да го доведува светот во покорност на Божјиот закон, црквата сè повеќе и повеќе се соединува со светот во престапот. Црквата секој ден сè повеќе се прилагодува кон светот. Колку многу од оние што за себе тврдат дека се христијани му робуваат на мамона! Со своето попуштање на апетитот и претераното трошење на пари на себични задоволства, тие во голема мера го обесчестуваат Бога. {8C 118.4}

Мнозина, иако навидум не живеат во престап, со својот недостаток на ревност во ширењето на веста на Третиот ангел работат исто така во корист на сатаната како и тие што отворено грешат против Бога. Мнозина пропаѓаат, но колку малку се оние што чувствуваат товар за нивните души! Мнозина од Божјиот народ ги опфатила премреност и одземеност што не им допушта да сфатат што им е должност во овој момент. {8C 119.1}

Кога влегле во Ханан, Израелците не ја остариле Божјата намера бидејќи не ја зазеле целата земја. Кога освоиле еден дел, застанале на него за да уживаат во плодовите на својата победа. Во своето неверство и желба за удобност, тие се собирале на веќе освоениот дел, наместо да ја продолжат борбата за освојување на нови територии. Така почнале да се оддалечуваат од Бога. Пропуштајќи да ја остварат Неговата намера, тие оневозможиле да се исполнат Неговите ветувања и да примат благослови. {8C 119.2}

Зар денешната црква не го прави истото? Иако пред нив лежи цел свет на кој му е потребно евангелието, таканаречените христијани се натрупуваат таму каде што можат да ги уживаат предностите на евангелието. Тие не ја согледуваат потребата за освојување на нови области, за носење на веста на спасението во далечни земји. Тие одбиваат да го исполнат Христовиот налог: „Одете по целиот свет и проповедајте го евангелието на секое создание”. Зар тие се помалку виновни од еврејската црква? {8C 119.3}

### „Денес одберете кому ќе му служите“

Помеѓу оние што му се предани на Бога и оние што го презираат Неговиот закон ќе дојде до жесток судир. Стравопочитувањето кон Божјиот закон е поткопано. Верските водачи го учат народот на човечки науки и заповеди. Како што било во деновите на стариот Израел, така е и денес во светот. Но дали тие што го почитуваа Божјиот закон, денес треба да го почитуваат помалку затоа што неверувањето и престапот се распространети? Зар и тие ќе се согласат со земните сили за да го прогласат тој закон за неважечки? Струјата на злото нема да ги однесе и верните со себе. Тие нема да го

презираат тоа што Бог го прогласил за свето. Тие нема да забораваат како Израел, туку ќе се сеќаваат што правел Бог за Својот народ во сите векови и ќе одат по патот на Неговите заповеди. {8C 1120.1}

Секој ќе биде ставен на испит (тест). Постојат само две страни. На која сте вие? {8C 120.2}

**Штит на Сѐможниот**

Божјиот народ што ги држи Неговите заповеди стои под целосна заштита на Сѐможниот. {8C 120.3}

*„Оној кој живее под закрилата на Сѐвишниот,*
*ќе се одмора во сенката на Сѐдржителот,*
*Ќе му речам на Господа: 'Прибежиште мое! Тврдино моја!*
*Мој Бог, на Кого се надевам!'*
*Зашто Тој ќе те ослободи од примката*
*на ловецот, од гибелниот помор.*
*Ќе те покрие со Своите перја,*
*и ќе се засолниш под Неговите крила.*
*Неговата вистина е штит и закрила!*
*Не ќе се боиш од ноќен страв,*
*ниту од стрелата што лета дење,*
*ни од поморот, што се поткрадува во темнина,*
*ни од гибелта што опустува напладне.*
*Илјадници ќе паднат крај тебе,*
*десетици илјади десно од тебе,*
*но до тебе нема да се приближи!*
*Само ќе гледаш со очите свои,*
*и ќе ја гледаш платата на злите. {8C 120.4}*

*Зашто Ти, Господе, си мое засолниште!*
*Сѐвишниот го избра за свое живеалиште;*
*(Затоа) нема да те снајде никакво зло,*
*помор нема да се приближи до твојот шатор.*
*Зашто ќе им заповеда на Своите ангели,*
*да те чуваат на сите твои патишта.*
*Ќе те носат на раце,*
*за да не се сопнеш на камен.*
*Со ногата ќе газиш лав и лутица,*
*ќе ги газиш лавчето и змијата.*
*Ќе го избавам зашто ме љуби,*
*ќе го заштитам зашто Го познава Моето име.*
*Ќе ме повика, а Јас ќе го услишам,*
*со него ќе бидам во неволја,*
*ќе го спасам и ќе го прославам.*
*Ќе го наситам со многу денови,*

*ќе Му го покажам Моето спасение“*
*(Псалм 91).* {8C 121.1}

**Јехова царува**

*„Дојдете, да Му запееме на Јехова,*
*да Му воскликнуваме на Карпата на нашето спасение.*
*Да застанеме пред Неговото лице со благодарности,*
*да Му воскликнуваме со песни!* {8C 121.2}

*Зашто Јехова е голем Бог,*
*велик Цар над сите богови.*
*Во Неговите раце се земните длабочини,*
*Негови се планинските височини.*
*Негово е морето, Тој го создаде,*
*и копното што го направија Неговите раце.* {8C 121.3}

*Дојдете, да Му се поклониме и да паднеме,*
*да Му се поклониме на Јехова, нашиот Создател.* {8C 121.4}

*Зашто Тој е наш Бог,*
*а ние народ на Неговото пасиште, овци што Тој ги чува.*
*О, послушајте Му го гласот денес:*
*‘Не бидете со тврди срца како во Мерива,*
*како во денот на Маса во пустината,*
*кога вашите татковци Ме искушуваа,*
*Ме испитуваа, иако ги видоа Моите дела’.*
*Четириесет години ме јадосуваше тоа поколение,*
*па реков: ‘Овие луѓе се заблудуваат во срцето свое,*
*и не ги познаа Моите патишта’.*
*Затоа се заколнав во Мојот гнев,*
*дека тие нема да влезат во Мојот покој’“.* {8C 121.5}

*„Пејте Му на Јехова нова песна!*
*Пеј Му на Јехова цела земјо!*
*Пејте Му на Јехова, благословувајте Го Неговото име!*
*Проповедајте го од ден на ден,*
*Неговото спасение, објавете им ја на многубошците Неговата слава,*
*на сите народи Неговите чудесни дела.* {8C 122.1}

*Зашто Јехова е велик, предостоен за фалба,*
*пострашен е од сите богови!*
*Сите богови на народите се идоли;*
*Но Јехова ги создаде небесата!*
*Пред него се: честа и величието,*
*силата и убавината се во Неговото светилиште.* {8C 122.2}

*Оддајте Му на Јехова, племиња на народите,*
*оддајте Му на Јехова, слава и сила!*
*Оддајте Му ја на Јехова славата на Неговото име!*
*Принесете дарови и влезете во Неговите дворови,*
*поклонете Му се на Господа во убавината на светоста.*
*Трепери пред Неговото лице, цела земјо!* {8C 122.3}

*Нека се зборува меѓу многубошците:*
*'Јехова царува!' Затоа светот стои цврсто и нема да се измести,*
*Тој праведно ќе ги суди народите.* {8C 122.4}

*Веселете се, небеса, и радувај се земјо!*
*Нека шуми морето и сè што е во него!*
*Нека се радува полето и сè што е во него,*
*нека пеат радосно сите горски дрвја,* {8C 122.5}

*пред Јехова, зашто Тој доаѓа,*
*зашто Тој доаѓа да и суди на земјата.*
*Ќе му суди на светот со правда,*
*и на народите според Својата вистина" (Псалм 95,96).* {8C 122.6}

Отсек Три

# ПИСМА ДО ЛЕКАРИ

*„Зашто мене не ми е мачно*
*да ви пишувам исти нешта,*
*но за вас тоа е потребно"*
*(Филипјаните 3:1).*

## ВРЕДНОСТА НА ИСКУШЕНИЕТО

**На пат за Копенхаген, 16. јули 1886.**

*До медицинскиот управник на санаториумот во Батл Крик-*

Драги мој брате, чувствувам најнежна љубов кон тебе и би сакала да те остават на мир оние коишто те прогонуваат со прекори. Но, драги мој брате, ти мораш да имаш на ум дека тие пречки и неволји се составен дел на „сето она" што им се случува за добро на оние кои го љубат Бога. Господовото око е над тебе и Тој ги гледа оние кои неточно те претставуваат и кои би сакале да те растргнат на парчиња. Но ако бидеш храбар, ако

твојата душа се држи за Бога, ако се надеваш во својот небесен Татко како што детето се надева во своите родители, ако правиш што е право и ја љубиш милоста, Бог може и ќе работи со тебе. Неговото ветување е сигурно: „Ќе им укажам чест на оние кои Мене ми укажуваат чест“ (1. Самоилова 2:30). {8С 123.1}

Имај на ум дека не си прв кој го искусил ова. Ти знаеш за историјата на Јосиф и Даниел. Господ не ги спречил безбожниците во нивните зли намери, но направил сите нивни подмолни напори да завршат на добро на оние кои во искушенијата и борбата ја сочувале својата вера и лојалност. {8С 123.2}

Огнот на искушението не уништува, туку прочистува, облагородува и посветува. Без искушенијата ние не би можеле да сфатиме колку ни е потребен Бог и колку ни е неопходна Неговата помош и би станале горди и самодоволни. Според тие искушенија коишто те снаоѓаат гледам дека окото Господово е над тебе и дека Тој настојува да те привлече кон себе. Лекарот не им е потребен на здравите, туку на ранетите и помошникот им е потребен на оние што се наоѓаат во речиси неиздржливо тешка положба. Обрати се кон тврдината. Прими ја оваа драгоцена поука: „Дојдете кај Мене сите изморени и обременети и Јас ќе ве успокојам; Земете го Мојот јарем на себе и поучете се од Мене, бидејќи сум кроток и смирен по срце, и ќе најдете покој за душите ваши. Зошто јаремот Мој е благ и бремето Мое е лесно“ (Матеј 11:28-30). {8С 123.3}

Исус те љуби и јас се радувам кога читам за искуствата низ кои поминуваш, не затоа што си страдалник, туку затоа што тоа за мене е доказ дека Господ Исус те испитува и проверува за да види дали ќе Му пристапиш и дали ќе се надеваш во Него и најдеш мир и почивка во Неговата љубов. Се молам за тебе, за да му пристапиш на Оној којшто е Извор на жива вода. Тоа е искуство кое мора секој од нас да го добие, ако сакаме да бидеме со Христа во становите што Тој отишол да ги подготви за нас. Во Христовото училиште треба да примиш најдрагоцени поуки, поуки кои ќе те наведат да го градиш своето спасение со страв и трепет. {8С 124.1}

Кога напредуваш и кога сите за тебе говорат добро, тогаш ти се заканува опасност. Биди внимателен, затоа што ќе бидеш искушуван. Јас најмногу се плашев дека заради големиот успех и напредување нема да научиш дека Бог е твојата единствена сигурност. Ти си поставен на положба од голема важност и чест и затоа ти се закануваше опасност да добиеш вртоглавица и заборавиш дека зависиш од Бога. Местото на коешто се наоѓаш ти овозможува да вршиш мошне благотворно далекусежно влијание, ако ја имаш пред очите единствено Божјата слава. Твојот небесен Татко те љуби и сака да те привлече кај Себе преку искушенијата кои тебе ти изгледаат строги. {8С 124.2}

Моја најсрдечна желба е да влезеш во Божјиот град, не како виновник на којшто му е одвај простено, туку како победник. Брате мој, ќе сакаш ли да мислиш на тоа? Ако бидеш вистинит, понизен и верен во овој живот, пристапот ќе ти биде широко отворен. Тогаш ќе имаш право на дрвото на животот, зашто ќе бидеш победник над гревот. Градот чиишто ѕидар и творец е Бог ќе биде твој град. Твојата мечта нека го опфати тоа што е невидливо. Твоите мисли нека се позанимаваат со доказите за Божјата голема љубов кон тебе. Мислејќи за целта за која се бориш, помалку ќе чувствуваш болка причинета со незначителните неволји кои се само за кратко време. {8С 125.1}

Копенхаген, 17 јули, 1886.

**Искуството на Павле**

Павле бил човек кој знаел што значи тоа да се биде соучесник во Христовите страдања. Не е потребно да ви ја повторувам историјата на неговите искушенија. Иако страдал од многу немоќи, неговиот живот бил исполнет со постојана работа. Евреите постојано го прогонувале со својата омраза и злоба. Тие биле страшно огорчени на него и се труделе со сите сили да го попречат во неговата работа. Сепак, ние го слушаме неговиот глас којшто допира до нашето време: „Зашто нашите сегашни незначителни страдања ни донесуваат вечна и од сè попретежна слава, зашто ние не целиме кон видливото, туку кон невидливото, бидејќи видливото е времено, а невидливото - вечно". „Зашто сметам дека страдањата на сегашното време не се ништо спрема славата која ќе се открие во нас" (2. Коринтјаните 4:17,18; Римјаните 8:18). Павле мошне високо ги цени предностите и благодетите на христијанскиот живот. Зборувам за тоа без воздржување, затоа што знам дека е вистина тоа што тој го кажува. {8C 125.2}

## Почивање во Божјата љубов

Павле понатаму кажува: „Сите оние што се управуваат по Духот Божји се синови Божји: зашто вие не примивте дух на ропство, за да бидете во страв, туку Го примивте Духот на посинувањето, преку Кого велиме: 'Ава, Оче!'" (Римјаните 8:14,15). Христовата љубов кон нас е многу поголема од љубовта на земните родители - тоа е една од поуките кои мораме да ги научиме во Неговата школа. Мораме да имаме непоколеблива вера и совршена доверба во Него. „Самиот Дух му сведочи на нашиот дух дека ние сме чеда Божји. А ако сме, пак, чеда, ние сме и наследници: наследници на Бога и сонаследници Христови - ако страдаме со Него, со Него и да се прославиме" (Римјаните 8:16,17). {8C 126.1}

Нека Господ ти помогне како трудољубив ученик во Христовата школа да научиш како својот товар да го ставиш на Исуса. И ако бидеш слободен во Неговата љубов, ќе го одвратиш погледот од тие мачни искушенија. Мисли на она што Исус го поднел заради тебе и немој никогаш да заборавиш дека завештанието што сме го примиле како христијани ни донесува и тоа да бидеме соучесници со Христа во Неговото страдање, за да учествуваме со Него и во Неговата слава. {8C 126.2}

## Опасноста од вообразеност

Проучете го Навухудоносоровиот сон прикажан во четвртото поглавје од книгата на пророкот Даниел. Царот видел едно високо дрво засадено во земја. Во него наоѓале прибежиште sверовите и животните од планините и бреговите и птиците правеле гнезда на неговите гранки. Со тоа била прикажана големината и просперитетот на Навухудоносор. Под неговата врховна власт биле собрани многу народи. Неговото царство било цврсто основано во срцата на неговите предани поданици. {8C 126.3}

Увидувајќи ја својата слава и напредок, царот се вознел. И покрај опомените кои Бог му ги давал, тој го направил токму она што Господ му рекол да не го прави. Погледнувајќи со гордост на своето царство, тој извикнал: „Не е ли тоа големиот Вавилон што јас го изградив за да ми биде царска престолнина - со силата на мојата моќ, за слава на моето величество?" (Даниел 4:30). Во моментот кога ги изговорил овие

зборови, му била изречена пресудата. Нему му бил одземен разумот. Тој ја изгубил својата моќ за расудување за која мислел дека е совршена, како и мудроста која се воздигнувала самата себе. Веќе ја немал скапоценоста на разумот кој го воздигнува човекот над животните. {8C 126.4}

Раката на гордиот и силниот монарх веќе не можела да го држи скиптарот. Моќниот владетел станал безумник. Живеел со стоката и го јадел тоа што таа го јаде. Станал другар на полските sверови. Челото кое некогаш носело круна станало изобличено од отсуството на разумот. И дојде заповед: „Пресечето го дрвото, искастрете му ги гранките, скинете му ги лисјата, расфлете ги плодовите“ (Даниел 4:14). {8C 127.1}

Така Господ се воздига Себеси како вистински и жив Бог. Така Давид можел да воскликне: „Го видов злиот колку е насилен и како се шири како разгранчен кедар. Но помина и ете - го нема веќе; го побарав но не можев да го најдов“ (Псалм 37:35,36). Ако луѓето се возгордеат, Господ нема да ги поддржува и да ги чува од паѓање. Ако некоја црква стане горда и фалбаџиска и независна од Бога, не воздигнувајќи ја Неговата сила, таквата црква сигурно ќе биде оставена од Господа и ќе пропадне. Ако луѓето го слават богатството, умот, знаењето или било што друго освен Христа, наскоро ќе бидат донесени до збрка. {8C 127.2}

## Носител на нашето бреме

Драги брате, имај на ум дека оваа земја не е небо. Христос рекол: „Во светот ќе имате маки; но не плашете се, зашто јас го победив светот”. „Блажени се гонетите заради правда, бидејќи нивно е царството небесно! Блажени сте вие, кога ќе ве срамат и прогонуваат и кога лажно ќе говорат против вас секакви лоши зборови заради Мене! Радувајте се и веселете се, зашто голема е вашата награда на небесата! Така ги гонеа и пророците што беа пред вас“ (Јован 16:33; Матеј 5:10-12). {8C 127.3}

Исус не те оставил неизвестен за да те изненадат искушенијата и тешкотиите на кои наидуваш. Тој ти рекол сè за нив, и исто така ти рекол да не се обесхрабруваш и да не паднеш кога ќе наидат искушенија. Својот поглед насочувај го кон Исуса, твојот Откупител и радувај се и весели се. Најтешко се поднесуваат оние маки кои ни ги задаваат нашите браќа, нашите блиски пријатели; но дури и тие маки треба да се поднесуваат трпеливо. Исус повеќе не лежи во новиот Јосифов гроб. Тој станал и се вознел на небото за таму да се залага за нас. Ние имаме Спасител кој толку нè љубел, што умрел за нас, за преку Него да добиеме надеж, сила и храброст и место крај Него на Неговиот престол. Тој може и сака да ти пристапи на помош, кога и да Го повикаш. {8C 128.1}

Ако се обидеш сам да ги носиш своите товари - тие ќе те здробат. Ти имаш тешки одговорности. На Исуса тоа му е познато и Тој нема да те остави сам, ако ти не го оставиш Него. Тој се прославува ако му се довериш, држејќи се со сета душа за Него како за свој верен Творец. Тој те повикува да се надеваш во Неговата милост, и ти треба да веруваш дека Тој не сака да ги носиш тие тешки товари со својата сопствена сила. Само веруваj, и ќе го видиш Божјото спасение. {8C 128.2}

Сметаш ли дека не си способен за одговорноста на положбата на која се наоѓаш? Заблагодари му се на Бога за тоа. Колку повеќе ја чувствуваш својата слабост - повеќе ќе бидеш наклонет да бараш помошник. „Приближете се кон Бога и Тој ќе се приближи кон вас“ (Јаков 4:8). Исус сака да бидеш среќен, да бидеш радосен. Тој сака да направиш

најдобро што можеш со способностите што Бог ти ги дал, а потоа да се потпреш на Господа да ти помогне и да подигнеш нови работници кои ќе бидат твои помагачи во носењето на товарот. {8C 128.3}

Нека не те навредуваат лошите зборови на луѓето. Зар луѓето не зборувале лошо за Исуса? Ти грешиш и можеби понекогаш даваш повод за нељубезни забелешки, но Исус никогаш не грешел. Тој бил чист, беспрекорен, неизвалкан. Немој во овој живот да очекуваш подобра судбина од судбината на Кнезот на славата. Кога твоите непријатели ќе увидат дека можат да те навредат, тие ќе се радуваат, а и сатаната ќе се радува. Гледај на Исуса и работи, насочувајќи го погледот на Неговата слава. Одржи го своето срце во Божјата љубов. {8C 129.1}

## Не гледај на луѓе

Може да се случи дури и членовите на црквата на која припаѓаш да кажат и направат нешто што ќе те разжалости. Но ти оди напред, спокоен и мирен, потпирајќи се секогаш на Исуса, имајќи на ум дека не си свој, дека си Христова сопственост, дека си купен со крвта на љубениот Божји Син и дека си зафатен во Неговото дело, трудејќи се да бидеш на благослов на човештвото. Тоа е големо дело. Немој да дозволиш расипаноста на луѓето да те одврати од твојата цврста доверба и истрајна вера во Божјите ветувања. {8C 129.2}

Тебе те навредува кога некој за кого многу си направил ќе стане твој непријател, кога ќе падне под влијанието што е против тебе. Меѓутоа, зар ти не постапуваш речиси исто така кон Исуса кога се одрекуваш од Него? Тој бил твој најголем пријател. Тој направил сè што може за да ја здобие твојата љубов. Тој ја бара твојата доверба. Те повикал да дојдеш кај Него со сите свои товари и тешкотии и ти дал сигурно ветување дека ќе ти даде одмор и мир ако го земеш на себе Неговиот јарем и Неговото бреме. Тој кажува дека Неговиот јарем е благ и Неговото бреме лесно. Покажи дека веруваш во тоа. Држи го Господа за збор. Ти никогаш не би се нашол таму каде што стоиш денес, ниту би можел да ја вршиш должноста што си ја вршел, кога Исус не би ти дал посебна помош. Тоа треба да го признаеш. Фали го Бога за помошта што ти ја дал и имај постојана доверба во Него. {8C 129.3}

Повикај го Христа во твојот живот. Не чувствувај се одговорен за лошите постапки на другите, дури и ако тие се во црквата. Во црквата има неверни кои кон Исуса се однесуваат многу полошо отколку кон тебе. Кога Исус би бил на земјата, тие би Го навредувале, исмевале и клеветеле. „Тешко му на светот од соблазни, зашто соблазните треба да дојдат; но тешко му на оној човек, преку кого доаѓа соблазната. За него е подобро да му се обеси воденички камен на вратот и да потоне во морска длабочина“ (Матеј 18:7,6). {8C 129.4}

Ти носиш тешко бреме. Би сакала тоа сите да го увидуваат така како што јас го увидувам. Сакам сите твои браќа да бидат искрени и верни кон тебе, не попречувајќи те, не да те издигаат или слават, туку да те сметаат како човек кого Бог го употребува како свое орудие за извршување на одредена работа, имајќи на ум дека тие не треба да подметнуваат камења под колцето туку со своите рамена, да помагаат - наместо да попречуваат. {8C 130.1}

**Вечна и од сè попретежна слава**

Повторно велам: радувај се во Господа. Почивај во Него. Потребна ти е Неговата сила и таа сила можеш да ја имаш. Чекори напред цврсто, смело, храбро. Можеш да погрешиш во своето расудување, но секогаш потпирај се на Исуса. Тој е мудрост, Тој е светлина, Тој е сила. Тој за тебе е голема Карпа во пуста земја. Одморај се во Неговата сенка. Потребна ти е мудрост и Христос ќе ти ја даде. Не биди неверник. Колку повеќе луѓето те потиснуваат, те сфаќаат погрешно, и те прикажуваат лажно - имаш повеќе докажи дека го вршиш делото на Учителот и мораш поцврсто да се држиш за својот Спасител. Во сите свои тешкотии биди сталожен и смирен, трпелив, не враќајќи зло за зло, туку добро за зло. Подигни го погледот кон врвот на скалите. Над нив е Бог. Негова слава ја осветлува секоја душа која се искачува кон небото. Тие скалила го претставуваат Исус. Качувај се со Негова помош, држи се цврсто за Него, и наскоро од тие скалила ќе преминеш во вечното царство. {8C 130.2}

Посакувам да стигнеш на небото. Не знам никој кој небото би го ценел повеќе од тебе, кој толку неуморно се трудел да ги олесни страдањата на човештвото, кој толку се лишувал од сон и храна, кој толку малку уживал во животот. Понекогаш изгледаше дека твојата животна патека не ја осветлува сонцето, туку дека таа се наоѓа во долга непрестана сенка. Неволјите и страдањата кои ги гледаш, зависните смртници кои очекуваат и копнеат за помош, твојот контакт со изопачените, расипани човечки суштества - тоа искуство е такво што ја поткопува твојата доверба во човештвото. {8C 130.3}

Навистина, мораш да гледаш во Исуса, издигајќи го погледот кон славата која се наоѓа на врвот од скалилата. Само преку Христа можеш себеси да си го осигуриш небото, каде што сè е чисто, свето, мирно и благословено, каде што е славата која усните на смртниците не можат да ја опишат. Наградата што го очекува победникот можеме најдобро да ја опишеме како вечна и од сè попретежна слава. Тоа ќе биде вечно блаженство, благословена вечност, во која низ бескрајните векови секогаш ќе се открива нова слава. {8C 131.1}

Ти мораш да бидеш таму. Што и да изгубиш овде, одлучи себеси да си го осигуриш вечниот живот. Никогаш немој да губиш храброст. Многу пати видов дека вечните раце се наоѓаат насекаде околу тебе, иако можеби не си го сфатил или вреднувал големото снижување кое небото го направило со тоа што Исус станал човек. Живеј за Исуса. Својата работа како лекар во санаториумот ќе можеш да ја вршиш подобро само ако Христос биде твојот главен лекар. Копнеј срдечно за венецот на животот. Служењето на Бога направи го своја задача. Тоа ќе ти се исплати не само во овој живот, туку и во животот што доаѓа. Јас негувам длабоко чувство кон тебе и кон твојата сопруга и ве сакам во Господа како моите синови и нивните сопруги. Сакам ти и твојата сопруга да се наоѓате меѓу откупените, да соучествувате во Христовото крунисување. Сакам од борбата да излезеш како победник преку Оној што го дал Својот живот за тебе. Драги брате, од таа причина ти зборував отворено. Срдечно сакам да го стекнеш вечното блаженство. Твојата должност беше мошне напорна. Се плашев дека ќе ја изгубиш својата вера и храброст. Ти мораш да растеш во благодатта и во познавањето на вистината. Мораш да им се приближиш на своите браќа. Што и да дојде, немој да ја губиш верата во нив ниту во Христа. И држи се цврсто за вистината. {8C 131.2}

**Извадок од писмо испратено од Аделаида,**
**Јужна Австралија, 17. декември, 1892.**

Брате мој, можеби ќе наидеш на искушенија, но сочувај го својот интегритет. Никогаш немој да покажеш нешто друго освен благороден дух. Вселената со големо внимание ја набљудува борбата. Сатаната будно внимава да те начека кога не стражариш, сакајќи да види како постапуваш непромислено, за да задобие предимство над тебе. Бори се машки во Господовата битка. Постапувај како што Христос би постапувал кога би бил на твое место.

## ПРЕТЕРАНО КОНЦЕНТРИРАЊЕ ВО БАТЛ КРИК

Јужен Ланкастер, Масачусетс, 18. октомври, 1890.

*До управителите на санаториумот во Батл Крик –*

Драги браќа, за време на престојот во Петоскиј разговарав со вашиот главен лекар за отворање на еден дом за сираци во Батл Крик. Реков дека нам како народ токму тоа ни е потребно и дека во тој поглед далеку заостануваме зад другите вероисповеди. {8C 133.1}

При овој разговор нагласив дека се плашам дека ние нашите напори и нашите средства премногу ги концентрираме во Батл Крик. И денес го имам истото мислење. Опасно е сè да се концентрира на едно место. Притоа во едно место се трошат големи суми, додека во запоставените градови работата станува сè потешка. {8C 133.2}

Прегледав некои од моите списи и видов дека уште пред многу години беа дадени опомени во тој поглед. Јасно беше речено да не се прошируваат зградите во Батл Крик, дека не треба да се гради зграда по зграда за да се зголемат можностите. Ни беше дадена поука да не ја ограничуваме својата работа само на едно место, туку да го проширime делокругот на нашата работа. Постоеше опасност Батл Крик да стане тоа што некогаш беше Ерусалим моќен центар. Ако не внимаваме на овие опомени, ќе нè снајдат злата што го уништиле Ерусалим. Гордоста, самовоздигнувањето, запоставувањето на сиромашните и пристрасноста кон богатите тоа биле гревовите на Ерусалим. И денес, кога сè се концентрира во едно место, работниците доаѓаат во искушение да станат себични и горди. Ако му попуштат на тоа искушение, нема повеќе да бидат Божји соработници. Наместо да настојуваме што повеќе луѓе да доведеме во Батл Крик, треба храбро и доброволно да се распределат одговорностите што постојат овде и да се формираат институции и на други места. {8C 133.3}

Ние сме „глетка на светот - на ангелите и на луѓето“ (1. Коринтјаните 4:9). Ние ја имаме истата мисија за која Христос на почетокот на Својата служба рекол дека е Негова. „Духот Господов е врз Мене“, рекол Тој, „зашто Господ Ме помаза да им соопштам радосна вест на сиромашните. Ме прати да ги исцелам оние со скрушено срце, да им проповедам на заробените ослободување и на слепите прогледување, да ги пуштам на слобода напатените; да ја проповедам благопријатната година Господова“ (Лука 4:18, 19). {8C 134.1}

Треба да го продолжиме делото што Господ ни го ставил во рацете. Тој вели: „ако му дадеш леб на гладниот, ако го наситиш угнетуваниот, твојата светлина ќе засвети во темнината, и твојата темнина ќе стане како пладне. Господ ќе те води непрекратно, ќе те сити во сушни краишта. Тој ќе ги закрепнува твоите коски, и ќе бидеш како напоена градина, како кладенец чија вода никогаш не пресушува". „Бидејќи бедните никогаш не ќе ги снема од земјата, ти заповедам: отвори ја ширум раката за својот брат, за својот беден и за оној што има потреба во твојата земја". „Сè она што сакате да ви прават луѓето, правете им го и вие" (Исаија 58:10,11; Второзаконие 15:11; Матеј 7:12). {8C 134.2}

Ние ќе бидеме искушувани да станеме алчни, скржави, незаситно да посакуваме сè повеќе и повеќе. Ако им попуштиме на овие искушенија, ќе се изложиме на истите опасности што наишле на стариот Ерусалим. Нема да успееме да го запознаеме Бога и да Го прикажеме со својот карактер. Мораме будно да внимаваме над себе, за да не пропаднеме заради неверие како Евреите некогаш. Треба да се работи несебично, и да се покаже длабок интерес за формирање и развој на други институции, а не само за тие што се под наш надзор. Искрено би сакала санаториумот да е оддалечен неколку километри од Батл Крик. Според светлината што Бог ми ја даде знам дека тогаш тој би бил подуховен и покорисен. Колеџот близу до Линколн во Небраска, ќе преземе голем дел од учениците во Батл Крик, и така треба и да биде. Светлината треба да свети од разни градови и места. {8C 134.3}

Погрешно е да се концентрира толку многу во едно место; тоа оддава себичност. Батл Крик прима повеќе предности отколку што му припаѓаат. Кога би се поделиле значајните институции што се наоѓаат во него, би зајакнале и другите цркви. Во Господовото лозје мора да работиме несебично, распределувајќи ги парите, времето, воспитните и проповедничките институции на тој начин што нив ќе ги користат поголем број на луѓе. Треба да се заузда славољубието што ги тера луѓето сè да концентрираат во Батл Крик, за и другите места да ги примат благодетите на институциите кои некои планираа да ги сместат овде. Ако сè се концентрира на едно место, со тоа народот се воспитува на погрешен начин. {8C 135.1}

Не е мудро да се прават големи планови само за Батл Крик. Светот е наше поле на работа и парите што се трошат само на ова едно место треба да се пратат во други далечни полиња за и во нив да може да се работи со успех. Постојат многу градови во кои на народот му е потребна веста на евангелието. Наместо толку многу талентирани работници да се концентрираат во Батл Крик, треба луѓето со посветени способности да се распоредуваат на влијателни должности во многу места. Тие луѓе треба да ги проучуваат начините и средствата со кои ќе може да се унапреди делото во тие места. Притоа тие не смеат да се водат со личното просудување, туку заеднички хармонично да учествуваат во големото дело. Од година во година, како што делото напредува во местата во кои работат, тие треба да оспособуваат и обучуваат работници и да ги праќаат да го помагаат делото во други места. {8C 135.2}

## Несебичност во службата

На ширењето на институциите во Батл Крик треба да се постави граница. Полето е целиот свет и Бог им придава важност и на другите делови од Своето лозје. Има цркви и институции кои се напрегаат со сите свои сили за себе да си осигурат простории за да можат да живеат. Нашите напредни институции мора да увидат и да им помогнат на

оние што речиси изумираат. О, кога толку големата црква во Батл Крик би можела да одвои средства за помош на сиромашните цркви кои се речиси скршени под товарот на долгови! Зошто дозволувате овие сестрински цркви од година во година да се борат со сиромаштија и долгови? Себичноста донесува духовна смрт. Колку големо и добро дело би направиле нашите посилни цркви кога на оние послабите, како на своите сестри, би им помогнале и тие да се развиваат и да напредуваат. {8C 135.3}

Помагање на оние на кои им е потребна помош Како Божји орудија, ние мора да имаме срце полно со милосрдие кое ќе нè тера да им помагаме на посиромашните од себе. Кога ќе видиме дека нашите браќа и сестри се борат со сиромаштија и долгови, кога ќе видиме дека на некои цркви им е потребна парична помош, мораме да покажеме несебично заложување за нив и да им помогнеме соодветно онолку колку што Бог не благословил нас. Ако вие што управувате со институциите гледате дека другите институции храбро се борат за да обезбедат простор и да можат да работат успешно како и вие, немојте да им завидувате. {8C 136.1}

Немојте да копнеете да го оневозможите животот на некоја работна сила и немојте да се воздигнувате, свесни за својата надмоќност. Подобро е да намалите некои од своите големи планови и да им помогнете на тие што водат тешка борба. Помогнете им да реализираат некои од своите планови и да ги зголемат своите зданија. Немојте секој свој денар да го потрошите на проширување само на своите зданија и одговорности. Одвојте еден дел од своите средства за градење на здравствени институции и училишта во други места. Ќе ви биде потребна голема мудрост за да процените каде да ги изградите овие институции така што да бидат од најголема полза за народот. За сите овие прашања треба да размислувате непристрасно. {8C 136.2}

На оние што се наоѓаат на одговорни позиции потребна им е голема мудрост одозгора за да постапуваат праведно, за да ја љубат милоста и истата да ја покажат, не само кон неколкумина, туку кон сите со кои доаѓаат во контакт. Христос Своите интереси ги изедначува со интересите на Својот народ, колку и да е сиромашен и беден. Мора да се основаат мисии за обоениот народ и сите мора да се трудат да направат нешто, и тоа да го направат без одложување. {8C 137.1}

Потребно е да се формираат институции во разни места, за луѓето да прифатат работа според своите најдобри способности и во Божји страв. Некој не смее да ја изгуби од вид својата задача и својата мисија. Сите мора да имаат за цел успешно да ја извршат должноста што им е доверена. Сите што се во нашите институции мораат да го имаат ова на ум и да се залагаат за успех; но истовремено не смеат да забораваат дека нивниот успех ќе се зголеми сразмерно со нивната несебична дарежливост и мораат своето изобилие да го делат со институциите кои се борат за опстанок. Нашите напреднати институции мораат да им помогнат на оние институции кои, според Божјата намера, исто така треба да опстојуваат и да напредуваат, но кои сè уште се борат за свој опстанок. Господ кажува: „Секој, кој љуби, е роден од Бога и Го познава Бога; кој не љуби, тој не Го познал Бога, зашто Бог е љубов". „Ако се љубиме еден со друг, Бог пребива во нас и љубовта Негова е совршена во нас" (1. Јованово 4:7,8,12). На Бога не му е угодно кога гледа дека човекот гледа само на своите и ги затвара очите пред потребите на другите. {8C 137.2}

### Што една институција може да направи за друга

По Божјо провидение санаториумот во Батл Крик мошне напредуваше и годинава што доаѓа оние што ќе се грижат за него треба да ги ограничат своите потреби. Наместо да направат сè што имаат намера за проширување на своите зданија, тие треба да прават несебично дело за Бога со тоа што ќе им ја испружат својата рака на милосрдие на институциите во други места. Колку добрина, со неколку илјади долари, би можеле да направат за Природно Здравствениот Дом во Св. Елена! Таквиот прилог би ги охрабрил луѓето што се грижат за домот и би ги поттикнал и понатаму да напредуваат. {8C 137.3}

Санаториумот во Батл Крик во почетокот од своето постоење добиваше прилози и зар не би било исправно вработените и управата на тој санаториум да размислат што сè можеле да направат за братската институција на Пацифичкиот брег? Браќа мои во Батл Крик, зар не ви се чини дека е во согласност со Божјата волја да ги ограничите своите потреби, да ја сопрете понатамошната изградба на згради, и да не ги проширувате повеќе нашите институции во тој центар? Зошто не чувствувате дека ви е должност и предност да им помагате на оние на кои им е потребна помош? {8C 138.1}

## Потреба за реформација

Ми беше покажано дека во овој поглед е потребна реформација, за меѓу нас да преовладува поголема дарежливост. Секогаш постои опасност себичните желби да ги совладаат дури и адвентистите на седмиот ден, да настојуваат сите средства и сили да ги вложат во институциите со кои тие управуваат. Постои опасност луѓето да дозволат во нивното срце да се пробуди завист и да станат љубоморни на институциите кои се значајни исто колку и институциите со кои тие управуваат. Тие што ја негуваат благодатта на чистото христијанство не можат рамнодушно да гледаат ниеден дел од Господовото лозје. Тие што се обратени вистински еднакво се грижат за сите делови на лозјето и подготвени се да помогнат каде што е потребна помош. {8C 138.2}

Себичноста ги спречува луѓето да помогнат во местата во кои Божјото дело нема толкав успех како во институциите со кои тие управуваат. Тие што се на одговорни позиции мораат да копнеат за успех на сите гранки на Божјото дело и да ги поттикнуваат и поддржуваат интересите на делото во другите полиња, исто како во своето сопствено поле. На тој начин ќе се зацврстат врските на братство помеѓу членовите на Божјото семејство на земјата и ќе се затвори вратата на ситничарската завист и непријатни чувства кои сигурно ќе се појават како последица на успехот и напредокот доколку Божјата благодат не владее со срцето. {8C 138.3}

Павле пишува: „Ова, пак, ви го велам: кој скржаво сее, скржаво и ќе жнее; а кој богато сее, богато и ќе жнее. Секој да дава како што одлучил во срцето, а не со жал и принуда; зашто Бог го љуби оној што од срце дава. А Бог може изобилно да ве дарува со секој дар, секогаш да имате доволно за сè, да бидете од сè срце дарежливи во секое добро дело“; „Па во сè да се збогатите за секаква дарежливост, која преку вас предизвикува благодарност кон Бога. Бидејќи извршувањето на таа служба не само што ги надополнува потребите на светиите, туку и во мнозина предизвикува обилна благодарност кон Бога; и тие, користејќи ги плодовите од таа служба, Го прославуваат Бог за вашето покорно исповедање на евангелието Христово и за штедроста на заедницата со нив и со сите други. А тие со молитви за вас копнеат по вас поради

преизобилната благодат Божја во вас. Да Му благодариме на Бога за Неговиот неискажлив дар!“ (2. Коринтјаните 9:6-8,11-15). {8C 139.1}

## Живото начело на братството

Луѓето го исполнуваат Божјиот закон само тогаш кога го љубат Бога со сето свое срце, ум, душа и сила, а ближниот како самите себеси. Искажувањето на таа љубов го прославува Бога на висините, а на земјата донесува мир и добра волја меѓу луѓето. Господ се прославува кога се исполнува големата и крајна цел на Неговиот закон. Со векови делото на Светиот Дух е да влева љубов во човечките срца, бидејќи љубовта е живо начело на братството. {8C 139.2}

Себичноста не смее да се крие во ниту едно катче или крајче од душата. Бог сака да се исполни небесниот план и небесен ред и хармонија да владее во секое семејство, во секоја институција. Кога општеството би го проникнувала таква љубов, ние би го виделе делувањето на благородните начела во христијанската финост и учтивост и во христијанското милосрдие кон оние што се откупени со Христовата крв. Во сите наши семејства, институции, и во сите цркви би дошло до духовно преобразување. Кога ќе се изврши тоа преобразување, тогаш тие институции ќе станат орудие со чија помош Бог ќе ја излева небесната светлина на светот и на тој начин, преку божествена дисциплина и обука, ќе ги подготви мажите и жените за небесното друштво. {8C 139.3}

Христос отишол да подготви станови за сите што преку Неговата љубов и благодат се подготвуваат за местото на блаженство. Во Божјото семејство нема да се најде никој што е себичен. Мирот и хармонијата на небесните дворови нема да ги нарушува присуството на тие што се сурови или нељубезни. Тој што на овој свет се воздигнува себеси во делото што му е доверено никогаш нема да се најде во Божјото царство ако не се промени во духот, ако не стане кроток и понизен, искажувајќи едноставност како кај дете. {8C 140.1}

## Единствен сигурен пат

Тие што се наоѓаат на одговорни позиции во нашите институции мораат секојдневно да го бараат Господовиот пат. Тие не смеат да се чувствуваат способни да го бираат сопствениот пат, бидејќи, ако прават така, ќе одат во светлината на својот оган и во искрите што сами ги распалиле. Само Бог може да биде нивен водач. Тие што копнеат за поширок делокруг, што сакаат да имаат поголема слобода од таа што ја одредил Бог, кои нема да го направат Бога советник, своја мудрост, своја посветеност и своја праведност, никогаш нема да го примат венецот на животот. На душата секој ден е потребна вера во Христа. Тие што обилно пијат од Неговиот Дух нема да бидат славољубиви. Тие согледуваат дека не можат да отидат надвор од границите на Божјото владетелство, бидејќи Бог владее насекаде и на секое место. {8C 140.2}

Тој што е потполно задоволен со тоа што примил налог одозгора ќе биде бодрен од Божјите ветувања, и ќе се труди да чини правда и суд. Да се има непоколеблива доверба во Бога, да се врши Неговата волја тоа значи да се оди по сигурен пат. Божјиот совет ја поедноставува сложеноста на деловните потфати и домашните должности. Христовите следбеници, кои во работата ја имаат само Божјата слава, ќе добијат небесна мудрост.

Меѓутоа, мачен е фактот дека во нашите собранија и институции постои голем недостаток од христијанство. Господ нека им помогне на оние кои се наоѓаат на одговорни положби да се обединат во работата и да станат работници заедно со Бога. {8C 141.1}

Христос им рекол на Своите ученици: „Вие сте светлината на светот“ (Матеј 5:14). Според тоа, од најголемо значење е секоја душа да ја одржува својата светлината запалена и приготвена за да ги осветлува сите оние со кои доаѓа во допир. Бог на Својот народ му ја доверил на чување светата вистина. Ним им се доверени таленти за мудро да ги умножат, затоа што Бог одредил талентите да се умножуваат со постојана употреба. {8C 141.2}

## Опасност од проширување на институциите

Драги браќа, проширувањето на вашите зданија и зголемувањето на бројот на работниците не е во сообразност со намерата на Господа. Големите згради бараат голем број на оние кои ќе управуваат и водат грижа за нив, а тоа треба да бидат образовани и талентирани луѓе со длабоко верско искуство, луѓе кои ќе ја водат институцијата по Божјите патишта и кои ќе управуваат со неа вешто и умешно, за да дојде до општо подигање на духовното искуство и за Божјиот страв да ги опфати сите во санаториумот; за пациентите кои не припаѓаат на Божјиот народ да не влијаат на санаториумот и да го оддалечат од целите што Бог му ги наменил да биде прибежиште на сиромашните и скромните. Оние кои цврсто се држат до вистината не смеат да бидат отфрлени заради оние кои го љубат светот. Цените не смеат да бидат толку високи за да на сиромашните во голема мера им се оневозможи да ги користат благодетите што ги дава санаториумот. {8C 141.3}

Со сегашните таленти и зданија, на главниот лекар му е невозможно да направи сè што е потребно во разните делови и гранки, макар колку тој и да сака тоа да го направи. Невозможно е тој лично да ја надгледува работата на сите одделенија. {8C 142.1}

Ова прашање повторно и повторно му беше отворено. Додека од една страна институцијата постојано се развива, зградите се прошируваат и одговорностите се зголемуваат; од друга страна, не дошло до соодветен раст на талентите и способностите коишто се потребни за управување со една толку голема институција. Ќе сакаат ли нашиот главен лекар и членовите на управниот одбор да размислуваат за ова? Драги брате, не си бесмртен. Му се заблагодарувам на Господа што си толку мудар во поглед на своето здравје. Но нема да можеш секогаш да постапуваш така како денес. Можеш да го изгубиш здравјето. Твојот живот е неизвесен и ми беше покажано дека санаториумот треба да се снабди со трократно поголема работна сила отколку што тоа сега е случај. Па дури и во тој случај работниците ќе имаат многу работа ако својата работа ја работат како што треба. {8C 142.2}

## Прашање за платите

Институцијата денес се наоѓа во поповолна состојба и не треба од работниците постојано да се бара да работат за ниски плати, затоа што во поранешните години тоа беше неопходно. Вредните, делотворни работници треба да добиваат соодветна плата

за својот труд, а тоа како тие ќе ги употребат примените пари треба да се препушти на нивното расудување. Тие во никој случај не смеат да се преоптоварат со работа. И самиот главен лекар треба да има поголема плата. {8C 142.3}

Би сакала да му кажам на главниот лекар: Иако прашањето за платите не спаѓа во твојот делокруг, мораш тоа сепак внимателно да го испиташ, зашто како шеф на институцијата одговараш и за тоа. Не барај од персоналот толку жртвување. Зауздај ги своите амбиции за да ја прошириш институцијата и да примиш што поголема одговорност на себе. Нешто од оние пари што притекнуваат во санаториумот нека им се дадат и на оние институции на кои им треба помош. Тоа секако е исправно. Тоа е во согласност со Божјата волја и тоа на санаториумот ќе му донесе Божји благослов. {8C 142.4}

Посебно би сакала да му кажам на управниот одбор: „Имајте на ум дека работниците треба да се наградат според нивната верност. Бог бара да бидеме строго исправни едни спрема други. Некои од вас се преоптоварани со грижи и должности и укажано ми е на тоа дека на некои им се заканува опасност да станат себични и неправедни кон оние кои работат под нивна контрола!“ {8C 143.1}

Секоја деловна одлука треба да биде таква што Бог може да ја одобри, било тоа да е во прашање работник на одговорна положба или најнизок работник во санаториумот. Одете во светлина додека имате светлина за да не паднете во мрак. Многу би било подобро кога помалку би се трошело на градба, за на работниците да им се дадат плати кои одговараат на вредноста на нивната работа. Кон нив треба да се покажува милост и правда. {8C 143.2}

Според светлината што Бог милостиво ми ја дал, знам дека Тој не е задоволен со многу работи што се случија во врска со работниците. Тој не ми ги откри сите детали, но дојдоа предупредувања дека во многу работи треба да се изврши реформа. Ми беше укажано на неопходноста татковците и мајките во Израел да се обединат со институцијата. Треба да се вработат верни мажи и жени кои ќе можат да се грижат за духовните интереси на персоналот, бидејќи не се наоѓаат под постојан притисок на грижите и одговорностите. Неопходно е таквите мажи и жени постојано да работат на мисионскиот дел во оваа голема институција. Не е направено ниту половина од она што во овој поглед би требало да се направи. Должноста на овие мажи и жени би била да работат за персоналот во духовен поглед, учејќи ги како да придобиваат души и укажувајќи им на тоа дека тоа може да се постигне не со многу зборови, туку со доследен, Христолик живот. Работниците се изложени на световни влијанија, но наместо да подлегнат на овие влијанија, тие треба да бидат посветени мисионери, потчинети на влијанието кое издигнува и облагородува. Така ќе се научат како да постапуваат со неверниците и како да вршат влијание кое ќе ги придобие за Христа. {8C 143.3}

**Извадок од писмото пишувано од Куренбонг,**
**Н. С. В., 28. август 1895.**

Бог дал една задача на секој верник кој работи во санаториумот. Секоја медицинска сестра треба да преставува канал на благослов, примајќи светлина одозгора и пренесувајќи ја на другите. Работниците не треба да се прилагодуваат на раскошот и модата на оние кои доаѓаат во санаториумот на лечење, туку мораат да се посветат на

Бога. Атмосферата што ги опкружува нивните души треба да биде мирисен живот за живот. На нив од сите страни ќе доаѓаат искушенија, но тие мораат да се молат на Бога за Неговото присуство и водство. Господ му рекол на Мојсеја: „Јас ќе бидам со тебе“, и на секој верен и посветен работник му е дадено истото уверување. {8C 144.1}

## АМИНУВАЈТЕ ВО МНОГУ МЕСТА

**Куренбонг, Н. С. В., 15. јули 1895.**

*До еден лекар во Батл Крик –*

Драги мој брате, вчера ги примив твоите писма и ги прочитав со најдлабоко интересирање. Секогаш се радувам кога ќе добијам вести за твоето семејство и институција во која ти имаш мошне значајна одговорност. Твојата единствена сигурност е во послушност на Божјото слово, одејќи во светлината на Неговото лице. Непријателот постојано измислува начини со кои би нè претекнал и затоа мораме постојано да ги имаме на ум предупредувањата што Бог ни ги дал. {8C 145.1}

Кога тие кои во минатото го носеле знамето на Божјото дело би оделе по патот којшто Тој го обележал, тие подобро би Го прославиле и би биле многу покорисни. Некои чиишто гласови смртта ги замолкнала би можеле уште да живеат за да предупредуваат, молат и советуваат. Кога тие на кои во минатото им биле доверени важни должности би ги усвоиле советите и предупредувањата на Божјиот Дух, уште и сега би оделе пред Него во сила и делотворност. Кога луѓето ќе направат другите да се потпираат и да имаат доверба во нив, кога со зборови или со перо им диктираат на другите што треба да прават, тие со тоа ги учат другите телото да го сметаат за своја сила, да оддаваат слава на човечките суштества наместо на Бога. {8C 145.2}

Ние единствено сме сигурни кога го издигаме Христа, зборувајќи за славата на Неговото величество. Исаија кажува: „Зашто, ни се роди Дете, Син ни се даде, власта е на рамењата Негови. Името ќе Му биде: Чудесен, Советник, Силен Бог, Вечен Татко, Кнез на Мирот. Без крај ќе се зголемува Неговата власт и мир над Давидовиот престол и над Неговото царство: ќе го зацврсти и ќе го утврди во правина и во праведност засекогаш. Тоа ќе го направи ревноста на Господа над Воинствата“ (Исаија 9:6,7). {8C 145.3}

Опасно е да се прими човечки совет и со тоа да се отфрли Божјиот совет. О, колку уште сите мораат да учат за да сфатат дека Бог не гледа така како што гледа човекот! Господ кажува: „Зашто вашите мисли не се Мои мисли, и Моите патишта не се ваши патишта... Туку колку што е небото повисоко од земјата, така се и Моите патишта повисоки од вашите патишта, и Моите мисли над вашите мисли“ (Исаија 55:8,9). Ако во Божјиот народ не дојде до решителна реформа, Бог ќе го сврти Своето лице од него. {8C 146.1}

Брате мој, потребно е постојано да се биде буден за во Батл Крик да не се продолжи со постојано подигање на нови згради и со постојано концентрирање на погодности. Така потрошените пари ќе бидат сведоштво против нас. Морате мудро да изработите планови за работа и да ги распределете по други места институциите кои се натрупале во Батл Крик, ширејќи ја на тој начин светлината којашто Бог ви ја дал. Блажени се тие што сеат покрај секоја вода. Колку повеќе се вложува во Батл Крик, дотолку повеќе ќе се појавуваат дополнителни побарувања, но тоа не е во согласност со Божјата намера и

набргу ќе стане очевидно дека било погрешно што сè е концентрирано во Батл Крик. {8C 146.2}

Sидајќи една зграда по друга во Батл Крик, ние ги запоставуваме другите полиња. Изобилието удобности во него значи недостиг во другите места. На другите делови во лозјето им се закинува нивниот дел на средства. Средствата треба да се вложуваат насекаде, придобивајќи души за вистината и подигајќи им домови за богослужение. {8C 146.3}

Бог укажал на фактот дека должност на луѓето во Батл Крик е да им помогнат на Неговите институции во другите места. Како мудар слуга, ти мораш да ги распоредиш своите сили и силите на своето влијание да ги употребиш на тоа да им помогнеш на оние кои се во темнина за да го запознаат Бога. {8C 146.4}

## Потреба за поширoки планови

Колку многу има потполно запоставени градови и гратчиња? Со собирањето во едно место нашиот народ си наштетува самиот на себе. Ако садниците во расадникот се премногу густи една до друга, не можат добро да се развиваат. Расадете ги садниците од својот претрупан расадник. Бог не се слави со тоа што сè ќе се натрупа во едно место. Дадете им место, расадете ги своите садници во многу места, каде што еден нема да може да се потпира на друг. Дадете им простор да се развиваат. Тоа Господ го бара од вас. {8C 147.1}

Парите што се потрошени на проширување на вашите погодности во Батл Крик, каде што сè прераснало и ги поминало границите, требало да се искористат за основање на мисионерски станици во други места. Треба да ги проширите своите планови и да ги зголемите полињата на своето делување. Треба да се испраќаат мудри луѓе во градови и гратчиња во кои уште не се слушнала веста на евангелието. Изберете најдобри луѓе кои можете да ги издвоите и дајте им можност да научат да бидат грижливи и носачи на бремиња. Дајте им можност да ги развијат своите способности кои досега биле неискористени. Испрати ги таму каде своите од Бога дадени способности ќе ги искористат повикувајќи ги грешниците на покајание. Пушти ги луѓето кои покажале дека го љубат Бога да направат нешто за Него. {8C 147.2}

Луѓето нека се научат срдечно да се молат и нивните молитви бидат кратки и одредени. Нека се научат да зборуваат за Откупителот на светот и сè повеќе и повеќе го издигаат Човекот од Голгота. {8C 147.3}

Тоа повеќе од секоја проповед ќе придонесе луѓето да сфатат колку е неопходно да им дадат помош на душите кои пропаѓаат околу нив. Најдобар начин во луѓето да се пробуди ревност и самопожртвување е да се испратат во нови полиња да работат за оние кои се во темнина. Подгответе ги работниците да излезат на патиштата и меѓу оградите. Немојте да ги повикувате мажите и жените да доаѓаат во големиот центар, храбрејќи ги да ги напуштаат црквите на кои им е потребна помош. Луѓето мораат да се научат да носат одговорности. Меѓу нас нема ниеден од сто кој работи нешто повеќе од обична световна работа. Ние ниту половина не сме свесни за вредноста на душите за кои умрел Христос. {8C 147.4}

Нам ни се потребни мудри градинари кои живите стебла ќе знаат да ги пресадат на разни места и да им ги дадат сите можности за понатамошен развој. Божјиот народ има јасна должност да заминува во далечни краишта. Потребни се сили кои ќе расчистат

нова земја и ќе основаат нови центри на работа каде и да се даде можност за тоа. Соберете работници кои имаат вистинска мисионерска ревност и испратете ги да ја шираат светлината и знаењето на блиску и на далеку. Нека ги внесат живите начела на здравствената реформа во местата каде што за нив не се знае. Треба да се основаат курсеви на кои луѓето ќе се поучуваат за лекување од разни болести. {8C 148.1}

Факт е дека со посредство на санаториумите илјадници луѓе дошле во допир со небесната вистина. Сепак, треба да се изврши уште едно дело што било запоставено. Парите се трошеа за проширување на зданијата во Батл Крик, додека Господ сака квасецот да се стави на целокупното тесто, целото да скисне. Наместо постојано досидување на згради и проширување на постоечкиот санаториум, сега во другите места би требало да постојат многу институции потполно опремени и способни за работа. {8C 148.2}

Има луѓе кои долго работеле во санаториумот и кои, ако и понатаму тука се задржат, секогаш ќе бидат нечија сенка. Меѓутоа, кога би им се овозможило да се потпрат на својот сопствен суд, би станале длабоки и самостојни мислители, способни да даваат мудри совети. Дајте им на овие луѓе можност да се учат да носат одговорности во Божја сила. Така ќе добијат искуство кое ќе ги оспособи да ја предадат вистината на другите. {8C 148.3}

Меѓутоа, наместо луѓето да се испраќаат од Батл Крик, како што Бог наредил во јасните сведоштва што биле дадени, илјадници долари се трошат за да во самиот Батл Крик се прошират институции и да се зголемат можностите за работа. И од Батл Крик сè уште се слуша повик за уште повеќе подобности и работници. Тоа мора да се промени. {8C 149.1}

Ние сме охрабрени кога ќе го видиме делото што се остварува во Чикаго и на неколку други места. Уште пред многу години требало да се децентрализираат институциите што се насобрале во Батл Крик. Можеби сте задоволни кога гледате како се шири санаториумот во Батл Крик, но Бог не гледа на тоа со исто одобрување. Кога би се подигале установи и во други места, кога на луѓето би им се доделувале должности, работата би се одвивала во поголема согласност со Божјата волја и намера отколку што тоа сега е случај. Така како што е сега, сè на сè неколку луѓе ги поднесуваат тешките одговорности. Неколкумина од нив располагаат со големо влијание во управата на делото и тука и таму, додека повеќето не носат никаков товар. {8C 149.2}

Мнозина кои носат големи одговорности треба да се обратат. Како што некогаш му рекол на Никодима, Христос им кажува и ним: „Вие треба да се родите одозгора”. „Ако некој не се роди одозгора, не може да го види царството Божјо“ (Јован 3:7,3). Со мнозина владее нехристијански дух. Тие во Христовата школа сè уште не се научиле на Неговата кроткост и понизност; и ако не се променат ќе подлегнат на сатанските искушенија. Од година во година тие носат свети одговорности, но се покажале неспособни да разликуваат помеѓу светото и несветото. Колку долго таквите луѓе ќе вршат решително влијание? До кога уште ќе се дозволува нивниот збор да извишува и понижува, осудува и издига? Колку долго ќе имаат таква сила така што никој не се осмелува да го промени нивниот метод на работа? {8C 149.3}

## Подигајте нови центри

Народот се поттикнува на доселување во Батл Крик за да придонесе од своја страна за изградба на еден современ Ерусалим. Тоа не е во согласност со Божјата волја. Со тоа на другите места им се одземаат можностите што би требало да ги имаат. Ширете се; зголемувајте се; да, но не само во едно место. Заминувајте во места во кои ништо или скоро ништо, не се работело и таму основајте центри за работа. Разбијте ја цврстата маса во која сте се збиле, ширете ги спасоносните зраци на светлината во темните области на светот. Треба да се постапува како што постапува орелот кога го растура своето гнездо. {8C 150.1}

„Од својата младост Моав уживаше мир, лежеше врз својата дрождина, никогаш не го преточуваа од бочва во бочва, никогаш не отиде на заточение: затоа неговиот вкус остана во него, и неговиот мирис не се промени“ (Еремија 48:11). Тоа е вистина за мнозина верници кои доаѓаат во Батл Крик. Мнозина се непостојано ревни во борбата, но нивната светлина е слична на метеор кој ќе засвети на небото, а потоа одеднаш го снемува. {8C 150.2}

Божјите работници на кои на срцето им лежи Неговото дело нека направат нешто за црнците во Јужното поле. Божјите повереници не смеат да се задоволат само со тоа што ова поле ќе го допрат со врвот на своите прсти. Тие што се наоѓаат во срцето на делото сериозно нека се занимаваат со ова прашање. Мнозина зборуваа за него, но што направија како повереници на Божјите средства? Зошто сметаат дека можат сите расположиви средства да ги врзат за Батл Крик? Зошто го прават токму тоа за кое беа опоменати? Ова прашање стана сериозно, бидејќи опомените и молбите беа давани напразно. Рацете на сила се повеќе и повеќе се испружаат од Батл Крик копнеејќи да владеат со делото блиску и далеку и да го уништат тоа што не се во состојба да го контролираат. Го подигам својот глас во протест. Духот што владее денес не е Господовиот Дух. {8C 150.3}

Господ многу пати го благословуваше Батл Крик излевајќи го Својот Дух на црквата и на работниците, но колку малкумина го вреднуваат влијанието на Духот! Колку се малку тие што ги потрошија своите пари како што Бог одреди! Парите се потрошени за да се поучуваат тие што веќе ја познаваат вистината, а беа запоставени полиња што се наоѓаат во целосна темнина. Ако проповедниците тргнеа така како што Христос им наложил, да ги користеа даровите што им се доверени за да ја однесат светлината на тие што се во темнина, ќе стекнеа многу поцелосно познавање на Бога и Христа од тоа што го постигнале со дополнително образование во нашите училишта. {8C 151.1}

### Потценување на одговорностите дадени од Бога

Зар Бог не ни довери едно дело што треба да се изврши? Зар не ни заповеда да одиме таму каде што владеат спротивни сфаќања и влијанија и да ги обраќаме луѓето од заблуда во вистината? Зошто тие што толку често доаѓаа на големите собири во Батл Крик не ја применија во животот вистината што ја слушнаа? Да ја предадоа вистината која ја примиле на други, каква преобразба на карактерот би се видел денес! За секоја дадена благодат на другите, Бог ќе им дадеше благодат. Тие не го ценеа доволно делото што беше направено за нив, бидејќи инаку би тргнале во темните места на овој свет ширејќи ја светлината. Би му ја објавиле на светот веста за оправдување со вера и нивната светлина би била сè посилна и посилна, бидејќи Бог би работел со нив. Мнозина отидоа во гроб во заблуда, затоа што тие што ја познаваат вистината пропуштија да им

го предадат скапоценото семе што го примија. Ако светлината што толку силно светеше во Батл Крик се шириеше понатаму, мнозина ќе се пробудеа и ќе станеа Божји соработници. {8C 151.2}

О, кога нашите браќа и сестри би знаеле правилно да ја ценат вистината! О, кога би можеле да бидат посветени од неа! О, кога би сфатиле дека на нив лежи одговорност вистината да ја соопштат и на другите! Но тие не сфаќаат колку е важно да се живее според вистината, да бидат извршители на Христовите зборови. Мнозина за себе мислат дека се самодоволни. Во нив го нема мисионерскиот дух што треба да ги вдахне Христовите ученици. Кога би знаеле што значи да се мачат (во агонија) за душите на другите, Божјите ангели би работеле преку нив за познавањето на вистината да го пренесат на другите. Тие би ја познале вистината и вистината би ги избавила. Повеќе не би се трошеле пари за во едно место да се градат згради една по друга, туку би се користеле за основање на нови полиња, за знамето на вистината да се издигне во градови каде сè уште не се работело. Небесните начела што воздигнуваат, облагородуваат и ја чистат душата би навлегле во општеството и во него би дејствувале како квасецот во тесто. {8C 151.3}

**Извадок од писмото пишувано 1899, од Куренбонг, Н. С. В.**

Божја волја е тие полиња што имаат обилни услови (предности) за работа да ги поделат тие благодети со полињата кои стојат послабо во тој поглед. Во сите наши институции треба да се почитува тоа начело. Бог бара помалку да се планира градење во местата каде што делото веќе е втемелено и средствата да се праќаат таму каде што недостигаат погодности за работа и каде што работниците работат во тешки услови. {8C 152.1}

## БОЖЈА НАМЕРА ЗА НЕГОВИТЕ ИНСТИТУЦИИ

Њутаун, Тасманија, 1. јануари 1895.

*На надзорникот на лекарите во еден голем санаториум*

Драги брате, секоја институција што го носи името на адвентистите на седмиот ден треба да претставува за светот тоа што Јосиф бил за Египет и тоа што Даниел и неговите другари биле во Вавилон. Според Божјото провидение тие луѓе биле заробени за незнабожечките народи да ги запознаат со вистинскиот Бог. Тие биле Божји претставници во овој свет. Но тие не правеле никакви компромиси со идолопоклоничките народи со кои биле доведени во контакт, туку останале предани на својата вера, носејќи го како посебна чест името на поклоници на Богот што ги создал небото и земјата. Тие момчиња цврсто се држеле за начелата. Тие живееле во тесна врска со Бога, оддавајќи Му чест со сите свои постапки, а и Бог нив ги почестувал. Тој бил нивна мудрост. Тој им дал знаење и разум. {8C 153.1}

И денес остатокот на Божјиот народ треба да го воздигнува и да го слави Неговото име со објавувањето на последната вест на опомена, упатувајќи му на светот последен

повик за свадбената вечера на Јагнето. Единствен начин на кој можат да го исполнат Божјото очекување е да бидат претставници на вистината за ова време. {8C 153.2}

Господ низ човечките орудија работел на исполнување на пророштвата. Тој направил светата, вечна вистина јасно да се истакне среде ересите и измамите за кои Бог рекол дека ќе постојат во последните денови. {8C 153.3}

Драги брате, се наоѓаш на позиција на која можеш да бидеш претставник на вистината за ова време. Држи се цврсто за големиот Учител. Те видов како го држиш знамето на кое беа испишани зборовите: „Тука е трпението на светиите; тука се оние што ги пазат заповедите Божји и верата во Исуса“ (Откровение 14:12). Неколку луѓе, меѓу кои и некои со кои соработуваш во санаториумот, ти даваа знаме на кое беше испишан поинаков натпис. Ти го испушти знамето на адвентистите на седмиот ден и ја испружи раката за да го фатиш знамето што ти беше дадено. Една личност со големо достоинство (веројатно некој небесен ангел) ти пријде и мошне сериозно ти рече: {8C 153.4}

„Вам, пак, кои верувате, Тој е скапоценост, а за неверниците, каменот што го отфрлија ѕидарите, стана камен темелник, камен од кој тие се сопнуваат и камен од кој тие паѓаат, зашто не му се покоруваат на словото; за тоа се тие и одредени. Но вие сте избран род, царско свештенство, свет народ, луѓе придобиени за да ги возвестите совршенствата на Оној Кој ве повикал од темнина во Својата чудесна светлина“ (1. Петрово 2:7-9). Тогаш твојата рака цврсто го фати вистинското знаме и се слушнаа овие зборови на охрабрување: „Да се радуваме и да се веселиме и да му оддадеме слава, бидејќи дојде свадбата на Јагнето, и невеста Му се приготви! И се даде да се облече во чист и светол висон; а висонот е праведноста на светиите“ (Откровение 19:7,8). {8C 154.1}

Ми беше покажано дека ти и твоите соработници се наоѓате во опасност да ги сокриете начелата на нашата вера за да привлечете што повеќе пациенти. Секоја ситница направена во таа насока, наместо да го шири влијанието на вистината, ќе и попречи на нејзиното напредување. {8C 154.2}

На тебе и на твоите соработници во санаториумот постојано ви е потребен кормилар, бидејќи ќе доживеете бродолом. Морате да ја согледате опасноста во која се наоѓате. Сатаната се труди на сите можни начини да ве отстрани од вистинскиот пат. Бог ве засилил. Вашите души мора да бидат посветени преку вистината, за на сите да им биде јасно дека непоколебливо се придржувате на начелата. Колку повеќе вашите души се потпираат на Бога, ќе имате толку поголема доверба во Него, толку повеќе ќе копнеете за лебот на животот. {8C 154.3}

Луѓето што се нарекуваат адвентисти на седмиот ден треба да го признаат и почитуваат Бога. Порано, на Божја слава, лекарите и болничарите во нашите санаториуми ја објавува вистината со нејзината убедлива сила. Бог од вас нема да прими ништо помалку, туку ќе очекува далеку повеќе. Ти и твоите соработници треба да работите со вера и одлучност за да го спречите опаѓањето и да обезбедите напредување. Не смеете да ја ограничувате својата работа, не смеете да ги криете начелата на вистината; морате да ги проширите темелите на работата. Мора да се посадат многу растенија во разни места. Потребна е поголема ревност, поголема вера, поголемо влијание, повеќе вредни, вдахновени работници. {8C 155.1}

Имај на ум дека работиш за ова време и за вечноста. На небесните ангели им е дадена должност да соработуваат со тебе во придобивањето на души. Мора да се вложат посрдечни напори за вистината да се објави во разни места. И не смее да се сокрие ниедна фаза од нашата вест. Вистината за ова време мора да им биде објавена

на душите што се на работ на пропаста. Тие што на било кој начин ја прикриваат вистината, го обесчестуваат Бога. На нивните облеки ќе се наоѓа крвта на душите. {8C 155.2}

## Божја намера за санаториумот

Санаториумот во Батл Крик претставува широко мисионерско поле. Бог ги поттикна душите во оваа институција да побараат олеснување на телесните страдања. Тој бара сè што е во врска со санаториумот да биде такво што Тој ќе може да го одобри. {8C 155.3}

Нему му е угодно покрај санаториумот да се изгради и молитвен дом за и тие што доаѓаат во оваа институција да имаат можност да ја чујат вистината каква што е во Исуса. На нив треба да им се изложи скапоценото евангелие, и тоа не со слаб, разводнет стил, туку со силни, топли нагласоци. Ако јасно кажеме дека побожноста е неопходна за спасение, ќе се покажат посебностите на нашата вера по која се разликуваме од светот. Меѓутоа, не треба да се кажуваат критики против учењата за кои се придржуваат другите. Во своето дружење со луѓето од овој свет, ние треба нашата вера да им ја препорачаме на другите, на тој начин што ќе живееме според начелата на христијанството во вистинска скромност. {8C 155.4}

## Важноста на проучувањето на Божјото Слово

Ако студентите по медицина вредно го проучуваат Божјото Слово, тие далеку подобро ќе се подготват за учење на другите науки, бидејќи просветленоста секогаш е последица на срдечното проучување на Божјото Слово. Нашите здравствено-мисионерски работници мораат да сфатат дека колку подобро се запознаат со Бога и Христа и колку подобро ја познаваат библиската историја толку подобро ќе се подготват за својата работа. {8C 156.1}

Учениците во нашите училишта мора да копнеат за повозвишено знаење. Ништо нема да им помогне да стекнат добро паметење како проучувањето на Светото Писмо. Ништо нема така да им помогне да стекнат знаење и за другите науки. {8C 156.2}

Ако на твоите предавања за обучување на здравствени мисионери сакаат да присуствуваат и неверници и ако сметаш дека нивното влијание нема да ги одвои останатите ученици од вистината, тогаш можеш да ги примиш. Некои од нив можеби ќе станат најдобри мисионери. Тие никогаш не ја слушнале вистината и можно е да се придобијат кога ќе бидат опкружени со влијание кое го открива духот на Господарот. Во своето излагање не смееш да прикриеш ниедно начело на библиската вистина. Ако доаѓањето на тие што не ја исповедаат нашата вера доведе до премолчување на големите прашања што се однесуваат на нашето сегашно и идно добро прашања што секогаш треба да ги имаме на ум тогаш таквите не треба да се примаат. Во никој случај не треба да се жртвуваат начелата и да се прикриваат посебните белези на нашата вера за да се зголеми бројот на учениците (од надвор) на нашите предавања. {8C 156.3}

Изучувањето на Библијата треба да им се довери на верни учители, учители што ќе настојуваат учениците да го сфатат тоа што им се предава. Таквите учители нема само да објаснуваат, туку ќе побараат од учениците јасно да протолкуваат се што ќе прочитаат. Тие учители треба да имаат на ум дека многу малку добро ќе се постигне ако

Божјото Слово се проучува само површински. Потребно е промислено истражување и срдечно, напорно учење за да се разбере Божјото Слово. Во Божјото слово има вистини што се сокриени длабоко под површината исто како и наслагите на скапоцените руди. Скапоценото богатство може да се најде кога ќе се бара толку упорно како што рударот бара сребро и злато. Доказ за вистинитоста на Божјото Слово се наоѓа во него самото. Светото Писмо е клуч што ги отклучува неговите свети списи. Светиот Дух ја открива на нашиот ум длабоката смисла на вистината што ја содржи Неговото Слово. {8C 157.1}

Библијата е најголем учебник за учениците во нашите училишта. Во неа целосно е изложена Божјата волја за Адамовите синови и ќерки. Таа е правилник за живеење што нè учи каков карактер мораме да изградиме за идниот живот. Нам не ни е потребна нејасна светлина за вистината за да го разбереме Светото Писмо. Тоа би изгледало како кога на пладневното сонце би му бил потребен обичен факел за да ја зголеми неговата слава. Изјавите на свештениците и проповедниците не се потребни за избавување на душите од заблудата. Тие што се обратуваат кон Божјото Слово ќе имаат светлина. Во Библијата јасно е прикажана секоја должност. Секоја поука е разбирлива. Секоја поука ни го открива Таткото и Синот. Божјата Реч може секого да го направи мудар за спасение. Во Божјото Слово јасно е откриена науката на спасението. Истражувајте го Светото Писмо, бидејќи тоа е Божји глас што зборува на душата. {8C 157.2}

## БОЖЈА НАМЕРА ВО ЗДРАВСТВЕНО-МИСИОНСКОТО ДЕЛО

Мелбурн, Н. С. В., 3. февруари 1898.

Драги брате, според посебната светлина што ми е дадена, се наоѓаш во опасност да го изгубиш од вид делото за ова време. Ти поставуваш огради со кои својата работа и тие што ги обучуваш, ги одвојуваш од црквата, што не смее да биде. Тие што се подготвуваат за здравствено-мисионерска работа треба да бидат упатени да сфатат дека нивното образование треба да ги оспособи за подобра работа во поврзаност со Божјите проповедници. Драги брате, мораш да имаш на ум дека Господ на земјата има еден народ што Тој го почитува. Меѓутоа, твоите зборови и начинот на кој честопати ги изговараш создаваат недоверба во ставот што го имаме како народ. Се наоѓаш во опасност да попуштиш во цврстото држење на верата што еднаш им е дадена на светиите и твојата вера да претрпи бродолом. Се вели: „Бродот тоне и заради сосема мала пукнатина. Целиот синџир ја губи вредноста заради една неисправна алка“. {8C 158.1}

### Оспособување на здравствени мисионери

Драги брате, имај на ум дека здравствено-мисионерската работа не треба да ги оттрга луѓето од проповедништвото, туку во полето мора да се испраќаат луѓе што се способни за таа служба благодарение на познавањето на здравствено-мисионерската работа. Младите луѓе треба да бидат обучени за здравствено-мисионерската работа, а потоа нивната дејност да се поврзе со работата на проповедниците. На нив не треба да се влијае да се посветат само на делото на спасување на паднатите и деградираните. Таа должност ја има насекаде и треба да се соедини со делото на подготвување на

Божјиот народ Библијата да ја смета за своја одбрана од извртување на вистината со кое се служат светот и паднатите цркви. Веста на Третиот ангел треба да се објавува со голема сила. Никој нека не го запоставува тоа дело, сметајќи го за малку значајно. Вистината мора да се објави на светот за мажите и жените да ја видат светлината. {8C 158.2}

## Нашето денешно дело

Што кажува Господ во педесет и осмото поглавје од книгата на пророкот Исаија? Целото ова поглавје има најголемо значење. „Зар не е ова постот што Јас го избрав?“ прашува Бог: „да ги кинеш неправедните окови; да ги разврзеш врските со јаремот, да ги пуштиш на слобода угнетуваните, да ги скршиш сите окови; да го поделиш својот леб со гладните, да ги воведеш под својот покрив бездомниците, да го облечеш оној што ќе го видиш гол, и да не се криеш од оној, кој е од твојата крв. Тогаш ќе светне како зора твојата светлина и твоето здравје ќе процвета бргу. Твојата праведност ќе оди пред тебе, а Господовата слава ќе ти биде заштитница. Тогаш ти ќе по-викаш и Господ ќе ти одговори, кога ќе извикаш ќе рече: ‘Еве Ме!’ {8C 159.1}

Ако ја одврати својата нога од саботата за да ги извршуваш желбите на твоето срце; ако ја нарекуваш саботата милина, чесен ден посветен на Господа; ако го почитуваш Него, одејќи по своите патишта, и не чинејќи тоа што ти е тебе драго, ни говорејќи свои зборови; тогаш ќе ја најдеш својата радост во Господа, Јас ќе те искачам на земните височини и ќе ти дадам да вкусиш од наследството на твојот татко Јаков, зашто устата Господова го изрече тоа“ (Исаија 58:6-9,13,14). {8C 159.2}

Тоа е нашето дело. Светлината што ја имаме во веста на Третиот ангел е вистинска светлина. Жигот на ѕверот е токму тоа што е објавено дека ќе биде. Ова прашање сè уште не е сфатено и нема да биде се додека свитоците (пророштвата) целосно не се развијат; меѓутоа, во нашиот свет треба да биде извршено најсвечено дело. Господ им наредува на Своите слуги: „Викај од сето грло, не воздржувај се! Издигни го својот глас како рог. Објави му ги на Мојот народ неговите безаконија, на Јакововиот дом неговите гревови“ (Исаија 58:1). Треба да се објавува пораката што ќе ги пробуди црквите. Треба да се вложи секој напор за да се однесе светлината, и тоа не само на нашиот народ, туку на целиот свет. Бев поучена дека пророштвата на Даниел и Откровението треба да се печатат во облик на помали книги, со потребните објаснувања, и да се рашират по целиот свет. И на самиот наш народ потребно е да му се даде светлина во јасен облик. {8C 159.3}

## Во Божјото дело нема промени

Не треба да се внесуваат никакви промени во општите карактеристики на Божјото дело. Тоа треба да биде јасно и одредено какво што го направи пророштвото. Не смееме да влегуваме во никаков сојуз со светот, претпоставувајќи дека со тоа ќе постигнеме нешто повеќе. Брате мој, ќе предизвикаш големо незадоволство пред Бога ако спречуваш делото да се развива по патот што Бог го одредил. Веста на опомена треба да се објавува, и ако совесно си го извршил својот дел од задачата, немој да им пречиш на другите Божји слуги да заминуваат и да го вршат делото што ним им е наменето.

Заложувањето за понижените и паднатите не треба да биде наша единствена задача. Тоа треба да се поврзе со поучувањето на црквите. Нашиот народ треба да биде поучен како да им помага на сиромашните и отфрлените. {8C 160.1}

Не смее да ослаби ниедна насока на нашата вера што нè направи тоа што сме. Ние имаме стари меѓи на вистина, искуства и должности и мораме одлучно да станеме во одбрана на своите начела, пред очите на целиот свет. Со срце преполно со ревност и грижа, треба да ги повикуваме тие што се наоѓаат на патиштата и раскрсниците. Треба да се работи и на здравствено-мисионерската работа, но тоа е само една гранка од делото што треба да се изврши и таа не смее да потисне сè друго. Таа треба да биде за Божјото дело тоа што е раката за телото. Можеби ќе постојат недостојни луѓе поврзани со делото на проповедање, но сепак не можеме да го запоставуваме проповедањето, а со тоа да не го запоставиме и Бога. {8C 160.2}

## Зборови на опомена

Брате мој, ти ми беше прикажан како човек кој се наоѓа во опасност да се одвои од нашиот народ, чувствувајќи се целосно задоволен со себе. Меѓутоа, ако се здружиш со оние што мислат како тебе, одвојувајќи се од црквата, која е Христово тело, ќе создадеш еден сојуз кој ќе се распадне, бидејќи не може да постои ниеден сојуз кој Бог не го основал. Тие што се обучуваат за идни здравствени работници одвреме навреме слушаат зборови со кои се омаловажува црквата и проповедничкиот повик. Со ова омаловажување се сее семе кое ќе никне и ќе донесе род. Подобро би било кога учениците би се поучувале да ја почитуваат Христовата црква на земјата. Потребно е целосно и јасно да им се објаснат причините за нашата вера. Тие треба да го имаат тоа знаење за нивната служба да биде угодна на Бога. Правило по правило, заповед по заповед, тие мораат да примаат библиски доказ за вистината каква што е во Исуса. {8C 161.1}

Те молам на студентите да не им влеваш мисли поради кои тие ќе ја изгубат довербата во проповедниците одредени од Бога. Меѓутоа, ти тоа најнесомнено го правиш, без разлика дали си свесен за тоа или не. Господ во Своето провидение те поставил на должност на која заедно со проповедниците можеш да правиш добро за Него, изнесувајќи ја вистината на многумина кои инаку не би дознале за неа. Ти ќе дојдеш во искушение да помислиш дека заради напреднување на здравствено-мисионерската работа мораш да се одвоиш од организацијата на црквата и од нејзината дисциплина. Така ќе се најдеш на несигурна почва. Твојата работа за тие што доаѓаат кај тебе нема да биде целосна ако не ги поучуваш дека треба да работат во поврзаност со црквата. {8C 161.2}

Здравствено-мисионерската работа не треба да биде сè во сè. Ти во овој поглед одиш во крајност. Треба да се оствари една голема задача. Мора насекаде да се шират книги кои ја содржат вистината. Студентите по медицина не треба да се поттикнуваат да делат и шират само книги што зборуваат за здравствената реформа. Внимавај да не работиш само според своите сопствени планови, без да обратиш внимание на Божјите планови. {8C 161.3}

**Извадок од писмото пишувано во Куренбонг,**

**Н. С. В., декември 1898.**

Брате мој, Господ Израилевиот Бог мора да биде твој советник. Сатаната слегол со голема сила за да дејствува со секаква неправедна измама. Потпри се цврсто на Христа. Ти неуморно се залагаше за доброто. Немој сега да грешиш. Никогаш, никогаш немој да се обидуваш да ги поместуваш старите меѓи што Господ му ги дал на Својот народ. Вистината цврсто стои втемелена на вечната Карпа, на темелот кој никаква олуја или бура не може да го помрдне. {8C 162.1}

Имај на ум дека штом ќе допуштиш твоето влијание да ги оттргнува луѓето од тесниот пат што Господ го одредил за Својот народ, нема повеќе да имаш успех; бидејќи Бог повеќе нема да биде твој водач. Повеќе пати ми беше откриено да ти укажам на записот за животот на Навуходоносор за да ти биде опомена да не се воздигнуваш во сопствената мудрост и своето тело да не го земаш како мишка. Немој да го спушташ знамето на вистината, ниту пак дозволувај да ти испадне од рацете, во желба светата вистина за овие денови да ја соединиш со било што што би било насочено на покривање на посебните обележја на нашата вера. {8C 162.2}

## ЗБОР НА ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ

Брисбејн, Квинсленд, Австралија, 26. октомври 1898.

*До стручните советници на студентите по медицина –*

Мојата душа ја притиска еден товар. Постојат млади кои се поттикнуваат да студираат медицина, додека со најголема решителност би морале да се подготват на објавување на веста на Третиот ангел. Не е потребно нашите студенти по медицина да се посветат само на студирање на тој предмет. Нивната работа треба уште поодлучно да се поврзе со проучување на Божјото Слово. Ним им се влеваат идеи кои не се неопходни, додека од друга страна не се обраќа доволно внимание на важните прашања. {8C 163.1}

### Опасност од која треба да се чуваме

Ако студентите се обучуваат на тој начин, ќе стануваат сè помалку способни да вршат дело угодно за Господарот. Напорната работа за проширување на знаењето од медицината им оневозможува правилна работа во мисионерското поле. Тие се уморуваат телесно и умствено заради претераното учење и затоа што студентите се поттикнуваат да работат претерано за отфрлените и деградираните. Така некои станаа неспособни за делото што би можеле да го извршат доколку започнале со мисионерска работа таму каде што тоа било потребно, допуштајќи лекарската област да биде само еден важен дел, споен со работата на проповедање на евангелието како целина, како што раката е споена со телото. Напорот за стекнување на медицинско знаење не треба да го загрози животот. Во некои случаи постои опасност студентите да го упропастат своето здравје и да станат неспособни за служба што би можеле да ја вршат кога не би ги советувале немудро, да се посветат на медицината. {8C 163.2}

Погрешните мислења често се копираат врз умот и наведуваат на погрешни постапки. Студентите треба да имаат време за разговор со Бога, време да живеат секој час во совесна заедница со начелата на вистината, праведноста и милоста. Во тоа време неопходно е искрено испитување на срцето. Студентот мора сам да создаде можност да црпи од Изворот на духовна и умна сила. Тој мора да го бара секој случај за кој се бара негова симпатија и соработка, да биде одобрен со разумот што Бог му го дал и од совеста со која управува Светиот Дух. Секоја негова постапка треба да биде во согласност со длабоките, свети начела кои даваат светлина на неговата душа и сила на неговата волја. Само така ќе може да врши највисока служба за Бога. Тој не треба да се поучува здравствено-мисионерската работа да ја поврзе со било кој човек што ќе му диктира што треба да работи. {8C 164.1}

Здравствено-мисионерската работа не смее да се одвојува од организацијата на црквата. Студентите по медицина не треба да дојдат до заклучок дека се одговорни само пред нивните претпоставени во здравствената работа. Мора да им се даде слобода да бараат и примаат совет од Бога. Тие не треба ни себе ни својата иднина да ја заветуваат на било што што несовршените човечки битија ќе одредат за нив. Во оваа ткаеница не смее да се вткае ниедна нишка на себичност, не смее да се усвојува ниеден план кој во себе има и најмалку неправда. Себичноста не смее да управува со ниедна гранка на делото. Да имаме на ум дека секој од нас работи пред очите на целата вселена. {8C 164.2}

## Високо мерило

„Возљуби Го Господ, твојот Бог, со сето свое срце, со сета своја душа, со сета своја сила и со сиот свој разум; и својот ближен како себеси“ (Лука 10:27). Пред самата разделба со Своите ученици, Христос рекол: „Нова заповед ви давам: да се љубите еден со друг; како што Јас ве возљубив, така и вие да се љубите еден со друг. По тоа ќе познаат сите дека сте Мои ученици, ако имате љубов меѓу себе“ (Јован 13:34,35). Учениците тогаш не можеле да ги разберат Христовите зборови, но по Неговото распнување, воскресение и вознесение ја сфатиле Неговата љубов како никогаш порано. Тие ја виделе изразена во Неговите страдања во Гетсиманија, во судницата и во Неговата смрт на крстот на Голгота. {8C 164.3}

## Поучување и исцелување

Божјиот народ треба да биде единствен. Во Божјото дело не треба да има раздвоеност. Христос пратил дванаесет апостоли, а потоа и седумдесет ученици да го проповедаат евангелието и да ги исцелуваат болните велејќи им: „И одејќи, проповедајте и кажувајте дека се приближи царството небесно; болни лекувајте, лепрозни очистувајте, мртви воскреснувајте, демони изгонувајте! Бесплатно добивте, бесплатно давајте!“ (Матеј 10:7,8). И кога тргнале да го проповедаат Божјото царство, им била дадена сила да лекуваат болни и да изгонуваат зли духови. Во Божјото дело поучувањето и исцелувањето никогаш не треба да се раздвојуваат. Народот кој ги држи Неговите заповеди треба да биде единствен. Сатаната измислува секакви можни лукавства за да го раздвои тоа што Бог сака да го соедини. Но Господ ќе се открие како

Бог на судот. Ние работиме пред очите на небесните ангели. Меѓу нас е божествениот Стражар кој гледа сè што се планира и прави. {8C 165.1}

## ПОДРЖУВАЊЕ НА ЗДРАВСТВЕНОТО ДЕЛО

Куренбонг, Н. С. В., февруари 1899.

Им се обраќам на оние кои се на одговорни позиции во Генералната Конференција и на тие што работат на здравствено-мисионерското поле. Исто така ми беше наложено да зборувам на црквата во Батл Крик и на сите други наши цркви. {8C 166.1}

Во поглед на здравствено-мисионерската работа, морам да кажам дека постои опасност од преголемо насочување на работата само во еден правец. Но ова што ќе го кажам за ова прашање не смее да се разбере како оправдување на оние што се одвојуваат од здравствено-мисионерската работа. Има мнозина кои не се наклонети на оваа работа. Тие сега треба многу да внимаваат што ќе зборуваат за неа, бидејќи немаат знаење во таа област затоа што не оделе во светлината. Каква и да е позицијата што ја имаат во Божјото дело, мораат да внимаваат да не изразат чувства што ќе ги обесхрабри и попречи нашите конференции (Области и Унии) да му се посветат на ова дело. Ставот што некои луѓе го заземале во поглед на здравствено-мисионерската работа прави да биде невозможно нивните зборови да имаат било каква вредност ако зборуваат за тоа прашање. Тие немаат јасен поглед; нивниот суд е изопачен. {8C 166.2}

Потребна е секоја гранка на делото, но секоја гранка на делото треба да биде под Божји надзор. Здравствено-мисионерската работа на Божјото дело треба да биде како десната рака на телото. Не би било правилно ако сите сили на телото се употребат во десната рака, а исто така не би било правилно кога сите сили на Божјото дело би се употребиле за здравствено-мисионерската работа. Проповедањето на Словото мора да се помага и во Божјото дело мора да постои совршено единство и слога. Тие што не покажуваат интерес за здравствено-мисионерската работа ја омаловажуваат десната рака на Божјото дело. Сите што се такви треба да го променат својот став кон делото. Нека зборуваат што помалку се додека не заземат исправно гледиште. Молчењето е речитост кога умот не е посветен и поради тоа не може да го разликува духовното од обичното. {8C 166.3}

### Потребна е претпазливост

Во сегашно време претпазливоста е мошне потребна. „Секој човек нека биде брз за слушање, а спор за зборување, и бавен на гнев“ (Јаков 1:19). Да ја слушнеме оваа опомена: „Ве молам, браќа, пазете се од оние, кои предизвикуваат раскол и соблазни против учењето кое сте го научиле и бегајте од нив! Зашто таквите не му служат на нашиот Господ Исус Христос... и со слатки и ласкави зборови ги заведуваат срцата на простодушните. Вашата послушност во верата на сите им е позната: затоа јас се радувам за вас, но сакам да бидете мудри во доброто и прости во злото“ (Римјаните 16:17-19). {8C 167.1}

„Браќа, ве молам во името на нашиот Господ Исус Христос, сите вие да зборувате исто, и меѓу вас да нема раздори, туку да бидете совршено соединети во еден ум и во

една мисла“ (1. Коринтјаните 1:10). Таква е Божјата волја за нас. Ќе се покориме ли? „Зашто словото за крстот е безумие за оние кои пропаѓаат, а за нас, кои се спасуваме, сила Божја. Зашто е напишано: ‘Ќе ја уништам мудроста на мудрите и ќе ја отфрлам разумноста на разумните.’ Каде е мудрецот? Каде е книжникот? Каде е препирачот од овој век? Зашто откако светот во Божјата мудрост не Го запозна Бога преку својата мудрост; Бог благоволи со безумието на проповедањето да ги спаси оние што веруваат. Зашто Јудејците сакаат знаци, а Елините бараат мудрост, ние, пак го проповедаме Христос распнатиот, Кој е за Јудејците соблазна, а за незнабошците безумие; за повиканите пак, како Јудејци, така и Елини, Христос како Божја сила и Божја мудрост”. (1. Коринтјаните 1:18-24). {8C 167.2}

Каква само промена би се забележала кога сите на одговорни функции ќе сфатат дека работат пред очите на Бог кој сè гледа. Тоа што е сега потребно, е делувањето на Светиот Дух врз умот и срцето. Без тоа нашите напори ќе бидат безуспешни. Ако Духот нè гради и обликува, нашите зборови и дела ќе откријат срдечна благодарност. {8C 168.1}

## Значењето на здравствено - мисионерското дело

Мошне е потребно да се зголемува познавањето на секоја гранка од здравствената реформа. Оние кои имале предност да ја слушнат вистината треба на трубата да и дадат одреден звук кога ја објавуваат Третата ангелска вест. Треба да се прифаќаат нарочните гранки на делото, како што е здравствено-мисионерската работа. Таа работа треба да се усогласи со веста на евангелието за ова време. Вистинската здравствено-мисионерска работа е остварување на евангелието во пракса. Оние кои не се во состојба да го увидат значението на ова дело не смеат да се чувствуваат овластени да контролираат ниедна негова фаза се додека не го сфатат неговото значение. {8C 168.2}

Сакам решително да кажам дека Господ преку здравствено-мисионерската работа направил многу добро, користејќи се со нашите водечки лекари како орудие кои Тој ги одредил. Во здравствено-мисионерското дело не беше се без грешка. Со него се помешаа многу работи кои му наштетија на неговата светост. Но Господ ќе преземе надзор над Своето дело и ќе се погрижи тоа да не се изопачи во оваа своја гранка. Делото нема да се изопачи, ако црквата се пробуди и засвети, покажувајќи дека дошла нејзината светлина и дека над неа се појавила Господовата слава. {8C 168.3}

Работниците на здравственото поле треба да се очистат, посветат и облагородат. Тие треба да се издигнат до најголем степен на совршенство. Тие треба да се преобразат и да се оформат според божествениот лик. Тогаш ќе сфатат дека здравствената реформа и здравствено-мисионерската работа треба да се поврзат со проповедањето на евангелието. {8C 168.4}

Причина зошто членовите на црквата не ја сфаќаат ова гранка на делото лежи во тоа што не се управуваат според светлината ниту одат чекор по чекор по својот голем Водач. Здравствено-мисионерската работа е од Бога и го носи Неговото обележје. Затоа нека луѓето не стануваат против него и нека не се обидуваат да го водат според своите сфаќања. {8C 169.1}

Нашата вест е наменета за целиот свет. И додека средствата не смеат да се вложуваат само во една гранка на делото така што веста на евангелието не ќе може да се однесе на новите полиња, од друга страна не смее на било кој начин да се потценува

здравствено-мисионерската работа, ниту смее да се прикажува како работа од подреден карактер. Светот е голема болница, неговите жители се изопачени и на сите страни преовладуваат страдања и неволји. Господ на нашиот главен лекар му дал задача да помага во подготовката на луѓето за да опстанат во големиот Божји ден. Но тој треба да работи под Божји надзор. Во неговата работа има некои појави кои мораат повеќе да се прилагодуваат на начелата на главниот работник (Христос). {8C 169.2}

## Причина за оскудица во црквата

Оној на кого му е доделена некоја должност во делото за ова време мора да чувствува дека на него почива света одговорност. Ние работиме за вечноста. Ако јадеме од лебот што слегува од небото, ќе бидеме слични на Христа според духот и карактерот. Живееме во век во кој не смее да има духовна невработеност. Секоја душа мора да се напојува од небесната река на животот. Често се поставува прашањето: „Која е причината за оскудица на духовната сила во црквата?“ Одговорот е: „Верниците допуштаат нивниот дух да се одврати од Божјото Слово”. Нашето тело се изградува од она што јадеме, а на сличен начин и карактерот на нашата духовност зависи од храната што ја даваме на својот ум. Земајќи го телото на Божјиот Син и Неговата крв, на својот ум и срце му даваме вистинска храна. {8C 169.3}

Христос кажува: „Вистина, вистина ви велам, кој верува во Мене има вечен живот... Јас сум живиот леб што слезе од небото; кој јаде од овој леб, ќе живее вечно; а лебот што ќе го дадам Јас, е Моето тело, што ќе го предадам за животот на светот... Кој го јаде Моето тело и ја пие Мојата крв, има живот вечен и Јас ќе го воскреснам во последниот ден. Зошто Моето тело е вистинска храна, и Мојата крв - вистинско питие. Кој јаде од Моето тело и пие од Мојата крв, ќе биде во Мене и Јас во него. Како што Ме прати живиот Татко и Јас живеам преку Таткото, така и тој што јаде од Мене, ќе живее преку Мене“ (Јован 6:47-57). {8C 169.4}

Мораме да пребиваме во Христа и Христос мора да пребива во нас, „зашто што сме соработници заедно со Бога“. Должноста на христијанинот е лична должност. Божјите работници нека престанат да изнаоѓаат грешки кај другите, затоа што тоа е грев. Така како што мислат дека нивните соработници треба да се поправат, тие треба да се поправат себеси. Нивна предност е да живеат во Христа јадејќи го лебот на животот. Тие кои така прават ќе имаат здраво и сè поголемо искуство и Божјата праведност ќе оди пред нив додека го извршуваат делото означено во педесет и осмото поглавје на книгата на пророкот Исаија. {8C 170.1}

## „На секого своја работа“

Мораме да ја цениме секоја гранка на Божјото дело. „И Тој постави едни за апостоли, други за пророци, трети за евангелисти, четврти за пастири и учители, за усовршување на светиите во делото на служењето, за изградување на Христовото тело“ (Ефесјаните 4:11,12). Овие зборови покажуваат дека се потребни различни работници и разни орудија. Секој има поинаква должност. Од никој не се бара да ја работи работата на другиот, иако необучените се трудат тоа да го прават. Бог му дал на секого според неговите способности и сила. Можеби некој ќе помисли дека неговата положба му дава

за право да им заповеда на другите работници, но не е така. Не познавајќи ја нивната работа, тој ќе шири таму каде што треба да се ограничува, а да ограничува таму каде што треба да шири, затоа што тој го гледа само оној дел на лозјето во кое што тој самиот работи. {8C 170.2}

Живејте за Бога. Учењето на Спасителот нека стане составен дел на вашиот живот. Вашиот пат ќе биде осветлуван со силна и јасна светлина. Ќе имате небесно помазување и нема да правите сериозни грешки. Немојте толку да се занимавате со работата што ја извршувате во еден дел од Господовото лозје така што нема да можете да го цените она што другите го работат во некој друг дел од лозјето. Можеби и тие совесно ги користат своите таленти за двојно да ги вратат на Бога. Секој добро нека ја гледа својата работа, извршувајќи ја потполно, така што никаква мана ниту дамка не го нарушува неговото совршенство. Тогаш допуштете му на Бога да каже: „Добро извршено, добар и верен слуго! Во малку беше верен, над многу ќе те поставам: влези во радоста на својот Господар“ (Матеј 25:23). {8C 171.1}

## ЕДИНСТВО НА НАПОРИТЕ

Куренбонг, Н. С. В., 17. април, 1899.

*На еден лекар во неволја –*

Драги мој брате, јас многу се грижам за тебе и за твоето дело и се молам Господ да го води моето перо додека ти пишувам. Господ те направил човек по Свој избор за тоа место и Божјите ангели беа твои помошници. Господ те поставил на положбата што ја заземаш, не затоа што си непогрешлив туку затоа што сака да го води твојот ум со Својот Свети Дух. Тој сака на сите со кои доаѓаш во допир да им го пренесеш знаењето за сегашната вистина. На тебе се доверени сериозни должности и затоа не смееш на никој начни да дозволиш да те вплеткаат во работи кои ќе го намалат твојот углед меѓу адвентистите на седмиот ден. Господ те избрал да го заземеш местото што Тој ти го наменил, да стоиш на чело на лекарскиот повик, не поведувајќи се по влијанието на светот, туку ти да влијаеш на другите. Секој ден треба да бидеш под Божји надзор. Тој е твој Творец, твој Откупител. Делото што Тој ти го наменил треба да го извршуваш во заедницата со адвентистите на седмиот ден, а не одвоено од нив. Ти треба да бидеш голем благослов за своите браќа, пренесувајќи го и на нив знаењето што Тој ти го дал. {8C 172.1}

Бог работеше преку тебе и сè уште сака да работи и ти укажува чест доверувајќи ти значајни должности. „Ние сме соработници на Бога“ (1. Коринтјаните 3:9). Тој сака да нè употреби тебе и мене, како и секое човечко суштество кое ќе се посвети на Неговата служба, ако се потчиниме на Неговото водство. Секој треба да стои на својата стражарска кула, слушајќи будно што му зборува Духот, имајќи на ум дека секој негов збор и секоја постапка оставаат впечаток не само врз неговиот карактер, туку и врз карактерот на оние со кои е поврзан. {8C 172.2}

## Божјо здание

„Вие сте Божја нива, Божјо здание“ (1. Коринтјаните 3:9). Оваа споредба го претставува човечкиот карактер кој мора да се развива чекор по чекор. Бог секој ден работи на Неговото здание, вградувајќи камен по камен, додека тоа не стане совршено, така што може да преставува свет храм за Него. Човекот мора да соработува со Бога. Секој работник треба да стане токму тоа што Бог му го наменил, изградувајќи го својот живот со чисти, благородни дела, за на крајот неговиот карактер да стане хармонична градба, прекрасен храм, ценет и од Бога и од луѓето. {8C 172.3}

Во таа градба, бидејќи е Господова, не смее да има ниедна пукнатина. Секој камен мора да биде точно поставен, за да го издржи товарот што ќе дојде врз него. Еден погрешно поставен камен влијае на целата градба. Бог те предупредува и тебе и секој друг работник: „Внимавај како градиш, за твојата градба, основана на вечната Карпа, да ја издржи пробата на бурите и искушенијата. Постави го каменот на сигурен темел, за да бидеш подготвен за денот на пробата и искушението, кога сите ќе се покажат такви какви што се”. {8C 173.1}

## Храм од живи камења

Бог ми укажа на ова предупредување како на посебно важно за твоето добро. Тој те љуби со љубов која е неизмерна. Тој ги љуби и твоите браќа во верата и работи со нив со иста намера како и со тебе. Неговата црква на земјата мора да прими божествени размери пред лицето на светот, како храм изграден од живи камења, од кои секој отсјајува светлина. Тој треба да биде светлина на светот, како град на гора кој не може да се сокрие. Тој е изграден од камења кои меѓусебно се тесно поврзани и преставува цврста, солидна градба. Секој камен не е со ист облик и размер. Некои се големи, други се мали но секој има свое место. А вредноста на секој камен е одредена според светлината со која отсјајува. Тоа е Божји план. Тој сака секој Негов работник да ја врши својата должност во делото за ова време. {8C 173.2}

Ние живееме во опасностите на последните денови и мораме мудро да ја развиваме секоја умна и физичка сила, зашто сите тие се потребни за црквата да ја направи градба која ќе ја открива мудроста на големиот Градител. Способностите кои Бог ни ги дал се Негов дар и ние мораме правилно да ги користиме така што ќе прават една совршена целина. Бог дава способности, сила и ум, а човекот го оформува карактерот. {8C 174.1}

## Различни орудија

Господ работел со тебе и те оспособил да го извршиш својот дел како Негов работник; но има и други работници кои исто така треба да го завршат својот дел како Негови орудија. И тие како делови прават телото да биде една целина. Сите треба да се соединат како делови на еден голем организам. Господовата црква е составена од живи, активни човечки орудија, кои примаат сила за работа од Зачетникот и Свршителот на нивната вера. Тие мора да се развиваат паралелно со големото дело на коешто работат. Бог ти ја доверил твојата задача. Но Тој има и други орудија и на секое од нив им ја дал својата задача, за сите со посветувањето на вистината да станат членови на Христовото

тело, на Неговото месо и на Неговите коски. Претставувајќи го Христа, ние работиме и за сегашноста и за вечноста; и луѓето, дури и оние кои не се во верата увидуваат дека сме биле со Исуса и дека од Него сме се научиле. {8C 174.2}

### Вистината е обединета целина

Божјиот народ не треба да биде во забуна, без ред и хармонија, без постојаност и убавина. Неслогата во Божјиот народ претставува големо обесчестување за Бога. Вистината е обединета целина. Ако сакаме да ја исполниме Христовата молитва, мораме секој ден да развиваме единство коешто Бог го бара. На неслогата што се заканува да се вгнезди кај оние кои тврдат дека веруваат во последната вест на милоста што треба да се однесе на светот не смее да се даде место, зашто таа би била страшна пречка за напредокот на Божјото дело. Неговите слуги мораат да бидат едно, како што Христос е едно со Таткото. Нивните сили, просветлени, вдахновени и посветени, мораат да се соединат во една совршена целина. Оние кои го љубат Бога и ги исполнуваат Неговите заповеди не треба да се одвојуваат, туку цврсто да се соединат едни со други. {8C 174.3}

### Зборови на охрабрување

Господ не ги заборава Своите верни работници. Имај на ум дека нашиот живот во овој свет е само живот на патници, дека небото е дом во кој одиме. Имај вера во Бога. Жалам ако моите зборови ја раниле и повредиле твојата душа; и јас исто така сум ранета и повредена. Нашето дело - необично дело, големо дело кое ни го доверил Бог - нè врзува нас со срце и душа. Не смееш да го одложуваш своето оружје, туку мораш да го носиш до крај. Кога Господ ќе те ослободи, тогаш ќе дојде момент да го одложиш своето оружје крај Неговите нозе. Си пристапил во Неговата војска за во неа да служиш додека битката не се заврши и не смееш да го уништиш својот углед и да го обесчестиш Бога со дезертирање од таа војска. {8C 175.1}

Господ нека ти открие многу работи така како што на мене ми се откриени. Сатаната демне можност да му нанесе срам на Божјото дело. Покажана ми е опасноста во која се наоѓаш, а исто така ми е покажан и твојот ангел чувар кој постојано те чува од тебе самиот, одржувајќи те да не доживееш бродолом на својата вера. Драги брате, подигни го знамето, подигни го и не биди малодушен ниту обесхрабрен. {8C 175.2}

На водечките луѓе во Генерална Конференција и на Мисискиот Одбор им ја пренесов светлина што Бог ми ја даде да се советуваат со тебе; да не се држат по страна, туку да ти помагаат како на свој соработник; дека тебе Бог те одредил да заземеш едно доверливо место и дека ти е потребна помош наместо осуда. {8C 175.3}

Во длабока желба да ја израмниш патеката на своите нозе, ти напишав најсрдечни зборови, но никогаш, никогаш да те обвинам или осудам. О, Бог нека направи да увидиш дека моето длабоко интересирање за тебе не се изменило ниту малку. Моја искрена желба е да стоиш цврсто во Бога, непоколебливо, предано и верно. Знам дека Господ сака да го добиеш венецот на победата. {8C 176.1}

„Издигајќи се на височина, плени плен и им даде дарови на луѓето... И Тој постави едни за апостоли, други за пророци, трети за евангелисти, четврти за пастири и учители,

за усовршување на светиите во делото на служењето, за изградување на Христовото тело, додека сите не го достигнеме единството на верата и познанието на Божјиот Син, до состојба на совршен човек, до мера на возраста на Христовата полнота, та да не бидеме веќе мали деца што ги лула и занесува секој ветар на лажните учења, преку човечките заблуди. Туку со љубов држејќи се за вистината во секој поглед да растеме во Оној, Кој е глава, Христос. Со Него целото тело е составено и склопено и сврзано преку сите дарувани врски, при дејството на секој дел, поради силите негови, нараснува за да се изградува во љубов“ (Ефесјаните 4:8-16). {8C 176.2}

## ХРИСТОС КАКО ПОСРЕДНИК НА МОЛИТВИТЕ И БЛАГОСЛОВИТЕ

Балаклава, Викторија, Австралија, 25. март 1898.

*До еден лекар во санаториумот-*

Драги брате, штотуку го примив твоето писмо. Гледам дека водиш тешка финансиска борба. Мошне ми е драго што наоѓаш охрабрување во зборовите: „Нека дојде под Моја закрила, нека склучи мир со Мене. Тогаш нека склучи мир со Мене“ (Исаија 27:5). Да имаме вера во Бога. Да ја полагаме својата доверба во Него. Нему потполно му е позната состојбата во која се наоѓаме и Тој ќе работи во наша корист. Тој се слави кога имаме доверба во Него, кога Му ги изнесуваме сите наши неволји. Христос кажува: „И што и да посакате од Таткото во Мое име, ќе ви го исполнам, за да се прослави Таткото во Синот“ (Јован 14:13). Безгранични се провиденијата и даровите што Бог ни ги дава. На престолот на благодатта се наоѓа Оној кој ни дозволува да Го нарекуваме Татко. {8C 177.1}

„Зашто Бог толку го возљуби светот, што Го даде Својот Единороден Син, та секој што верува во Него да не загине, туку да има вечен живот“ (Јован 3:16). Јехова не сметал дека планот на спасението е совршен ако е проникнат само со Неговата љубов. Тој положил на Својот олтар еден Посредник облечен во нашата природа. Како наш посредник, Христовото дело е нас да нè приведе кај Бога како Негови синови и ќерки. Тој ги застапува оние што го примаат. Тој со Својата крв платил откуп за нив. Врз основа на Своите заслуги Тој им дава власт (право) да станат членови на царското семејство, деца на небесниот Цар. И Таткото ја покажува Својата бескрајна љубов кон Христа на тој начин што ги прима и им посакува добредојде на Христовите пријатели како на Свои пријатели. Тој е задоволен со направеното помирување. Бог е прославен со отелотворувањето, животот, смртта и посредувањето на Својот Син. {8C 177.2}

Во Христово име нашите молитви се издигаат кај Таткото. Христос посредува во наша корист и Таткото ни ги отвара сите богатства на Својата благодат за да ние ги примиме, да уживаме во нив и да ги даваме на другите. „Барајте во Мое име“, кажува Христос. „Јас не велам дека ќе се молам на Таткото за вас, зашто Таткото самиот ве љуби. Користете се со Моето име. Тоа ќе им даде сила на вашите молитви и Таткото ќе ви го даде богатството на Својата благодат. И така, барајте, и ќе добиете за радоста ваша да биде полна”. {8C 178.1}

Христос е спојница помеѓу Бога и човекот. Тој ветил дека лично ќе посредува. Тој сета доблест на Својата праведност ја става на страната на молителот. Тој се залага за човекот, а човекот - на кого му е потребна божествената помош - се моли за себе во Божјата присутност, користејќи се со влијанието на Оној кој го дал Својот живот за светот. Кога ние пред Бога ќе покажеме дека ги цениме Христовите заслуги, тоа им дава мил мирис на молитвите. Кога се доближуваме до Бога преку заслугите на Спасителот, Христос нè привлекува кон Себе, прегрнувајќи не со Својата човечка рака, додека со Својата божествена рака се држи за престолот на Бесконечниот. Во кадилницата во нашите раце Тој ги става Своите заслуги, како сладок мирис за да ги охрабри нашите молитви. Тој ветува дека ќе ги слушне и исполни нашите молби. {8C 178.2}

Да, Христос станал посредник на молитвите помеѓу човекот и Бога. Тој исто така станал посредник на благословите помеѓу Бога и човекот. Тој го споил божественото со човечкото. Луѓето треба да соработуваат со Него заради спасение на сопствените души, а потоа да вложуваат срдечни, истрајни напори за спасување на оние кои се на работ на пропаста и смртта. {8C 178.3}

Мораме да работиме сега, додека трае денот; бидејќи доаѓа ноќ во која никој нема да може да работи. Јас сум мошне храбра во Господа. Има моменти кога јасно гледам дека постоечката состојба на нашите цркви не им помага на душите, туку уште им пречи. Тогаш наидуваа часови, а понекогаш и денови на мои душевни маки. Мнозина од нив кои ја познаваат вистината не се покоруваат на Божјото Слово. Нивното влијание не е подобро од влијанието на овој свет. Тие говорат и постапуваат исто како и овој свет. О, како ме боли срцето кога ќе помислам дека со своето нехристијанско однесување нанесуваат срам на Спасителот! Меѓутоа, кога ќе поминат тие смртни маки, јас повеќе отколку било кога се залагам за подигање на тие бедни души, за во нив да се открие Божјиот лик. {8C 178.4}

Моли се, да, моли се со непоколеблива вера и доверба. Ангелот на Заветот, нашиот Господ Исус Христос, е Посредникот кој го осигурува примањето на молитвите на сите оние кои веруваат во Него. {8C 179.1}

## ЗБОРОВИ НА ОХРАБРУВАЊЕ

Куренбонг, Н. С. В., 12. декември, 1899.

*До медицинскиот управник на санаториумот во Батл Крик –*

Драги брате, ти говориш како да немаш пријатели. Меѓутоа, Бог е твој пријател и сестра Вајт е твој пријател. Мислеше дека сум изгубила доверба во тебе; но, драги брате, јас знам - како што порано ти пишував дека Господ те поставил на мошне одговорна положба, зашто си лекар на кого Господ му дал знаење и разум, за да може да твори правда и суд и за да внесе вистински мисионерски дух во институцијата која е основана да ја претставува вистината наспроти заблудата. {8C 180.1}

Драги брате, Господ не те оставил сам да се бориш со своите тешкотии. Тој ти дал мудрост и благонаклонетост кај Бога и луѓето. Тој е твој помошник. Тој те избрал како Свое орудие, да ја издигнуваш вистината во санаториумот во Батл Крик, бидејќи таа не се возвишува во здравствените институции на овој свет. Негова намера е санаториумот во Батл Крик да биде познат како институција во која Господ секојдневно се признава

како владетел на вселената. „Тој работи што сака со небесната војска и со земните жители, и нема никого да му ја сопре раката и да му каже: Што работиш?“ (Даниел 4:35). {8C 180.2}

Господ одредил објавувањето на Третата ангелска вест да биде највозвишено, најголемо дело извршено во светот во ова време. Тој ти направил чест со тоа што те поставил на мошне одговорна положба во Своето дело. Не смееш да го одвоиш своето влијание од службата на проповедање на евангелието. Во секоја гранка на својата работа мораш да внесеш разбирање и послушност на вистината. Положбата што Господ ти ја одредил е подредена на Неговото божествено владетелство. Мораш да се учиш од Исуса, големиот Учител, и во своите планови и работа да се угледуваш на Неговиот пример. Бог мора да ти биде на прво место и секогаш треба да се покоруваш на Неговото слово. Во тоа ќе биде твојата сила. {8C 180.3}

Ти треба да бидеш верен лекар не само на телата, туку и на душите на оние кои се доверени на твојата грижа. Кога би ја исполнил таа должност, искористувајќи ги правилно талентите кои Бог ти ги дал, не би работел сам. Би управувал Оној кој никогаш не греши. Само силата на Светиот Дух може да го одржува духот благ и пријатен, кроток и потчинет, оспособувајќи го работникот да каже вистински зборови во вистински момент. {8C 181.1}

Не си беспрекорен. Често си ја губел власта над самиот себе. Тогаш твоите зборови не биле такви какви што би требало да бидат. Понекогаш си покажувал самоволност и претерано барање. Меѓутоа, кога си се трудел да се совладаш самиот себе, ангелите Божји соработувале со тебе, бидејќи Бог делувал преку тебе за да ја воздигне вистината и за да и осигура почесно признавање во светот. Бог не ти дал мудрост за да се воздигнува твоето име, туку за тие што доаѓаат во санаториумот во Батл Крик да понесат поволни впечатоци за адвентистите на седмиот ден и да ги почитуваат начелата кои се темел на нивната работа. Оваа почест не ти е покажана поради тоа што си поправеден од сите луѓе, туку затоа што Бог имаше желба тебе да те употреби како Свое орудие. {8C 181.2}

## Божјата цел при основање на санаториумот

Божјата цел за санаториумот била во него мисионерите, учителите и лекарите да се запознаат со веста на Третиот ангел која опфаќа толку многу. Божјите ангели морале да бидат ваша сила во делото кое требало да се изврши, како санаториумот во Батл Крик би бил познат како установа која се наоѓа под посебен Божји надзор. Мисионерското чувство и склоностите кои преовладувале во таа установа, биле последица на делувањето на невидливите небесни претставници. Бог рекол: „Сметав дека е добро да покажам знаци и чуда. И во Својата сила се борев за слава на Своето име“. Многумина отишле од санаториумот со ново срце. Промената била одлучувачка (вистинска). Кога се вратиле во своите домови, тие биле видело во светот. Се слушале нивните гласови: „Дојдете сите кои имате страв Божји, и ќе ви кажам што направи Тој за душата моја. Ја видов Неговата големина и ја вкусив Неговата добрина”. {8C 181.3}

## Дело кое го опфаќа целиот свет

Господ ми покажа дека непријателот, кога и да му се укаже можност за тоа, ќе го турне делото на погрешен пат за на тој начин да го спречи неговото напредување. Многу наши браќа вложувале пари во некои потфати не сметајќи колку тоа ќе чини и не мислејќи за тоа дали има доволно средства за да се доврши започнатото дело. Тоа е кратковидност. Луѓето не виделе дека Господовото лозје го опфаќа целиот свет. {8C 182.1}

Приходите од основаните санаториуми не треба да се трошат за издржување на бројните гранки на работа за пониските класи во нашите зли градови. Поголемиот дел од средствата кои се употребени за тоа требало, по Господовата намера, да се употребат за основање установи во други земји кои сè уште не ги осветлила светлината за здравствената реформа. Во многу земји требало да се подигнат здр твени центри кои не би биле така скапи како големите санаториуми во Америка. На тој начин би се основале установи кои, кога би се засилиле, би дале поддршка за основање установи во други места. {8C 182.2}

Господ не е пристрасен. Меѓутоа, Неговите работници Го претставувале погрешно. Беше спречувано тоа што требаше да биде направено во разни делови на Неговото лозје, бидејќи луѓето што се наоѓаат во средиштето на делото пропуштиле да согледаат како можат да ја унапредат работата во оддалечените делови на лозјето. Во некои делови на лозјето се работеше претерано. На тој начин се трошеа пари што можеа да се употребат да им се овозможи на работниците во другите делови на лозјето без пречки да го издигнат знамето на вистината во нови места. Не смее да се одзема од некои делови на лозјето за средствата туку така да се употребуваат во други градови. {8C 182.3}

Човекот просудува според својот ограничен суд, а Бог гледа на особините на плодот, па потоа го проценува дрвото. Во Божјо име ве повикувам да размислите за делото што треба да го извршиме и за начинот на кој ќе го изведеме. Божјото лозје е светот, и тој треба да се обработи. {8C 183.1}

Бог нè бара многубројни институции, големи градби и надворешно украсување, туку хармонична акција на народот, од Него избран, посебен, скапоцен и соединет народ, чиј живот е скриен со Христа во Бога. Секој треба да стои на своето дело и на своето место, вршејќи правилно влијание со своите мисли, зборови и дела. Кога сите Божји работници ќе постапуваат така, и само тогаш, Божјото дело ќе биде една совршена, хармонична целина. {8C 183.2}

## Збор на предупредување

Бог сака Неговите институции и Неговите избрани, посвоени деца да го почитуваат покажувајќи особини на христијански карактер. Делото што евангелието го наложува како мисионерско дело е битно и искрено дело кое сè повеќе и повеќе ќе свети дури не настане ден. Бог не сака верата на Неговиот народ да добие особини и изглед на хуманитарна дејност која денес се нарекува здравствено-мисионерска работа. Неговиот народ не треба да ги закопа средствата и своите способности во озлогласените населби на Њујорк и Чикаго. Божјото дело треба да се извршува на правилен начин. {8C 183.3}

Треба да се покаже самоодрекување и самопожртвување. Треба да работиме како што работел Христос, во едноставност и кротост, понизност и посветеност. Така ќе бидеме во состојба да го вршиме делото што ќе се разликува од сите останати мисионерски потфати во нашиот свет. {8C 183.4}

Има многу луѓе за кои се претпоставува дека се избавени од бездната во која паднале, но на кои не можеме да се довериме како на советници, ниту може да им се довери некоја задача во делото во овие последни денови. Непријателот е одлучен заблудата да ја помеша со вистина. За да го постигне тоа, тој се послужил со изопачени личности на кои се потрошени многу пари и труд, на личности со расипани желби поради постојаното попуштање, чии души се злоставени, кои имаат лоши и изопачени карактери, личности со подли желби и навики, кои по навика мислат на зло. Карактерот на таквите може да се преобрази, но колку се малку таквите кај кои работата довела до трајни резултати! {8C 184.1}

Некои ќе бидат посветени со вистината, но мнозина само површно ќе ги изменат своите обичаи и својот начин на живот, мислејќи дека станале христијани. Сме ги примиле во членство на црквата, но тие претставуваат голема грижа и голема неволја. Сатаната настојува преку нив во црквата да посее семе на завист, нечесност, критикување и обвинување. На тој начин тој настојува да ги расипе и останатите членови на црквата. Тие сè уште се подложни на желбите што господареле со нив уште од детството, што ги терале да ги срушат сите прегради и кои ги турнале во расипаност. За нив се зборува како за спасени, но времето често покажува дека трудот вложен за нив не ги направил послушни Божји деца. Штом ќе си вообразат дека се запоставени, кај нив се јавуваат чувства на негодување. Во нив се раѓа огорченост, гнев и злоба. Со своите зборови и духот тие покажуваат дека не се родиле повторно. Наклонети се кон ниските, сетилни уживања. Тие се недостојни за доверба, неблагодарни, несвети. Така е со сите што не се обратиле вистински. И секоја од тие необратени личности со валкан карактер, станува успешен работник за сатаната, создавајќи неслога и кавга. {8C 184.2}

Господ го означил начинот на кој треба да работиме. Како народ ние не треба да се угледаме на деноминацијата Салвејшн Арми за да не пропаднеме заедно со нив. Тоа не е дело кое Господ ни го доверил, ниту е наша работа да ги осудуваме и да зборуваме против нив. Во Салвајшн Арми има драгоцени и пожртвувани души. Кон нив треба да бидеме љубезни. Меѓу нив има чесни души кои искрено му служат на Господа и кои кога ќе видат поголема светлина ќе напредуваат и ќе ја примат целата вистина. Работниците на верската заедница Салвејшн Арми се трудат да ги спасуваат запоставените и понижените. Немојте да ги направите малодушни. Меѓутоа, Господ јасно го одредил делото кое адвентистите на седмиот ден треба да го извршат. Треба да одржуваат состаноци под ведро небо и под шатори, објавувајќи ја вистината за ова време. Треба да изнесуваме одредено и одлучно сведоштво. Нашите говори мораат да бидат толку едноставни за да можат и децата да ги разберат. {8C 184.3}

### Помагање или пречење на Господа

Меѓу тие што сакаат да се посветат на здравствено-мисионерската работа има такви кои се во опасност да се поведат по погрешни мислења примени во нивното поранешно воспитување. Тие треба да се управуваат според начелата поставени во Божјото Слово, инаку делото ќе биде попречено од нивните поранешни мисли. Ако работиме со сите посветени сили што Бог ни ги дал, ако својата волја ја потчинуваме на Божјата волја, ако секој ден го распнуваме своето „јас“, тогаш нашата работа ќе донесе добри пло-дови. Ќе одиме напред во верата, знаејќи дека Господ ветил дека ќе го преземе делото што

Му е доверено и дека ќе го изврши, бидејќи Тој никогаш не греши ниту доживува неуспех. {8C 185.1}

Господовите слуги се само повереници. Господ ќе работи преку нив кога ќе Му се предадат целосно и ќе се потчинат на делувањето на Светиот Дух. Кога преку вера луѓето се предаваат во Господови раце, велејќи: „Еве ме, прати ме мене“, Тој ќе ги прими во Своја служба. Но луѓето не смеат да пречат на Неговите планови со своите славољубиви изуми. Господ со години „имаше спор“ со Својот народ, затоа што луѓето се поведуваа по својот сопствен суд и не се потпираа на божествената мудрост. Работниците мора да внимаваат да не застанат на Господовиот пат, спречувајќи го напредокот на Неговото дело, мислејќи дека нивната мудрост е доволна за да имаат успех во планирање и во остварување на делото. Ако го направат тоа, Господ ќе ги исправи нивните грешки. Тој со Својот божествен Дух ги просветлува и обучува Своите работници. Тој креира Свои провиденија за да го извршува Своето дело според Неговиот ум и волја. {8C 185.2}

## Божјата намера за Неговите работници

Ако луѓето се понизат пред Бога, ако својот суд не го воздигнуваат како сè одлучувачки, ако дадат можност на Господа да планира и работи, Тој ќе ги искористи способностите кои им ги дал на начин со кој ќе се прослави Неговото име. Тој ќе ги очисти Своите работници од секоја себичност, ќе се отсечат лозите кои се обвиткувале околу не-сакани цели и ќе се исчисти чокотот за да донесе род. Господ е големиот Лозар. На Својата голема цел на развивање и донесување на плод, Тој ќе потчини сè во животот на оние што работат заедно со Христа. Негов план е да ги оспособи Своите слуги за обилно донесување род, прилагодувајќи ги на Христовиот лик и правејќи ги соучесници во божествената природа. Тој сака сите припадници на Неговиот народ со вистинско искуство во вистината на евангелието да станат вистински, сигурни (сериозни), делотворни мисионери. Тој сака тие да покажат многу повоздигнати, посветли и поодредени достигнувања отколку што се покажале во нашите денови. {8C 186.1}

Грнчарот зема глина во своите раце, обработувајќи ја и обликувајќи ја по своја волја. Тој ја меси и обликува, ја одвојува и повторно ја спојува. Ја навлажнува и ја суши. Ја остава да лежи некое време не допирајќи ја. И кога ќе стане потполно еластична, тој продолжува со работа и од неа изработува сад. Најпосле и го дава вистинскиот облик, и на колцето ја украсува и мазни. Ја суши на сонце и ја пече во печка. Така се добива сад соодветен за употреба. Така и големиот Мајстор сака да нè оформи. Ние сме во Неговите раце исто што е и глината во рацете на грнчарот. Не смееме да се обидуваме да ја вршиме работата на грнчарот. Наша задача е да му се предадеме на Големиот Мајстор да нè оформи. {8C 186.2}

## Потреба за мудри советници

Господ одредил лекарите во санаториумите да бидат верни стражари. Бог сака преку нив да го изврши делото кое мора да се изврши во таа установа. Тие треба да бидат твои помошници. Преку нив треба да се врши спасоносно влијание на напатеното човештво. {8C 187.1}

Но на тебе, покрај соработниците, ти бил потребен и советот на другите. Покрај тебе биле свежи, и нови мисли, бидејќи сите твои планови немале Божја потврда. Ти толку си влијаел на тие што биле твои соработници во здравствено-мисионерската работа додека сите заедно не сте станале како луѓе изгубени во маглата на неизвесноста. {8C 187.2}

Господ ми покажа дека ќе дојдеш во искушение здравствено -мисионерската работа да ја направиш независна од Конференцијата. Но тој план не бил исправен. Ми беше покажано дека не можеш да планираш како што тоа го правеше до сега, ниту да ги остваруваш своите идеи, а со тоа да не наштетиш на себе и на Божјото дело. {8C 187.3}

**Божествен помошник**

Брате мој, ти како хирург си морал да ги лечиш најкритичните случаеви и понекогаш те обземал страв. За да ги извршиш тие тешки должности, си морал да работиш брзо и да не направиш ниту една погрешна постапка. Многу пати си морал од една задача да одиш веднаш на друга! Кој бил покрај тебе додека си ги вршел тие критични операции? Кој во овие кризи го чувал твојот мир и твојата присебност, кој ти давал сигурно око, брзина, остроумност, вешта прецизност, брзина за одлучување и јаки нерви? Господ Исус ти го праќал Својот ангел да биде покрај тебе упатувајќи те како треба да работиш. Твојата рака ја водела една друга рака. Исус раководел со твоите инструменти, а не ти самиот. Ти понекогаш си го чувствувал ова, па одеднаш си станувал чудесно спокоен. Не си се осмелувал да пребрзуваш, но сепак си работел брзо, знаејќи дека ниеден миг не смее да се изгуби. {8C 187.4}

Господ многу те благословил. Си бил воден од божествена рака. Другите кои не знаеле дека те води Семожниот сета слава ти ја препишувале на тебе. Прочуени лекари присуствувале на твоите операции и ја фалеле твојата вештина. А тебе тоа ти одговарало. Бог мошне те почестил, но не за да се слави твоето име, туку Неговото; но ти не беше секогаш во состојба да го издржиш Неговиот поглед. Сакаше да се истакнеш и не се потпираше на Бога секогаш. Не беше подготвен да ги послушаш советите на Божјите слуги. Многу работи си планирал според свое лично мислење. Господ сака да ги почитуваш проповедниците на евангелието. Токму во тоа време кога ти беше потребно јасно сфаќање, за да не гледаш само на една гранка од делото, туку на сите, за советници одбра луѓе кои се под Божји укор. Беше подготвен да се поврзеш со нив под услов да ги поддржат твоите предлози. {8C 188.1}

Да бараше мудрост од Господа во молитва и посветеност и да се препуштеше на Негово водство, немаше да започнеш многу потфати што не се преземени со Божја волја, туку со човечка. На тебе е доверена една должност. Меѓутоа, ти запоставуваше мошне значајни нешта за да се посветиш на безначајни прашања без совет од Господа или своите браќа. Твоите браќа можеа да те советуваат, но ти го отфрлаше секој збор што беше во спротивност со твоите планови. Затоа западна во тешка положба. Да се држеше на делото што ти е наменето, Бог, како на свој соработник би ти дал уште повеќе успеси. {8C 188.2}

Господ сака да се согласиш со другите. Ако некогаш Неговите слуги не се согласувале со тебе, тоа е она што токму Бог го бараше од нив. Но ти ги прими нивните совети на таков начин што тие после тоа молчеа кога требаше да зборуваат. Бог сака тие што ги поставил на одговорни положби да вршат правда и суд во сета мудрост. {8C 189.1}

## Товари што Господ не ги дал

Господ ти довери дело што не треба да се извршува нагло, туку спокојно и внимателно. Господ никогаш не ги тера луѓето на нагли и непромислени постапки. Но ти на себе си примил многу одговорности што не ти ги наменил Господ, милостивиот Татко. На тебе навалуваат должности една по друга кои Тој никогаш не ти ги дал да ги вршиш. Неговите слуги никогаш не смеат да остават една работа незавршена за да почнат со друга. Тој што работи спокојно и во страв Божји никогаш нема да работи без размислување, плашејќи се да не го попречи очекуваниот план. {8С 189.2}

Господ не ги стави на тебе сите товари што ги носеше. Целото поле ги чувствува последиците на твојата преоптовареност. Да останеше на задачата која ти е наменета, работејќи за оние до кои Господ сака, со помош на санаториумите, да допре со сегашната вистина, со Неговата вест која мораме да ја објавиме на светот, ќе постигнеше многу повеќе во запознавањето на луѓето на високи положби со избраниот Божји народ. Со многу повеќе успех би се покажале патиштата, делата и силата Божји. Санаториумот треба да биде Негов сведок за вистината која воздигнува и облагородува. Брате мој, Господ те направи почесно орудие. Тој никогаш не ти даде за должност ниедна задача што би ја спречувала твојата работа во институцијата која мора да сведочи за вистината и да изврши едно дело за Бога, осветлувајќи го патот на илјадници луѓе. {8С 189.3}

Ти треба да работиш на едно свето и големо дело. Ако верно останеш на задачата што ти е наменета, вештината што ти е дадена ќе ти овозможи да работиш брзо, а никогаш да не изгледа дека си во некое трескавично брзање. Ако ги отвориш очите, ќе видиш во колку голема немаштија се мисионерските полиња. Ќе видиш дека работниците во нив наидуваат на пречки при секој чекор, додека Господовите пари се трошат на домашни потфати и институции, при што е изгубена од вид веста која треба да се објави на светот. {8С 190.1}

Бог повикува луѓе со различни способности да бидат Негови соработници. Еден човек не е овластен на себе да прими премногу одговорности. Господ сака лекарот од кого зависат толку многу нешта да биде толку поврзан со Него, што неговиот дух нема да се иритира со безначајни нешта. Тој сака ти, непопречуван од никакви незначајни нешта, да бидеш еден од најделотворните работници во лекарскиот повик, знаејќи дека покрај себе имаш Советник што те поддржува и храбри, давајќи спокојство и мир на твојата душа. Трескавичноста на умот и несигурноста на духот можат раката да ја направат несигурна. Кога Христос ќе ја допре раката на лекарот, таа станува витална, смирена, доверлива и силна. {8С 190.2}

Ти пишувам како што мајка би му пишувала на својот син. Би сакала да ти помогнам ако можам. Би дошла лично да те видам, кога би почувствувала дека треба да го напуштам делото во Австралија, но не се осмелувам да го направам тоа. Негуваше надежи и создаваше планови не мислејќи како ќе ја довршиш својата кула. Бидејќи ја познавам работата, зашто ми беше дозволено да ги видам резултатите на работата што си ја преземал, те повикувам да застанеш и да размислиш. Бог ја познава твојата градба. Тој знае дека си само прав. Нема сомнеж дека често ќе ти биде потребен совет, не само од тие што те храбреа да му се посветиш на делото што го сметаш за толку значајно, туку исто така и совет од луѓе што денес се во состојба појасно од тебе да ги согледаат последиците што ќе произлезат од некои потфати. {8С 190.3}

Немој опомените што сè уште не ги сфаќаш да ги отфрлиш како безначајни. Ако ги примиш опомените што ти се пратени, ќе бидеш спасен од многу искушенија. {8C 191.1}

Извадок од едно писмо пишувано 1899. година во Велингтон, Нов Зеланд Не смееме да дозволиме нашите грижи и разочарувања да ја нагризуваат нашата душа и да нè направат нетрпеливи и нерасположени. Не треба да дозволиме да дојде до кавги, озборувања и лоши мисли, бидејќи со тоа го навредуваме Бога. Брате мој, ако го отвориш своето срце на зависта, злобата и сомнежот, Светиот Дух нема да може да престојува во тебе. Копнеј за полнотата што е во Христа. Работи како што работел Тој. Откривај го Него со секој збор и со секое свое дело. Секојдневно ти е потребно крштавање во љубовта што апостолите во нивно време ги направило еднодушни. Оваа љубов му донесува здравје на телото, умот и душата. Опкружи ја својата душа со атмосфера која го засилува духовниот живот. Негувај вера, надеж, храброст и љубов. Божји мир нека завладее во твоето срце. Тогаш ќе бидеш во состојба да ги извршиш своите обврски. Светиот Дух ќе ти даде божествена делотворност, мирно и прибрано достоинство и ќе имаш успех во сите свои напори за ублажување на човечките страдања. Со тоа ќе посведочиш дека си бил со Исуса. {8C 191.2}

## ДРАГОЦЕНОСТА НА БОЖЈОТО СЛОВО

Оукленд, Калифорнија, 13. јуни 1901.

*До еден лекар и до неговата сопруга –*

Драги брате и сестро, нашето патување дома беше мошне удобно. Присуствував на состаноци во многу места. Се изненадив кога во Индијанаполис затекнав толку голем број верници. Таму зборував двапати. Господ ми даде вест за народот слична на веста што ја примив во Батл Крик заради грешките што се појавија меѓу нив. Народот со задоволство го слушаше и прифаќаше словото. {8C 192.1}

Ако во нашите редови се појават заблуди, немојте заради тоа да се впуштате во расправија. Треба верно да се објави веста на опомена и потоа луѓето да се одвратуваат од невистинските и погрешни сфаќања, прикажувајќи ја вистината наспроти заблудата. Прикажувањето на небесните работи на умот ќе му ги откријат начелата што се основани на темелот траен како вечноста. {8C 192.2}

Најдобра служба за Учителот вршат тие верници чиишто христијански сведоштва се постојани и цврсти и чиј карактер е неколеблив. Нив ништо не може да ги одвои од верата. Ним вистината им е драгоцено богатство. {8C 192.3}

Божјата вистина се наоѓа во Неговото слово. Тие што мислат дека мораат сегашната вистина да ја бараат на некое друго место треба повторно да се обратат. Тие мораат да ги остават своите лоши навики и зли патишта и повторно да ја побараат вистината каква што е во Исуса, за зградата на нивниот карактер да биде во согласност со Христовите поуки. И кога ќе ги отфрлат своите човечки сфаќања и ја прифатат должноста што Бог им ја одредил, кога ќе се угледаат на Христа и кога ќе станат слични на Неговиот лик, тие ќе кажат: „Поблиску, Боже мој, до Тебе; сè поблиску до тебе”. {8C 192.4}

Имајќи го Божјото слово в раце, ние можеме чекор по чекор сè повеќе да се приближуваме на Исуса во посветена љубов. Кога ќе се запознаеме со Божјиот Дух подобро, Библијата ќе биде примена како единствен темел на верата. Народот Божји ќе

го прими Божјото Слово како лисја од дрвото на животот, таа ќе му биде подрагоцена од злато пречистено во оган и ќе има сила да посвети, сила поголема од било кое друго средство. {8C 192.5}

Награда за верно проучување на Божјото Слово Христос и Неговото Слово се во совршена хармонија. Ако ги примиме и им се покориме, тие претставуваат сигурен пат за сите оние што сакаат да одат во светлина како што Христос е во светлина. Кога Божјиот народ би го ценел Неговото слово, црквата би била небо на земјата. Христијаните би биле гладни и жедни за истражување на Словото. Тие одвај би чекале да им се даде прилика да споредуваат еден дел од Светото Писмо со друг и да размислуваат за Словото. Тие многу повеќе би ја сакале светлината на Божјото Слово отколку весниците, списанијата и романите. Нивна најголема желба би била да се хранат со телото и ја пијат крвта на Божјиот Син. А како последица на тоа нивниот живот би се усогласил на начелата и ветувањата во Божјото Слово. Нејзините поуки за нив би биле лисја од дрвото на животот. Таа во нив би била извор на жива вода што тече во вечен живот. Освежувачките дождови на благодатта би ја поткрепиле и оживеале душата и тие би ги заборавиле сите маки и неволји. Зборовите на вдахновението би ги зајакнале и охрабриле. {8C 193.1}

Проповедниците би биле вдахновени со божествена вера. Срдечноста би била белег на нивните молитви кои би биле исполнети со божествено сведоштво за вистината. Во сончевата светлина на небото заморот би бил заборавен. Вистината би била вткаена во нивните животи, а нејзините небесни начела би биле како свежа, истечна река која постојано ја гаси жедта на нивните души. {8C 193.2}

Христовата филозофија е правило на христијанскиот живот. Целото битие е проникнато со животворните начела на небото. Нештата од животот на кои многу луѓе го трошат своето време се набираат во своето соодветно место пред здравата, посветувачка библиска побожност. {8C 193.3}

Библијата, и само Библијата може да доведе до тој посакуван резултат. Таа е мудрост и Божја сила и со сета сила дејствува на срцето кое сака да ја прими. О, какви височини би можеле да достигнеме кога својата волја би ја усогласиле со Божјата волја! Божјата сила ни е потребна, каде и да се наоѓаме. Црквата е слаба и рамнодушна заради површноста што ја оптоварува. Таткото, Синот и Светиот Дух копнеат за канали преку кои на светот ќе му ги соопштат божествените начела на вистината. {8C 194.1}

Можат да се појави вештачки светилки, тврдејќи дека доаѓаат од небото, но тие не можат да светат како ѕвездата на светоста, како ѕвезда со небесен сјај, ниту можат да го доведат патникот и странецот во Божјиот град. Лажните вести ќе го заземат местото на вистинската светлина и многу души за извесно време ќе бидат измамени. Да не даде Бог такво нешто да ни се случи нам. Вистинската божествена светлина сега светли и ќе ги осветли душите чии прозорци се отворени кон небото. {8C 194.2}

## ДЕЛО ЗА ОВА ВРЕМЕ

Св. Елена, Калифорнија, 25. јуни 1903.

*До лекарите во нашиот санаториум –*

Драги браќа, тие што се наоѓаат на одговорни положби во Божјото дело се прикажани како стражари на ѕидовите на Сион. Бог ги повикува да затрубат на труба и да викаат, гласно предупредувајќи ги луѓето за опасноста, за сите да слушнат јасно. Денот на неволји, пустошења и погибел доаѓа за сите оние што вршат беззаконие. Господовата рака нарочно тешко ќе ги погоди стражарите кои на народот не му ги изложиле јасно обврските кон Оној чијашто сопственост сме сите по создавањето и по откупувањето. {8C 195.1}

Драги браќа, Господ ве повикува на строго испитување на срцето. Тој ве повикува вистината да ја „украсувате“ со својот секојдневен живот и со своите постапки. Тој од вас бара вера која работи преку љубовта и која ја прочистува душата. За вас е мошне опасно да играте со светите барања на совеста и дадете пример што другите ќе ги наведе на лош пат. {8C 195.2}

Христијаните, каде и да одат, треба да го носат со себе слаткиот мирис на Христовата праведност, покажувајќи дека одговараат на повикот: „Поучете се од Мене, бидејќи сум кроток и смирен по срце, и ќе најдете спокојство за душите ваши“ (Матеј 11:29). Дали во Христовата школа секојдневно учите како да го отфрлите сомнежот и како кон своите браќа да станете искрени и благородни, заради самите вас и заради Христа? {8C 195.3}

Сегашната вистина води напред, сè повеќе кон небото и ги собира сиромашните, угнетените, патниците и отфрлените. Кон стадото треба да се доведат сите што сакаат да дојдат. Во нивните животи мора да дојде до преобразба која ќе ги направи членови на царското семејство, деца на небесниот Цар. Кога ќе ја чујат веста на вистината, мажите и жените ќе бидат наведени да ја примат саботата и по пат на крштавање да се соединат со црквата. Празнувајќи ја саботата како спомен на создавањето тие треба да го примат Божјиот знак (печат), и да дознаат дека покорувањето на Божјите заповеди значи вечен живот. {8C 195.4}

Парите и ревната работа можат со сигурност да се вложуваат во таквото дело, бидејќи тоа е делото кое ќе опстане. Така тие што биле мртви во престапот и гревот се донесени во заедница со светите и се седнати во небесните места со Христа. Нивните нозе се поставуваат на сигурен темел. Тие се оспособуваат да достигнат високо мерило, дури и највисоката висина на верата, бидејќи христијаните ја израмниле патеката за нивните нозе, да не се сопне тоа што е хромо. {8C 196.1}

Секоја црква треба да се залага за оние кои припаѓаат на нејзините сопствени граници, како и за тие кои се надвор од нејзините граници. Верниците треба да блескаат како живи камења во Божјиот храм, одблеснувајќи ја небесната светлина. Ништо не смее да биде направено површно, случајно, непромислено. За да се спасат душите од работ на смртта, не е доволна само молитвата за пијаницата и потоа да го сметаме за спасен само затоа што тој плаче и го признава порокот на својата душа. Битката мора постојано и непрекинато да се води. {8C 196.2}

Членовите на секоја црква мораат заложувањето за оние кои се наоѓаат во нивното соседство да го сметаат за посебна должност. Секој кој тврди дека стои под Христовото знаме мора да смета дека стапил во заветен однос со Бога за да го врши делото на Спасителот. На оние кои се прифаќаат за тоа Божјо дело не треба да им досади да прават добро. Кога откупените ќе застанат пред Бог, меѓу нив ќе се наоѓаат драгоцени души кои ќе ги спомнуваат имињата на оние што вложувале верни и трпеливи напори поради нив, преколнувајќи ги срдечно да се заштитат во Тврдината. Така ќе бидат наградени оние кои во овој свет биле Божји помошници. {8C 196.3}

Проповедниците на популарните цркви нема да дозволат од нивните проповедални да се објавува вистината на народот. Непријателот ги поттикнува да се противат на вистината со огорченост и лукавство. Измислуваат лаги. Се повторува Христовото искуство со еврејските поглавари. Сатаната се труди да го замрачи секој зрак на светлина со кој Бог го осветлува Својот народ. Тој денес работи преку проповедиците како што во Христовите денови работел преку свештениците и поглаварите. Зар тие што ја познаваат вистината ќе му се придружат на сатаната, за да прават пречки, да создаваат забуна и да ги отфрлат тие што се трудат да работат на Божјиот одреден начин за напредок на Неговото дело, да го подигнат знамето на вистината во неосветлените области? {8C 197.1}

## Наша вест

Веста на Третиот ангел, вклучувајќи ја и веста на Првиот и Вториот ангел, претставува порака за ова време. Знамето на коешто пишува „Божјите заповеди и Исусовата вера“ треба високо да се крене. Светот наскоро, кога ќе ја помине границата на газењето на Божјиот закон, ќе биде соочен со големиот Законодавец. Сега не е време до го губиме од вид големиот исход кој е пред нас. Бог го повикува Својот народ да го возвеличи и прослави Неговиот закон. {8C 197.2}

Кога пееле заедно утринските ѕвезди и кога сите синови Божји воскликнувале од радост, саботата била дадена на човекот за тој секогаш да се сеќава дека Бог за шест дена го создал светот. Тој се одморил во седмиот ден, благословувајќи го како ден за Свој одмор и го подарил на суштествата што ги создал за да се сеќаваат на Него како на вистински и жив Бог. Бог со Својата моќна сила, и покрај противењето на фараонот, го избавил Својот народ од Египет, за да му овозможи да го исполнува законот кој бил даден уште во Едем и го довел на Синај за да го слушне прогласувањето на тој закон. {8C 197.3}

Објавувајќи ги на Израиловите синови десетте заповеди со сопствениот глас, Бог со тоа го покажал нивното значење. Тој со страшна величественост го покажал Својот возвишен авторитет како владетел на Светот. Бог го направил тоа за на Својот народ живо да му го втисне сеќавањето за светоста на Својот закон и важноста за покорувањето на истиот. Силата и славата прикажани при објавувањето на тој закон укажуваат колку тој е важен и значаен. Тоа е верата која Христос, нашиот Откупител, еднаш засекогаш ја дал на светиите говорејќи од Синајската гора. {8C 198.1}

## Знакот на нашето сродство со Бога

Со празнувањето на саботата Израеловите синови се разликувале од сите други народи. „Пазете ги саботите Мои,“ кажал Христос, „зашто таа е знак меѓу Мене и вас од колено до колено, за да знаете дека Јас сум Господ, Кој ве посветува. Таа е знак меѓу Мене и синовите Израилеви довека; зашто во шест дена ги создаде Господ небото и земјата, а во седмиот ден си отпочина и се одмори. Затоа синовите Израилеви нека ги пазат саботите, празнувајќи ги од поколение во поколение, како вечен завет“ (Излез 31:13,17,16). {8C 198.2}

Саботата е знак на сродството кое постои помеѓу Бога и Неговиот народ - знак дека тие се Негови послушни поданици, Кои го исполнуваат Неговиот свет закон. Празнувањето на саботата е начин кој Бог го одредил за да се сочува знаењето за Него и за Неговите верни поданици да се разликуваат од престапниците. Тоа е верата која еднаш засекогаш е дадена на светиите, кои во морална сила стојат пред светот, цврсто чувајќи ја таа вера. {8C 198.3}

При објавувањето на веста на Третиот ангел ќе наидеме на противење. Сатаната ќе се служи со сите можни лукавства за да го оневозможи влијанието на верата која еднаш за секогаш е дадена на светиите. „И мнозина ќе појдат по нивните нечистотии, и поради нив патот на вистината ќе биде похулен. И во лакомство ќе ве искористуваат со измамливи зборови; но нивното осудување е одамна готово, и нивната погибел не дреме“ (2. Петрово 2:2,3). Но и покрај противењето, сепак сите ќе ги слушнаат зборовите на вистината. {8C 199.1}

Божјиот закон е темел на секоја трајна реформација. Со јасен, разбирлив јазик мораме да му покажеме на светот на потребното покорување на тој закон. Покорувањето на Божјиот закон е најголем поттик за трудољубивост, штедливост, вистинољубивост и праведен однос меѓу луѓето. {8C 199.2}

Божјиот закон мора да биде воспитно средство во семејството. На родителите лежи најголема обврска да го почитуваат тој закон, давајќи им на своите деца пример на најчиста чесност. Луѓето на одговорни положби, чиешто влијание е далекусежно, мораат будно да внимаваат на своите патишта и своите дела, имајќи го секогаш пред себе стравот Господов. „Почеток на мудроста е стравот од Господа“ (Псалм 111:10). Оние што ревно го слушаат Господовиот глас и радосно ги исполнуваат Неговите заповеди, ќе бидат меѓу оние кои ќе го видат Бога. „Господ ни заповеда да ги исполнуваме сите овие наредби, да се боиме од Господа, нашиот Бог, за да бидеме секогаш среќни и за да живееме, како што е тоа денес. И тоа ќе биде наша праведност: да ги пазиме и да ги вршиме сите овие заповеди пред Господа, нашиот Бог, како што ни нареди“ (Второзаконие 6:24,25). {8C 199.3}

Ние коишто веруваме во вистината должни сме да му ја прикажеме на светот непроменливоста на Божјиот закон. Заветот направен со Бога ги обврзува сите проповедници и учители, лекари и болничари, да ја истакнуваат важноста и значењето на покорувањето на Неговиот закон. Ние мораме да се распознаваме и одликуваме како народ кој ги држи Божјите заповеди. Господ изрично кажал дека едно одредено дело мора да се изврши за овој свет. Како тоа ќе биде извршено? Да се трудиме да пронајдеме најдобар начин, а потоа да ја исполнуваме Господовата волја. {8C 199.4}

Овој свет е училиште во кое се подготвуваме за повозвишеното училиште, овој живот е подготовка за идниот живот. Овде мораме да се подготвуваме за влегување во небесните дворови. Овде мораме да ја примиме вистината, да веруваме во неа и да ја спроведуваме во дело, сè додека не станеме подготвени за домот со светиите во светлината. {8C 200.1}

Нашите санаториуми треба да се основаат со една одредена цел - со цел објавување на вистината за ова време. Со нив треба така да се управува за во помнењето на оние кои доаѓаат на лекување да остане поволен впечаток за вистината. Однесувањето на секој работник треба да сведочи во корист на вистината. Ние мораме на светот да му ја објавиме веста на предупредување и нашата ревност и преданост на Божјата служба треба да сведочат во корист на вистината. {8C 200.2}

## ПОШИРОК ПРЕГЛЕД

Св. Елена, Калифорнија, 30. октомври 1903.

*До здравствените мисионери –*

Христос, големиот Здравствен Мисионер, дошол на нашиот свет како идеал на сета вистина. Вистината никогаш не ја губела својата сила на Неговите усни, никогаш не страдала во Неговите раце. Од Неговите усни излегувале зборови на вистина со свежина и сила на едно ново откровение. Тој ги откривал тајните на небесното царство, изнесувајќи ги еден по друг скапоценостите на вистината. {8C 201.1}

Христос зборувал со авторитет. Секоја вистина важна за луѓето, Тој ја проповедал со непоколеблива уверливост на сигурно познавање. Никогаш не зборувал за нешто невистинско или необично, ниту неприродно се разнежнувал. Не ги изнесувал извештачено доказите ниту човечките мислења. Од Неговите усни никогаш не излегувале залудни приказни ниту лажни теории наметнати со прекрасни привлечни зборови. Неговите излагања ја откривале само вистината потврдена со лично сознание. Тој однапред ги видел лажните учења кои ќе се појават во светот и ги најавил, но не ги објаснувал. Неговите поуки се однесувале на непроменливите начела на Божјото Слово. Ги издигнувал едноставните, практични вистини кои обичните луѓе можат да ги сфатат и да ги внесат во своите се-којдневни искуства. {8C 201.2}

Христос можел да им ги открие на луѓето најдлабоките начела на вистината. Можел да ги изнесе на виделина тајните во кои луѓето проникнале дури после вековен труд и истражувања. Можел да најави научни појави кои до крајот на времето би ги хранеле мислите и би давале поттик на пронаоѓачите. Но не го направил тоа. Тој никогаш не зборувал за да ја задоволи љубопитноста ниту со отворањето на вратата кон земна големина да го задоволи човечкото славољубие. Во сите свои учења Христос ги доведувал мислите на луѓето во врска со мислите на Бесконечниот. Тој не ги упатувал луѓето да ги проучуваат човечките теории за Бога, Неговото слово и Неговите дела. Ги учел да го гледаат Бога како што е откриен во Неговите дела, Неговите зборови и Неговото провидение. {8C 201.3}

### Христовата победа над неверието

Божјиот Син, додека бил на земјата, исто така бил и човечки Син; меѓутоа, сепак имало моменти во кои засветувала Неговата божествена природа. Така било кога му рекол на фатениот: „Не плаши се чедо! Ти се простуваат гревовите твои“ (Матеј 9:2). {8C 202.1}

„Таму седеа некои од книжниците и си помислија“ не отворено, туку „во срцата свои велејќи: ‘Кој е Овој што хули на Бога? Кој може да простува гревови освен Единиот Бог?“ (Марко 2:6; Лука 5:21). {8C 202.2}

„А Исус штом ги разбра нивните мисли, им рече: ‘Зошто мислите лошо во срцата ваши? Што е полесно да се каже: Ти се простуваат гревовите! или да се каже: Стани и оди!? Но да знаете дека Синот Човечки има власт на земјата да простува гревови.’ Тогаш му рече на фатениот: ‘Стани, земи си ја постелата и оди си дома’“ (Матеј 9:4-6). {8C 202.3}

Големиот Мисионер и Исцелител му ги простил гревовите на фатениот и го довел кај Бога како човек на кого му е простено. Но и телесно го исцелил. Бог на Својот Син му ја дал силата на вечниот престол. Иако Христос настапил во сопствена личност, Тој истовремено отсјајувал со светлината што Му ја давало Неговото почесно место во сјајот на вечниот престол. {8C 202.4}

Во една друга прилика, Христос во молитва побарал: „Татко, прослави го името Свое!“ Како одговор дошол глас од небото, велејќи: „Го прославив и пак ќе го прославам“ (Јован 12:28). {8C 202.5}

И кога тој глас не ги навел луѓето на покајание, кога таа сила што Христос ја откривал во силните чуда не ги натерала Евреите да поверуваат, не треба да се чудиме што и денес наидуваме на мажи и жени кои поради постојано дружење со неверните доаѓаат во опасност да изразат исто неверие како и Евреите, покажувајќи иста изопаченост на сфаќањата. {8C 202.6}

Станав неизречно тажна кога помислив за тоа што ми е откриено во поглед на состојбата на црквата во Батл Крик и останатите центри на нашето дело во кои светеше голема светлина. Порано, кога се укажуваше дека нешто не е во ред, луѓето сфаќаа дека тоа навистина не е добро, потоа доаѓаше до признание, покајание и целосна реформа. Но во последно време нема верни слуги за да го искоренат злото што требаше да се искорени. Зар тогаш да се чудиме што владее толкаво духовно слепило? {8C 203.1}

Тие што се посветиле на проповедање на евангелието треба од Христа да се учат на Неговата кротост и понизност и потполно да се обратат, за на светот мртов во грев и престап со личниот живот да му посведочат дека повторно се родиле. И на здравствено-мисионерските работници исто така им е потребно обратување. Кога ќе бидат обратени, нивното влијание ќе биде сила на добро во овој свет. Тие ќе бидат подготвени да примат совети и помош од своите браќа, затоа што се посветиле на вистината. Секој ден од небото ќе примат изобилство на благослови за да ги даваат на другите. {8C 203.2}

На секој свој поставен застапник Господ му упатува порака: „Заземи го местото што должноста ти го налага и стани одлучно за правдата”. Бев поучена да им кажам на сите: „Побарајте го своето место. Не се поведувајте по чудните мислења на луѓето кои Бог не ги поучил. Христос чека да ве упати во тоа што е небесно, чека да го оживее вашиот духовен пулс за нова дејност. Немојте возвишените барања на идниот, вечен живот да ги подредувате на обични земни работи. ‘Не можете да им служите на Бог и на Мамон’ (Матеј 6:24). Пробудете се браќа, пробудете се”. {8C 203.3}

Луѓето не го сфаќаат значењето на евангелско здравствено-мисионерската работа. Здравствено-мисионерската работа на која се повикувам обележена е уште во налогот што Христос им го дал на Своите ученици пред Своето вознесение: „Ми се даде секаква власт на небото и на земјата“, рекол Тој. „Одете и научете ги сите народи, крштавајќи ги во името на Таткото, и Синот, и Светиот Дух, и учејќи ги да пазат сè што сум ви заповедал; и ете, Јас сум со вас преку сите дни до крајот на светот“ (Матеј 28:18-20). {8C 204.1}

Овие зборови го означуваат нашето работно поле и нашето дело. Наше поле е целиот свет; наше дело е проповедање на вистината заради која Христос дошол на земјата. На мажите и жените треба да им се даде прилика да се запознаат со сегашната вистина, прилика да дознаат дека Христос е нивен Спасител, дека „Бог толку го возљуби светот, што Го даде Својот Единороден Син, та секој што верува во Него да не загине, туку да има вечен живот“ (Јован 3:16). {8C 204.2}

## Опомена против централизација

Христос со Своето мисионерско дело го опфатил целиот свет и според откровението што Господ ми го даде не е Негов план да се создаваат големи центри, да се формираат огромни централизирани институции и парите што се собрани од нашиот народ од сите делови на светот да се трошат на издржување на неколку такви институции, кога потребите на ова време бараат да се дејствува во многу места, штом провидението ќе отвори пат за тоа. Наши институции треба да се формираат во разни места низ целиот свет. Прво треба да се влезе во еден, а потоа во друг дел на лозјето, додека најпосле сè не се обработи. Најголеми напори треба да се вложуваат таму каде што и потребата е најголема. Но ние не можеме да ја водиме оваа голема борба ако ги трошиме парите на претерани издатоци во неколку места. {8C 204.3}

Санаториумот во Батл Крик е преголем. Ќе бидат потребни голем број работници кои ќе се грижат за идните пациенти. За во еден здравствен-мисионерски центар да се постигне успех во него би морало да има десет пати помалку пациенти отколку што ги има во оваа институција. Центри треба да се формираат во сите градови што не се запознаени со големото дело што треба да се изврши според Господовата волја за на светот да му се објави опомената дека крајот е пред вратите. „Премногу е натрупано на едно место“, вели Големиот Учител. {8C 205.1}

Тие што се оспособиле за здравствено-мисионерска работа во странски земји треба да одат таму каде што се надеваат дека ќе можат да најдат поле на работа и да започнат да работат меѓу народот, учејќи го јазикот во текот на самото работење. Тие набргу ќе се уверат дека можат да го поучуваат народот на едноставните вистини на Божјото Слово. {8C 205.2}

## Запоставено поле во наша близина

Во оваа земја постои едно големо необработено поле. Припадниците на обоената раса, кои ги има илјадници, го повикуваат секој вистински и делотворен христијанин да им укаже љубов и внимание. Тие не живеат во некоја далечна странска земја и не се поклонуваат на идоли од дрва и камења. Тие живеат меѓу нас и Господ со сведоштвата на Својот Дух повеќе пати ни го свртуваше вниманието на нив, зборувајќи ни дека тие човечки суштества се запоставени. Тоа големо поле лежи необработено пред нас, барајќи ја светлината што Господ ни ја доверил. {8C 205.3}

## ХРИСТОС - НАШ ПРИМЕР

Св. Елена, Калифорнија 30. октомври 1903.

*До здравствените мисионери –*

На здравствено-мисионерските работници најпотребно им е водство од Светиот Дух. Умот на тие што работат како што работел Христос, големиот Учител и Мисионер, мора да биде насочен на духовни нешта. Но не сите што работат во здравствено-мисионерското дело го воздигаат Бога и Неговата вистина. Не се потчинуваат сите на

водството на Светиот Дух. Некои на овој темел ставиле дрво, сено и слама - материјали кои нема да го издржат искушувањето со оган. {8C 206.1}

Му се молам на Бога да ми подари сила за да ви покажам што ја сочинува здравствено-мисионерската работа. Таа е една голема и значајна гранка на делото што ни е наменето. Но мнозина ги изгубија од вид чистите и благородни начела што претставуваат прифатлива основа за здравствено-мисионерската работа. Пред една година во својот дневник го запишав следново - {8C 206.2}

29. Октомври 1902. година. Ова утро се пробудив рано. Откако најсрдечно се помолив за мудрост и бистрина на умот, за да можам добро да го изразам сѐ она што ми беше покажано, напишав околу десет страници на поуки. Знам дека Господ ми помогна на хартија да ставам значајни работи што треба да му се предочат на Неговиот народ. {8C 206.3}

За време на тоа пишување јас сум мошне чувствителена, но кога ќе ги запишам поуките, за мојот ум настапува олеснување, бидејќи знам дека тоа што ми беше покажано нема да биде изгубено, иако тоа може да исчезне од моето сеќавање. Само тие што сфаќаат дека крстот е центар на надеж на човечкиот род можат да го разберат евангелието што Христос го учел. Тој не дошол на овој свет со ниедна друга цел освен човекот да го стави во поволна положба пред светот и пред целата вселена. Тој дошол да посведочи дека паднатите човечки суштества со вера во Неговата сила и делотворност како Божји Син можат да станат соучесници во божествената природа. Тој е единствениот кој можел да го оствари помирувањето за грешниците и на паднатиот човечки род да му ја отвори вратата на рајот. Тој не земал на себе ангелска природа, туку човечка природа, и во овој свет живеел неизвалкан со грев. „И словото стана тело и се всели меѓу нас, полно со благодат и вистина; и ние ја видовме Неговата слава, слава како на Единороден од Таткото". „А на сите што Го примија на сите што веруваа во Неговото име им даде моќ да станат чеда Божји" (Јован 1:14,12). {8C 206.4}

Со Својот живот и со Својата смрт Христос нѐ учи дека човекот може да најде сигурност и вистинска големина единствено ако се покорува на Божјите заповеди. Господовиот закон е совршен ја обраќа душата" (Псалм 19:7). Божјиот закон е препис на Неговиот карактер. Тој му бил даден на човекот уште на почетокот како мерило на послушност. Во вековите што следеле тој закон бил изгубен од вид. Стотици години по потопот бил повикан Аврам и нему му било дадено ветување дека неговите потомци ќе го воздигнат Господовиот закон. Со текот на време, Израелците отишле во Египет каде што Египтјаните ги угнетувале сурово многу години. Кога во ропство поминале речиси четиристотини години, Бог ги ослободил со чудесна манифестација на Својата сила. Тој на Египтјаните им се открил како владетел на вселената, поголем од сите незнабожечки божества. {8C 207.1}

На Синај законот бил даден по втор пат. Господ во страшно величие ги изговорил своите прописи и со Својот сопствен прст ги врежал десетте заповеди на камени плочи. {8C 207.2}

Минувајќи низ вековите, гледаме дека доаѓа време кога Божјиот закон мора уште еднаш јасно да се открие како мерило на послушност. Христос дошол да ги потврди светите барања на законот. Дошол да живее со живот на покорување на барањата на тој закон и со тоа да ја покаже невистинитоста на сатанските тврдења според кои за човекот е невозможно да го држи Божјиот закон. Тој како човек бил изложен на искушенија и победил во силата што Бог Му ја дал. Одејќи и правејќи добро, исцелувајќи ги сите оние кои сатаната ги надвладеал, Тој на луѓето јасно им го прикажал карактерот на Божјиот

закон и природата на Својата служба. Неговиот живот сведочи дека и ние можеме да се покоруваме на Божјиот закон. {8С 207.3}

Христос никогаш не застранил од верност на начелата на Божјиот закон. Никогаш не направил нешто спротивно на волјата на Својот Татко. Тој пред ангелите, луѓето и демоните можел да изговори зборови кои во секоја друга уста би биле хула: „Секогаш го вршам она што Му е угодно“ (Јован 8:29). Неговите непријатели го прогонувале ден за ден цели три години, трудејќи се да најдат нешто што би го извалкало Неговиот карактер. Со помош на сите сили на злото, сатаната упорно настојувал да го совлада, но во Него не можел да најде ништо што би можел да го искористи. Дури и ѓаволите морале да признаат: „Ти си Светец Божји”. {8С 208.1}

**Самопожртвување**

Кој човечки јазик би можел толку силно да ја изрази Божјата љубов кон човечкиот род како што е изразена со дарувањето на Неговиот единороден Син заради наше откупување? Невиниот на себе ја примил казната на грешниците. „Зашто Бог толку го возљуби светот, што Го даде Својот Единороден Син, та секој што верува во Него да не загине, туку да има вечен живот. Зашто Бог не Го испрати Својот Син во светот за да му суди на светот, туку светот да се спаси преку Него. Кој верува во Него - нема да биде суден, а кој не верува, тој е веќе осуден, зашто не поверувал во името на Единородниот Син Божји“ (Јован 3:16-18). {8С 208.2}

Заради спасение на изгубениот свет, Христос се дал Себеси како жртва за отплата. Се изложил на тоа што ние сме заслужиле, за ние да го добиеме тоа што Тој го заслужил. Врз Него била казната заради нашите гревови во кои немал никаков дел, за ние да се оправдаме со Неговата правда, во која не сме имале никаков дел. Умрел со смрт што ни била наменета нам за да го примиме животот што бил Негов. „Преку Неговите рани ние се исцеливме“ (Исаија 53:5). {8С 208.3}

Христос бил искушуван во сѐ како и ние и тоа од страна на оној кој некогаш верно стоел покрај Него во небесните дворови. Погледнете го Божјиот Син во пустината на искушенијата, во времето на најголемата слабост, под налетот на најтешките искушенија. Набљудувајте Го во годините на Неговата проповедничка служба, нападнат од злите сили на сите страни. Погледнете Го во смртните маки на крстот. Сето тоа Тој го претрпел поради нас. {8С 209.1}

Христовиот живот на земјата, полн со маки и жртви, ја осветлувал мислата дека сите Негови маки нема да бидат залудни. Давајќи го Својот живот за животот на луѓето, целта му била да го врати светот во послушност. Иако прво морал да прими крштавање со крв, иако гревовите на светот морале да бидат подложни на Неговата невина душа, Тој, поради радоста која Го очекувала, одлучил да го претрпи крстот, презирајќи го срамот. {8С 209.2}

Размислете за Христовиот опис на еден вистински мисионер: „Кој сака да врви по Мене, нека се одрече од себе, и нека го земе крстот свој и нека оди по Мене“ (Марко 8:34). Да се следи Христос, како што тоа е наведено во овие зборови, не значи претварање ниту фарса. Исус очекува Неговите Ученици да го следат, одејќи по Неговите стапки, да поднесуваат како што Тој поднесувал, страдајќи како што Тој страдал и да победуваат како што Тој победувал. Тој грижливо очекува да види дали Неговите следбеници ќе изразуваат дух на самопожртвуваност. {8С 209.3}

Тие што го примаат Христа како личен Спасител, тие што се согласуваат да соучествуваат во Неговите страдања, да живеат со Неговиот живот на самопожртвуваност, да поднесуваат понижувања поради Него, ќе сфатат што значи да се биде здравствен мисионер. {8C 209.4}

Кога сите наши здравствени мисионери би живееле со нов живот во Христа, кога Неговиот збор би го земале за свој патоказ, многу појасно би сфатиле што ја сочинува здравствено-мисионерската работа. Таа работа за нив ќе има една подлабока смисла ако без никакви ограничувања се покоруваат на законот кој Бог со Својот прст го напишал на камените плочи. Со ова е опфатена и заповедта за саботата, за која самиот Христос зборувал преку Мојсеј на синовите Израелеви говорејќи: {8C 209.5}

„Речи им на Израелците; 'Моите саботи треба да ги пазите, зашто саботата е знак меѓу Мене и вас од поколение до поколение, за да бидете свесни дека Јас, Господ, ве посветувам... Затоа Израелците нека ја пазат саботата - празнувајќи ја од поколение да поколение како завет вечен. Тоа е знак, засекогаш, меѓу Мене и Израелците'" (Излез 31:13,16,17). {8C 210.1}

Да ги проучуваме внимателно зборовите Божји, за да можеме со сила да ја проповедаме веста која треба да се објави во овие последни денови. Многу од оние на кои светлината од самопожртвуваниот живот на Спасителот свети, не сакаат да живеат во согласност со Неговата волја. Тие не сакаат да живеат со живот на жртвување поради другите, туку сакаат да се издигаат самите себе. За таквите вистината и праведноста го изгубиле своето значење и со своето нехристијанско влијание тие мнозина наведуваат на да го напуштат Спасителот. Бог повикува вистински, ревни работници кои со својот живот ќе се спротивстават на влијанието на оние кои работат против Него. {8C 210.2}

Наредено ми е да им кажам на сите здравствено-мисионерски работници: Следете го својот Учител. Тој е патот, вистината и животот. Тој е наш пример. Сите здравствено-мисионерски работници се должни постојано да се угледуваат на Христовиот живот - живот на несебична служба. Својот поглед тие треба постојано да го управуваат на Исуса, Зачетникот и Завршетокот на нашата вера. Тој е извор на сета светлина, извор на сите благослови. {8C 210.3}

## Одлучност во бранењето на правдата

Бог ги повикува Своите работници, во ова време на болна побожност и изопачени начела да покажат здрава делотворна духовност. Браќа мои и сестри, ова Бог го бара од вас. Секој дел од своето влијание треба да го употребите на Христовата страна. Сега морате да ги именувате работите со нивното вистинско име и да застанете непоколебливо во одбрана на вистината каква што е во Исуса. {8C 210.4}

Секоја душа чиј живот е скриен со Христа во Бога треба да стапи во борба за верата која еднаш им е дадена на светите. Вистината мора да се брани и царството Божјо да се истакнува како Христос лично да е на земјата. Тој да е тука, би укорил многумина кои, иако се сметани за здравствени мисионери, не сакаат од Големиот Мисионер и Исцелител да ја научат Неговата кротост и понизност. Некои од нив кои заземаат високи функции во здравствено-мисионерската работа се воздигнуваат самите себе. Се додека тие луѓе не се ослободат од желбата да се воздигаат себеси, нема да бидат во состојба јасно да го сфатат Христовиот карактер, ниту пак ќе можат да работат како што работел Тој. {8C 211.1}

Кога Светиот Дух би ги контролирал умовите на нашите верници, во нашите цркви би се видело многу повисоко ниво во зборувањето, службата на проповедање на евангелието, и во духовноста, отколку што тоа е сега случај. Членовите на заедницата би биле поткрепени со водата на животот, а работниците, работејќи под една Глава, самиот Христос, би го откривале својот Учител во духот, зборовите и постапките и би се поттикнувале еден со друг што поблиску да се здружат и напредуваат во работата на големото, завршно дело на кое сме се посветиле. Би дошло до здраво растење на единството и љубовта, што би било едно сведоштво на светот дека Бог Го пратил Својот Син да умре поради откупување на грешниците. Божествената вистина би била издигната и би светеле видливо како светилка која гори, ние подобро би ја разбирале и би била уште појасна. {8С 211.2}

Пробната вистина за ова време не е творба на ниеден човечки ум. Таа е од Бога. Таа е правата филозофија за тие што ја примаат. Христос примил човечко тело за со вера во вистината да се посветиме и избавиме. Тие што ја држат вистината во правда нека се пробудат и подготвени со евангелието на мирот нека тргнат да им ја проповедаат вистината на оние што не знаат за неа. Нека ги израмнат патеките со нозете свои, да не се отклонат хромите. {8С 211.3}

Сега мора да се соединиме и со вистинска здравствено-мисионерска работа да го подготвиме патот за доаѓањето на нашиот Цар. Но да имаме на ум дека христијанското единство не значи еден човек да ја изгуби својата личност во другиот, ниту дека разумот на еден треба да води и да го управува разумот на другиот. Бог на ниеден човек не му дал власт која некои ја бараат за себе, било со зборови или со дела. Бог бара секој човек да биде слободен и да се управува според упатствата во Неговото Слово. {8С 212.1}

Да напредуваме во познавање на вистината, сета слава и благодарност оддавајќи ја на Оној кој е едно со Таткото. Најсрдечно да го бараме небесното помазание, - помазанието со Светиот Дух. Нашето христијанство нека биде чисто и сè повеќе нека се развива, за најпосле во небесните дворови да бидеме прогласени за совршени во Христа. {8С 212.2}

„Еве, младоженецот доаѓа, излезете да го пресретнете“ (Матеј 25:6). Не губете време во станување и подготвување на своите светилници. Не губете време во барање на совршено меѓусебно единство. Мора да очекуваме тешкотии. Ќе дојдат проби (искушенија). Христос, Војводата на нашето спасение, станал совршен низ страданието. Неговите следбеници многу пати ќе мора да се борат со непријателот и ќе бидат изложени на тешки искушенија, но тие не треба да очајуваат. Христос им упатил зборови на охрабрување: „Не плашете се, зашто Јас го победив светот“ (Јован 16:33). {8С 212.3}

**Следните редови ја опишуваат борбата на христијанинот**

„Мислев дека патеката на христијанинот кон небото е светла како лето, радосна како зора. Но Ти ми го покажа патот; тој беше мрачен и рапав;
Полн со камења, сет заплетен со трње.

Сонував за небесната награда и слава;

Се молев за палмово гранче, облека и венец;

- Но Ти ми го покажа крстот и гробот”. {8С 212.4}

# БИДЕТЕ БУДНИ

„Бидете будни, стојте во верата,
држете се машки, бидете крепки;
кај вас сè да станува во љубов“
(1. Коринтјаните 16:13,14).

## ПОУКИ ОД МИНАТОТО

Централизација

Божја намера била луѓето по потопот да се раселат по целата земја, да ја исполнат и да владеат со неа, за да се исполни заповедта дадена на Адам. {8С 213.1}

Но како што Ноевото потомство се намножило, дошло до отпаѓање. Тие што сакале да се ослободат од ограничувањата поставени во Божјиот закон, решиле целосно да се одделат од обожавателите на Јехова. Одлучиле својата заедница да ја одржат цврсто соединета во едно тело и да основаат монархија која ќе ја опфаќа целата земја. Направиле план во земјата Сенар да изградат еден град и во градот кула која требала да биде светско чудо. Кулата, според идеите на градителите, би била толку висока што никаков потоп не би можел да стигне до врвот, толку масивна што ништо не би можело да ја сруши. Со тоа мислеле да се осигурат и да станат независни од Бога. {8С 213.2}

Нивниот сојуз се родил заради бунт против Бога. Жителите во рамнината во земјата Сенар формирале свое царство за да се воздигнат себеси, а не за да го слават Бога. Кога би успеале, би се појавила една моќна сила, која би ја отфрлила правдата и би формирала некоја нова религија. Моралот би бил уништен во светот. Лажни теории би ги одвраќале луѓето од послушност кон божествените заповеди и законот на Јехова би бил запоставен и заборавен. Но Господ никогаш не дозволил светот да остане без Негови сведоци. И во тоа време имало луѓе коишто го повикувале Бога и му се поклонувале. „О Боже“, пекале тие, „застани помеѓу Своето дело и човечките планови и методи“. „Господ слезе да ги види градот и кулата, што луѓето ги градеа“ (Создавање 11:5). Тој ги прати Своите ангели да ги уништат намерите на градителите. {8С 213.3}

Кулата достигнала голема висина и работниците на врвот не можеле да комуницираат со оние од подножјето. Затоа на различни места биле одредени луѓе кои требало да примат и понатаму да ги пренесуваат наредбите што се однесувале на потребниот материјал и начинот на работа. Додека на тој начин вестите поминувале од еден на друг, јазикот им бил побркан и биле примани упатства спротивни од оние што биле издадени. Настанала збрка и неслога. Градителите никако не биле во состојба да објаснат што довело до ова неразбирање, и налутено почнале да се обвинуваат меѓусебно. Нивната збрка се завршила со кавга и крвопролевање, а гром од небото го срушил горниот дел од кулата и го соборил на земја. На тој начин луѓето дознале дека постои еден Бог кој владее на небото и кој може да ги збуни луѓето, и со тоа да им оневозможи да ги остварат нивните планови и да ги поучи дека тие се само луѓе. {8С 214.1}

Бог долго има трпение кон расипаноста на луѓето, и им дава многу прилики за да се покајат; но Тој ги познава сите нивни изуми со кои се обидуваат да се спротивстават на авторитетот на Неговиот праведен и свет закон. {8C 214.2}

До тоа време сите зборувале со ист јазик, а од тогаш тие што можеле меѓусебно да се разберат формирале посебни групи. Едни тргнале на една, а други на друга страна. „Така Господ ги распрсна оттаму по целата земја“ (Создавање 11:8). {8C 215.1}

Господ и денес сака Неговиот народ да се разотиде по целата земја. Тие не треба да формираат колонии, со тоа што ќе се населуваат на едно место. Исус рекол: „Одете по сиот свет и проповедајте го Евангелието на секое создание“ (Марко 16:15). Кога учениците, поведувајќи се според своите склоности, почнале во голем број да остануваат во Ерусалим, било допуштено да бидат прогонувани, и така се распрснале по сите делови на дотогаш населениот свет. {8C 215.2}

На нашиот народ со години му доаѓаа опомени и молби да тргне во големото Господово поле за жетва и несебично да работи за души. {8C 215.3}

Ги пренесувам следните цитати од сведоштвата напишани во 1895. и 1899. година: - {8C 215.4}

„Вистинските мисионерски работници не остануваат на едно место. Божјиот народ мора да биде патник и странец на оваа земја. Вложување на големи парични износи во изградба и подигање на делото во едно место не е според Божјата волја. Во многу места треба да се формираат наши институции. Во местата во кои денешната вистина со ништо не е застапена треба да се градат училишта и санаториуми. Тие не треба да се градат за да се заработува со нив, туку заради ширење на вистината. Треба да се купуваат земјишта надвор од градовите и на нив да се градат училишта во кои младите ќе се поучуваат на агрикултура и механички занаети”. {8C 215.5}

„Начелата на сегашната вистина мора сè повеќе и повеќе да се шират. Има луѓе кои на ова гледаат од погрешен аспект. Тие одобруваат натрупување на сè во еден центар, бидејќи ним им е поугодно делото да биде сконцентрирано во еден центар. Од тоа произлегува големо зло. Местата на кои треба да им се помогне се препуштени сами на себе”. {8C 215.6}

„Што би можела да му кажам на нашиот народ за да го наведам да го прави тоа што е за негово добро сега и во иднина? Ќе сакаат ли тие што се во Батл Крик да се раководат според светлината што им ја дал Бог? Ќе сакаат ли да се одречат од себе, да го понесат својот крст и да тргнат по Исуса? Ќе сакаат ли да му се покорат на повикот на својот Водач, да го напуштат Батл Крик и да го градат делото во некое друго место? Ќе сакаат ли да отидат во неосветлените места на оваа земја за да ја проповедаат сторијата за Христовата љубов, имајќи доверба дека Бог ќе им даде успех?“ {8C 216.1}

„Не е Божји план нашиот народ да се натрупува во Батл Крик. Исус вели: Одете денес и работете во Моето лозје. Напуштете го местото во кое не сте неопходни. Издигнете го знамето на вистината во градовите и гратчињата каде што сè уште не се слушнала веста. Подгответе го патот за Моето доаѓање. И тие на патиштата и меѓу оградите треба да го слушнат повикот. {8C 216.2}

„Ако Божјиот народ, исполнет со мисионерски дух, тргне да формира центри на Неговото дело, да гради санаториуми каде ќе може да се лечат и негуваат болни и училишта во кои младите ќе добијат правилно воспитување, Бог ќе ја претвори пустината во свето место”. {8C 216.3}

„Некои истакнуваа дека е корисно да се има толку многу институции поврзани меѓусебно, така што една ќе биде потпирач на друга, дека на тој начин може да им се

помогне на оние што бараат образование или вработување. Тоа е во согласност со човечките мислења. Се согласуваме со тоа дека од човечки агол на гледање се овозможуваат многу предности со централизирање на многу институции во Батл Крик. Но ние мораме да имаме многу поширoки погледи". {8C 216.4}

И покрај многубројните совети во спротивна насока, луѓето и понатаму работат на тоа сè да биде концентрирано на едно место, сè повеќе инситуции да се потчинат на една единствена контрола. Со ова прво се започна во уредништвото на „Преглед и Гласник". Беше направена грешка во едниот, а потоа и во другиот. Непријателот на нашиот народ беше тој што ги наведуваше луѓето издавачката работа да ја потчинат на едно централно раководство во Батл Крик. {8C 216.5}

Потоа сè повеќе и повеќе се закоренуваше мислењето дека здравствено-мисионерска работа ќе добие голем полет ако сите наши здравствени институции се поврзат меѓусебно и се потчинат на контролата на здравствено-мисионерското здружение во Батл Крик. {8C 217.1}

Ми беше кажано дека морам да го подигнам својот глас против тоа. Над нас не треба да владеат луѓе кои не се во состојба да владеат сами со себе и кои не сакаат да ѝ се потчинат на Божјата волја. Нас не треба да нè водат луѓе кои сакаат нивниот збор да биде владејачка сила. Желбата за власт стана мошне забележлива и Бог праќаше опомени една по друга, забранувајќи здружување и спојување. Тој нè опоменуваше да не се обврзуваме на одредени договори предложени од страна на тие што настојуваат да стекнат контрола над постапките на своите браќа. {8C 217.2}

## Образовен центар

На Господа не му се по волја одредени одлуки донесени во Батл Крик. Тој рече дека со централизирање на институциите во Батл Крик на другите места им се скратуваат светлина и удобности. На Бога не му е мило што нашите млади од сите краеви на земјата се повикуваат во Батл Крик за да работат во санаториумите и да се образуваат. Ако го дозволиме тоа, ќе бидеме виновни за закинување на најдрагоценото богатство на сиромашните полиња. {8C 217.3}

Низ светлината дадена во сведоштвата Господ покажа дека Тој не сака учениците да ги напуштаат своите домашни училишта и санаториуми за да се образуваат во Батл Крик. Тој нè поучи да го преместиме колеџот од тоа место. Тоа беше направено, меѓутоа институциите што останаа не ја исполнија својата должност да ги поделат со други места удобностите што сè уште се концентрирани во Батл Крик. Господ го покажа Своето незадоволство со тоа што дозволи оган да ги уништи главните згради на тие институции. {8C 218.1}

И покрај јасните докази за Божјото провидение при тие уништувачки пожари, некои меѓу нас не се притеснуваа лекомислено да го сфатат тврдењето дека тие згради изгореа поради тоа што луѓето раководеа со делото на начин што Господ не може да го одобри. {8C 218.2}

Луѓето отстапија од вистинските начела заради чие објавување беа формирани овие институции. Тие не го вршеа тоа дело што Бог нареди да се изврши за да се подготви народот кој ќе ги „изгради старите урнатини" и ќе стои во пукнатините (отворите), како што е кажано во педесет и осмото поглавје во книгата на пророкот Исаија. Во тоа поглавје јасно се кажува дека делото што треба да го извршиме е здравствено-

мисионерско дело. Тоа дело треба да се спроведе во сите места. Бог има лозје и сака тоа лозје несебично да се обработува. Ниеден дел од него не смее да се запушти. Во најзапуштените делови потребни се најбудни мисионери за да го извршат делото што Светиот Дух вака го опишува преку Исаија: - {8C 218.3}

„Зар не е ова постот што Јас го избрав? да ги кинеш неправедните окови; да ги разврзеш врските со јаремот, да ги пуштиш на слобода угнетуваните, да ги скршиш сите окови?“ „Ако му дадеш леб на гладниот, ако го наситиш угнетуваниот, твојата светлина ќе засвети во темнината, и твојата темнина ќе стане како пладне. Господ ќе те води непрекратно, ќе те сити во сушни краишта. Тој ќе ги закрепнува твоите коски, и ќе бидеш како напоена градина, како кладенец, чија вода никогаш не пресушува. И ти ќе градиш врз старите урнатини, ќе ги подигнеш основите на идните поколенија. Ќе те викаат поправач на урнатините и обновувач на патиштата до населбите“ (Исаија 58:6, 10-12). {8C 218.4}

Бог заради Своето име нема да дозволи тврдоглавите и независните да ги спроведуваат своите непросветени планови. Тој ќе ги посети заради расипаноста на нивните постапки. „’Нема мир за злите!’ зборува мојот Бог“ (Исаија 57:21). Но Господ во Својот суд ќе се сети на милоста. Тој вели: - {8C 219.1}

„Зашто нема да се препирам довека, ниту да се лутам вечно: пред Мене би подлегнале и духот и душите што Сум ги создал. Заради гревот на неговата лакомост се разгневив, го удрив и се скрив разгневен. Но тој сврти по своето срце и ги видов неговите патишта. Ќе ги излечам, ќе ги водам и ќе ги утешам оние што тагуваат со него ќе ставам пофалба во нивните усни. ‘Мир, мир на оној кој е далеку и кој е близу,’ зборува Господ, ‘Јас ќе те исцелам’“ (Исаија 57:16-19). {8C 219.2}

„Би исчезнал пред мене духот на Мојот народ“, кажува Господ, „ако постапувам со него според неговото беззаконие. Тој не би можел да го издржи Моето негодување и Мојот гнев. Ги гледам изопачените патишта на секој грешник. А тој што се кае и почне да го прави тоа што е право, него ќе го обратам и ќе го исцелам, и повторно ќе ја задобие Мојата наклоност”. {8C 219.3}

За тие што се измамени и заведени со влијанието на непосветените, Господ кажува: „Нивните постапки не беа во согласност со Мојата волја. Но заради Мојата праведност, заради вистината ќе го исцелам секој што ќе го прослави Моето име. Сите синови Израилеви што ќе се покаат ќе го видат моето спасение. Јас, Господ, владеам, и ќе ги исполнам со благодарност срцата на сите што се блиску и далеку, и сите Израилеви покајници што се држеа до Моите патишта”. {8C 219.4}

„Зашто вака зборува Вишниот и Возвишениот, Кој вечно живее, и Името Му е Светиот: ‘Престолувам во висините и на свето место, но Јас Сум и со оние кои имаат скрушен и понизен дух, за да го оживеам духот на понизните и за да го оживеам срцето на скрушените’“ (Исаија 57:15). {8C 220.1}

## КАКО ТРЕБА ДА СЕ ВОСПИТУВААТ НАШИТЕ МЛАДИ?

Христовиот претходник, Јован Крстител своето прво воспитување го примил од своите родители. Поголемиот дел од својот живот го поминал во пустина, за да не падне под влијание на површната побожност на свештениците и рабините и за да не ги прими нивните правила и традиции со кои било расипано и намалено значењето на вистинските начела. Тогашните верски учители биле во такво духовно слепило што не

ги распознавале доблестите со небесно потекло. Толку долго биле под влијание на гордоста, пакоста и злобата, што списите на Стариот завет ги толкувале на тој начин што ја уништиле нивната вистинска смисла. Јован одлучил да се одрече од задоволствата и удобностите на градскиот живот и да се подложи на строгата дисциплина на пустината. Сè што го опкружувало го поттикнувало на едноставност и самоодречување. Невознемирен од светската врева, тука можел да ги проучува поуките што ги дава природата, откровението и провидението. Неговите богобојазни родители често ги повторувале зборовите што ангелот му ги упатил на Захарија. Од детството му била предочувана неговата мисија и тој го прифатил светиот аманет. За него осаменоста во пустината била згодно прибежиште од друштвото во кое владееле сомнежи, неверство и валканост. Тој немал доверба во сопствената моќ да му се спротивстави на искушението и го избегнувал постојаниот контакт со гревот за да не ја изгуби големината на неговата грешност. {8C 221.1}

Меѓутоа, Јован не го поминал својот живот во безделничење, во аскетска намуртеност или во себична осаменост. Тој од време навреме одел помеѓу луѓето и внимателно следел сè што се случува во светот. Од своето мирно прибежиште будно го следел развојот на настаните. Со гледање што било осветлено со божествениот Дух, Јован ги проучувал карактерите на луѓето за да знае како да допре до нивните срца со небесната вест. {8C 221.2}

Христос живеел живот на вистински здравствен мисионер. Тој сака ревно да го проучуваме Неговиот живот за да научиме да работиме како што работел Тој. {8C 222.1}

Неговата мајка била Неговиот прв земен учител. Тој ги учел небесните вистини од нејзините усни и од записите на пророците. Живеел во селска куќа и верно и со задоволство ја вршел својата должност во носење на домашните товари. Тој што бил Заповедник на небото, чиишто зборови ангелите со радост ги исполнувале, сега доброволно станал вреден слуга и сакан, послушен син. Научил занает и со сопствените раце работел во дрводелската работилница со Јосиф. Во едноставна облека на обичен работник одел по улиците на малото гратче, заминувајќи и враќајќи се од својата скромна работа. {8C 222.2}

Во тоа време вредноста кај луѓето се ценела според надворешниот изглед. Колку повеќе религијата ја губела својата духовна моќ, толку повеќе добивала во надворешниот сјај. Едукаторите во тоа време копнееле да влеат почит со помош на надворешен сјај и перчење. Исусовиот живот во сето тоа бил очигледна спротивност. Неговиот живот изразувал безвредност на нештата што луѓето ги сметале за суштина на животот. Тој не копнеел за училиштата на своето време, бидејќи тие ги истакнувале ситниците, а големите работи ги омаловажувале. Неговото образование потекнувало од небесни извори, од корисната работа, од проучувањето на Светото Писмо и природата и од животните искуства - Божјите учебници, полни со поуки за сите што им приоѓаат со волни срца, отворени очи и со желба за разбирање. {8C 223.1}

„А Младенецот растеше и крепнеше со духот, исполнувајќи се со мудрост; и благодатта Божја беше врз Него“ (Лука 2:40). Подготвен на таков начин тргнал на Својата мисија, вршејќи благословено влијание во секој момент на контактирање со луѓето, откривајќи моќ на преобразување каква што светот никогаш порано не доживеал. {8C 223.2}

## Зборови на предупредување

Живееме во време кое посебно е опасно за младите. Сатаната знае дека наскоро ќе дојде крајот на светот и одлучил да ја искористи секоја прилика младите да ги навлече во негова служба. Тој ќе измисли многу вешти измами за да ги одвлече на лош пат. Мораме внимателно да ги земеме предвид зборовите на опомена што ги напишал апостол Павле: - {8C 223.3}

„Не впрегнувајте се заедно со неверниците; зашто какво заедништво постои помеѓу правдата и беззаконието? Што заедничко има меѓу светлината и темнината? Какво согласие може да има меѓу Христос и Велијар? Или, што заедничко има меѓу верник и неверник? Каква спогодба има храмот Божји со идолите? Вие сте храм на живиот Бог, како што рекол Бог: 'Ќе се вселам во нив и ќе одам меѓу нив; ќе им бидам Бог, а тие ќе бидат Мој народ.' 'Затоа излезете од нивната средина и одделете се!' Вели Господ, и 'Не допирајте се до нечисто, и Јас ќе ве примам! И Јас ќе ви бидам Татко, а вие ќе Ми бидете синови и ќерки', вели Господ Седржителот" (2. Коринтјаните 6:14-18). {8C 223.4}

Ми беше дадена посебна светлина во врска со прашањето зошто можеме да направиме многу повеќе за Учителот со формирање на многу мали санаториуми, отколку со изградба на неколку големи здравствени институции. Во големите институции се собираат тие што не се посебно болни, туку како туристи бараат одмор и задоволство. Нив мора да ги услужуваат медицинските лице и помошниот персонал. Младите мажи и жени кои од својата најрана младост биле заштитени од световно друштво, на тој начин доаѓаат во контакт со припадниците на овој свет од сите слоеви и во мала или поголема мерка паѓаат под влијание на тоа што гледаат или слушаат. Тие стануваат слични на оние со кои се дружат и притоа ја губат едноставноста и скромноста кои биле пазени и негувани од страна на христијанските родители со внимателни поуки и срдечни молитви. {8C 223.5}

Ние живееме среде опасноста на последните денови. Мора да се каже нешто решително за да се предупреди нашиот народ на опасноста од дозволувањето децата на кои им е потребна родителска грижа и поуки да го напуштаат својот дом и да заминуваат некаде каде што ќе дојдат во контакт со нерелигиозните припадници на овој свет кои бараат задоволства. {8C 224.1}

Во многу домови таткото и мајката дозволуваат децата да владеат. Таквите деца, кога ќе дојдат во контакт со влијание спротивно на побожноста, се наоѓаат во многу поголема опасност од децата што научиле да слушаат. Бидејќи не стекнале потребна дисциплина, таквите деца сметаат дека можат да работат тоа што им се допаѓа. Да биле научени на послушност, тоа би ги зајакнало да им се спротивстават на искушенијата, но нивните родители не им дале такво знаење. Кога таквите момчиња и девојки стапуваат во огромна институција, во која многу влијанија се спротивни на побожноста, тие се изложуваат на голема опасност и нивниот престој во таквата институција е штетен и за нив самите и за институцијата. {8C 224.2}

Ми беше наложено да ги опоменам родителите чии деца немаат цврсти начела и чисто христијанско искуство, да не ги праќаат во оддалечени места, каде ќе престојуваат со месеци, а можеби и години, и каде во нивниот ум ќе биде посеано семе на неверство. Многу е подобро и посигурно таквите млади да се праќаат во училишта и санаториуми кои се наоѓаат што е можно поблиску до домашното огниште. Младите кои го изградуваат карактерот нека бидат држени настрана од местата во кои би дошле во контакт со голем број неверници и каде силите на непријателот силно за втемелиле. {8C 224.3}

Управителите на нашите големи санаториуми решително нека се заложат во тие институции како помошници да вработат постари личности. Во ноќно видение се најдов на еден голем собир на кој беше разгледувано ова прашање. На тие што планираа своите недисциплинирани деца да ги пратат во Батл Крик Еден со авторитет (Исус или некој небесен ангел) рече: - {8C 225.1}

„Зар се осмелувате да експериментирате со тоа? Спасението на вашите деца е поскапоцено од образованието што можат да го стекнат во тоа место каде постојано ќе бидат изложени на влијанието на неверниците. Мнозина кои доаѓаат во таа институција не се обратени. Тие се исполнети со гордост и не одржуваат преку вера врска со Бога. Многу млади мажи и жени кои ги опслужуваат тие неверници немаат доволно христијанско искуство и лесно паѓаат во стапиците што се поставени за нивните нозе". {8C 225.2}

„Што може да се направи за да се отстрани тоа зло?" запраша некој од присутните. Говорникот продолжи: „Бидејќи се доведовте себеси во таа опасна положба, во таа институција треба да се вработат христијани и христијанки во зрели години и со цврст карактер кои и покрај сè ќе вршат позитивно влијание. Спроведувањето на овој план ќе ги зголеми трошоците на санаториумот, но ќе биде делотворен начин за да се сочува тврдината и младите во институцијата да се заштитат од заразното влијание на кое се изложени. {8C 225.3}

Родители и старатели, праќајте ги своите деца во училишта во кои влијанието е слично на влијанието на исправното домашно воспитување;, во училишта во кои учителите ќе ги водат напред, чекор по чекор и во кои духовната атмосфера е „животен мирис за живот". {8C 225.4}

Зборовите на опомена и поука , што ги напишав во поглед на праќањето на младите во Батл Крик со цел за оспособување за служба во Господовото дело, не се празни зборови. Некои богобојазни млади луѓе и жени ќе ја издржат пробата, но ние не смееме да ги оставиме без нашата грижа и заштита ниту оние што се најсовесни. Дали младите, што примале мудри поуки и воспитување од своите побожни родители ќе останат и понатаму посветени на вистината кога ќе го напуштат својот дом, во голема мера зависи од влијанието на кое ќе наидат од оние од кои очекуваат христијански поуки. {8C 226.1}

Бев упатена на нашите браќа и сестри да им ја повторам опомената и поуката која апостол Павле ја дал на црквата во Солун: - {8C 226.2}

„Тајната на беззаконието веќе дејствува, само тоа нема да биде извршено додека не се оттргне оној што ја задржува сега; тогаш ќе се открие и беззаконикот, кого што Господ Исус ќе го убие со здивот на устата Своја и преку појавата на Своето доаѓање ќе го истреби. Доаѓањето на тој беззаконик ќе биде по дејство на сатаната, со секаква сила и лажни чудеса, и со секакво неправедно измамување меѓу оние кои загинуваат, затоа што не ја примиле љубовта на вистината та да би се спасиле. И затоа Бог ќе им испрати сила на заблуда за да поверуваат на лагата, та да бидат осудени сите кои не поверуваа на вистината, а ја засакаа неправдата" (2. Солунјаните 2:7-12). -{8C 226.3}

„Ние, пак, сме должни да Му благодариме на Бога за вас секогаш, возљубени од Господ браќа, затоа што од почетокот, преку поосветувањето од Светиот Дух и преку верата во вистината, Бог ве избра за спасение, кон кое ве повика преку нашето Евангелие за да ја придобиете славата на нашиот Господ Исус Христос. И така, браќа, стојте цврсто и држете ги преданијата што ги научивте било преку нашето слово, било преку нашето послание. А сам Господ наш, Исус Христос, и Бог и Татко наш, Кој нè возљуби и преку благодатта Своја ни даде вечна утеха и добра надеж, нека ги утеши

срцата ваши и да ве утврди во секое слово и добро дело!“ (2. Солунјаните 2:13-17). - {8C 226.4}

Септември, 1903. година.

Размислував за состојбата на делото во Батл Крик и стравувам за младите кои заминуваат таму. Господ ми даде светлина дека нашите млади не треба да ги праќаме во Батл Крик за да се образуваат и таа светлина воопшто не е спроведена. Фактот дека санаториумот е обновен не менува ништо во врска со ова. Тоа што Батл Крик порано го правеше несоодветно место за образование на младите, го прави несоодветно и денес, а се однесува на влијанието на кое се изложени таму. {8C 227.1}

Кога дојде повик за иселување од Батл Крик, луѓето зборуваа: „Овде веќе сè средивме и сега е невозможно да се селиме без огромни трошоци”. {8C 227.2}

Господ дозволи огнот да ги уништи најглавните градби во Батл Крик, зградата на „Преглед и Гласник“, и санаториумот, така што најголемата причина за останување во тоа место веќе ја нема. Негова намера беше нашиот народ, наместо да обновува еден голем санаториум, да гради други помали во разни места. Овие мали санаториуми треба да се градат таму каде што може да се обезбеди земјиште за обработување. Божја волја е со работата на нашите санаториуми и училишта да се поврзе и агрикултурата. На нашите млади им е потребно образованието што го дава таа гранка од дејноста. Би било добро, и не само добро, туку од големо значење е да вложиме напори за да го остваримe Господовиот план во тој поглед. {8C 227.3}

Зар нашите најдобри момчиња и девојки треба да ги поттикнуваме заради подготовка за служба да одат во место каде ќе бидат изложени на толкави влијанија кои ќе ги заведат од правиот пат? Господ ми покажа некои од опасностите на кои ќе бидат изложени младите кои работат во еден толку голем санаториум. Многу богаташи, световни луѓе и жени кои ја помагаат оваа институција, ќе бидат извор на искушенија за нашите болничари. Некои од нив ќе станат омилени кај своите богати пациенти и со силни поттикнувања ќе ги наведат да стапат во нивна служба. Некои од посетите-лите на санаториумите со световното влијание и со својата раскош веќе посеале какол во срцата на младите мажи и жени кои беа вработени како помошен персонал. Тоа е начинот на кој работи сатаната. {8C 228.1}

Зар ќе го занемариме Господовото слово во поглед на воспитувањето на нашите млади затоа што санаториумот е изграден на несоодветно место? Треба ли да дозволиме нашите најинтелигентни млади од сите цркви, Области и Унии да бидат изложени на влијанија поради кои ќе ја изгубат својата едноставност, при контактот со мажи и жени во чие срце нема Божји страв. Зар одговорните луѓе во нашите Области и Унии ќе дозволат нашите млади, кои би можеле да се оспособат за Господова служба во училиштата за христијански работници, да бидат одвлечени во градот во кој Господ веќе неколку години го повикува својот народ да се исели од него? {8C 228.2}

Ние сакаме нашите млади да добијат такво воспитување така што ќе можат да вршат спасоносно влијание во нашите цркви и да се залагаат за единство и за подлабока побожност. Можеби луѓето не увидуваат колку е важен овој повик до семејствата да го напуштат Батл Крик и да се населат во места каде ќе можат да извршуваат евангелско здравствено-мисионерско дело. Меѓутоа Господ проговори. Треба ли да се сомневаме во Неговите зборови? {8C 228.3}

## Нема време за одложување

Меѓу нас има многу млади луѓе кои со задоволство би се согласиле неколку години да се оспособуваат за служба, кога некој би ги поттикнал на тоа. Но дали тоа ќе се исплати? Времето е кратко. Секаде се потребни работници за Христа. Стотици вредни и верни работници се потребни во домашните и странските полиња во кои денес работи само по еден. Раскрсниците и споредните патишта сè уште се необработени. Треба енергично да се повикуваат луѓе кои би требало да бидат зафатени со работа за Учителот. {8C 229.1}

Брзо се исполнуваат знаците кои кажуваат дека Христовото доаѓање се приближува. Господ ги повикува нашите млади да се посветат на работата како колпортери и евангелисти работејќи од куќа до куќа во места во кои уште не се слушнало за вистината. Тој им вели на нашите млади луѓе: „Не сте свои, скапо сте купени. Затоа прославете го Бога во вашите тела и душите свои, кои се Божји". Тие што ќе работат според Божјите упатства, ќе примат чудесен благослов. Тие што во овој живот ќе дадат сè од себе, со тоа ќе станат достојни за идниот, вечен живот. {8C 229.2}

Господ ги повикува тие што работат во нашите санаториуми, издавачки куќи и училишта да ги поучуваат младите да вршат евангелска работа. Ние не смееме нашето време во толкава мера да го посветиме на изградба на санаториуми, магацини за намирници за живот и ресторани и поради тоа да ги запоставиме другите гранки на делото. Не треба да се присилуваат на механички работи мажи и жени кои треба да се посветат на проповедање, библиска работа и колпортажа. {8C 229.3}

Треба да ги поттикнуваме младите да ги посетуваат нашите образовни училишта за мисионерски работници, кои сè повеќе и повеќе треба да станат слични на пророчките училишта. Тие институции ги основал Господ и ако со нив се раководи во согласност со Неговата волја, младите кои ќе доаѓаат во нив брзо ќе се подготват за разни гранки на мисионерската дејност. Некои ќе се обучат за работа како мисионерски медицински лица, некои како колпортери, а некои како проповедници на евангелието. {8C 230.1}

## ПОДЕЛБА НА ОДГОВОРНОСТИТЕ

Св. Елена, Калифорнија 4. август 1903.

*До водачите на здравственото дело –*

Драги браќа, имам една порака за вас. Поучена сум да кажам дека сите наши упатства во врска со раководењето на здравствено-мисионерската дело не смеат да потекнуваат од Батл Крик. Здравствено-мисионерската дело е Божјо дело и во секоја Област и во секоја црква мораме решително да станеме против себичното управување со неа. {8C 231.1}

Бидејќи примив порака која се однесува на нашиот извонреден состанок на исповедање и единство кој се одржал во Батл Крик, ја запишував во својот дневник и токму кога се подготвував да ја изразам својата благодарност заради промената до која дојде, мојата рака беше запрена и ми дојдоа зборовите: „Немој да пишуваш. Ништо не се промени на подобро. Придавана е голема вредност на учењата кои ги одвраќаат

душите од вистината. Предавани се науки кои водат на забранети патеки, науки кои ги наведуваат луѓето да постапуваат според своите склоности за да ги задоволат своите непосветени желби; науки кои, ако се усвојат, ќе го уништат достоинството и силата на Божјиот народ и ќе ја помрачат светлината која инаку би ја примиле преку орудијата кои Бог ги одредил". {8C 231.2}

Раководителите на нашата здравствена работа во Батл Крик настојуваа во согласност со своите планови, цврсто да ги поврзат нашите здравствени установи. И покрај многуте предупредувања кои им беа дадени дека не треба така да работат, тие се трудеа на некој начин да ги спојат тие установи за да сета наша работа дојде под нивна контрола. {8C 231.3}

Порано многу пишував за ова прашање; и овде морам да ги повторам дадените опомени, бидејќи, како што изгледа, браќата не можат да сфатат во каква опасна положба се наоѓаат. {8C 231.4}

„Господ забранува секој санаториум или бања кои ќе се изградат со спојување со здравствената установа во Батл Крик да се стават под една контрола. Управниците на санаториумот во Батл Крик денес имаат раце полни со работа. Тие со сите свои сили треба да се залагаат тој санаториум да го направат тоа што треба да биде". {8C 232.1}

„Ниеден човек не треба да мисли дека тој треба да биде совест на сите здравствени работници. Мудрост и водство човечките суштества треба да бараат само од Господ". {8C 232.2}

„Од нашите браќа не смее да се бара во својата работа на градење и развивање на нашите здравствени установи потчинување на некои владетелски сили. Ова мора да се промени. Мора да се напушти стремежот сите здравствени установи да се потчинуваат на централната организација во Батл Крик. Бог го забранува таквиот план". {8C 232.3}

„Со години ми е укажувано дека постои опасност, постојана опасност од тоа што нашите браќа - наместо од Бога да очекуваат дозвола од своите ближни да го сторат ова или она. Така тие стануваат слаби, дозволувајќи другите да ги врзуваат на ограничувања што ги создал човекот, а кои Бог ги забранува. Господ може да влијае на духот и совеста така што луѓето ќе работат на Неговото дело под Негово водство и духот на братството кој е во согласност со начелата на Неговиот закон..". {8C 232.4}

„Бог ја знае иднината и единствено на Него треба да се обраќаме за водство. Да му препуштиме Нему да нè води во работата во разни гранки на Неговото дело. Никој нека не се обидува во работата да се раководи со своите непосветени побуди..". {8C 232.5}

„Поделбата на Генералната Конференција на Окружни Униски Конференции е извршена по Божји налог. Во Господовото дело во овие последни денови не смее да има царска власт ниту центри како што бил Ерусалим. Исто така работата во разни земји не треба да се врзува со договори за работата сконцентрирана во Батл Крик, бидејќи тоа не е Божја намера. Браќата треба меѓусебно да се советуваат, бидејќи во сите делови на Божјото лозје ние сме еднакво под Негова власт. Браќата треба да бидат едно со срцето и душата, како што е Христос едно со Таткото. Учете го ова и поведувајте се по тоа, за да бидеме едно со Христос во Бога и за сите да работиме на меѓусебно воздигнување. {8C 232.6}

Царската власт која порано се манифестирала во Генералната Конференција во Батл Крик не смее да се овековечи. Издавачката куќа не смее да биде царство за себе. Важно е начелата по кои се управуваме во работата на Генералната Конференција да се применат во водењето на издавачката дејност и здравствената работа во

санаториумите. Никој нека не мисли дека онаа гранка на делото во која тој работи е многу поважна од сите други. {8C 233.1}

Во сите санаториуми што се градат треба да се врши и воспитно дело. Бог управува со делото и никој не смее да мисли дека се што работи во санаториумите мора прво да оди на одобрување од една група на луѓе. Бог го забранува ваквиот начин на работа. Истиот Бог кој ги поучил лекарите во Батл Крик, ќе ги поучи и мажите и жените кои се повикани да работат за Учителот во разните делови на Неговото лозје. {8C 233.2}

Создадени се човечки закони и уредби, а тоа не му е по волја на Бога. Тоа нема да биде животен мирис за живот. Присилена сум да укажам на опасноста. Управителите на сите наши институции мораат да вложат повеќе подготвеност во својата лична работа, не смеат да се потпираат на други институции, туку да ја чуваат посебноста на својата дејност, Бога да го сметаат за свој инструктор и со својата сесрдна служба да ја покажат својата вера во Него. Тогаш ќе ги развијат своите дарби и способности". {8C 233.3}

**Христос бара повозвишена служба од таа што му се укажува**

Луѓето на одговорни положби примајќи сила од Светиот Дух, треба многу појасно да го откриваат својот Откупител, отколку што досега Го откривале. Бесконечниот Бог толку го сакал овој свет што го жртвувал и Својот Единороден Син за, примајќи Го со вера и практикувајќи ги Неговите особини, да се спасат од пропаста и да имаат вечен живот. Браќа, што мислите, како Тој гледа на овој голем недостаток на духовна воодушевеност што вие ја покажувате кон бескрајната жртва поднесена заради нашето спасение? {8C 234.1}

Целото човечко славољубие и фалење треба да се фрли во прашина. Своето „јас", грешно „јас, треба да се понижи, а не да се издигнува. Со светоста на нашиот секојдневен живот треба да го откриеме Христа на тие што нѐ опкружуваат. Изопачената човечка природа треба да се потчини, а не да се воздига. Само така можеме да станеме чисти и неизвалкани. Треба да бидеме понизни и верни. Никогаш не треба да седиме на судскиот стол. Бог бара Неговите претставници да бидат чисти и свети и да ја откриваат убавината на посветеноста. Каналот секогаш треба да биде отворен за Светиот Дух да може непречено да работи, инаку некои ќе ја игнорираат работата која мора да се изврши во природното срце за да се усоврши христијанскиот карактер, и нивната несовршеност ќе се покаже на таков начин што ќе придонесе заради тоа да ослаби делувањето на Божјата вистина - која е цврста како вечниот престол. И додека Бог ги повикува Своите стражари да укажуваат на опасноста, Тој во исто време им укажува на животот на Спасителот како пример за тоа какви мораат да бидат за да се спасат. {8C 234.2}

Христос се молел за Своите ученици: „Посвети ги со твојата вистина; Твоето слово е вистина". Човекот што е задоволен со самиот себе со тоа покажува дека не е посветен. Секоја постапка на човечките синови верно се забележува. Ништо не може да се сокрие од погледот на Возвишениот и Светиот кој живее во вечноста. Со своите изуми, планови и шеми некои прават Христос да се срами од нив. Бог не ги одобрува нивните постапки, бидејќи тие со своите дела и со своите постапки го обесчестуваат Господ Исус. Тие ги забораваат зборовите на апостолот: „Станавме глетка на светот на ангелите и на луѓето" (1. Коринтјаните 4:9). {8C 235.1}

Упатствата што Господ ги даде во поглед на делото јасно укажуваат на правиот пат по кој треба да се оди. Божјите мисли и Неговите планови се повисоки од човечките мисли и човечките планови колку што небото е повисоко од земјата. Затоа треба да се слуша Божјиот глас и да се раководи според Неговата мудрост. Нацртот на Својот план Тој Го дал во Своето слово и во сведоштвата што ги дал на Својот народ. Постојано ќе остане само она дело кое се спроведува во согласност со Неговите зборови. {8C 235.2}

## ВОДСТВО

Св. Елена, Калифорнија, 17. ноември 1903.

Во дневните весници во многу градови се појавија статии дека помеѓу Др. Келог и г-ѓа Елена Вајт постои спор по прашањето кој од нив ќе биде водач на адвентистите на седмиот ден. Читајќи ги овие статии, не можам да ја опишам болката што ја чувствувам затоа што некој можел толку погрешно да ја разбере мојата работа и работата на Др. Келог и толку погрешно да ја прикаже работата. Помеѓу Др. Келог и мене нема никаков спор по прашањето на водството. Мене никој никогаш не ме слушнал да полагам право да бидам водач на црквата. {8C 236.1}

Јас треба да извршам едно мошне одговорно дело со перо и со зборови да ги пренесам поуките што ми се дадени, и тоа не само на адвентистите на седмиот ден, туку на целиот свет. Објавив многу книги, мали и големи, а некои од нив се преведени на повеќе јазици. Моја задача е да го откривам Светото Писмо на другите како што Бог ми го откри мене. {8C 236.2}

Во црквата на адвентистите на седмиот ден Бог не поставил никаква царска власт која треба да го контролира целото дело или некоја гранка на делото. Тој не одредил товарот на водството да падне само на неколку луѓе. Одговорностите се поделени на поголем број надлежни луѓе. {8C 236.3}

Секој член на црквата има право на глас и на бирање на службеници. Црквите бираат службеници во Областите во секоја држава. Делегатите кои ги избрале Областите на секоја држава, ги бираат службениците на Униите, а делегатите кои ги бираат Униите ги бираат службениците на Генералната Конференција. На тој начин секоја Област, секоја установа, секоја црква и секој поединец соучествуваат непосредно или посредно преку делегати во изборот на луѓе кои ги вршат најодговорните функции во Генералната Конференција. {8C 236.4}

### Први искуства

Во првите денови на нашето дело Господ го одредил старешината Јаков Вајт заедно со својата сопруга и по нарочните Господови упатства да раководи со ширењето на Неговото дело. {8C 237.1}

Добро е познато како се развиваше делото. Прво е отворена печатница во Рочестер во државата Њујорк, а подоцна пренесена во Батл Крик. После повеќе години е отворена една печатница на брегот на Пацификот. {8C 237.2}

Му благодарам на Господа што ни дал предност активно да соучествуваме во делото од самиот почеток. Но никој не ме слушнал да полагам право на раководна

положба во делото ни тогаш, ни подоцна кога тоа примило поголеми размери и кога одговорностите биле распределени на голем број луѓе. {8C 237.3}

Од 1844 година па до денес јас примав пораки од Господ и ги пренесував на Неговиот народ. Моја задача е да му ја пренесувам на народот светлината што ми ја дава Господ. Мене ми е дадена должност да ги примам Неговите вести и да ги пренесувам на другите. Јас не се појавувам пред народот како да заземам некаква позиција, освен онаа како на гласник кој носи одредена вест. {8C 237.4}

Др. Џ. Х. Келог повеќе години ја заземаше положбата на главен лекар во здравствената работа на адвентистите на седмиот ден и затоа би му било невозможно да работи како раководител на целокупното дело. Тоа никогаш не била негова должност, ниту ќе биде некогаш. {8C 237.5}

## Бог е наш водач

Го пишувам ова за сите да знаат дека помеѓу адвентистите нема никакви спорови во поглед на водството. Господ Бог е нашиот небесен Цар. Тој е водач по кој можеме сигурно да одиме, Тој никогаш не греши. Да го славиме Бога и Неговиот Син преку кој Тој му се открива на светот. {8C 238.1}

Бог силно би делувал за Својот народ кога луѓето потполно би му се повериле на Неговото водство. Ним им е потребно постојано дејствување на Светиот Дух. Кога на состаноците на оние кои вршат одговорни должности би имало повеќе молитва, кога би имало повеќе понизни срца пред Бога, би виделе многу докази за божественото водство и нашето дело брзо би напредувало. {8C 238.2}

## ЕДНО СО ХРИСТА ВО БОГА

Господ повикува луѓе со вистинска вера и здрав разум, луѓе кои се во состојба да го разликуваат вистинското од лажното. Секој треба да биде на стража, да проучува и практично да ги применува во животот пораките кои ни се дадени во седумнаесеттото поглавје од евангелието според Јован, чувајќи жива вера во вистината за ова време. Потребно ни е владеење над самите себе, бидејќи на тој начин ќе бидеме во можност своите навики да ги усогласиме со Христовите молитви. {8C 239.1}

Според упатството што ми го даде Еден со авторитет, треба да постапуваме во согласност со молитвата запишана во седумнаесеттото поглавје од евангелието според Јован. Проучувањето на оваа молитва треба да ни биде на прво место. Секој проповедник на евангелието, секој здравствен работник треба да ја сфати науката што се наоѓа во оваа молитва. Мои браќа и сестри, ве повикувам да ги сфатите овие зборови и да ги проучувате со смирен, понизен дух, потчинувајќи му ја на Бога здравата енергија на својот ум. Тие што ги занемаруваат поуките содржани во оваа молитва се наоѓаат во опасност да станат едностранн во својот развој што со никакво идно увежбување нема да може целосно да се поправи. {8C 239.2}

„Но не се молам само за нив“, рекол Христос, „туку и за оние што преку нивните зборови ќе поверуваат во Мене, за да бидат сите едно, како што си Ти, Татко, во Мене, и Јас во Тебе; па така и тие во Нас да бидат едно, и да поверува светот дека Ти си Ме пратил. {8C 239.3}

И славата што си Ми ја дал, ним им ја дадов, за да бидат едно, како што сме Ние едно. Јас сум во нив и тие се во Мене, за да бидат во сè едно, и да дознае светот дека Ти си Ме испратил, и нив си ги возљубил, како Мене што Ме возљуби. Татко сакам и оние што си Ми ги дал да бидат со Мене, каде што сум Јас, за да ја гледаат Мојата слава што си Ми ја дал, зашто ме возљуби уште пред да се создаде светот. {8С 239.4}

Татко Праведен, светот не Те позна, но Јас Те познав; и овие познаа дека Ти си Ме испратил; и им го објавив името Твое, и ќе го објавувам, та љубовта со која Ме возљуби Ти, да биде во нив, и Јас во нив“ (Јован 17:20-26). {8С 239.5}

Божја намера е Неговите деца да станат едно. Зар тие не очекуваат да живеат заедно на едно исто небо? Дали Христос е поделен против Себеси? Ќе му даде ли Тој успех на Својот народ пред тие да ги отфрлат ситните сомнежи, озборувања и неслоги, и додека работниците со целото свое срце и со единствена цел не му се посветат на делото кое е толку свето во Божјите очи? Единството донесува сила, а неслогата слабост. Соединети меѓу себе, работејќи сложно на спасување на луѓето, ние навистина ќе бидеме „Божји помошници“. Тие што не сакаат да работат во слога му нанесуваат голем срам на Бога. Непријателот триумфира кога ќе ги види како тие во своето работење меѓусебно се судираат и си пречат еден на друг, додека би требало во срцата да негуваат нежност и меѓусебна братска љубов. Кога би можеле да ја подигнат завесата што ја крие иднината и би ги виделе последиците на својата неслога, тоа сигурно би ги навело да се покајат. {8С 240.1}

Светот се радува кога меѓу христијаните ќе види неслога. Неверниците се многу задоволни со тоа. Но Бог бара Неговиот народ да се промени. Единството со Христа и меѓусебната слога претставуваат единствена безбедност за нас во овие последни денови. Немојте на сатаната да му овозможиме со прст да покажува на членовите на црквата и да зборува: „Гледај како тие што стојат под знамето на Христа се мразат еден со друг. Не постои ништо од што би требало да се плашиме сè додека тие трошат повеќе сила во меѓусебни расправии, отколку во борба со моите сили”. {8С 240.2}

По слегувањето на Светиот Дух учениците тргнале да го проповедаат воскреснатиот Спасител и нивен единствен копнеж бил спасување на душите. Тие се радувале на слатката заедница со светиите. Биле нежни, внимателни, самопожртвувани и подготвени да поднесат секаква жртва заради вистината. Во своето секојдневно меѓусебно дружење тие ја откривале љубовта за која Христос им заповедал да ја откриваат. Со несебични зборови и постапки се труделе таа љубов да ја побудат во срцата на другите. {8С 241.1}

Вистинските верници секогаш ја развивале во себе таа љубов која ги исполнувала срцата на апостолите по слегувањето на Светиот Дух. Тие напредувале во доброволна покорност на новата заповед: „Како што Јас вас ве возљубив, така и вие да се љубите еден со друг“ (Јован 13:34). Тие биле толку цврсто обединети со Христа така што биле во состојба да ги исполнат сите Негови барања. Ја воздигнувале силата на Спасителот кој можел да ги оправда со Својата праведност. {8С 241.2}

Но првите христијани набргу почнале да си наоѓаат мана еден на друг. Задржувајќи се на грешките на другите и давајќи место на нељубезноста и критикувањето, го изгубиле од вид Спасителот и големата љубов која што Тој ја покажал кон грешниците. Станале многу точни во надворешните церемонии, а нарочно во верската теорија, и се построги во својата критика. Во својата ревност да ги осудат другите заборавиле на своите сопствени грешки. Заборавиле на науката за братската љубов која Христос ја нагласувал.  И тоа што е најжалосно од се, е дека не биле свесни за својот губиток. Не

сфатиле дека од нивниот живот исчезнува среќата и радоста и дека дошле во темнина штом ја избркале Божјата љубов од своето срце. {8C 241.3}

Апостол Јован видел дека од заедницата исчезнува братската љубов и посебно се задржал на тоа прашање. Тој сè до својата смрт постојано ги повикувал и поттикнувал да се љубат еден со друг. Оваа мисла се сретнува секаде и во неговото послание на поедини цркви. „Возљубени, да се љубиме еден со друг, зашто љубовта е од Бога... Бог го испрати во светот Својот Единороден Син, за да живееме преку Него. Возљубени, кога така нè засака Бог, тогаш и ние сме должни да се сакаме еден со друг“ (1. Јованово 4:7-11). {8C 241.4}

### Во Божјата црква денес братската љубов многу недостасува

Многумина кои тврдат дека го љубат Спасителот не ги љубат тие коишто се поврзани со нив во христијанско братство. Ние исповедаме иста вера, членови сме на исто семејство, сите сме деца на еден ист небесен Татко, со иста благословена надеж за бесмртност. Колку нежни и силни би требало да бидат врските кои меѓусебно нè поврзуваат! Световните луѓе будно пазат на нас за да видат дали нашата вера врши посветувачко влијание на нашите срца. Тие се брзи да го откријат секој недостаток во нашиот живот, секоја недоследност на нашите постапки. Да не им даваме повод да ја срамотат нашата вера. {8C 242.1}

Противењето на светот за нас не претставува најголема опасност, туку злото кое во своето срце го негуваат таканаречените верници доведува до нашите најтешки несреќи и најмногу му пречи на напредокот на Божјото дело. Зависта, меѓусебната недоверба, наоѓањето мани и сомневањето во другите претставува најсигурен начин да ја ослабнеме нашата духовност. „Оваа не е мудроста која доаѓа одозгора, туку земна, душевна, бесовска; зашто, каде што има зависти и карање, таму е неред и секакво лошо нешто. А мудроста што иде одозгора, е најнапред чиста, а потоа мирна, кротка, покорна, полна со милост и добри плодови, непристрасна и нелицемерна. Плодот, пак, на правдата во мир се сее од миротворците“ (Јаков 3:15-18). {8C 242.2}

Слогата и единството меѓу луѓето со разни карактери и склоности претставува најголем доказ дека Бог го испратил Својот Син во светот да ги спаси грешниците. Наша предност е тоа да го посведочиме. Но за тоа да можеме да го постигнеме мораме да се потчиниме на Христовата власт. Нашиот карактер мора да се прилагоди на Неговиот карактер и нашата волја мора да се потчини на Неговата волја. Тогаш ќе работиме во слога без ниедна помисла на судир. {8C 242.3}

Задржувањето на малите разидувања може да доведе до постапки кои ќе го разорат христијанското братство. Да не му дозволуваме на непријателот со тоа да задобие превласт над нас. Да пристапиме поблиску до Бога и едни до други. Тогаш ќе бидеме стебла на праведноста кои Господ ги посадил и кои ги залева реката на животот. И колку плодови ќе донесуваме! Зар Христос не рекол: „Со тоа ќе се прослави Мојот Татко: да носите многу род и да бидете Мои ученици“? (Јован 15:8). {8C 243.1}

Срцето на Спасителот е врзано за оние Негови следбеници кои ја исполнуваат Божјата волја во сите нејзини длабочини и височини. Тие треба да бидат едно во Него, иако се расеани по целиот свет. Но Бог не може да ги направи единствени во Христа ако не се волни наместо својот да го изберат Неговиот пат. {8C 243.2}

Кога потполно ќе се држиме до Христовата молитва, кога Божјиот народ ќе ја оствари во својот секојдневен живот, во нашите редови ќе се види единство на акција. Брат со брат ќе биде поврзан со златни врски на Христовата љубов. Само Божјиот Дух може да доведе до такво единство. Оној кој се посветил Себеси може да ги посвети и Своите ученици. Со соединувањето во Него, тие ќе бидат соединети и меѓу себе, во најсветата вера. Кога за ова единство ќе се бориме така како што Бог сака да се бориме, тогаш и ќе го постигнеме. {8C 243.3}

## ЛАИЦИТЕ ТРЕБА ДА ТРГНАТ НА РАБОТА

Секој поединечен член на заедницата го очекува (има обврска за) многу поголема задача отколку што тој и си замислува. Тие сè уште не се свесни за Божјите барања. Дошло време кога треба да се искористи секое средство со кое може да се потпомогне во подготовката на народот да опстане на Божјиот ден. Мораме да бидеме мошне будни и не смееме ниту една прилика да пропуштиме неискористена. Мораме да направиме сè што е во наша моќ за да ги наведеме душите да го љубат Бога и да се покоруваат на Неговите заповеди. Тоа го бара Исус од оние кои ја познаваат вистината. Зар тоа Негово барање е претерано? Зар Неговиот живот не ни служи како пример? Зар не му должиме на нашиот Спасител долг на љубов, сесрдна и несебична работа за спасување на оние за кои Тој го дал Својот живот? {8C 244.1}

Многу членови на нашите големи цркви не работат всушност ништо. Тие би можеле да извршат добро дело кога, наместо групирање на едно место, би се разотишле по места во кои сè уште не се чуло за вистината. Стеблата кои премногу густо се посадени не можат да напредуваат. Затоа градинарот ги пресадува, за да можат да се развиваат во слободниот простор и да не останат слаби и неразвиени. Тоа правило добро би се покажало и во нашите големи цркви. Многу членови духовно умираат токму затоа што не се работи така. Тие стануваат слаби и неделотворни. Кога би биле расадени, би имале простор да се развиваат и да зајакнат. {8C 244.2}

Божја намера не е Неговиот народ да формира населби или мнозина да се населуваат во исто место. Христовите ученици се Негови претставници на земјата и Бог сака тие да се расеат по целата земја, по градовите и селата, како светилки среде темнината на овој свет. Тие треба да бидат мисионери за Бога и со својата вера и своите дела треба да сведочат за близината на доаѓањето на Спасителот. {8C 244.3}

Верниците во нашата црква (лаиците) можат да извршат едно дело кое одвај е започнато. Никој не треба да се сели во некое ново место само заради световна корист; но ако некаде се пружи прилика за пристоен живот, таму нека одат семејства кои се добро утврдени во верата, и тоа едно или две семејства во едно место, и таму нека работат како мисионери. Тие мораат да имаат љубов кон душите и да чувствуваат должност да работат за нив, размислувајќи за тоа како да ги доведат до вистината. Можат да делат наши публикации, да одржуваат состаноци во своите домови, да се запознаваат со соседите и да ги повикуваат да дојдат на тие состаноци. Така нивната светлина ќе свети во добри дела. {8C 245.1}

Како работник за Господа секој треба да биде самостоен, да се моли, да плаче и да работи за спасување на своите ближни. Имајте на ум дека учествувате во една трка и дека се борите за нераспадливиот венец на бесмртноста. Додека мнозина пофалбата од страна на луѓето ја ценат повеќе од Божјото одобрување, вие работете во понизност.

Учете се својата вера да ја практикувате со приведување на своите соседи кон престолот на милоста, молејќи се Бог да ги трогне нивните срца. На тој начин можете да извршите успешно мисионерско дело. Можеби така ќе допрете до некои кои не би сакале да го слушаат проповедникот ниту колпортерот. А тие што работат така во нови места, ќе научат како на најдобар начин да им пријдат на луѓето и да можат да подготват пат за други работници. {8C 245.2}

Секој што ќе се посвети на оваа работа може да стекне скапоцено искуство. Таквиот во своето срце чувствува обврска кон душите на своите ближни. Тој мора да прима помош од Исуса. Колку само тој ќе биде внимателен за своите постапки, за неговите молитви да не бидат спречени и некој омилен грев да не го одвои од Бога. {8C 245.3}

Христос кажува: „Со тоа ќе се прослави Мојот Татко; да носите многу род“ (Јован 15:8). Бог нè надарил со способности и ни доверил таленти за да ги искористиме за Него. Секој човек добил своја задача - не само да работи на своите полиња со пченка и пченица, туку истрајно и срдечно да работи за спасување на душите. Секој камен во Божјиот храм мора да биде жив камен, камен што свети, пренесувајќи ја светлината на светот. Членовите треба да направат сè што можат и ако ги искористат способностите што веќе ги имаат, Бог ќе им даде повеќе благодат и способности. Многу наши мисионерски потфати беа осудени на неуспех затоа што мнозина одбиваат да го прават она за што се надарени и со што би биле корисни за делото. Сите што веруваат во вистината треба да тргнат на работа. Вршете ја работата која што ви е најблиску, направете нешто, колку и да е скромно тоа, отколку како жителите на Мироз да не направите ништо. {8C 246.1}

Нема да останеме без средства, ако тргнеме напред со доверба во Бога. Господ е подготвен да направи големо дело за сите што вистински веруваат во Него. Кога членовите на црквата ќе се пробудат и ќе почнат да го прават тоа што можат, тргнувајќи во борба на сопствен трошок и кога со сите свои сили ќе се трудат да придобијат души за Исуса, ќе видиме како ги напуштаат редовите на сатаната и како застануваат под Христовото знаме. Ако нашиот народ е подготвен да делува во согласност со вистината што ни е дадена во овие неколку зборови на поука, сигурно ќе го видиме спасението од Бога. Ќе настапи чудесно будење. Грешниците ќе се обратат и многу души ќе пристапат на црквата. Ако своето срце и својот живот го доведеме во единство со Христа и во согласност со Неговото дело, Духот кој слегол на учениците на денот на Педесетница ќе се излие и врз нас. {8C 246.2}

## ЗАР ДА СЕ НАЈДЕМЕ ЛЕСНИ?

Св. Елена, Калифорнија 21. април 1903.

Нашата положба во светот не е таква каква што би требала да биде. Ние сме далеку од она што би биле кога нашето христијанско искуство би било во согласност со можностите кои ни беа дадени, кога од самиот почеток би се труделе да напредуваме и сè повеќе да се издигаме. Кога би оделе во светлината која веќе ни е дадена, кога би се труделе подобро да го запознаеме Господа, нашиот пат би бил сè посветол и посветол. Но мнозина кои имаа нарочна светлина толку се прилагодиле на светот што одвај можат да се разликуваат од световните луѓе. Тие не стојат цврсто како особен

Божји народ, избран и скапоцен. Денес е тешко да се воочи разликата помеѓу оној кој му служи на Бога и оној кој не му служи. {8C 247.1}

Заедницата на адвентистите на седмиот ден се мери на мерилата на светињата. Нејзе ќе и биде судено според предностите и можностите кои и беа дадени. Ако нејзиното духовно искуство не биде сообразно со предностите кои Христос и ги дал по бескрајна цена на чинење, ако примените благослови не ја оспособиле за делото кое и е доверено, нејзе ќе и биде изречена пресуда „Си се нашла лесна“. Нејзе ќе и се суди според светлината која ја примила и според можностите кои и биле дадени. {8C 247.2}

## Божјата намера за Неговиот народ

Бог има во изобилие љубов, радост, мир и славна победа за сите кои Му служат со дух и вистина. Неговиот народ кој ги држи Неговите заповеди треба секогаш да биде подготвен за служба. Тој постојано треба да прима сè поголема благодат и сила и сè поголемо сознание за делувањето на Светиот Дух. Но мнозина не се подготвени да ги примат драгоцените дарови на Духот кои Бог чека да им ги даде. Тие не се трудат да примат сè поголема и поголема сила одозгора, за преку примените дарови да можат да бидат признати како особен Божји народ, кој копнее за добри дела. {8C 247.3}

## „Покај се и врши ги поранешните дела“

Свечените предупредувања и укори манифестирани во уништувањето на печатницата и санаториумот, драгите и ценети удобности за служба, ни кажуваат: „Спомни си од каде си паднал и покај се, и врши ги поранешните дела“ (Откровение 2:5). Зошто толку нејасно ја забележуваме вистинската духовна состојба на црквата? Зар не паднала слепост на стражарите кои стојат на ѕидовите на Сион? Зар не се многу Божји слуги спокојни и задоволни со себе, како да столбот од облак дење и столбот од оган ноќе лебди над светињата? Зар нема на одговорните положби такви кои говорат дека го познаваат Бога, додека се одрекуваат од Него со својот живот и карактер? Зар мнозина од оние кои себе се вбројуваат во особен и избран Божји народ нè се задоволуваат да живеат без очевидни докази дека Божјата вистина е меѓу нив, дека ги спасила од сатанските стапици и напади? {8C 248.1}

Зар денес не би имале многу поголема светлина кога во минатото би ги примиле Господовите предупредувања, би ја признале Неговата присутност и би се одрекле од сето онаа што е спротивно на Неговата волја? Кога така би правеле, небесната светлина би го осветлила храмот на душата, оспособувајќи нè нас да ја сфатиме вистината и да го љубиме Бога повеќе од сè, а своите ближни како самите себеси. О, колку го обесчестуваат Христа оние кои, тврдејќи дека се христијани, нанесуваат срам на името кое го носат со тоа што не живеат во согласност со она што го исповедаат и што во своите меѓусебни односи не ја покажуваат онаа љубов и почитување кое Бог го очекува од нив да го покажат во љубезните зборови и учтиви дела! {8C 248.2}

Силите на мракот се подигаат со голема жестокост. Последиците се војна, крвопролевање. Моралната атмосфера е затруена со свирепи и страшни дела. Духот на судири врие и се шири насекаде и на секое место. Многу души паѓаат под власта на

духот на измамата и подмолното делување. Мнозина ќе отстапат од верата слушајќи лажни духови и ѓаволски науки. Тие не сфаќаат со кој дух се опфатени. {8C 249.1}

## Недостаток на почитување кон Бога

Оној кој гледа под површината, кој ги чита срцата на сите луѓе, за оние кои имале голема светлина кажува: „Тие не се ниту нажалени ниту изненадени со својата морална и духовна состојба". „Да, тие ги избраа своите патишта и на душите им се мили нивните гадости. Така и Јас ќе изберам за нив несакни неволји, ќе го пуштам на нив она од што се плашат. Зашто повикував, а никој не се одзва, зборував, а никој не послуша, туку правеа што е зло во Моите очи, го избраа она што не Ми е по волјата". „Бог ќе им испрати сила на заблуда за да поверуваат на лагата", „Затоа што не ја примиле љубовта на вистината, та да би се спасиле", „а ја засакаа неправдата" (Исаија 66:3; 2. Солунјаните 2:10-12). {8C 249.2}

Небесниот Учител прашува: „Каква поголема измама може да го заведе разумот отколку што е тврдењето дека градите на цврст темел и дека Бог ги прима вашите дела, додека всушност правите многу нешта според погледите на овој свет и грешите против Јехова? О, колкава е таа самоизмама и страшна мамка која владее со разумот, кога луѓето кои некогаш ја познавале вистината сметаат дека надворешниот облик на побожност ја претставува нејзиниот дух и нејзината сила; претпоставувајќи дека се богати, дека се збогатиле и дека ништо не им треба додека всушност сè им е потребно". {8C 249.3}

Бог не се променил кон Своите верни слуги кои своите облеки ги одржуваат чисти. Но мнозина велат: „Мир е и нема од што да се плашам", додека изненадувачко уништување наидува на нив. Ако таквите не се покајат и не ги понизат своите срца по пат на признавање и ако не ја примат вистината каква што е во Исуса, никогаш нема да влезат во небото. Кога чистењето ќе ги зафати нашите редови, нема повеќе да седиме удобно фалејќи се: „Богат сум и се збогатив, и ништо не ми треба". {8C 250.1}

Кој може искрено да каже: „Нашето злато е испробано во огнот, нашите облеки се неизвалкани од светот?" Видов како нашиот Учител покажува на облеките на таканаречените праведници. Соблекувајќи ги, Тој ја открил нечистотијата која се криела под нив. Потоа ми рече: „Зар не гледаш како, придавајќи на себе важност, ја покриваат својата нечистотија и расипаноста на карактерот? 'Како стана блудница верниот град?' Домот на Мојот Татко стана дом на трговија, место од кое исчезнала божествената присутност и слава! Заради тоа настанала слабост, и сила недостасува". {8C 250.2}

## Повик на реформа

Ако црквата, која сега е проникната со сопственото отпадништво, не се покае и не се обрати, таа ќе ги јаде плодовите на своите постапки додека не се згрози на самата себе. Кога ќе се спротивставува на злото и кога ќе го одбере доброто, кога ќе го бара Бога во потполна понизност и кога ќе го достигне својот висок повик во Христа, стоејќи на темелот на вечната вистина и држејќи се преку вера за наследството кое е подготвено за неа таа ќе биде исцелена. Таа ќе се појави во од Бога дадената едноставност и чистота, одвоена од земните сплетки, покажувајќи дека вистината навистина ја

избавила. Тогаш нејзините членови навистина ќе бидат одбрени од Бога, Негови претставници. {8C 250.3}

Дошло време кога треба да се изврши потполна реформа. Кога таа реформа ќе почне, духот на молитва ќе го поткренува секој верник и духот на неслога и судири ќе биде истеран од заедницата. Оние кои не живееле во христијански братски односи ќе се приближат едни на други. Еден член кој постапува правилно ќе привлече други да се обединат со него, залагајќи се за откровение на Светиот Дух. Нема да има никакви збрки, затоа што сите ќе бидат во хармонија со Светиот Дух. Ќе се срушат пречките кои ги одвојувале верниците едни од други и Божјите слуги ќе зборуваат исти нешта. Господ ќе соработува со Своите слуги. Сите еднодушно ќе се молат со она молитва со која Христос ги научил Своите ученици: „Да дојде царството Твое; да биде волјата Твоја, како на небото, така и на земјата“ (Матеј 6:10). {8C 251.1}

## НА ПАТОТ КОН ДОМА

Кога слушам за страшни несреќи кои се случуваат од седмица во седмица, јас се прашувам: што значи сето тоа? Најужасни несреќи брзо наидуваат една по друга. Колку често слушаме за потреси и торнада, за пустошењето со пожари и поплави, со големи загуби во животи и имоти! Навидум, овие несреќи се чудни настапи на дезорганизираните, несредени сили, но во нив може да се прочита Божјата намера. Тие се едно од средствата со чијашто помош Бог настојува кај мажите и жените да разбуди чувство на опасност во која се наоѓаат. {8C 252.1}

Христовото доаѓање е поблиску отколку кога првпат поверувавме. Големата борба се ближи кон својот крај. Божјите казни ја снаоѓаат земјата. Тие сериозно предупредуваат, говорејќи: „Бидете подготвени, зашто Синот Човечки доаѓа во часот кога не очекувате“ (Матеј 24:44). {8C 252.2}

Меѓутоа, во нашите цркви има мнозина кои само малку знаат за вистинското значење на вистината за ова време. Јас ги повикувам да не го губат од предвид фактот дека се исполнуваат знаците на времето кои толку јасно говорат дека крајот е близу. О, колку многу има кои не бараат спасение на својата душа и кои наскоро горко ќе заридаат: „Жетвата помина, летото мина, а ние не сме спасени“. {8C 252.3}

Живееме во завршните денови од историјата на земјата. Пророштвото брзо се исполнува. Часовите на искушенија брзо поминуваат. Ниту за еден момент не смееме да губиме време. Да не дозволуваме да бидеме затекнати како спиеме на стража. Нека никој не говори во своето срце или со своите дела: „Мојот господар уште долго нема да дојде”. Веста за скорото Христово доаѓање треба да се објави со сериозни зборови и предупредувања. Да ги уверуваме насекаде мажите и жените да се покајат и да бегаат од гневот што иде. Мораме да ги поттикнеме веднаш да пристапат кон подготовка, затоа што малку знаеме за тоа што ни претстои. Проповедниците и членовите нека заминуваат во полињата кои дозреваат и да ги предупредуваат лекомислените и рамнодушните да го бараат Господа додека може да се најде. Работниците ќе најдат жетва каде и да ја објавуваат заборавената библиска вистина. Ќе ги најдат оние кои ќе ја примаат вистината и кои својот живот ќе го посветат на придобивање на души за Христа. {8C 252.4}

Господ наскоро ќе дојде и мораме да се подготвуваме да Го дочекаме во мир. Мораме да решиме да направиме сè што е во наша моќ да им ја пренесеме светлината

на оние кои се околу нас. Немојте да бидете тажни, туку радосни и секогаш да го имаме пред очи Господ Исус. Тој наскоро доаѓа и мораме да бидеме подготвени и да го чекаме Неговото појавување. О, колку ќе биде славно кога ќе Го видиме и кога ќе бидеме поздравени со добредојде како оние кои Тој ги искупил! Долго чекавме, но нашата надеж не смее да се угаси. Кога ќе го видиме Царот во Неговата убавина ќе бидеме засекогаш благословени! Чувствувам дека морам гласно да извикам: „Си одиме дома!“ Се приближуваме до времето кога Христос ќе дојде во сила и голема слава за да ги одведе своите откупени во нивниот вечен дом. {8C 253.1}

„И ќе се рече во оној ден: „Ете, Овој е нашиот Бог, во Него се надевавме, Тој нè спаси; Тој е Господ во Кого се надевавме! Да се радуваме и да се веселиме во Неговото спасение“ (Исаија 25:9). {8C 253.2}

„Поминете, поминете низ вратата, израмнете му го патот на народот. Насипете го, насипете го патот, отстранете ги камењата од него, кренете знаме за народите! Еве, Господ објавува до крајот на земјата: Речете на Сионската ќерка: ‘Еве, твојот Спасител доаѓа. Наградата Негова е со Него, а отплатата Негова пред Него!’ Тие ќе се наречуваат ‘Свет народ, Господови откупеници.’ А тебе ќе те викаат: ‘Бараниот’ - ‘Неоставениот град’“ (Исаија 62:10-12). {8C 253.3}

Во големото завршно дело ќе наидеме на збунувачки околности, не знаејќи како треба да постапуваме; но не смееме да заборавиме дека делуваат трите големи небесни сили, дека божествената рака управува со настаните и дека Бог ќе ги исполни Своите ветувања. Тој од овој свет ќе собере народ кој ќе Му служи во праведност. {8C 254.1}

„Да не се плаши срцето ваше; верувајте во Бога и во Мене верувајте. Во домот на Мојот Татко има многу места за живеење. А да немаше, зар Јас ќе ви кажев: ‘Одам да ви приготвам место’? Кога ќе отидам и ќе ви приготвам место, пак ќе дојдам и ќе ве земам вас кај Себе за да бидете и вие каде што сум Јас“ (Јован 14:1-3). {8C 254.2}

Долго чекавме на враќањето на нашиот Спасител. Но ветувањето сепак е сигурно. Наскоро ќе бидеме во ветениот дом. Таму Исус ќе не води покрај живата река, која тече од Божјиот престол, и ќе ни го објасни засега несфатливото провидение со кое не водел на оваа земја за да го усоврши нашиот карактер. Таму со непомрачен поглед ќе ги посматраме убавините на повторно воспоставениот Едем. Полагајќи ги пред нозете на Откупителот круните ставени на нашите глави од Неговата рака, и допирајќи ги жиците на златните харфи, ние целото небо ќе го исполниме со песна на благодарност на Оној што седи на престолот. {8C 254.3}

Отсек Пет

# НЕОПХОДНО ЗНАЕЊЕ

*„За да биде познанието на*
*славата Божја во лицето*
*на Исус Христос светло“*
*(2. Коринтјаните 4:6)*

## БОГ ВО ПРИРОДАТА

Додека не се појавил гревот, во умовите на нашите прародители немало ниеден облак кој би го замрачувал нивното сфаќање за Божјиот карактер. Тие биле совршено прилагодени на Божјата волја. Наместо плаштови, ги опкружувала прекрасна божествена светлина. Таа јасна и совршена светлина осветлувала сè околу нив. {8C 255.1}

Природата била нивен учебник. Во Едемската градина очевидно со покажало Божјото постоење, Неговите карактеристики се откривале во сè што ги опкружувало. Сето она на кое запирал нивниот поглед им зборувало. Невидливите факти за Божјото постоење, „Неговата вечна сила и божество“, јасно можеле да се видат и да се воочат во созданијата што Тој ги создал. {8C 255.2}

## Последиците на гревот

Меѓутоа, иако е вистина дека на почетокот Бог јасно можел да се види во природата, тоа не значи дека на Адам и на неговото поколение и после падот се откривало совршено познание на Бога во приодниот свет. Природата можела да го поучи човекот додека тој бил невин. Но гревот ѝ задал на земјата смртоносен удар и се испречил помеѓу природата и Богот на природата. Ако Адам и Ева останале послушни на својот Творец, ако не скршнале од патеката на совршена исправност, тие и понатаму би го запознавале Бога низ Неговите дела. Но кога го послушале искушувачот и кога згрешиле против Бога, исчезнала светлината на небесната невиност со која биле обвиткани. Лишени од небесна светлина, тие повеќе не можеле да го препознаваат Божјиот карактер во делата на Неговите раце. {8C 255.3}

Заради човечката непослушност дошло до промени и во самата природа. Расипана под проклетството на гревот, природата може да даде само несовршено сведоштво за Творецот и не може совршено да го открива Неговиот карактер. {8C 256.1}

## Божествен учител

Нам ни е неопходен божествен Учител. За светот да не остане во темнина, во вечна духовна ноќ, Бог се сретнал со нас во Исуса Христа. Христос е „вистинската Светлина, Која го осветлува секој човек што доаѓа во светот“ (Јован 1:9). „Познанието на славата Божја“, се открива „во лицето на Исус Христос“ (2. Коринтјаните 4:6). Христовата светлина што го осветлува нашиот разум и го осветлува лицето на природата, сè уште ни овозможува да ги читаме поуките за Божјата љубов во делата што Тој ги создал. {8C 256.2}

## Природата сведочи за Бога

Појавите што денес ги гледаме во природата ни даваат само слаба слика за убавината и славата на Едем. Сепак има многу прекрасни остатоци. Природата сведочи дека Оној што има бескрајна моќ, кој е голем во добрината, милоста и љубовта, ја создал земјата и ја исполнил со живот и радост. Дури и во сегашната нарушена состојба, сè што е создадено ја открива ракотворбата на големиот Уметник. Иако гревот го

расипал обликот и убавината на природата, иако на неа се забележуваат траги од „кнезот кој владее со ветерот“, сепак таа сè уште зборува за Бога. Во чичката, во трнот и во каколот можеме да го читаме законот на осудата; но од убавината на природните појави и нивното чудесно прилагодување на нашите потреби и нашата среќа, можеме да научиме дека Бог сè уште нè сака, дека сè уште е милостив кон светот. {8C 256.3}

„Небесата ја објавуваат Божјата слава, небесниот свод го навестува делото на Неговите раце Ден на денот објавува, и ноќ на ноќта знаење открива. Нема јазик, ниту, пак говор, во кој не се слуша нивниот глас“ (Псалм 19:1-3) {8C 257.1}

## Човековиот неуспех во толкувањето на природата

Одвоени од Христа, ние сè уште сме неспособни да го толкуваме јазикот на природата како што треба. Најтешката поука што човекот треба да ја сфати и тоа што најмногу го понижува е неговата неспособност кога се потпира на човечка мудрост и неизбежниот неуспех од неговото настојување да ја прочита природата како што треба. Тој сам по себе не може да ја толкува природата, а да не ја стави над Бога. Неговата состојба е слична на состојбата на Атињаните кои, покрај останатите олтари посветени на обожавањето на природата, изградиле еден олтар на кој било напишано „на непознатиот Бог“. Бог ним навистина им бил непознат. Тој е непознат на сите што, без водство на божествениот Учител, се обидуваат да ја проучат природата. Тие неизбежно ќе дојдат до погрешни заклучоци. {8C 257.2}

Потпирајќи се на својата човечка мудрост, светот не го познава Бога. Мудреците од овој свет собираат несовршено знаење за Бога врз основа на делата кои Тој ги создал. Но тоа знаење ниту од далеку не им дава возвишен поим за Бога, ниту од далеку не ги воздига нивниот ум и нивната душа, туку ги претвора луѓето во идолопоклоници. Тие во своето слепило ја воздигнуваат природата и нејзините закони над Богот на природата. {8C 257.3}

Бог дозволил, во откритијата на науката и уметноста, да се излее плима на светлина на светот. Меѓутоа кога научниците го набљудуваат светот од наполно човечка гледна точка на набљудување, тие неизбежно ќе дојдат до погрешни заклучоци. И најголемите умови ќе се збунат во обидот да го истражат односот помеѓу науката и откровението, ако не се потпираат на Божјото Слово. Создателот и Неговите дела се над нивната моќ на сфаќање, и поради тоа што тие не можат да се објаснат со природните закони, Библиската историја се прогласува за неверодостојна. {8C 257.4}

Тие коишто се сомневаат во веродостојноста на Светото Писмо го спуштиле своето сидро и удираат во карпите на неверувањето. Кога ќе увидат дека се неспособни Создателот и Неговите дела да ги мерат со своето несовршено познавање на науката, тие го доведуваат во прашање и самото постоење на Бога, а бескрајната моќ ѝ ја препишуваат на природата. {8C 258.1}

Вистинската наука не може да содржи ништо што е спротивно на учењето на Божјото Слово, бидејќи и двете имаат ист автор. Правилното сфаќање на науката и Божјото Слово секогаш покажува дека тие се во потполна хармонија. Вистината, било во природата или во откровението, е во согласност самата со себе во сите свои манифестации. Но умот кој не е просветлен со Божјиот Дух, секогаш ќе остане во мрак во поглед на Неговата моќ. Поради тоа човечките поими во поглед на науката се толку често противречни на учењето на Божјото Слово. {8C 258.2}

## Делото на создавање

Науката никогаш не може да го објасни делото на создавање. Која наука може да ја објасни тајната на животот? {8C 258.3}

Неоснована е теоријата дека Бог не ја создал материјата кога го создавал светот. За време на создавањето на нашиот свет, Бог не зависел од некаква претпостоечка материја. Напротив, сите работи, материјални и духовни, се создале на гласот на Господ Јехова и се создадени за Негови цели. Небесата, и целата војска нејзина, земјата и сè што е на неа, не само што се дело на Неговата рака, туку тие настанале со здивот на Неговата уста. {8C 258.4}

„Преку верата разбираме дека вековите се создадени со Божји збор и дека од невидливото произлегло видливото“ (Евреите 11:3). {8C 259.1}

„Господовото Слово ги создаде небесата, и со здивот на Неговата уста целата нивна војска... Зашто Тој рече - и тие настанаа; Тој заповеда и се создадоа“ (Псалм 33:6,9) {8C 259.2}

## Закони на природата

Размислувајќи за законите на материјата и законите на природата, многумина го губат од вид, ако дури и не го негираат, непрекидното и непосредното Божјо делување. Тие шират идеи дека природата делува независно од Бога, дека самата во себе и по себе има сопствени граници и сили со коишто дејствува. Тие прават забележлива разлика меѓу природното и натприродното. Тоа што го сметаат за природно го препишуваат на обични фактори, неповрзани со Божјата сила. Животната сила се препишува на материјата, а природата се претвора во божество. Се претпоставува дека постојат одредени односи во материјата и дека таа дејствува на основа на утврдени закони во кои, наводно, ни самиот Бог не може да се меша. Исто така се претпоставува дека природата е надарена со одредени својства и е подредена на утврдени закони и затоа е препуштена сама да се потчинува на тие закони и да делува така како што првобитно било одредено. {8C 259.3}

Тоа е лажна наука; Божјото слово не содржи ништо со што би можело да се поткрепи таа наука. Бог не ги поништува Своите закони, туку постојано дејствува преку нив, употребувајќи ги како Свои орудија. Тие не можат да постојат сами од себе. Бог постојано дејствува во природата. Таа му служи на Него и се покорува на Неговата волја. Природата со своето дејствување сведочи за разумното присуство и активното дејствување на едно Создавање, кое во сите Свои дела постапува според Својата волја. Земјата не ги дава своите обилни плодови од година во година и не се врти непрестано околу сонцето врз основа на својата првобитна моќ нераскинливо поврзана со природата. Раката на бескрајната сила без прекин делува во управувањето на оваа планета. Божјата сила која делува секој момент при тоа движење ја одржува во нејзината положба. {8C 259.4}

Небесниот Бог работи непрестано. Растението расте, листот се развива, цветот цвета само благодарение на Неговата сила. Секоја капка дожд, секоја снегулка снег, секоја тревка, секој лист, секој цвет и секоја грмушка сведочат за Бога. Тие мали и

обични појави околу нас содржат поука дека Бог сè забележува, дека ништо не е премногу безначајно за Неговото внимание. {8C 260.1}

Механизмот на човечкото тело не може целосно да се разбере; тој содржи тајни кои ги збунуваат и најголемите умови. Работата на пулсот и дишењето не се последица на дејствувањето на механизам, кој, кога еднаш е ставен во движење, механички продолжува да работи. Во Бога живееме, се движиме и постоиме. Секој здив, секое отчукување на срцето е непрестан доказ за силата на секогаш присутниот Бог. {8C 260.2}

Бог прави сонцето да се раѓа на небото. Тој ги отвора небесните прозорци и дава дожд. Тој прави по полињата да расте трева. „Го расфрла снегот како волна, распрснува слана како пепел". „Кога ќе Му заечи гласот, водите на небесата шумат... му создава молња на дождот, го изведува ветерот од неговите засолништа" (Псалм 147:16; Еремија 10:13). {8C 260.3}

Господ непрестано одржува и употребува како свое орудие сè што создал. Христос рекол: „Мојот Татко досега работи, и Јас работам" (Јован 5:17). {8C 260.4}

## Тајната на божествената сила

Ниту луѓето со најголем ум не можат да ги сфатат тајните на Јехова коишто се откриени во природата. Божественото вдахновение поставува многу прашања на кои ниту најпроникливиот учен човек не може да одговори. Тие прашања не се поставуваат за да одговориме на нив, туку за да обратиме внимание на Божјите длабоки тајни и да согледаме дека нашата мудрост е ограничена, дека во секојдневниот живот во нашата околина постојат многу нешта кои се над моќта на сфаќање на ограниченият ум, дека Божјите судови и намери се неиспитливи. Неговата мудрост е несфатлива. {8C 261.1}

Скептиците не сакаат да веруваат во Бога, бидејќи со својот ограничен ум не се во состојба да ја сфатат бескрајната моќ со која Бог им се открива на луѓето. Меѓутоа Бог треба да се признае повеќе по тоа што не ни го открил за Себе, отколку по тоа што го открил на нашето ограничено сфаќање. И во божествените откровенија и во природата Бог на луѓето им дал тајни за да во нив предизвика да имаат вера. Тоа така мора да биде. Ние можеме непрестано да истражуваме, непрестано да бараме, непрестано да учиме а сепак над сè се наоѓа бесконечноста. {8C 261.2}

„Кој го измерил морето со дланка
и кој ги премерил небесата со педа?
Кој го измерил со мерка правот земен, и планините на мерилки,
а бреговите на тежилка?
Кој го управувал Духот на Јехова,
и кој Му бил советник за да Го поучи?...
Ете, народите се како капка од ведро,
и се сметаат како прашинка на терезија.
Ете, островите тој ги подигна како прашинки. {8C 261.3}

Ни Ливан не стигнува за жртвен оган,
ни животните по него за сепаленица.
Сите народи се како ништо пред Него,
за Него се помалку од ништо и помалку се од суетата. {8C 262.1}

Со кого ќе Го уподобите Бога?
И со каков лик ќе го споредите?... Зар не знаете?
Зар не сте чуле?
Не ли ви е откриено од старини?
Зар не сте го разбрале тоа по основите на земјата?
Тој е Оној, Кој седи на кругот на земјата,
жителите се како скакулци пред Него.
Како завеса ги простре небесата,
ги оптегна како шатор за живеење...
'Со кого ќе Ме изедначите Мене,
кој Ми е рамен?'
вели Светецот.
Подигнете ги очите
и гледајте: кој го создаде тоа?
Кој по број ја изведува нивната војска,
и Кој ги вика сите по име.
Поради големата моќ и големата сила
во Него ништо не недостига. {8C 262.2}

Зошто велиш, Јакове, и ти, Израеле, зборуваш:
'Мојот пат е скриен за Бога,
мојата правда Му избегнува на мојот Бог?'
Зар не знаеш?

Зар не си чул?
Вечниот Бог, Јехова
Создателот на земните краишта.
Тој не се заморува, не изнемоштува;

Неговиот разум е неиспитлив.
На замореният му ја враќа силата,
и му дарува јачина на изнемоштениот.
Младите се заморуваат и се истоштуваат,

изнемоштените момчиња се тетераат.
А оние кои се надеваат на Господа,
ќе ја обноват својата сила, ќе кренат крилја како орли,
ќе трчаат и нема да постануваат,
ќе одат и нема да се уморуваат" (Исаија 40:12-31). {8C 262.3}

## ЛИЧНОСТА НА БОГ

Моќната сила која делува преку целата природа и одржува сè што постои не е, како што тоа го прикажуваат некои научници, само едно сеопфатно начело, една енергија

која става сè во движење. Бог е дух, а сепак е суштество со личност, бидејќи човекот е создаден според Неговиот лик. {8С 263.1}

## Природата не е Бог

Созданијата на Божјите раце во природата не е Самиот Бог во природата. Сè што можеме да видиме во природата претставува одраз на Божјиот карактер; со помош на тоа можеме да ја сфатиме Неговата љубов, Неговата сила и слава, но не смееме да мислиме дека природата е Бог. Човечките суштества со својата уметничка вештина создаваат мошне убави дела, дела, на кои се напојуваат очите, и тие дела, ни даваат одреден поим за нивниот автор, но создаденото дело не е човекот. Честа му припаѓа на авторот, а не на делото. Според тоа, иако природата е израз на Божјите мисли, сепак не треба да се воздига природата, туку Богот на природата. {8С 263.2}

„Боговите кои не ги создадоа небесата ни земјата, ќе ги снема од лицето на земјата и под небото". „Јакововиот Дел не е како нив: зашто Тој е Творец на сè". „Тој ја создаде земјата со Својата сила, со Својата мудрост ја утврди земјата, и со Својот ум ги оптегна небесата" (Еремија 10:10,11,16,12). {8С 263.3}

„Барајте го Оној кој ги создал Плеадите и Орион, и ја претвора смртната сенка во утро, а денот го прави темен како ноќ. Тој ги повикува морските води и ги излева по лицето на земјата. Јехова е Неговото име" (Амос 5:8). {8С 263.4}

Бог кој постои како личност го создал човекот Во создавањето на човекот дошло до израз делувањето на Божјата личност. Кога Бог го создал човекот според Својот лик, човечкиот облик бил совршен во сите поединости, но немал живот. Тогаш Бог, како личност која постои сама по себе, во вообличеното тело на човекот вдахнал дух на живот, и човекот станал живо, разумно суштество кое дише. Сите делови на човечкиот организам се ставени во движење. Срцето, артериите, вените, јазикот, рацете, нозете, сетилата, совеста, силата на умот сè почнало да работи, и сè било потчинето на одреден закон. Човекот станал жива душа. Бог кој постои како личност преку Исуса Христа го создал човекот и го надарил со разум и сила. {8С 264.1}

Нашата градба (материјата од која сме создадени) не била сокриена од Него, иако сме биле создавани во тајност. Неговите очи ја виделе нашата градба кога сè уште била некомплетна. Во Неговата книга биле запишани сите делови на нашето тело, кога сè уште не постоело ниедно. {8С 264.2}

Бог одредил човекот кој како круна на Неговите создавање е издигнат над сите пониски видови живи суштества да ја изразува Неговата мисла и да ја открива Неговата слава. Но човекот не смее да се издига самиот себе како Бог. {8С 264.3}

„Воскликнувај Му на Господа...
Служете Му на Господа со веселба!
Дојдете пред Неговото лице со радосни извикувања! {8С 264.4}

Знајте дека Господ е Бог:
Тој нè создаде, и ние сме Негови,
Негов народ сме и овци на Неговото пасиште. {8С 264.5}

Влезете со благодарници низ Неговите врати; со песни во Неговите дворови;

фалете Го, славете Му го името“ (Псалм 100:1-4). {8C 264.6}

„Возвишувајте го Господа, нашиот Бог,
и поклонувајте се пред Неговата света гора,
зашто свет е Господ, нашиот Бог“ (Псалм 99:9) {8C 264.7}

## Откровение на Бога во Христа

Како лично суштество, Бог се открил во Својот Син. Исус, одблесок на Татковата слава и „обличје на Неговото суштество“ (Евреите 1:3), на земјата бил во човечко обличје. Тој како личен Спасител дошол во светот. Како личен Спасител се вознел на небото и како личен Спасител Тој посредува во небесните дворови. Пред Божјиот престол посредува за нас „како Син Човечки“ (Откровение 1:13). {8C 265.1}

Христос светлината на светот со Своето човечко обличје ја засолнил заслепувачката блескавост на Своето божество и дошол да живее меѓу луѓето како човек, за тие да можат да се запознаат со својот Создател, а притоа да не бидат уништени. Ниеден човек никогаш не го видел Бога, освен кога Тој се открил преку Христа. {8C 265.2}

Христос рекол: „Јас и Таткото сме едно”. „И никој не Го познава Синот, освен Таткото; ниту Таткото Го познава некој освен Синот, и кому што сака Синот да Го открие“ (Јован 10:30; Матеј 11:27). {8C 265.3}

Христос дошол да ги поучи човечките суштества на она што Бог посакува тие да го знаат. На небесниот свод, на земјата, во пространите води на океаните, секаде го гледаме делото на Божјите раце. Сè што е создадено сведочи за Неговата сила, мудрост и љубов. Но ниту ѕвездите ниту океанот, ниту водопадот не можат да ни дадат таква поука и предочување за Божјата личност како што тоа е откриено во Христа. {8C 265.4}

Бог видел дека е потребно појасно откровение отколку што е природата, за да се одрази и Неговата личност и Неговиот карактер. Тој го испратил Својот Син на светот да ја открие, колку што човечкиот поглед можел да поднесе, природата и својствата на невидливиот Бог. {8C 265.5}

Кога Бог би сакал да биде претставен како да лично пребива во природата - во цветот, во дрвото и тревката зар Христос не би им зборувал за тоа на учениците кога бил на земјата? Меѓутоа, во Христовото учење за Бога воопшто не се говори така. Христос и апостолите шireле јасна вистина за постоењето на Бога како личност. {8C 265.6}

Христос го открил за Бога сето она што грешните човечки суштества можеле да поднесат а притоа да не бидат уништени. Тој е божествен Учител и Просветлител. Кога Бог би мислел дека ни се потребни и други откровенија освен оние кои ни ги дал преку Христа и во Неговото пишувано Слово, Тој тоа и би ни го дал. {8C 266.1}

## Како Христос им го открил Бога на Своите ученици

Да ги проучуваме зборовите кои Христос ги изговорил во горната соба, на последната ноќ пред Своето распнување. Се приближувал часот на Неговото искушение и Тој настојувал да ги утеши Своите ученици пред кои биле тешки искушенија и страдања. {8C 266.2}

„'Да не се плаши срцето ваше; верувајте во Бога и во Мене верувајте. Во домот на Мојот Татко има многу места за живеење. А да немаше, зар Јас ќе ви кажев: 'Одам да ви приговам место...' {8С 266.3}Тома му рече: 'Господи, не знаеме каде одиш; и како можеме патот да го знаеме?' Исус му рече: 'Јас сум Патот, Вистината и Животот; никој не доаѓа кај Таткото, освен преку Мене. Ако Ме бевте познавале, ќе го познававте и Мојот Татко. А отсега Го познавате, и сте Го виделе.' Филип Му рече: {8С 266.4}

'Господи, покажи ни Го Таткото, и доста ни е!' Му одговори Исус: 'Толку време сум со вас, и зар не си Ме познал, Филипе? Кој Ме видел Мене, Го видел Таткото, па како ти велиш: 'Покажи ни Го Таткото?' Не веруваш ли дека Јас сум во Таткото, и дека Таткото е во Мене? Зборовите што ви ги кажувам, од Себе не ги зборувам; туку од Таткото, Кој е секогаш во Мене, Тој ги врши делата" (Јован 14:1-9). {8С 266.5}

Учениците тогаш сè уште не ги сфатиле Христовите зборови во поглед на Неговиот однос кон Бога. Ним сè уште им бил нејасен поголемиот дел на Неговото учење. Тие поставувале многу прашања кои го покажувале нивното незнаење за односот на Бога спрема луѓето и спрема нивното тогашно и идно добро. Христос сакал учениците да имаат појасно, поодредено знаење за Бога. {8С 266.6}

„Ова во параболи ви го кажав;" рекол Христос, „но ќе дојде час кога нема веќе во параболи да ви зборувам, туку откриено ќе ве известам за Таткото" (Јован 16:25). {8С 267.1}

Кога на денот на Педесетница Светиот Дух се излил на учениците, тие ги разбрале вистините кои им ги зборувал во параболи. Тогаш им станало јасно учењето кое за нив до тогаш претставувало тајна. Под влијание на разбирањето што го примиле со изливањето на Светиот Дух тие се посрамиле од своите дотогаш чудни теории. Нивните претпоставки и толкувања биле лудост во споредба со тогаш применото сознание на она што е небесно. Сега биле водени со Светиот Дух и нивното некогаш помрачено сфаќање го осветлувало светлина. {8С 267.2}

Меѓутоа, учениците сè уште не го примиле потполно исполнувањето на Христовото ветување. Тие го добиле сето она сознание за Бога кое можеле да го носат, но потполното исполнување на Христовото ветување дека допрва ќе им јави за Таткото требало да настапи. Така е и денес. Нашето знаење за Бога е делумно и несовршено. Кога борбата ќе заврши и кога Човекот Исус Христос ќе ги признае пред Таткото Своите верни работници, кои во овој грешен свет биле верни сведоци за Него, тогаш тие потполно јасно ќе го сфатат и тоа што денес за нив претставува тајна. {8С 267.3}

Својата прославена човечка природа Христос ја понел со себе и во небесните дворови. На оние кои ќе Го примат, Тој им дава власт да станат синови Божји, за Бог на крајот да може да ги прими како свои, да престојуваат со Него низ целата вечност. Ако за време на овој живот бидат верни на Бога, тие на крајот „ќе го гледаат Неговото лице, и Неговото име ќе биде на нивните чела" (Откровение 22:4) А што може да претставува поголема небесна среќа отколку да се види Бог? Има ли поголема радост за грешникот, кој е спасен преку Христовата благодат, отколку да го види Божјото лице и да го запознае како Татко? {8С 267.4}

## Сведоштвото на Светото Писмо

Светото писмо јасно укажува на сродството помеѓу Бога и Христос и исто така јасно ја предочува личноста и особеноста и на Едниот и на Другиот. {8С 268.1}

„Бог, Кој во старо време, откако многупати и на многу начини им зборуваше на нашите предци преку пророците, во последниве денови ни зборува преку Синот, Кого Го постави за наследник над сè, преку Кого ги создаде и вековите. Тој е одблесок на Божјата слава и отпечаток на Неговата суштина и држи сè со Својот моќен збор. Откако преку Себе ги очисти нашите гревови, седна од десната страна на престолот на Севишниот во висините. И стана толку повозвишен од ангелите, колку што е пославно името што го наследи, во споредба со нивното. Зашто кому од ангелите Бог некогаш му рекол: 'Ти си Син Мој, Јас Те родив денес', или пак: 'Јас ќе Му бидам Татко, а Тој ќе ми биде Син?'" (Евреите 1:1-5). {8С 268.2}

Бог е Христовиот Татко; Христос е Син Божји. На Христос му била дадена возвишена положба. Тој е изедначен со Таткото. Сите Божји совети му биле достапни и на Неговиот Син. {8С 268.3}

Исус им рекол на Евреите: „Мојот Татко досега работи, и Јас работам... Синот не може да прави ништо Сам од себе, ако не види што прави Таткото; бидејќи она што го прави Тој, истото го чини и Синот" (Јован 5:17,19). {8С 268.4}

И овде повторно се покажува на личноста на Таткото и Синот и на единството што постои помеѓу нив. Тоа единство исто така е изразено и во седумнаесеттото поглавје од евангелието според Јован, во Христовата молитва за учениците: {8С 269.1}

„Но не се молам само за нив, туку и за оние што преку нивните зборови ќе поверуваат во Мене. И славата што си Ми ја дал, ним им ја дадов, за да бидат едно, како што сме Ние едно. Јас сум во нив и тие се во Мене, за да бидат во сè едно, и да дознае светот дека Ти си Ме испратил, и нив си ги возљубил, како Мене што ме возљуби" (Јован 17:20,22,23). {8С 269.2}

Чудесни зборови! Единството кое постои помеѓу Христос и Неговите ученици не ја уништува ни Неговата, ни нивната личност. Тие се едно во целта, во духот, во карактерот, но не и во личноста. На тој начин се едно и Бог и Христос. {8С 269.3}

Односот помеѓу Таткото и Синот и нивната личност исто така јасно е прикажана и во овие зборови: {8С 269.4}

*„Господ над Војските зборува вака:*
*Еве го човекот кому името му е Фиданка;*
*и Кој ќе израсне од Своето место*
*и тој ќе го изгради Господовиот Храм...*
*И ќе се прослави. {8С 269.5}*

*Тој ќе седи и ќе владее на Својот престол.*
*А ќе биде и свештеник на престолот Свој,*
*и ќе има согласност за мир меѓу едниот и другиот"*
*(Захарија 6:12,13) {8С 269.6}*

## „Вечниот Бог"

Во Божјото Слово се зборува за Бог како за „вечниот Бог". Тоа име го опфаќа минатото, сегашноста и иднината. Бог постои од вечноста до вечноста. Тој е вечен. {8С 270.1}

*„Вечниот Бог е Твое засолниште,*
*и ти си под силата на вечните мишки.*
*Тој ги гони непријателите пред тебе; Тој извикнува: Уништи!*
*Израел живее во безопасност,*
*а Јакововиот извор во земјата на житото и виното,*
*каде небесата дождат со роса.*
*Блазе ти Израелу!*
*Кој народ Господ го заштитува како тебе?*
*Тој е твој штит и меч на твојата слава“ (Второзаконие 33:27-29).* {8C 270.2}

*„Пред да се родат планините,*
*и пред да си ги создал копното и земјата,*
*отсекогаш и засекогаш Ти постоиш.*
*Ти го враќаш човекот во прав*
*и велиш: Вратете се човечки чеда!*
*Зашто илјада години во Твоите очи се:*
*како вчерашниот ден што помина*
*и како ноќна стража.*
*Ти ги однесуваш како со потоп, тие се како сон;*
*Наутро тие се како трева,*
*што се зеленее: наутро цвета и се зеленее,*
*а навечер се суши и венее”.* {8C 270.3}

*„Научи не да ги броиме нашите дни,*
*за да придобиеме мудро срце”.* {8C 270.4}

*„Насити нè наутро, со Својата милост,*
*за да се радуваме и да се веселиме во сите наши дни!* {8C 270.5}

Зарадувај нè за дните кога ни нанесуваше неволја, за годините кога гледавме зло. Нека се покаже Твоето дело врз Твоите слуги и славата Твоја врз нивните деца. {8C 270.6}

Нека биде над нас добрината на Господа, нашиот Бог; дај да ни успее делото на нашите раце; на делото на нашите раце дај му успех“ (Псалм 90:2-6,12,14-17). {8C 271.1}

*„Господ царува, Тој е облечен во величество,*
*Господ е облечен во сила и опашан:*
*земјата стои цврсто, нема да се разниша:*
*Твојот престол е утврден одамна,*
*Ти си од вечноста“ (Псалм 93:1,2)* {8C 271.2}

*Неговата љубов и добрина*
*„Полна е земјата со Господовата милост”.*
*„Сите Негови дела се верно извршени.* {8C 271.3}

*Тој ги љуби праведноста и правосудството...*
*Блазе му на оној народ кому Господ е Бог,*
*на народот што го избрал за Свое наследство”.* {8C 271.4}

*„Ете, Господовото око е над оние кои се бојат од Него,*
*над оние, кои се надеваат на Неговата милост:*
*За да ја спаси нивната душа од смрт,*
*и да им ги зачува животот во време на глад”. {8C 271.5}*

*„Душата наша се надева на Господа,*
*Тој ни е помош и наш штит.*
*Нашето срце се радува во Него,*
*зошто ние се надеваме на Неговото свето име“*
*(Псалм 33:4-12, 18-21). {8C 271.6}*

*„Го барав Господа и Тој ми одговори,*
*и ме избави од сите мои стравови.*
*Погледнаа во Него и блескаа светлина,*
*и нема да се засрамат лицата нивни!*
*Бедниот вика, и Господ го чу,*
*го избави од сите негови неволји. {8C 271.7}*

*Господов ангел се настанува околу оние што се бојат од Него,*
*и ги избавува.*
*Вкусете и видете колку е добар Господ:*
*блажен е човекот, кој се надева на Него! {8C 271.8}*

*Бојте се од Господа, вие Негови свети,*
*зашто нема оскудица за оние кои се бојат од Него.*
*Младите лавови трпат беда и гладуваат,*
*а оние што Го бараат Господа*
*нема да им недостасува ниедно добро”. {8C 271.9}*

„Праведниците викаат, а Господ ги слуша, ги избавува од сите нивни неволји. Господ е близу до оние што се со скршени срца, и ги спасува оние, што се со скрушен дух”. {8C 272.1}

„Господ ја избавува душата на Своите слуги и ниеден, од оние што се надеваат на Него, никој нема да биде осуден”. (Псалм 34:4-10,17,18,22). {8C 272.2}

---

*„Штедар е и милостив Господ,*
*бавен на гнев и полн со милост.*
*Не е јаросен за вечни времиња,*
*ниту Неговиот гнев пламнува довека.*
*Не постапува со нас според нашите гревови,*
*Ниту ни плаќа според нашите беззаконија. {8C 272.3}*

*Зашто колку е високо небото над земјата,*
*толку е голема Неговата милост*
*кон оние што се бојат од Него.*
*Колку е исток далеку од запад,*

*толку ги оддалечува од нас нашите беззаконија.*
*Како што таткото ги милува синовите,*
*така Јехова ги милува оние, кои се бојат од Него.*
*Зашто знае добро како сме создадени,*
*си споменува дека сме прав.* {8C 272.4}

*Човечките денови се како трева,*
*цветаат како полски цвет;*
*штом ветарот ќе го допре, и веќе го нема,*
*ни неговото место не го помни.*
*Но Господовата љубов е вечна,*
*над оние кои се бојат од Него,*
*и Неговата правда над синовите на синовите,*
*над оние што го чуваат Неговиот завет,*
*и ги помнат Неговите одредби,*
за да ги исполнуваат“ (Псалм 103:8-18). {8C 272.5}

**Неговата грижа за нас**

Нашиот Бог владее со небото и земјата и знае точно што ни е потребно. Ние сме во состојба да видиме нешто од она што е пред нас, но „сè е голо и откриено за очите на Оној пред Кого ние ќе одговараме“ (Евреите 4:13). Тој седи на Својот престол, возвишен над целата земна збрка и сè е откриено на Неговиот божествен поглед; и од Неговата големина и мирот на вечноста Тој одредува да биде тоа што Неговото провидение го наоѓа за најдобро. {8C 272.6}

Ниедно врапче не паѓа на земјата, а Господ тоа да не го запази. Сатанската омраза кон Бога е толкава така што тој ужива да ги уништува дури и немите созданија. Само Божјата заштита ги чува птиците за да нè веселат со својата радосна песна. Тој не ги заборава дури ни врапчињата. „Но не плашете се: вие сте поскапи од многу врапчиња“ (Матеј 10:31). {8C 273.1}

*„Благословувај Го Господа, душо моја.*
*Господи, Боже мој, Ти си многу велик;*
*Во чест и велелепие си се облекол.*
*Наметнат си со светлина како со наметка,*
*небото го оптегаш како шатор,*
*ги изгради Твоите дворци над водите.*
*Ја правиш Својата кола од облаци,*
*патуваш врз крилјата на ветровите.*
*Ветровите ги правиш Свои гласници,*
а слугите Свои огнен пламен. {8C 273.2}

Земјата ја постави врз нејзините основи, не ќе се разлулее низ вечни времиња. Ја покри со водени бездни како со облека, водите стоеја над планините; се повлекоа од Твоите заканувања, се стресоа од Твоето грмење. Планините се издигнаа, планините се

спуштија, на местото што им го одреди. Ја одреди границата, што не смеат да ја преминат, за да не ја покријат пак земјата. {8C 273.3}

*Изворите ги навртуваш во долините,*
*што шумат меѓу планините.*
*Тие ги напојуваат сите полски животни,*
*дивите ослици ја гаснат жедта во нив.*
*Небесните птици се гнездат покрај нив,*
*и пеат меѓу гранките.*
*Ти ги натопуваш планините од Твоите дворци,*
*земјата се наситува од плодовите на Твоите раце.*
*Ти правиш да никне трева за добитокот,*
*и зеленчук за потребите на човекот. {8C 273.4}*

*За да вади леб од земјата,*
*и вино кое го развеселува човечкото срце,*
*да го освежува лицето со масло,*
*и лебот да го зајакне човечкото срце.*
*Господовите дрвја се наситија со храна,*
*ливанските кедри, што Тој ги посади.*
*Таму се гнездат птиците,*
*а елките се живеалиште на штркот.*
*Високите планини им даваат засолниште на дивите кози,*
*а пештерите на јазовците. {8C 274.1}*

*Ти ја создаде месечината, за да ги означува времињата,*
*и сонцето знае каде треба да зајде.*
*Кога ја распростираш темнината нокта се спушта,*
*тогаш низ неа скришно шетаат горските животни.*
*Лавчињата рикаат по плен,*
*бараат храна од Бога.*
*Штом сонцето ќе огрее,*
*ги снемува и легнуваат во своите легла.*
*Тогаш човекот излегува на дневна работа,*
*и на труд до вечерта. {8C 274.2}*

*Колку се бројни Твоите дела, о Господи!*
*Со мудрост направи сè:*
*земјата е полна со Твоите созданија.*
*Ене го големото и широкото море,*
*низ него се движат безбројни лазачи,*
*мали и големи животни.*
*Оттаму поминуваат кораби,*
*морското чудовиште, што го создаде да си игра во него.*
*И сите овие чекаат на Тебе,*
*за да ги нахраниш на време.*
*Ако им даваш, тогаш собираат. Ако ја отвориш раката,*

*се наситуваат со блага.*
*Скриеш ли го Своето лице,*
*тогаш се растажуваат;*
*ако им го одземеш здивот,*
*умираат, и пак се враќаат во прав.*
*Го испраќаш Својот Дух, пак се создаваат,*
*и така го обновуваш лицето на земјата.* {8C 274.3}

*Нека трае довека Господовата слава*
*нека се радува Господ во Своите дела!*
*Погледнува ли кон земјата и таа се тресе;*
*се допре ли до горите, тие се димат.* {8C 274.4}

*Ќе Му пеам на Господа додека сум жив,*
*ќе Му свирам на мојот Бог додека суштествувам.*
*Ќе Му бидат мили моите мисли!*
*Јас ќе се радувам во Господа“*
*(Псалм 104:1-34).* {8C 275.1}

*„Ти си надеж на сите краишта на светот,*
*и на оние што се далеку преку морето.*
*Ги утврдуваш планините со Својата сила,*
*и со моќ си се препашал.*
*Ја скротуваш бучавата на морињата...*
*и вревата на народите.*
*Ги полниш со радост утрата и вечерите...*
*Ти ја овенча годината со Својата добрина,*
*плодност никнува зад Твоите стапалки“*
*(Псалм 65:5-7,8,11).* {8C 275.2}

*„Господ ги поткрепува сите кои паѓаат*
*и Тој ги исправа наведнатите.*
*Очите на сите се свртени кон Тебе,*
*ти им даваш храна во право време.*
*Ти ја отвораш Твојата рака,*
*и ја наситуваш желбата на сè живо“*
*(Псалм 145:14-16).* {8C 275.3}

**Неговата милост и долгото трпение**

Ниеден земен родител не се залага толку срдечно за своето заблудено дете како што Оној кој нè создал, се залага за престапникот. Ниедно човечко суштество ни им упатило ваков нежен повик: {8C 275.4}

*„Но ти, Јакове, не Ме повика,*
*се измори околу Мене, Израеле!“*

*(Исаија 43:22).* {8C 275.5}

*„Народе Мој, што ти сторив?*
*Со што те изморив?“ (Михеј 6:3).* {8C 275.6}

*„Додека Израел беше дете Јас го љубев,*
*го повикав Мојот син од Египет“ (Осија 11:31).* {8C 275.7}
*„Делот на Господа е Неговиот народ,*
*Јаков е Неговото наследство.*
*Тој го најде во степска земја,*
*во морничава пустинска пустина.*
*Го опкружи, се грижеше за него,*
*го чуваше како зеницата на Своето око.*
*Како орелот што бдее над гнездото,*
*треперејќи над своите орлиња,*
*така Тој шири крила, го зема,*
па го носи на Своите перја“
*(Второзаконие 32:9-11).* {8C 275.8}

*„Не го додржаа Заветот со Бога*
*и не сакаа да одат според Неговиот Закон“*
*(Псалм 78:10).* {8C 276.1}

*„Колку повеќе пророците ги повикуваа,*
*сè подалеку одеа од Мене...*
*Јас самиот го учев Ефрем да оди,*
*држејќи го за неговите раце;*
*но тие не сознаа дека со тоа ги лекував.*
*Ги привлекував со човечки јажиња,*
*со врските на љубовта...*
*Мојот народ е наклонет кон отпаѓање,*
*иако повикуваат кон Вишниот,*
*никој нема да Го воздигне“ (Осија 11:2-7).* {8C 276.2}

*„А Тој милостиво им го проштаваше гревот*
*и не ги погубуваше;*
*многупати ја отстрануваше јароста Своја,*
*и не го разгоруваше сиот Свој гнев.*
*Си спомнуваше дека се тело,*
*и здив што заминува и не се враќа веќе“*
*(Псалм 78:38,39).* {8C 276.3}

*Иако Тој „ја предаде во ропство Својата сила,*
*и Својата слава*
*во непријателски раце“, сепак рекол:*
*„Но нема целосно да му ја одземам Мојата наклонетост,*
*ниту ќе ја прекршам Мојата праведност“*

*(Псалм 78:61; 89:33).* {8C 276.4}

*„Зар не ми е Ефрем драг син?*
*Не е ли возљубено дете,*
*зашто колку и да му се заканувам,*
*секогаш со љубов си спомнувам за него;*
*и срцето ми трепери за него“*
*(Еремија 31:20).* {8C 276.5}

*„Како да те дадам Ефреме,*
*како да те предадам Израелу!* {8C 276.6}
*Дали да постапам со тебе како со Адма?*
*Дали да постапам со тебе како со Севоим?*
*Моето срце Ми се врати во Мене,* {8C 277.1}

*милосрдието Ми пламна:*
*Не ќе му дадам веќе замав на гневот,*
*не ќе го сотрувам пак Ефрема,*
*зашто Јас Сум Бог, а не човек;*
*Светец кој е среде тебе -*
*нема да дојдам гневен“*
*(Осија 11:8,9).* {8C 277.2}

*„О, Израелу, врати се кај Јехова, Твојот Бог,*
*зашто падна заради Твоето беззаконие.*
*Земете ги со себе зборовите*
*и вратете се кон Господа. Речете Му:*
*‘Одземи го од нас беззаконието и прими го она што е добро...*
*Асирецот нема да нè избави,*
*и не ќе јаваме веќе коњи,*
*ниту ќе му зборуваме на делото на своите раце:*
*‘Вие сте богови наши!’ –*
*зашто сирачето наоѓа милост во Тебе’“*
*(Осија 14:1-3)* {8C 277.3}

*„Тие ќе одат по Господа...*
*Неговите синови ќе дојдат со треперење од запад.*
*Ќе дојдат треперејќи како птица од Египет,*
*како гулаб од Асирската земја*
*и ќе ги населам по нивните куќи, говори Господ“*
*(Осија 11:10,11).* {8C 277.4}

*„Јас ќе го излекувам одметнувањето нивно,*
*благонаклоно ќе ги засакам,*
*зашто гневот Мој се одврати од нив.*
*Јас ќе бидам роса за Израилот;*
*тој ќе цвета како крин,*

*и ќе пушти корења како дрвјата на Ливан.*
*Ќе се рашират гранките негови,*
*и убавината негова ќе биде како убавина на маслина,*
*и мирисот од него како мирис од Ливан.*
*Ќе се вратат оние,*
*кои седеа под неговата сенка, ќе раѓа како жито*
*и ќе цвета како лоза...*
*Зошто ми се идолите уште? - ќе рече Ефрем.*
*И Јас ќе го чујам и милостиво ќе погледнам на него;*
*ќе бидам како зелен кипарис:*
*од Мене ќе ти бидат плодовите.* {8C 277.5}

*Кој е мудар за да го разбере ова?*
*Кој е разумен за да го познае тоа?*
*Оти патиштата Господови се прави,*
*и праведниците ќе одат по нив“*
*(Осија 14:4-9)* {8C 278.1}

*„Кој Бог е како Ти Кој го проштава беззаконието,*
*и преминува преку престапите*
*на остатокот на Своето наследство?*
*Тој вечно не се гневи,*
*бидејќи Тој ужива да укажува милост.*
*Тој повторно ќе се смилува над нас;*
*И ќе ги погази нашите беззаконија,*
*ќе ги фрли сите наши гревови во морските длабочини“*
*(Михеј 7:18,19).* {8C 278.2}

*„Господ ми се јави од далечина:*
*‘Со вечна љубов те засакав и*
*затоа пристапив кон тебе со милост.’“*
*„Господ го ослободи Јакова,*
*го избави од рацете на посилниот од него”.*
*„Јас тагата ќе им ја претворам во радост,*
*ќе ги утешам и ќе ги развеселам по жалоста”.*
*„ И Својот народ ќе го наситам со добра –*
*говори Господ”.*
*(Еремија 31:3,11,13,14).* {8C 278.3}

*„Воскликнувај од радост, Сионска ќерко,*
*викај од веселба Израеле!*
*Весели се и радувај се од срце,*
*О, Ерусалимска ќерко!*
*Господ те ослободи од твојата пресуда,*
*ги отстрани Твоите непријатели*
*Господ, Израелевиот Цар, е во твојата средина!*
*Веќе нема да се боиш од зло!*

*Во оној ден ќе му речат на Ерусалим:*
*Не бој се Сионе! Нека не ти се истоштат рацете.*
*Господ, твојот Бог, е во твојата средина,*
*Тој е силен да те спаси!*
*Тој ќе ти се радува тебе со радост,*
*Тој ќе почива во Својата љубов,*
*Тој ќе воскликнува над тебе, пеејќи“*
*(Софонија 3:14-17).* {8C 278.4}

*„Таков е Бог, нашиот Бог засекогаш и довека!*
*Тој ќе нè води до смрт!“*
*(Псалм 48:14)* {8C 278.5}

## ЛАЖНО И ВИСТИНСКО ЗНАЕЊЕ ЗА БОГА

### Шпекулативни теории

„Она што е тајно, му припаѓа на Господа, нашиот Бог, а она што е јавно - нам и на синовите наши довека, за да ги извршуваме сите зборови на овој закон“ (Второзаконие 29:29). Откровението кое самиот Бог го дал за Себе во своето Слово ни е наменето нам и треба да го проучуваме. Тоа можеме да настојуваме да го сфатиме. Но подалеку од тоа не можеме да продреме. Најразвиениот ум може да се напрега додека не се умори, создавајќи разни претпоставки за Божјата природа, но неговите напори ќе останат напразни. Нам не ни е дадено да го решаваме овој проблем. Ниеден човечки ум не може целосно да го разбере Бога. Човекот во својата ограниченост нека не се напрега да го толкува Него. Никој нека не се впушта да нагодува за Неговата природа. Молчењето овде значи речитост. За Сезнајниот не може да се расправа. {8C 279.1}

Дури ни на ангелите не им било дозволено да учествуваат во советувањето помеѓу Таткото и Синот кога е создаван планот на спасението. Оние човечки суштества кои се трудат да продрат во тајните на Севишниот покажуваат дека не ги познаваат духовните и вечни вистини. Тие би направиле многу подобро, додека сè уште се слуша гласот на милоста, да се понижат во прашина молејќи се на Бога да ги поучи на Своите патишта. {8C 279.2}

Ние за Бога (за природата на Неговото Создавање) не знаеме повеќе од малите деца, но како мали деца можеме да го љубиме и слушаме. Наместо да нагодуваме каква е Неговата природа или Неговите права (предност), треба да ги слушаме зборовите кои Тој ги изговорил: „Застанете и разберете дека Јас Сум Бог“ (Псалм 46:10). {8C 279.3}

*„Можеш ли да проникнеш во Божјите длабочини?*
*Можеш ли да го доловиш совршенството на Сèдржителот?*
*Повисоко е од небото: што можеш да сториш?*
*Подлабоко е од пеколот: што можеш да дознаеш?*
*Подолга од земјата е мерката негова*
*- пошироко е од морето!“ (Јов 11:7-9).* {8C 279.4}

*„Но од каде ни доаѓа мудроста?*

*Во кое место престојува разумот?*
*Човекот не ја знае нејзината цена,*
*таа не се наоѓа во земјата на живите.*
*Бездната зборува: 'Ја нема во мене!'*
*А морето 'Не се наоѓа кај мене!*
*Не може да биде купена со чисто злато,*
*ниту да се измери со сребро нејзината цена.*
*Не се мери таа со офирско злато,*
*ни со скапиот оникс па ни со сафир.*
*Не се споредува со злато, со кристал,*
*ниту се дава за сад од чисто злато.*
*Зашто да се споменува кристалот, коралот,*
*подобро е да стекне мудрост отколку бисери.*
*Што е спрема неа етиопскиот топаз,*
*не се преценува ни со чисто злато.*
*Но, од каде ни доаѓа мудроста?*
*Во кое место престојува разумот?...*
*Погубноста и смртта изјавуваат:*
*'Ние само чувме за нејзината слава.'*
*Единствено Господ го разбира нејзиниот пат,*
*единствено Тој знае каде се наоѓа. {8C 280.1}*

*Зашто Тој со поглед ги опфаќа границите на земјата*
*и забележува сè под небесниот свод...*
*Кога му наметна закони на дождот*
*и патишта на громовните облаци,*
*тогаш ја виде и ја објави,*
*ја приготви и ја испита.*
*А потоа му рече на човекот:*
*'Стравот од Господа - ете што е мудрост, Отстранувај се од злото'*
*- тоа е разумност'" (Јов 28:12-28). {8C 280.2}*

Мудроста не се наоѓа ниту по пат на истражувања на земјината внатрешност, ниту во залудното настојување да се проникне во тајните на Божјото суштество. Таа се наоѓа во понизното прифаќање на откровенијата кои Нему му било угодно да ни ги даде и во прилагодувањата на животот на Неговата волја. {8C 280.3}

**Величеството на нашиот Бог**

Величеството на нашиот Бог можеме да го запознаеме врз основа на прикажувањата кои Светиот Дух ги дал на Неговите пророци. Пророкот Исаија пишува: - {8C 281.1}

„Во онаа година кога умре царот Озиј, Го видов Господа како седи на висок и возвишен престол. Скутовите на Неговата плаштеница го исполнуваа храмот. Над Него стоеја серафимите; секој имаше по шест крила: две крила за да го засолне лицето, две крила за нозете, а со две крила леташе. И викаа еден кон друг: 'Свет! свет! свет е Господ

над Воинствата! Сета земја е полна со Неговата слава!' Од грмливите гласови на оние кои воскликнуваа се стресоа довратниците на праговите, а домот се исполни со дим. {8C 281.2}

Тогаш јас реков: 'Тешко мене, пропаднав, зашто сум човек со нечисти усни, живеам во народ со нечисти усни, а моите очи Го видоа Царот, Господ на Војските!' {8C 281.3}

Еден од серафимите долета кон мене: во рацете имаше жар што го зеде со клешти од жртвеникот; се допре со неа до мојата уста и рече: 'Еве, ова се допре до твоите усни, безаконијата ти се симнати и гревот твој е очистен'" (Исаија 6:1-7). {8C 281.4}

„Никој не е како Ти Господи, Ти си велик и силно е Твоето Име. Кој нема да се бои од Тебе, О, Царе на народите?" (Еремија 10:6,7). {8C 281.5}

„Господи, ме согледуваш целиот и ме познаваш, Ти знаеш кога седнувам и кога станувам, веќе оддалеку ги знаеш моите мисли. Ти ме испитуваш кога одам и кога лежам, познати ти се сите мои патишта. {8C 281.6}

Додека мојот збор уште не дошол до јазикот, а Ти, Господи, веќе сè знаеш. Ти ме опфаќаш од плеќите и од лицето, Твојата рака ја стави врз мене.

Тоа знаење премногу е чудно за мене, превисоко е за да можам да го стигнам" (Псалм 139:1-6). {8C 282.1}

„Голем е нашиот Бог, и со голема сила, Неговиот разум е бесконечен" (Псалм 147:5). {8C 282.2}

„Тој ги открива длабочините и тајните, затоа што знае што има во темнините и светлината живее во Него" (Даниел 2:22). {8C 282.3}

„Познати Му се на Бога сите Негови дела од создавањето на светов" (Дела 15:18). „Зашто, кој ја познал мислата на Господ? Или, кој Му бил советник? Или, кој однапред Му дал нешто за да му биде отплатено? Зашто, сè е од Него, според Него и за Него. Нему слава во вечни векови" (Римјаните 11:34-36). {8C 282.4}

„А на Царот на вековите, на Нераспадливиот, Невидливиот" (1. Тимотеј 1:17). „Кој е единствен бесмртен и живее во непристапна светлина, Кого никој од луѓето не Го видел, ниту може да Го види. Нему нека Му е чест и сила во сите векови" (1. Тимотеј 6:16). {8C 282.5}

*„Тој го оптегнува северот врз празнината,*
*Тој ја држи земјата, необесена на ништо.*
*Тој ја затвора водата во Своите облаци,*
*но облаците не се скинуваат под неа...*
*Тој ѝ постави меѓи на водата,*
*Додека не дојде крајот на светлината и темнината. {8C 282.6}*

*На небесниот свод се потресуваат столбовите*
*и премираат од страв, кога Тој се заканува.*
*Тој го скроти морето со Својата сила...*
*Со Својот Дух ги украси небесата,*
*а Неговата рака ја прободе брзата змија.*
*Сè тоа е само дел од Неговите дела,*
*од кои ние за Него слушаме само шепот.*
*Но кој може да го разбере громот на Неговата сила?"*
*(Јов 26:7-14). {8C 282.7}*

*„Неговиот пат е во виор и во бура,*
*а облаците му се прав на Неговите нозе“*
*(Наум 1:3).* {8С 282.8}

*„Кој е како Господ нашиот Бог,*
*Кој седи во висините и се наведнува*
*за да ги гледа небото и земјата?“*
*(Псалм 113:5,6).* {8С 283.1}

*„Господ е велик и достоен за секоја пофалба,*
*Неговата величина е неистражлива!*
*Од поколение во поколение се фалат*
*Твоите дела и се навестуваат Твоите силни дела.*
*Ќе размислувам за блескавата слава на Твоето величие,*
*и за Твоите чудесни дела.*
*Сите луѓе ќе кажуваат за стравотната сила на Твоите дела,*
*И јас ќе ја објавам Твојата величина.*
*Тие ќе го разгласуваат споменот за Твојата голема добрина,*
*и ја опеваат Твојата праведност...* {8С 283.2}

*Нека Те слават, Господе, сите Твои дела,*
*и Твоите свети нека те благословуваат!*
*Нека зборуваат за славата на Твоето царство,*
*нека говорат за Твојата сила.*
*Да ги објават на човечките деца: Твоите силни дела,*
*и славата на Твоето прекрасно царство,*
*Твоето царство е вечно царство,*
*Твоето владеење за сите поколенија...* {8С 283.3}

*Мојата уста нека искажува фалба на Господа,*
*и секое тело нека Го слави Неговото свето име,*
*секогаш и довека“ (Псалм 145:3-21).* {8С 283.4}

**Опомени против дрскоста**

Колку повеќе дознаваме кој е Бог и што сме ние во Неговите очи, толку повеќе ќе се плашиме и ќе трепериме пред Него. {8С 283.5}

На денешните млади луѓе нека им послужи како опомена погибелта на оние кои во старото време се дрзнале слободно да постапат со она што Бог го прогласил за свето. Кога Израелците се осмелиле да го отворат ковчегот за време на неговото враќање од филистејската земја, нивната дрскост била страшно казнета. „И тој ги удри жителите на Вет Семес бидејќи погледнаа во Господовиот Ковчег. Затоа Господ порази педесет илјади и седумдесет луѓе меѓу нив. Народот тагуваше заради тоа што Господ ги порази со големо истребување. Тогаш луѓето во Вет Семес рекоа: ‘Кој би можел да опстои пред Господа, пред Овој Свет Бог?’“ (1. Самоилова 6:19,20). {8С 283.6}

Размислете исто така и за казната која го снашла Уз. Кога за време на Давидовото владеење го пренесувале ковчегот во Ерусалим, Уз ја испружил својата рака за да го придржи. Него веднаш го снашла смрт затоа што се дрзнал да го допре симболот на Божјата присутност. {8C 284.1}

Кога Мојсеј кај грмушката што горела, не сфаќајќи дека е во Божјо присуство, пристапил да ја види таа чудна појава, ја слушнал заповедта: {8C 284.2}

„Не приближувај се наваму; Собуј ги обувките од нозете! Зашто местото на кое стоиш е света земја... Мојсеј го засолна своето лице, зошто се плашеше да гледа во Бога“ (Излез 3:5,6). {8C 284.3}

„Кога Исус (Навин) се приближи на градот Ерихон, ги подигна очите и здогледа човек како стои пред него со извлечен меч во раката. Исус му пристапи и го праша: ‘Дали си ти со нас или си со нашите непријатели?’ А тој одговори: ‘Не, јас сум водач на Господовата војска, и тукушто дојдов...’ Тогаш Исус падна ничкум, му се поклони и рече: ‘Што му заповедаш, Господару, на својот слуга?’ А предводникот на Господовото воинство му одговори на Исуса: ‘Собуј ги обувките од своите нозе, зашто е свето местото на кое што стоиш.’ И Исус направи така“ (Исус Навин 5:13-15). {8C 284.4}

Во светилиштето и во храмот, кои биле земни симболи на Неговиот небесен стан, едно одделение било посветено за Божјо присуство. Само една единствена рака смеела да ја подигне Завесата со извезени херувими што се наоѓала на влезот. Да се подигне таа завеса и да се влезе неповикан во местото на светата тајна значело смрт, бидејќи над престолот на милоста и над ангелите наведнати во молитва се наоѓала славата на Најсветиот слава која ниеден човек не можел да ја види и да остане жив. Еднаш во годината, првосвештеникот што служел во светилиштето треперејќи влегувал во местото каде што се наоѓало Божјото присуство, додека чадот од темјанот ја сокривал славата од неговите очи. Во предворјето на храмот не смеело да се слушне ни најмал шум. Ниеден свештеник не служел на олтарите. Мноштво верници, наведнати во тишина и стравопочит, ги упатувале своите молитви за Божјата милост. {8C 284.5}

„Сето тоа се случуваше, та да служат за пример, а беше запишано нам за опомена, до кои стигна крајот на вековите“ (1. Коринтјаните 10:11). {8C 285.1}

„Господ е во Својот свет храм: сета земја нека молчи пред Него“ (Авакум 2:20). {8C 285.2}

„Господ царува - нека треперат народите; Тој седи над херувимите, нека се потресе земјата! Господ е велик во Сион, возвишен над сите народи. Нека го слават Твоето велико и страшно име: Тој е свет“ (Псалм 99:1-3). {8C 285.3}

„Господовиот престол е на небесата. Неговите очи гледаат, Неговите трепки
ги испитуваат човечките синови”. {8C 285.4}

„Зашто Бог гледа од Своето возвишено светилиште, гледа од небесата кон земјата, Тој им ги создаде срцата на сите и внимава на сите нивни дела”. „Нека се бои целата земја пред Господа, нека се бојат од Него сите што живеат на земјата“ (Псалм 11:4; 102:19; 33:14,8). {8C 285.5}

Човекот не може со истражување да го најде Бога. Никој нека не се осудува со дрска рака да го подигне превезот кој ја прикрива Неговата слава. „Колку се несфатливи Неговите судови и неистражливи Неговите патишта“ (Римјаните 11:33). Сокривањето на Неговата сила е доказ за Неговата милост, бидејќи да се подигне превезот кој го сокрива божественото присуство значи смрт. Умот на ниеден смртник не може да проникне во тајната во која Сèможниот живее и делува. Ние можеме да Го сфатиме само ако Тој

Самиот ни се открие. Разумот мора да признае дека постои сила која е повисока од него. И срцето и разумот мора да се поклонат пред големиот ЈАС СУМ. {8С 285.6}

## Христовото откровение на Бога

Сè што човекот треба и може да дознае за Бога е откриено во животот и карактерот на Неговиот Син. {8С 286.1}

„Бога никој никогаш не Го видел; Единородниот Син, Кој е во пазувите на Таткото - Тој го објави“ (Јован 1:18). {8С 286.2}

Земајќи на себе човечко обличје, Христос дошол да биде едно со човештвото, а во исто време на човечките битија да го открие нашиот небесен Татко. Тој во сè бил создаден како и Неговите браќа. Станал тело, како што сме ние. Чувствувал глад, жед и умор. Се одржувал со храна и се одморал со сон. Ја делел судбината на луѓето, а сепак бил безгрешен Божји Син. На земјата бил како странец и патник - бил во светот, но не од светот; бил искушуван како што се искушуваат и денешните мажи и жени, а сепак живеел безгрешен живот. {8С 286.3}

Нежен, милостив, сочувствителен, секогаш грижејќи се за другите, Тој го прикажувал Божјиот карактер и постојано бил во служба на Бога и на луѓето. {8С 286.4}

„И Словото стана тело и се всели меѓу нас, полно со благодат и вистина“ (Јован 1:14). {8С 286.5}

„Го објавив името Твое на луѓето, што си Ми ги дал од светот“, рекол Тој „љубовта со која ме возљуби да биде во нив и Јас во нив“ (Јован 17:6). {8С 286.6}

„Љубете ги непријателите свои“ наредил Тој, „благословувајте ги оние што ве колнат, правете им добро на оние што ве мразат, и молете се за оние што ве навредуваат и гонат. За да бидете синови на вашиот Татко, Кој е на небесата“, „зашто Тој е добар кон неблагодарните и кон лошите”. „Зашто Тој со Своето сонце ги грее и лошите и добрите, и им праќа дожд и на праведните и на неправедните”. „И така, бидете милосрдни како што е милосрден и вашиот Татко“ (Матеј 5:44,45; Лука 6:35,36). {8С 286.7}

## Славата на крстот

Откровението на Божјата љубов кон луѓето е сконцентрирано на крстот. Неговото потполно значење јазикот не може да го искаже, перото не може да го опише, ниту човечкиот ум е во состојба да проникне во тоа. Набљудувајќи го крстот на Голгота единствено што можеме да кажеме е: „Зашто Бог толку го возљуби светот, што Го даде Својот Единороден Син, та секој што верува во Него да не загине, туку да има вечен живот“ (Јован 3:16). {8С 287.1}

Христос кој бил распнат заради нашите гревови, Христос што воскреснал од мртвите, Христос што се вознел на небото тоа е наука на спасението што треба постојано да се учи и да им се проповеда на другите. {8С 287.2}

„Кој, иако беше во Божји лик, не сметаше дека треба да го искористи тоа што е еднаков со Бога; но Сам Себе се понизи, земајќи лик на слуга се изедначи со луѓето и по изглед се покажа како човек; Сам Себе се понизи, послушен сè до самата смрт, смрт на крст“ (Филипјаните 2:6-8). {8С 287.3}

„Христос Исус, Кој умре, но уште и воскресна, Кој е од десната страна на Бога". „Затоа Тој и може за вечно да ги спаси оние што преку Него доаѓаат кон Бога, бидејќи е секогаш жив за да се моли за нив". (Римјаните 8:34; Евреите 7:25). {8C 287.4}

„Зашто, ние немаме таков Првосвештеник, што не може да сочувствува во нашите слабости, туку таков Кој искусил сè како и ние, освен грев" (Евреите 4:15). {8C 287.5}

Тука се бесконечната мудрост, бесконечната љубов, бесконечната правда и бесконечната милост, „длабочина на богатство, мудрост и знаење Божјо" (Римјаните 11:33). {8C 287.6}

Само преку Христа, кој ни е подарен како најголем дар, го примаме секој благослов. Благодарение на тоа, нам секојдневно ни е на дофат неисцрпно изобилство на Јеховина добрина. Со овој еден Дар даден ни е секој цвет со своите прекрасни бои и пријатен мирис за да уживаме во него. Тој го создал сонцето и месечината: нема ниедна ѕвезда која го краси небото, а да не е Негово дело. На нашата трпеза нема ниедна намирница што Тој не ја создал за да се храниме со неа. На сè е запишано Христовото име. Човекот добил сè со овој неискажлив Дар, - преку единородниот Божји Син.

Тој бил закован на крстот за сите тие дарови да се излеваат кон човекот кој е дело на Божјите раце. {8C 287.7}

Плодот на дрвото на животот во Едемската градина имал натприродна сила. Да се јаде од него значело да се живее вечно. Тој претставувал лек против смртта. Неговите лисја давале живот и бесмртност. Но преку човечката непослушност смртта влегла во светот. Адам јадел од дрвото за познавање на доброто и злото, а тоа му било забрането. Неговиот престап отворил врата на цела поплава од неволји кои го снаоѓаат човечкиот род. {8C 288.1}

По појавата на гревот, небесниот Домаќин го пресадил дрвото на животот во небесниот рај, но неговите гранки се проширile над ѕидовите и достигаат до овој свет. Откупувањето што го добивме со Христовата крв овозможува сè уште да го јадеме животодавниот плод. {8C 288.2}

За Христа е напишано: „Во Него беше животот и животот им беше светлина на луѓето" (Јован 1:4). Тој е извор на животот. Покорувањето на Нему претставува животодавна сила што ја развеселува душата. {8C 288.3}

Христос објавува: „Јас сум лебот на животот; кој доаѓа кај Мене, нема да огладне и кој верува во Мене, нема никогаш да ожедне". „Како што Ме прати живиот Татко и Јас живеам преку Таткото, така и тој што јаде од Мене, ќе живее преку Мене... Духот е тој што оживува; телото ништо не ползува. Зборовите што ви ги кажав се дух и живот". „На оној што победува ќе му дадам да јаде од дрвото на животот што е сред Божјиот рај". (Јован 6:35,57,63; Откровение 2:7). {8C 288.4}

„Гледајте колку голема љубов ни дал Таткото да се наречеме чеда Божји" (1. Јованово 3:1). {8C 289.1}

Сознание кое доведува до преобразба Сознанието за Бога кое ни е откриено во Христа е сознание кое сите спасени мора да го имаат. Тоа е сознание кое доведува до преобразба на карактерот. Кога ќе се прими тоа сознание, тоа ќе ја преобрази душата во Божји облик. Тоа на целото суштество му дава духовна, божествена сила. {8C 289.2}

„Ние, пак, сите со откриено лице како во огледало гледајќи ја славата Господова, се преобразуваме во истиот лик, од слава во слава" (2. Коринтјаните 3:18). {8C 289.3}

Спасителот рекол за Својот живот: „Јас ги запазив заповедите на Мојот Татко". „Не Ме остави Таткото Сам, зашто секогаш го вршам она што Му е угодно" (Јован 15:10; 8:29). Христовите следбеници треба да бидат такви каков што бил Тој кога ја примил на Себе

човечката природа - тоа е Божја намера. Во Неговата сила треба да живеат живот на чистота и благородност како што живеел Спасителот. {8C 289.4}

„Затоа“ кажува Павле „ги преклонувам колената свои пред Таткото на нашиот Господ Исус Христос, од кого се именува секој род на небесата и на земјата, да ви даде, по богатство на Својата слава, сила да се утврдите преку Неговиот Дух во внатрешниот човек, и преку верата Христос да се всели во срцата ваши, та вкоренети и утврдени во љубовта да можете да разбирате со сите светии што е ширина и должина, што длабочина и височина, и да ја спознаете Христовата љубов што го надминува секое знаење, за да се исполните со сета полнота Божја“ (Ефесјаните 3:14-17). {8C 289.5}

## ОПАСНОСТ ОД ШПЕКУЛАТИВНО ЗНАЕЊЕ

Лажната наука е едно од средствата со кое сатаната се користел уште во небесните дворови и со кое и денес се служи. Со своите лажни тврдења и суптилни научни теории измамил многу ангели и ги завел од патот на верноста. {8C 290.1}

Поради тоа што го изгубил своето место на небото, сатаната го насочил своите искушенија кон нашите прародители. Адам и Ева му се предале на непријателот и со својата непокорност го отуѓиле човечкиот род од Бога, и земјата ја прекинала врската со небото. {8C 290.2}

Кога Адам и Ева никогаш не би го допреле забранетото дрво, Господ би им дарувал знаење на кое не почива проклетството на гревот и кое би им дало вечна радост. Тие со својата непокорност единствено што добиле било запознавање со гревот и сите негови последици. {8C 290.3}

### Заблуди на последните денови

Сатаната и денес измамува луѓе на истиот начин на кој што ги завел нашите прародители. Тој го поплавува светот со привлечни бајки. Со сите средства кои му стојат на располагање, тој настојува човекот да не дојде до тоа сознание за Бога коешто донесува спасение. {8C 290.4}

Ние живееме во век на голема просветеност; но тоа што луѓето го нарекуваат просветеност често го отвора патот за мудроста и измамите сатански. Ќе се изнесуваат многу учења и мислења кои ќе изгледаат како вистина, но кои мораме внимателно да ги разгледаме со многу молитва, бидејќи тие можат да претставуваат лукавства на непријателот. Патот на заблудата често изгледа сличен со патот на вистината, како сосема да се споредни. Тешко е да се разликува патот кој води кон светоста на небото. Но умот кој е просветлен со Светиот Дух ја воочува разликата и ќе увиди дека тој се одвојува вистинскиот пат. По некое време ќе се покаже дека тие се сосема одвоени еден од друг. {8C 290.5}

### Пантеистички теории

Меѓу нашиот народ веќе се појавуваат спиритистички учења кои ќе ја поткопаат верата на оние што ќе ги прифатат. Теоријата дека Бог е суштественост која проникнува

сè во природата е една од најфините сатански измами. Таа погрешно го прикажува Бога и претставува навреда за Неговата возвишеност и величество. {8C 291.1}

Божјото Слово не ги поткрепува пантеистичките теории. Светлината на Неговата вистина покажува дека овие теории претставуваат средства кои ја уништуваат душата. Нивен елемент е темнината, а сетилноста нивна сфера. Тие го задоволуваат телесното срце и природните човечки склоности. Прифаќањето на таквите теории доведува до одвојување од Бога. {8C 291.2}

Ние преку гревот сме западнале во неприродна состојба и силата што ќе нè врати мора да биде натприродна, инаку ќе нема никаква вредност. Постои само една сила која може да ја скрши моќта на злото во човечкото срце, а тоа е Божјата сила низ Исуса Христа. Само со крвта на Распнатиот можеме да се очистиме од гревот. Единствено Неговата благодат може да нè оспособи да се спротивставиме на склоностите на нашата падната природа и да ги покориме. Спиритистичките теории за Бога ја отфрлаат оваа сила на делување. Ако Бог е суштество што проникнува во целата природа, тогаш Тој е во сите луѓе; и за да постигне светост, човекот не треба да направи ништо друго, туку само да ја развива силата што е во него. {8C 291.3}

Овие теории, следејќи ги своите логични заклучоци, го уништуваат целокупниот систем на христијанството. Тие ја отфрлаат потребата за откупување и човекот го прават негов спасител. Овие теории за Бога го поништуваат Божјото Слово и тие што ги прифаќаат запаѓаат во голема опасност на крај целата Библија да почнат да ја сметаат за измислица. Тие можеби сметаат дека доблеста е подобра од порокот, но, бидејќи на Бога му е одземено Неговото величество, тие се потпираат на човечка сила, која без Бога нема никакво значење. Самата човечка волја без помош (од Бога) навистина нема сила да се спротивстави на злото и да го победи. Срушена е одбраната на душата. Човекот повеќе нема ништо што ќе го брани од гревот. Ние не знаеме колку длабоко може да падне и да потоне човекот кој го отфрлил ограничувањето на Божјото Слово и Неговиот Дух. {8C 291.4}

Тие што и понатаму ќе ги застапуваат овие спиритистички теории ќе го уништат своето христијанско искуство, ќе ја прекинат својата врска со Бога и ќе го изгубат вечниот живот. {8C 292.1}

Тие лажни теории за Бога и природата што го поплавуваат светот со скептицизам се вдахновени од паднатиот непријател кој и сам ја проучува Библијата, добро ја познава вистината и постојано се труди човечкиот ум да го одврати од големите вистини со чија помош треба да се подготвиме за тоа што му претстои на светот. {8C 292.2}

Последиците на овие чудни сфаќања за Бога ги видов во отпадниците, спиритизмот и слободната љубов. Во ова учење толку вешто се сокрива наклонетоста кон слободната љубов, што од почетокот беше тешко да се продре во нејзината вистинска природа. Сè додека не ми покажа Господ, не знаев како да ја наречам, но бев упатена да ја наречам несвета, натсетилна љубов. {8C 292.3}

### Фанатизмот по 1844. година

Кога помина одредено време по 1844. година, моравме да се бориме против секакви појави на фанатизам. Ми беше наредено да ги изнесам сведоштвата на опомена против некои кои застапуваа спиритистички теории. {8C 292.4}

Имаше луѓе кои енергично ширеа лажни идеи за Бога. Ми беше дадена светлина дека тие луѓе со своите лажни учења ја одземаат секоја сила на вистината. Ми беше покажано дека тие со своите шпекулативни теории за Бога ги заведуваат душите. {8C 292.5}

Отидов кај нив и им ја објаснив природата на нивното дело. Господ ми даде сила јасно да им ги предочам опасностите кои им се закануваат. Меѓу останатото, тие застапуваа мислење дека оние кои еднаш се посветени не можат повеќе да грешат. Нивните лажни учења им нанесуваа голема штета и на нив самите и на другите. Тие се здобија со голема моќ над оние кои не го согледаа злото кое се крие под овие покриени теории. Доктрината дека сите се свети доведе до верување дека чувствата никогаш не можат посветениот да го одведат по лош пат. Последицата од тоа учење беше исполнување со зли желби на телесното срце од страна на оние кои, и покрај своите тврдења дека се свети, беа далеку од чистота на мислите и животот. {8C 293.1}

По безбожни теории следат грешни постапки. Тоа е заводлива стапица на таткото на сите лаги и нивна последица е самозадоволниот и нечист човек да не чувствува никаква потреба за покајание. {8C 293.2}

Тоа е само еден од примерите заради кои ми беше наредено да ги укорам тие што ги застапуваат теориите за Бог без обличје кој наводно ја проникнува целата природа, и други слични заблуди. {8C 293.3}

## Ќе се повторат искуствата од минатото

Искуствата од минатото ќе се повторат. Сатанските празноверија во иднина ќе задобијат нов облик. Заблудите ќе се прикажуваат на угоден и заводлив начин. На Божјиот народ ќе му се прикажуваат лажни теории облечени во облека на светлина. Така сатаната ќе се труди да ги измами, дури и избраните. Ќе се применуваат најзаведувачки влијанија и умовите на луѓето ќе бидат хипнотизирани. {8C 293.4}

Ќе се појави секаква расипаност, како што било во претпотопниот свет и разумот на луѓето ќе биде заробен. Издигањето на природата како Бог, неограничената слобода на човечката волја, советот на безбожните сите овие орудија сатаната ги користи за да

постигне одредени цели. Тој ја употребува моќта на умот над друг ум за да ги оствари своите намери. Најжалосно од сè е дека луѓето под влијание на неговите измами имаат обличје на побожност, без било каква вистинска врска со Бога. Како што Адам и Ева јаделе од дрвото за познавање на доброто и злото, така многумина и денес се хранат со измамливите залаци на заблудите. {8C 293.5}

Сатанските орудија ги облекуваат лажните теории во привлечни облеки, како што сатаната во Едемската градина ја криел својата личност од нашите први родители зборувајќи преку змијата. Тие орудија во човечкиот ум го стават она што всушност е смртна заблуда. Сатаната ќе врши хипнотичко влијание врз тие што се одвојуваат од јасното Божјо Слово и ги прифаќаат пријатните измислици. {8C 294.1}

Сатаната најупорно се труди во своите стапици да ги фати токму оние кои примиле најголема светлина. Тој знае дека тие, ако успее да ги заведе, под негова контрола ќе го наметнат гревот со облека на праведноста и мнозина ќе одведат на погрешен пат. {8C 294.2}

Им зборувам на сите: бидете внимателни, бидејќи престорен во ангел на светлина, на секој собир на христијанските работници и во секоја црква доаѓа и сатаната,

настојувајќи да ги привлече верниците на своја страна. Ми беше наредено на народот Божји да му ја дадам следната опомена: „Не лажете се: Бог не дозволува да биде поруган“ (Галатјаните 6:7). {8C 294.3}

### Чувајте се од сензационална религија

Во ова време на Божјото дело му се потребни духовни луѓе, луѓе кои се цврсти во начелата и кои јасно ја сфаќаат вистината. {8C 294.4}

Ми беше покажано дека на луѓето не им се потребни нови и фантазиски доктрини ниту човечки претпоставки. На народот му е потребно сведоштво на тие што ја познаваат вистината и живеат во согласност со неа, кои го сфаќаат и слушаат налогот даден на Тимотеј: „Проповедај го словото, настојувај во погодно време и во невреме, укорувај, забранувај, советувај со голема долготрпеливост и поука. Зашто ќе дојде време кога луѓето нема да го слушаат здравото учење, но, водени по своите похоти, ќе си изберат учители да им го залажат слухот; тие ќе го одвратат слухот свој од вистината и ќе се свртат кон бајки. Но ти во сè биди трезвен, претрпи зло, врши ја работата на евангелист, службата своја исполнувај ја добро“ (2. Тимотеј 4:2-5). {8C 295.1}

Одете цврсто, решително, обувајќи ги своите нозе во подготовка на евангелието на мирот. Бидете уверени дека чистата и неизвалкана вера не е сензационална вера. Бог никого не го задолжил да ја поттикнува желбата за шпекулативни доктрини и теории. Драги браќа, отфрлете ги таквите нешта од своето учење. Не дозволувајте тие да се протнат во вашиот живот и да го осуетат вашето животно дело. {8C 295.2}

### Опомена против лажното учење

Посланието на Павле до Колосјаните содржи опомена против лажното учење. Апостолот кажува дека срцата на верниците треба да се „соединат во љубов во секое богатство, со потполно разбирање, да ја познаат тајната на Бога и Таткото и на Христос, во Кого се сокриени сите сокровишта на мудроста и знаењето”. Павле понатаму вели: „А ова ви го велам за да не ве измами некој со лукави зборови... Како што Го примивте Господ Исус Христос, така и одете по Него, вкоренети и утврдени во Него и укрепени во верата, како што сте научени, изобилувајќи во неа со благодарност. Браќа, пазете никој да не ве заведе со филозофија и со празна измама што се потпира на човечкото предание, на стихиите на светот, а не по Христос; зашто во Него телесно живее сега сета полнота на Божеството, и вие да бидете исполнети во Него, Кој е глава на секое началство и власт“ (Колосјаните 2:2-10). {8C 295.3}

Ми беше заповедано да му кажам на нашиот народ: Да го следиме Христа. Не заборавајте дека Тој треба да биде наш пример во сè. Идеите кои не се наоѓаат во Неговото учење можеме да ги отфрлиме без никаков страв. Ги повикувам нашите проповедници: Настојувајте вашите нозе цврсто да стојат на тлото на вечната вистина. Внимавајте да не се управувате според вашите побуди нарекувајќи го тоа Светиот Дух. На некои им се заканува опасност во тој поглед. Јас ги повикувам да бидат здрави во верата, способни да дадат одговор на секој кој ќе ги запраша за нивната надеж. {8C 296.1}

## Одвратување на вниманието од сегашните должности

Непријателот се труди да го одврати вниманието на нашите браќа и сестри од делото на подготвување на луѓето за да се одржат во овие последни денови. Неговите измами се замислени со цел да го одвратат вниманието од сегашните должности и опасности. Робовите на тие измами не ја ценат светлината заради која Христос се симнал од небото за да ја предаде на Јован за Својот народ. Тие тврдат дека сегашните настани не се толку значајни за да им се посветува посебно внимание. Тие го намалуваат влијанието на вистината со небесно потекло и го лишуваат Божјиот народ од неговото поранешно искуство, давајќи му наместо тоа лажна наука. {8C 296.2}

„Господ зборува вака: 'Застанете на патишта, распрашајте се за некогашните патеки: Кој пат води кон доброто? Тргнете по него и ќе најдете спокојство за своите души'" (Еремија 6:16). {8C 296.3}

Никој нека не се обидува да ги поткопа темелите на нашата вера темели кои беа поставени на почетокот на нашето дело, врз основа на проучување на Божјото Слово со молитва и врз основа на откровенијата. На тие темели ние градевме во последните педесет години. Луѓето можат да претпоставуваат дека нашле некој нов пат, дека можат да постават поцврсти темели од тие што се поставени, но тоа е голема измама. Никој не може да постави друг темел освен оној што е поставен. {8C 297.1}

Во минатото мнозина се зафаќаа да изградат нова вера, да воспостават нови начела. Но колку долго издржа нивната зграда? Таа набрзо се сруши, бидејќи не беше изградена на Карпата. {8C 297.2}

Зар првите ученици не се соочувале со луѓе кои зборувале така? Зар не морале и тие да слушаат лажни теории, и потоа правејќи сè што можат, да станат цврсто и да кажат: „Зашто никој не може да постави нова основа, освен положената" (1. Коринтјаните 3:11). {8C 297.3}

Значи, мораме од почеток до крај непоколебливо да се држиме за она што ни е доверено. Бог и Христос пратиле зборови на сила на Својот народ, одвојувајќи го од светот, чекор по чекор, и воведувајќи го во јасната светлина на сегашната вистина. Со усни допрени со жив жар Божјите слуги ја објавуваа Неговата вест. Божественото слово го стави својот печат на веродостојност на објавената вистина. {8C 297.4}

## Објавување на недвосмисленото сведоштво

Господ бара објавување на недвосмисленото (отвореното) сведоштво како што беше давано во минатото. Тој бара обновување на духовниот живот. Духовните енергии на Неговиот народ одамна умреле, но треба да дојде до воскресение од очевидната смрт. {8C 297.5}

Со молитва и признавање на гревовите мораме да го расчистиме патот за доаѓањето на Царот. Кога тоа ќе го направиме, ќе ја примиме силата на Духот. Потребна ни е енергија таква каква што примиле учениците на денот на Педесетницата. Таа ќе дојде, затоа што Господ ветил дека ќе го испрати Својот Дух како сила која

победува сè. {8C 297.6}

Ни претстојат тешки времиња. Сите кои ја познаваат вистината треба да се пробудат и да се потчинат на Божјата дисциплина со телото, душата и духот. Непријателот ни е зад петиците. Мораме да бидеме будни и да се чуваме од него. Мораме да го земеме сето оружје Божјо. Мораме да се управуваме според упатствата кои ни ги дал Духот на пророштвото. Мораме да ја љубиме вистината за ова време и да ѝ се покоруваме. Тоа ќе нè спаси да не подлегнеме на силата на измамата. Бог ни говори преку своето Слово (Светото Писмо). Тој ни говори преку сведоштвата за црквата и преку оние книги во кои јасно ни се изложени нашите сегашни должности и ставот што денес треба да се заземе. Треба да се послушаат и да се примат предупредувањата кои ни се дадени, ред по ред, правило по правило. Каков изговор ќе дадеме ако ги отфрлиме? {8C 298.1}

Ги преколнувам оние кои работат за Бога да не ја прифаќаат лагата како вистина. Немојте да дозволите човечкиот разум да дојде на местото на божествената вистина која посветува. Христос чека за да ја запали верата и љубовта во срцата на Својот народ. Народот кој треба цврсто да стои на почвата на вечната вистина не смее да прифаќа ниту одобрува заводливи теории. Бог нè повикува цврсто да се држиме за начелата засновани на авторитетот кој никој не може да го доведе во прашање. {8C 298.2}

## Барајте ја првата љубов

Во срцата на мнозина кои долго биле во вистината се вкоренил груб, осудувачки дух. Тие сè критикуваат и на сите им наоѓаат грешки. Седнуваат на судскиот стол и ги осудуваат сите кои не се сложуваат со нивните идеи. Бог ги повикува да слезат од тој стол и да се понизат пред Него во покајание, признавајќи ги своите гревови. Тој ги упатува Зборовите: „Но имам нешто против тебе, зашто ја остави својата прва љубов. Спомни си од каде си паднал и покај се, и врши ги поранешните дела; ако не, скоро ќе ти дојдам и ќе го преместам светилникот твој од местото негово, ако не се покаеш„ (Откровение 2:4,5). Тие се борат за првенство и со своите зборови и постапки нажалуваат многу срца. {8C 298.3}

Го подигам својот глас на предупредување против тој дух и против лажната религија на сентименталност која исто така е опасна. Браќа и сестри, послушајте. Кој е вашиот водач? Христос или ангелот кој паднал од небото? Самите себе испитајте се и видете дали сте здрави во верата. {8C 299.1}

## Божјото Слово е наша сигурност

Нашата лозинка треба да биде: - „Закон и сведоштво барајте, ако кој не говори така, во него нема светлина“ (Исаија 8:20). Имаме Библија полна со најдрагоцени вистини. Таа ги содржи алфата и омегата на сознанието. Светото Писмо кое ни е дадено со Божјо вдахновение е „полезно за поука, за казнување, поправање и поучување во праведност”. Библијата нека ви биде учебник. Нејзините поуки сите можат да ги сфатат. {8C 299.2}

Ги повикувам нашите проповедници, лекари и сите верници да ги проучат поуките што Христос им ги дал на Своите ученици пред Своето вознесување. Тие содржат упатства кои на народот му се неопходни. {8C 299.3}

Вечниот живот се добива единствено со јадењето на телото и пиењето на крвта на Божјиот Син. „Вистина, вистина ви велам“ кажал Христос: „Кој верува во Мене има вечен живот... Јас сум живиот леб што дојде од небото, и оној, кој јаде од него, нема да умре... А лебот што ќе го дадам Јас, е Моето тело, што ќе го предадам за животот на светот... Кој јаде од Моето тело и пие од Мојата крв, има живот вечен и Јас ќе го воскреснам во последниот ден. Зашто Моето тело е вистинска храна, и Мојата крв - вистинско питие. Кој го јаде Моето тело и пие од Мојата крв, ќе биде во Мене и Јас во него... Духот е тој што оживува; телото ништо не ползува. Зборовите што ви ги кажав се дух и живот“ (Јован 6:47-63). {8С 299.4}

Христос го повикува Својот народ да верува во Неговото Слово и да живее според него. Оние кои ќе го примат и усвојат тоа Слово, така што тоа ќе стане составен дел на секој нивна активност и на целото нивно суштество, ќе станат силни во Божјата сила. Ќе се види дека нивната вера е со небесно потекло. Тие нема да скршнуваат на погрешен пат. Нивниот дух нема да скршне во некоја религија на сентименталност и возбудливост. Тие пред ангелите и пред луѓето ќе стојат како оние кои имаат цврст и постојан христијански карактер. {8С 300.1}

Во златната кадилница на вистината, како што е претставено во Христовото учење, го имаме тоа што ќе ги осведочи и обрати душите. Вистината изложувајте ја во Христова едноставност заради чие објавување Тој дошол на овој свет и силата на вашата порака ќе се почувствува сама од себе. Немојте да изнесувате теории и докази кои Христос никогаш не ги споменал и кои немаат темел во Библијата. Ние имаме големи и свети вистини и тоа треба да го објавуваме. „Пишано е“ - тоа е доказот кој треба да ја убеди и да ја осведочи секоја душа. {8С 300.2}

Луѓето сè уште можат да дознаат што е потребно за нивниот мир. Сè уште се слуша гласот на милоста кој повикува: „Дојдете кај Мене сите изморени и обременети и Јас ќе ве успокојам; Земете го Мојот јарем на себе и поучете се од Мене, бидејќи сум кроток и смирен по срце, и ќе најдете спокојство за душите ваши. Зашто јаремот Мој е благ и бремето Мое лесно“ (Матеј 11:28-30). Мир и трајно добро ќе најдеме само во духовниот живот. Во бурата и луњата мораме да бидеме во состојба да кажеме: „Имаме за нашата душа цврсто и сигурно сидро”. {8С 300.3}

Да го земеме Божјото слово за свој водич. Да го бараме секогаш она: „Вака зборува Господ“. Доволно ни е од човечките методи. Разумот кој е образуван само со световните науки, не е во состојба да го сфати она што е божествено; но истиот тој разум, ако се обрати и посвети, ќе ја увиди божествената сила во Неговото Слово. Небесните вистини можат да ги распознаат само умот и срцето облагородени со посветување на Духот. {8С 301.1}

Браќа, ве повикувам во името Господово да се пробудите и да ги вршите своите должности. Потчинете ги своите срца и сили на Светиот Дух и тие ќе станат приемливи за учењето на Божјото слово. Тогаш ќе ги сфатите и разберете Божјите длабочини. {8С 301.2}

Нека Бог го доведе Својот народ под длабоко влијание на Својот Дух! Нека го пробуди за да ја увиди својата опасност и за да се подготви за она што ќе наиде на земјата. {8С 301.3}

**Проучувајте го Откровението**

Господ на Јован му открил предмети за кои сметал дека ќе му бидат потребни на Неговиот народ во последните денови. Поуките што Тој ги дал се наоѓаат во книгата на Откровението. Оние кои сакаат да бидат соработници на нашиот Господ и Спасител Исус Христос ќе покажат длабоко интересирање за вистините кои се наоѓаат во таа книга. Тие со перо и со зборови ќе се трудат да ги објаснат чудните вистини заради чиешто откровение дошол Христос од небото. {8C 301.4}

„Откровение на Исус Христос, кое Му го даде Бог, за да им го покаже на слугите Свои она што треба да стане скоро. Тој го најави тоа испраќајќи го Својот ангел на слугата Свој Јован, Кој го посведочи словото Божјо и сведоштвото на Исус Христос, и сè што виде. Блажен е оној кој чита и оние кои ги слушаат зборовите на ова пророштво и пазат на напишаното во него; зашто времето е блиску“ (Откровение 1:1-3). {8C 301.5}

Свечените вести кои со својот ред се дадени во Откровението треба да го заземат првото место во мислите на Божјиот народ. Не смееме да дозволиме било што друго да го привлече нашето внимание. {8C 302.1}

Драгоценото време бргу минува и постои опасност мнозина да бидат лишени од времето кое би требало да го посветат на објавување на веста која Бог ја испратил на паднатиот свет. На сатаната му е угодно кога ќе види дека вниманието кое треба да се посвети на проучување на вистината за вечните стварности се обрнува на некој друг предмет. {8C 302.2}

На светот мора да му се објави Христовото сведоштво кое има најсвечено обележје. Низ целата книга на Откровението се наоѓаат најдрагоцени, највозвишувачки ветувања, а исто така и предупредувања кои имаат страшно и сериозно значење. Зар оние кои тврдат дека ја познаваат вистината нема да го проучат сведоштвото кое самиот Христос го дал на Јован? Тука нема нагодување, нема научни измами. Тука се наоѓаат вистини кои се однесуваат на нашата сегашна и идна благосостојба. Што е сламата во споредба со житото? {8C 302.3}

## До Сардската црква

„И на ангелот на Сардската црква напиши му: еве што вели Оној Кој ги има седумте ѕвезди: ги знам делата твои; носиш име дека си жив, а мртов си. Биди буден и утврдувај ги оние што се на умирање; бидејќи делата твои не ги најдов совршени пред Мојот Бог. Спомни си за она што си го примил и чул, и послушај го, и покај се. Ако не бидеш буден, ќе дојдам против тебе како крадец, и нема да дознаеш кога ќе дојдам против тебе. {8C 302.4}

Но во Сард имаш неколку имиња што не ги оскверниј алиштата свои. Тие ќе одат со Мене во бела облека, бидејќи се достојни. Кој победува ќе биде облечен во бела облека, и нема да му го избришам името негово од книгата на животот, туку ќе го признаам името негово пред Мојот Татко и пред Неговите ангели. Кој има уво, нека чуе што им зборува Духот на црквите“ (Откровение 3:1-6). {8C 303.1}

## Порака до црквата во Филаделфија

„И на ангелот на Филаделфиската црква напиши му: вака вели Светиот, Вистинитиот, Оној, Кој го има клучот Давидов, Кој отвора, и никој не може да затвори, - и Кој затвора,

никој не може да отвори: ги знам делата твои. Ете, ти дадов отворена врата, што никој не може да ја затвори; ти имаш мала сила и сепак го запази словото Мое, и не одрекувај се од името Мое. Ете, ќе направам некои од сатанската синагога - оние што велат дека се Јудејци, а не се, туку лажат, да дојдат и да се поклонат пред нозете твои и да познаат дека Јас те засакав. Бидејќи ти го запази словото на трпението Мое, и Јас ќе те запазам од часот на искушението кое ќе дојде над целиот свет, за да ги искуша оние што живеат на земјата. Ете доаѓам скоро: држи што имаш, за никој да не го земе венецот твој, Оној кој победува, ќе го направам столб во храмот на Мојот Бог, и нема веќе да излезе надвор; и ќе го напишам на него името на градот на Мојот Бог, на новиот Ерусалим, кој слегува од небото од Мојот Бог, и Моето ново име“ (Откровение 3:7-12). {8C 303.2}

### Порака до Лаодикеја

„И на ангелот на Лаодикиската црква напиши му: Ова го вели Амин, Верниот и Вистинскиот Сведок. Почетокот на Божјото создание: ги знам делата твои: ти не си ни студен, ни жежок; о, да беше студен или жежок! Така, бидејќи си млак, а не жежок, или студен, ќе те изблујам од устата Своја! Зашто велиш: ‘Богат сум и се збогатив, и ништо не ми треба’, а не знаеш дека си беден и проколнат, сиромав, слеп и гол; те советувам да си купиш од Мене злато низ оган пречистено, за да се облечеш, и да не се гледа срамот на голотијата твоја, и со очна маст намачкај ги очите твои за да гледаш. {8C 304.1}

Оние што Јас ги сакам, нив ги карам и воспитувам. И така, биди искрен и покај се. Ете, стојам пред вратата и чукам. Ако некој го чуе гласот Мој и ја отвори вратата, ќе влезам кај него и ќе вечерам со него, и тој со Мене. На оној што победува, ќе му дозволам да седне со Мене на Мојот престол, како што и Јас победив и седнав со Таткото Свој на Неговиот престол. Кој има уво, нека чуе, што им зборува Духот на црквите“ (Откровение 3:14-22). {8C 304.2}

Господ наскоро доаѓа. Се повикуваат стражарите на Сион да се пробудат и да станат свесни за одговорностите што Бог им ги дал. Бог повикува стражари кои, во сила на Духот, на светот ќе му ја објават последната вест на опомена; кои ќе навестат во кој период во ноќта се наоѓаме. Бог повикува стражари кои мажите и жените ќе ги пробудат од нивната нечувствителност, да не заспијат во смрт. {8C 304.3}

## ЛАЖНО И ВИСТИНСКО ОБРАЗОВАНИЕ

Духот кој управува со сојузот на злото постојано настојува да го отстрани Божјото слово од човечките погледи и што попривлечно да го истакне мислењето на луѓето. Ти би сакал да не го чуеме Божјиот глас кој зборува: „Ова е патот, одете по него”. Тој прави сè што е во Негова моќ за преку образованието да ја замрачи небесната светлина. {8C 305.1}

### Филозофски претпоставки

Илјадници млади мажи и жени стануваат скептици заради филозофските претпоставки и научните истражувања во кои Бог не се признава. Во денешните

училишта вешто се шират и исцрпно се објаснуваат заклучоци до кои дошле учените луѓе по пат на истражувања, и истовремено се создава впечаток дека Библијата не може да биде точна доколку се точни заклучоците на тие учени луѓе. Скептицизмот е привлечен за човечкиот ум. Младите во него гледаат независност која ја привлекува фантазијата и на тој начин се измамуваат. Сатаната триумфира - сè е како што тој сака да биде. Тој го негува секое семе на сомнеж кое е посеано во срцата на младите. Тој прави тоа семе да порасне и да даде плод и набргу се жнее обилна жетва на неверие. {8C 305.2}

Мошне е опасно да се фрли семе на сомнеж во младиот ум, бидејќи човечкото срцето е наклонето кон злото. Сè што ја ослабува верата во Бога ја лишува душата од сила да му одолее на искушението и ја оттрга од единствената безбедност од гревот. {8C 305.3}

Ние не смееме да основаме училишта за сколастична филозофија ниту за таканаречното „повисоко образование“. Нашата големина се состои во славење на Бога по пат на едноставни, практични должности на секојдневниот живот. Треба да одиме со Бога, за Тој да ни биде во срцето и во домот. {8C 305.4}

## Писатели неверници

Мнозина сметаат дека за стекнување на образование потребно е да се проучуваат делата на писателите кои шират неверство, бидејќи нивните дела содржат некои светли скапоцени мисли. Но од кого потекнуваат тие скапоцени мисли? - Од Бога, и само од Бога. Тој е извор на сета светлина. Зошто да лутаме низ маса од заблуди, што ги има во делата на незнабошците и неверниците, заради неколку интелектуални вистини, кога на располагање ни стои целата вистина? {8C 306.1}

Постои една причина заради која тие луѓе понекогаш покажуваат особена мудрост. И самиот сатана бил образуван во небесните дворови и го познавал и доброто и злото. Тој го меша скапоценото со лошото и тоа му дава моќ да измамува. Меѓутоа, ако сатаната се наметнал со облека на небесен сјај, треба ли да го примаме како ангел на светлината? Заведувачот има свои претставници, образовани во согласност со неговите методи, вдахновени со негов дух, приспособени за неговото дело. Зар да соработуваме со него? Зар делото на неговите претставници ќе го прифатиме како неопходно за стекнување на образование? {8C 306.2}

„Кој ќе извлече чисто од нечисто? Никој“ (Јов 14:4). Можеме ли тогаш да очекуваме дека младите ќе ги држат христијанските начела и дека ќе развијат христијански карактер, додека на нивното образование во голема мера влијаат незнабошци, атеисти и неверници? {8C 306.3}

Кога времето и трудот кои се трошат за да се сфатат популарните идеи на неверниците би се употребиле за проучување на драгоцените поуки од Божјото Слово, илјадници луѓе кои денес се наоѓаат во мракот и во сенката на смртта би се радувале во славата на Светлината на животот. {8C 306.4}

## Историски и теолошки науки

Мнозина кои сакаат да се подготват за Божјото дело сметаат дека им е неопходно да натрупаат што повеќе историски и теолошки списи. Тие претпоставуваат дека проучувањето на тие дела ќе им бидат од голема корист за да научат како да ги привлечат луѓето. Тоа е заблуда. Кога ги гледам полиците преполни со такви книги, во кои од некои од нив ретко се погледнува, се запрашувам: Зошто да се трошат пари на тоа што не е храна. Шестото поглавје од евангелието според Јован ни открива многу повеќе отколку што може да се најде во тие дела. Христос вели: „Зборовите што ви ги кажав се дух и живот“ (Јован 6:63). {8C 307.1}

Постои еден начин на проучување на историјата што не треба да се осудува. Светата историја била еден од предметите во пророчките школи. Трагите на Јеховините стапки биле забележани во историјата на Неговиот однос кон избраниот народ. Така и ние денес треба да проучуваме како постапува Бог со народите во светот. Во историјата можеме да го видиме исполнувањето на пророштвата, да го проучуваме дејствувањето на провидението во големите реформаторски движења и да го сфатиме текот на настаните во подготвувањето на народот за крајниот судир во големата борба. {8C 307.2}

Но често се случува тие што ги проучуваат тие книги да не копнеат за душевна и духовна храна. Тие се со амбиции да се  запознаат со филозофите и теолозите и на народот да му изложуваат христијанство на научни изрази и претпоставки. {8C 307.3}

„Научете се од мене“, рекол најголемиот Учител што некогаш светот го имал. „Земете го мојот јарем на себе, бидејќи јаремот мој е благ и бремето мое е лесно”. Вашата интелектуална гордост нема да ви биде од никаква помош во општењето со душите кои пропаѓаат заради недостаток на лебот на живот. Проучувајќи ги овие книги, вие дозволувате тие во вашиот ум и во вашето срце да го заземат местото на практичните поуки што треба да ги научат од Големиот Учител. Резултатите од тие ваши студии нема да го нахранат народот. Тие толку напорни студии и проучувања многу малку ќе придонесат некој човек да стане успешен работник за спасување на души. {8C 307.4}

Мажите и жените чијшто живот поминува во скромна и едноставна работа чувствуваат потреба за едноставните зборови со кои Христос поучувал, зборови кои лесно се сфаќаат. Спасителот дошол „да го проповеда евангелието на сиромашните”. А запишано е дека простиот народ со задоволство Го слушал. На тие што ја проповедаат вистината за ова време потребно им е подлабоко познавање на поуките што Тој ги давал. {8C 308.1}

Зборовите на живиот Бог претставуваат највисок степен на образование. Извештачениот начин на изразување на оние што мислат дека се префинети не постигнува никаква цел. Тие што му служат на народот и самите треба да се хранат од лебот на животот. Тоа ќе им даде духовна сила и тогаш ќе бидат способни како проповедници да им служат на сите слоеви. Побожноста и духовната енергија на црквата се одржува со земање леб кој слегува од небото. Кај Христовите нозе се учиме на едноставноста на вистинската побожност. {8C 308.2}

## Легенди и измислици

Денес на легендите, бајките и измислиците им се дава многу место во воспитувањето на децата и младите. Книги од овој вид се употребуваат во училиштата и можат да се најдат во многу домови. Како христијанските родители можат да дозволат

нивните деца да читаат книги преполни со лага? Кога децата ќе побараат да им се објасни смислата на овие приказни, кои се во толкава спротивност со поуките што им ги даваат родителите, родителите им кажуваат дека тие не се вистински, но со тоа не се отстрануваат лошите последици од таквото читање. Идеите изложени во тие книги ги заведуваат децата на погрешен пат. Децата прифаќаат погрешен поглед на животот и во нив се раѓа и се развива желба за нереалното. {8C 308.3}

Распространетата употреба на таквите книги претставува лукава сатанска измама. Тој се труди и старите и младите да ги одврати од големото дело на подготовка за тоа што ќе ја снајде земјата. Тој има намера да ги уништи нашите деца и млади со убиствените измами со кои го преплавил светот. Затоа се труди да го одврати нивното внимание од Божјото Слово, за да не ги запознаат вистините кои, кога би ги запознале, би можеле да бидат нивна заштита. {8C 309.1}

Ниедна книга која содржи искривена вистина не би требало да се става пред очите на децата и младите. И кога оние со зрел ум би имале што помалку работа со такви книги, би биле многу посигурни. {8C 309.2}

## Почист извор

Имаме во изобилие нешто што е реално, божествено. Тие што се жедни за сознание не треба да одат на загадени извори. {8C 309.3}

Христос во евангелијата ги изложил начелата на вистината. Во Неговото учење можеме да пиеме чиста вода која тече од Божјиот престол. {8C 309.4}

Христос на луѓето би можел да им даде знаење кое би ги надминало сите поранешни откритија и би ги фрлило во сенка сите други пронајдоци. Можел да открива тајна по тајна, така што за тие чудесни откровенија да размислуваат сите поколенија до крајот на векот. Но Тој не сакал да одземе ниеден момент од Својата задача за да ги научи луѓето на науката за спасение. Тој Своето време, Своите способности и целиот Свој живот ги посветил само на делото за спасување на човечките души. Тој дошол да го најде и спаси тоа што е загубено и не дозволил ништо да го одвои од таа цел. {8C 309.5}

Христос го откривал само тоа знаење што може корисно да се употреби. Неговите поуки се ограничувале на практичните поуки на човечкиот живот. Тој не ја задоволувал љубопитноста на оние кои му се обратувале со љубопитни прашања. Тој таквите прашања секогаш ги искористувал на присутните да им упати свети и срдечни повици од животно значење. На оние што на тој начин сакале да берат плодови од дрвото за познавање, Тој им нудел плодови од дрвото на животот. Тој пред нив ги затворил сите патишта освен таа тесна патека која води кон Бога. Секој извор бил запечатен освен

изворот на вечен живот. {8C 310.1}

Нашиот Спасител на никого не му препорачувал да ги посетува тогашните рабински училишта, бидејќи таму умот се расипувал со постојано повторување на „тие велат“ и „кажано е“. Зошто тогаш и ние непостојаните зборови на луѓето да ги прифатиме како возвишена мудрост, кога на располагање ни стои поголема и вистинска мудрост? {8C 310.2}

На мојот дух остави длабок впечаток и многу влијаеше на мојот живот и карактер тоа што ми беше покажано за вечните вредности и тоа што го видов за човечката слабост, како што Бог ми покажа. Не гледам ништо поради кое би требало човекот да се воздигнува и да се слави. Не гледам причина заради која би требало да веруваме во

мислењето на мудрите луѓе од овој свет и заради која тие мислења би се издигнувале. Како можат да имаат поим за Божјите планови и патишта, оние што немаат божествено просветлување? {8C 310.3}

Јас сакам да ме поучува Тој што ги создал небото и земјата, Тој што ги поставил ѕвездите на небото и им наредил на сонцето и месечината да ја вршат својата задача. Немам потреба да се обраќам кон неверни писатели. Јас одлучувам Бог да ме поучува. {8C 310.4}

## Воспитување на срцето

Правилно е младите да чувствуваат дека своите умни сили треба да ги развиваат до највисок степен. Ние нема да спречуваме образование на кое Бог не поставил никакви граници. Но нашите достигнувања нема да вредат ништо ако не ги користиме за Божја слава и за добро на човештвото. Нашето знаење нема никаква вредност ако не претставува чекорење кон постигнување на највисоки цели. {8C 311.1}

Нам ни е потребно знаење кое го засилува умот и душата и кое ќе нè направи подобри мажи и жени. {8C 311.2}

Воспитувањето на срцето е поважно од образованието кое се стекнува од книгите. Добро е, дури е и важно да стекнеме знаење за светот во кој живееме, но ако ја испуштиме од вид вечноста, ќе направиме грешка од која никогаш нема да можеме да се оправиме. {8C 311.3}

Не е добро да се преоптовари умот со студии за кои се потребни големи напори, а кои не можат да се применат во практичниот живот. Таквото образование ќе биде на штета на ученикот, бидејќи таквите студии ја уништуваат неговата склоност и желба за учење на она што би го оспособило да биде корисен во животот и да ги врши своите должности. {8C 311.4}

Кога младите би ја сфатиле сопствената слабост, тие во Бога би ја нашле својата сила. Кога би копнееле да бидат поучени од Него, би станале мудри во Неговата мудрост и нивниот живот би претставувал благослов за општеството. Но ако се посветат само на световни и теориски студии и на тој начин се одвојат од Бога, ќе го изгубат сè она што навистина го збогатува животот и го прави корисен. {8C 311.5}

## ЗНАЧЕЊЕТО НА ВИСТИНСКОТО ЗНАЕЊЕ

Ние мора да сфатиме што сè опфаќа судирот во кој сме вклучени. Мораме поцелосно да ја сфатиме вредноста на вистината која Бог ја дал за ова време, како и опасностите кои ни се закануваат ако дозволиме големиот измамник да ги одврати нашите мисли од тие вистини. {8C 312.1}

Неизмерната вредност на жртвата што требало да се поднесе за нашето спасение го открива фактот дека гревот е едно ужасно зло. Преку гревот е упропастен целиот човечки организам, изопачен е разумот и фантазијата е расипана. Гревот ги деградирал способностите на душата. Надворешните искушенија наоѓаат плодна почва во срцето и нозете незабележливо се свртуваат кон злото. {8C 312.2}

Како што жртвата принесена заради нас била целосна, така и ние мораме целосно да се исчистиме од нечистотијата на гревот. Нема ниедно безбожно дело кое законот

нема да го осуди; нема ниедна неправда која ќе ја избегне неговата осуда. Христовиот живот е совршено исполнување на сите прописи на законот. Тој рекол: „Јас ги запазив заповедите на Мојот Татко“ (Јован 15:10). Неговиот живот за нас претставува пример за покорност и служба. {8С 312.3}

Единствено Бог може да го обнови срцето. „Зашто Бог е Оној Кој во вас прави да сакате и да дејствувате според Неговата волја“ (Филипјаните 2:13). Но нам ни е наложено: „Градете го своето спасение“ (Филипјаните 2:12). {8С 312.4}

## Задача за која треба сериозно да размислиме

Со неколку слаби и повремени напори не е можно да се исправи тоа што е погрешно и да се изврши реформа на карактерот. Посветувањето не трае еден ден или една година, туку цел живот. Борбата за победата над самиот себеси, за светоста и за спасението е доживотна борба. Без непрестани напори и работа нема напредување во христијанскиот живот ниту задобивање на победничкиот венец. {8С 312.5}

Најсилен доказ дека човекот паднал од еден повисок степен е фактот дека неговото враќање има толку висока цена. Враќањето може да се оствари само со упорна борба, чекор по чекор, и тоа секој момент. Човекот со една моментална одлука може да се потчини силата на злото, но потребно е многу повеќе од моментална одлука за да се раскинат овие ланци и да се достигне еден повисок, посвет живот. Целта може да се постави и делото може да се отпочне во тој правец, но остварувањето на таа цел бара многу страдања, време и истрајност, трпение и пожртвуваност. {8С 313.1}

Изложени на безбројни искушенија ние мораме храбро да се спротивставуваме, инаку ќе подлегнеме. Ако го завршиме животот со недовршена задача, тоа ќе биде вечна загуба. {8С 313.2}

Павловото посветување настапило како плод на непрестана борба со самиот себе. Тој рекол: „Секој ден умирам“ (1. Коринтјаните 5:31). Неговата волја и неговите желби секој ден доаѓале во судир со должностите и Божјата волја. Наместо да се управува според своите склоности, тој ја вршел Божјата волја, без разлика колку со тоа ја распнувал својата природа. {8С 313.3}

Бог го води Својот народ чекор по чекор. Христијанскиот живот е постојана борба и непрестано напредување. Во таа борба нема здивнување; напорите мора да бидат постојани и истрајни. Единствено со непрестани напори можеме да се здобиеме со победа над сатанските искушенија. Со неуморна енергија мора да копнееме кон христијанска чесност и да ја браниме со решителна постојаност на целта. {8С 313.4}

Никој не може да се издигне и облагороди ако сам за себе не преземе сериозни и истрајни напори. Во оваа борба секој мора да се бори сам за себе. Ние лично сме одговорни за исходот на оваа борба; и ако Ное, Јов и Даниел би биле на земјата, со својата праведност не би можеле да спасат ниту син ниту ќерка. {8С 313.5}

## Наука која треба да се совлада

Постои една наука во христијанството која треба да се совлада - наука која е толку подлабока, поширока и повисока од човечките науки колку што е небото повисоко од земјата. Разумот треба да се дисциплинира, воспита и обучи, бидејќи службата на Бога

треба да ја вршиме на начин кој се коси со нашите вродени склоности. Во нас постојат наследени и стекнати склоности кон зло кои мора да се победат. За да стане Христов ученик, човекот често мора да го отфрли образованието и воспитувањето кои ги стекнувал целиот свој живот. Срцето мора да се воспита да биде постојано во Бога. Мораме да се навикнуваме и своите мисли да ги насочуваме на тој начин што ќе бидеме во состојба да се спротивставиме на искушенијата. Мора да се научиме својот поглед да го издигаме нагоре. Начелата на Божјото Слово - кои се високи како небото и кои ја опфаќаат вечноста - мора да ги сфатиме и примениме во својот секојдневен живот. Секоја наша постапка, секој збор и секоја мисла треба да бидат во согласност со тие начела. {8C 314.1}

Драгоцените дарови на Светиот Дух не можат да се развијат за еден миг. Храброста, цврстината, кротоста, верата, непоколебливата доверба во Божјата спасоносна сила сето тоа се стекнува со долгогодишно искуство. Божјите деца треба да ја запечатат својата судбина со живот на свети напори и непоколеблива приврзаност за правичноста. {8C 314.2}

## Не смееме да губиме време

Не смееме да губиме време. Ние не знаеме кога може да заврши нашето време на проба (милост). Пред нас се простира вечноста. Завесата само што не се подигнала. Божјите ангели се трудат да нè одвојат од нас самите и од сè што е земно. Не дозволувајте нивниот труд да биде напразен. {8C 314.3}

Кога Исус ќе го заврши Своето дело во светињата над светињите, ќе ја соблече Својата посредничка облека и ќе облече облека на одмазда, ќе се даде заповедта: „Кој чини неправда, нека чини неправда уште; и кој е осквернет, нека се осквернува уште; и кој е праведен нека чини правда уште; и кој е свет, нека се осветува уште. И еве, ќе дојдам скоро, и платата Моја е со Мене, за да му дадам на секого според делата негови“ (Откровение 22:11,12). {8C 315.1}

Доаѓа бура, неумолива во својот бес. Дали сме подготвени да ја дочекаме? {8C 315.2}

Не треба да се зборува: Наскоро ќе нè снајдат опасностите на последните денови. Тие веќе доаѓаат. Сега ни е потребен Господов меч за да ја искорениме и самата срж на телесните желби, апетитот и страстите. {8C 315.3}

Наклонетоста кон лекомисленост и неконтролирањето на сопствените мисли мора да се отфрли. „Поради тоа, возљубени, препашете ги колковите на умот свој, бидете бодри и имајте целосна надеж дека ќе ви се принесе благодатта при јавувањето на Исус Христос. Како послушни чеда, не постапувајте веќе според поранешните ваши похоти, како кога бевте во незнаење. Но по примерот на Светиот Дух, Кој ве повика, и вие самите бидете свети во сите ваши постапки. Зашто напишано е: ‘Бидете свети, бидејќи Јас сум свет’“ (1. Петрово 1:13-16). Мислите мора да се насочат кон Бога. Сега е време да се вложат срдечни напори за да се совладаат природните склоности на телесното срце. {8C 315.4}

Нашите напори, нашето самоодрекување и нашата истрајност мораат да бидат во сразмер со безграничното значење на целта кон која копнееме. Венецот на животот ќе го добиеме само ако победиме како што Христос победил. {8C 315.5}

## Потреба од самоодрекување

Најголемата опасност за човекот е самоизмамата, вообразеноста и одвојувањето од Бога  изворот на силата. Нашите природни склоности, ако не се исправени од Светиот Божји Дух, во себе содржат семе на морална смрт. Ако не воспоставиме животна врска со Бога, нема да можеме да се спротивставиме на безбожното влијание на себичноста, желбата за уживање и на искушението на гревот. {8C 315.6}

Мораме да го согледаме своето сиромаштво и своите потреби за Христос да ни помогне. Мораме вистински да се познаваме самите себе. Христос може да го спаси само оној што е свесен дека е грешник. Само ако ја согледаме својата потполна беспомошност и ако се одречеме од самоувереноста, ќе можеме да се потпреме на божествената сила. {8C 316.1}

Примената на самодрекувањето е неопходна не само на почетокот на христијанскиот живот, туку треба да се обновува при секој чекор на патот кон небото. Сите наши дела зависат од сила која не се наоѓа во нас самите. Според тоа, срцето непрестано мора да копнее кон Бога, гревот мора искрено да се признае, а душата мора да биде понизна пред Бога. Нѐ опкружуваат опасности и ние ќе бидеме сигурни само ако со рацете на вера цврсто се држиме за својот моќен Избавител, свесни за својата слабост. {8C 316.2}

## Нашето внимание да го посветиме на највисоки интереси

Мораме да отфрлиме илјадници прашања за кои се расправа и кои привлекуваат внимание. Има нешта на кои го трошиме времето и кои ја разбудуваат љубопитноста, но не водат кон ништо. За највисоките интереси потребни се најголемо внимание и енергија, кои често ги посветуваме на незначајни нешта. {8C 316.3}

Прифаќањето на нови теории не донесува нов живот на душата. Дури ниту познавањето на фактите и теориите кои сами по себе се значајни речиси немаат никаква вредност ако не се применат во практичниот живот. Мораме да чувствуваме лична должност на својата душа да дадеме храна која ќе го храни и одржува нашиот духовен живот. {8C 316.4}

## Лично познавање на Христа

„Секое Божје слово е чисто; Тој им е штит на оние кои се надеваат на Него. Не додавај им ништо на Неговите зборови, за да не те изобличи и да не те смета за лажец“ (Изреки 30:5,6). {8C  316.5}

Не ја вршиме Божјата волја кога даваме претпоставки за тоа што Тој не го сметал за потребно да ни го открие. Наша должност е да го проучуваме следното прашање: „Што е вистина - вистина за ова време која треба да се љуби, негува, воздигнува и слуша?“ Тие што се приврзани за науката на овој свет се поразени и обесхрабрени во своите настојувања да го пронајдат Бога. „Која е вистината што ќе ни овозможи да го задобиеме спасението на своите души?“  Тоа е она што треба да се истражува денес. {8C 317.1}

Христос на Своите ученици им го открил Бога на начин кој во нивното срце извршил едно посебно дело; Тој одамна нѐ повикува да Му дозволиме тоа дело да го изврши и во нашите срца. Многумина премногу се задржуваат на теории и поради тоа ја губат од вид животворната моќ на примерот на Спасителот. Тие го губат од вид Него како понизен, самопожртвуван работник, а би морале секогаш да Го имаат пред своите очи. Нам секојдневно ни е потребно откривање на Неговата присутност. Мораме повеќе да се угледаме на Неговиот пример на самодрекување и пожртвуваност. {8C 317.2}

Нам ни е потребно да го стекнеме искуството на Павле кое тој го опишал со следните зборови: „Се распнав заедно со Христос; и јас веќе не живеам, туку Христос живее во мене. А тоа што сега живеам во тело, живеам со верата во Синот Божји, Кој ме возљуби и Себе се предаде за мене“ (Галатјаните 2:20). {8C 317.3}

Познавањето на Бога и Исуса Христа изразено во карактерот претставува нешто повозвишено од сѐ друго што се цени и почитува на земјата и небото. Тоа навистина е највисоко образование. Тоа е клуч што ја отвора вратата на небесниот град. Божја намера е тоа познавање да го имаат сите кои се надеваат во Христа. {8C 317.4}

Имам една порака која морам да им ја пренесам на проповедниците, лекарите, учителите и сите оние кои се посветиле на службата на Учителот во било која гранка на делото. Господ ве повикува уште повеќе да се воздигнете, да бидете уште посвети. Вашето искуство мора да биде многу подлабоко отколку што воопшто сте замислиле дека го имате. Мнозина кои веќе се членови на големото Божјо семејство не знаат речиси ништо за тоа што значи да се угледува на Неговата слава и да се преобразува од слава во слава. Мнозина од вас само нејасно ја гледаат Христовата возвишеност, и душите ви треперат од радост. Вие копнеете за подлабоко и поцелосно познавање на љубовта на Спасителот. Вие не сте задоволни. Но не очајувајте. Предајте му ги на Исуса најдобрите и најсветите чувства на своето срце. Чувајте го секој зрак на светлина. Негувајте го секој копнеж на душата за Бога. Негувајте во себе духовни мисли и света заедница. Вие сте ги виделе само првите зраци на зората на Неговата слава. Ако подобро го запознаете Господа, ќе видиме дека излегувањето му е исто како зората: „А праведничката патека е како светлина на разденувањето, што е сѐ појасна до полниот ден“ (Изреки 4:18). Покајувајќи се, признавајќи ги своите гревови и добивајќи прошт авање, треба и понатаму да примаме поуки од Христа, сѐ додека не постигнеме целосно совршенство на евангелската вера. {8C 317.5}

## СОЗНАНИЕ ПРИМЕНО ПРЕКУ БОЖЈОТО СЛОВО

Целата Библија е откровение на Божјата слава во Христа. Ако ја примиме, верувајќи во неа и покорувајќи се, таа ќе претставува едно големо орудие во преобразувањето на нашите карактери. А таа е и единствено сигурно средство на интелектуална култура. {8C 319.1}

Причината зашто младите, па дури и оние што се зрели во годините, толку лесно подлегнуваат на искушенијата и гревот е во тоа што не го проучуваат Божјото Слово ниту размислуваат за него како што би требало. Недостатокот на цврста и одлучна волја која се покажува во нивниот живот и карактер е последица на нивната немарност кон светите поуки на Божјото Слово. Тие својот ум не го насочуваат на срдечни напори на она што би ги вдахновило со чисти и свети мисли, одвраќајќи ги од сѐ нечисто и лажно. Малкумина го бираат подобриот дел, кои како Марија седат крај Исусовите нозе и учат

од божествениот Учител. Малку се тие кои ги чуваат Неговите зборови во срцето и во животот се управуваат според нив. {8C 319.2}

Ако ги примиме библиските вистини, тие ќе нè издигнат над сè што е земно и ниско. Кога Божјото Слово би се почитувало како што треба, и старите и младите би поседувале внатрешна исправност и сила на начелата која би ги оспособила да им се спротивстават на искушенијата. {8C 319.3}

Треба да се зборува и да се пишува за драгоцените вистини што се наоѓаат во Светото Писмо. Да ги посветиме своите мисли, своите способности и своите умни сили на проучување на Божјите мисли. Не ги истражувајте филозофските претпоставки на луѓето, туку проучувајте ја филозофијата на Тој што е вистина. Во споредба со ова, секоја друга литература е од мала вредност. {8C 319.4}

Умот кој има земни мисли не наоѓа никакво задоволство во размислување за Божјото Слово; но за умот кој е обновен со Светиот Дух од светите страници сјае светлина и божествена убавина. Тоа што за земниот дух претставува само сува пустина, тоа за оние кои се духовно активни е земја на живи извори. {8C 319.5}

## Знаење кое треба да им се даде на нашите деца

Познанието на Бога кое е откриено во Неговото Слово претставува знаење кое треба да се даде на нашите деца. Од најраното детство штом можат да сфатат - децата треба да се запознаат со Исусовото име и живот. Пред сè друго дадете им основна поука дека Бог е нивен Татко. Нивното прво воспитување треба да ги опфаќа поуките за послушноста полна со љубов. Полни со почит и нежност читајте им го Божјото Слово, повторувајќи им ги особено оние делови кои се пристапни за нивните умни способности и кои можат да го пробудат нивниот интерес. Над сè, поучувајте ги за Неговата љубов, откриена во Христа и за Неговата голема заповед: {8C 320.1}

„Возљубени, кога така нè возљуби Бог, тогаш и ние сме должни да се љубиме еден со друг“ (1. Јованово 4:11). {8C 320.2}

Божјото Слово на младите нека им биде нивна духовна и душевна храна. Христовиот крст нека им биде најглавен предмет при воспитувањето средиште на секое учење и студирање. Мислите за тоа треба да се внесат во секојдневното искуство на практичниот живот. Така Спасителот ќе стане секојдневен сопатник и пријател на младите. Секоја мисла ќе биде подредена на покорноста на Христа. Тогаш секој од нив ќе може да каже како апостол Павле: {8C 320.3}

„А мене, да не ми даде Господ да се фалам со ништо друго, освен со крстот на нашиот Господ Исус Христос, преку Кого за Мене светот е распнат, а и јас за светот“ (Галатјаните 6:14). {8C 320.4}

## Знаење добиено врз основа на искуства

Така младите со вера ќе го запознаат Бога преку знаење добиено врз основа на искуства. Тие самите ќе се уверат во вистината на Неговите зборови, во вистината на Неговите ветувања. Ќе испитаат и ќе видат дека Господ е добар. {8C 321.1}

Саканиот Јован имал сознание добиено со сопствено искуство. Тој можел да посведочи: {8С 321.2}

„Она што беше од почетокот, она што го чувме, она што со очите свои го видовме, што го разгледавме и што рацете наши го опипаа, за Словото на животот и животот се јави, и видовме, и сведочиме, и ви го навестуваме вечниот живот, кој беше во Таткото и нам ни се јави она што го видовме и го чувме, тоа ви го наговестуваме, та и вие да имате заедништво со нас; а нашето заедништво е со Таткото и Неговиот Син, Исус Христос“ (1. Јованово 1:1-3). {8С 321.3}

Така секој поединец може со лично искуство да потврди „дека Бог е вистинит“ (Јован 3:33). Тој може да сведочи дека сам ја видел, ја слушнал и ја почувствувал Христовата сила. Врз основа на личното искуство тој може да каже: {8С 321.4}

„Помошта ми беше потребна и ја најдов во Исус. Сите мои потреби беа задоволени, задоволена е гладта на мојата душа; за мене Библијата е откровение на Христа. Верувам во Исус затоа што Тој ми е божествен Спасител. Верувам во Библијата бидејќи увидов дека таа е Божјиот глас којшто зборува на мојата душа”. {8С 321.5}

## Прекрасни можности

Ние сме во можност да се воздигаме сè повеќе и повеќе во запознавањето на Божјиот карактер. Кога Мојсеј во молитва побарал: „Покажи ми ја Својата слава“ (Излез 33:18), Господ не го укорил, туку ја услишил неговата молитва. Бог му рекол на Својот слуга: „Ќе дозволам пред тебе да помине сета Моја добрина, и пред тебе ќе го објавам името Јехова“ (Излез 33:19). {8С 321.6}

Гревот го замрачува нашиот ум и ја замаглува нашата свест. Ако ги очистиме своите срца од гревот, светлината на познавање на Божјата слава во лицето на Исус Христос, која свети од Неговите зборови и одблеснува од лицето на природата, сè повеќе и сè поцелосно ќе го објавува Оној кој е „милостив, долготрпелив на гнев, многумилостив и вистински“ (Излез 34:6). {8С 322.1}

Во Неговата светлина ние ќе видиме светлина, сè додека нашиот ум, срце и душа не се преобразат во облик на Неговата светост. {8С 322.2}

Пред оние кои се држат до сигурните ветувања на Божјото Слово се отвораат чудесни можности. Величествени вистини ќе се изнесат на Божјиот народ. Ќе им се откријат предности и должности за кои не ни насетувале дека се наоѓаат во Библијата. Ако понизно одат по патеката на послушност, исполнувајќи ја Неговата волја, тие сè подобро и подобро ќе го сфаќаат Божјото живо слово. {8С 322.3}

Студентите, земајќи ја Библијата за свое животно правило нека останат непоколебливо верни на начелата, и тогаш ќе можат да се надеваат на највозвишени достигнувања. Сите човечки филозофии, кога Бог не е сè во сè, водат само во збрка и срам. Но драгоцената вера вдахновена од Бога му дава сила и благородност на карактерот. Размислувајќи за Неговата добрина, милост и љубов, сè појасно и појасно ќе ја увидуваме вистината, сè повозвишена и посвета ќе биде нашата желба за чисто срце и јасни мисли. Душата која престојува во чиста атмосфера со свети мисли се преобразува, одржувајќи постојана врска со Бога преку проучување на Неговото Слово. Вистината е толку голема, толку далекусежна, толку длабока, и широка, така што човекот размислувајќи за неа потполно се губи себеси од вид. Срцето станува благо и потчинето на понизност, љубезност и љубов. {8С 322.4}

Светата послушност ги зголемува и природните сили. Проучувањето на Божјото Слово ја проширува, воздигнува и облагородува способноста на ученикот. Ако, како Даниел, го слушаат и извршуваат Божјото слово, ќе напредуваат како него во сите гранки на науката. Бидејќи се со чисти срца, тие ќе станат силни во духот. Сите нивни умни способности ќе се изострат. Тие ќе бидат во состојба така да се воспитаат и дисциплинираат самите себе така што сите кои ќе дојдат во сферата на нивното влијание ќе увидат што може да направи човек којшто е поврзан со Бога изворот на мудрост и сила. {8C 323.1}

Последици од примањето на Божјото Слово Ова е искуството кое Псалмистот го добил со познавање на Божјото Слово. Тој рекол: {8C 323.2}

*„Блажени се оние чиј пат е непорочен,*
*кои одат според Господовиот закон.*
*Блажени кои ги пазат Неговите сведоштва, Кои Го бараат со сето срце...*
*О, кога би биле цврсти моите патишта, за да ги чувам Твоите уредби!*
*Не ќе се засрамам тогаш,*
*кога ќе внимавам на сите Твои заповеди”. {8C 323.3}*

*„Како ќе го запази младиот човек чист својот пат?*
*Обрнувајќи внимание на Твоите зборови”.*
*„Јас го одбрав патот на верноста,*
*пред очите ги ставив Твоите одредби”.*
*„Во срцето го положив Твојот збор,*
*за да не згрешам против Тебе”.*
*„Ќе чекорам во слобода,*
*зашто ги барам Твоите повелби”. {8C 323.4}*

*„Отвори ги моите очи,*
*за да ги гледам убавините на Твојот Закон...*
*Зашто Твоите сведоштва се моја наслада, и мои советници”.*
*„Помил е законот на Твојата уста,*
*отколку илјада златници и сребреници”. {8C 323.5}*

*„О, колку го љубам Твојот закон,*
*по цел ден размислувам за него”.*
*„Твоите повелби ми се песна,*
*во куќата во која сум дојденец”.*
*„Прекрасни се Твоите сведоштва,*
*затоа душата моја ги пази.*
*Објаснувањето на Твоите зборови просветлува,*
*ги вразумува простодушните”.*
*„Твоите заповеди ме направија помудар од моите непријатели,*
*зашто тие се вечно со мене.*
*Поумен сум од сите мои учители,*
*зашто размислувам за Твоите сведоштва.*
*Поразумен сум и од старците,*

*зашто ги чувам Твоите одредби...*
*Станувам разумен според твоите повелби;*
*затоа ги мразам сите криви патишта”. {8C 324.1}*

*„Твојот збор е многу чист,*
*затоа Твојот слуга го љуби.*
*Целата Твоја реч е вистина,*
*секој од Твоите праведни судови е вечен”. {8C 324.2}*

*„Оние кои го љубат Твојот закон,*
*уживаат голем мир, не се сопнуваат на ништо.*
*Јас се надевам во Твоето спасение, о Господи, и ги извршувам Твоите заповеди.*
*Мојата душа ги чува Твоите сведоштва и ги љуби многу”. {8C 324.3}*

*„Господи, копнеам за Твоето спасение,*
*се насладувам во Твојот Закон.*
*Нека живее мојата душа и нека Те фали,*
*и Твоите одредби нека ми бидат помош!“*
*„Твоите сведоштва ми се вечно наследство,*
*зашто тие се радост во моето срце“ {8C 324.4} (Псалм 119:1-6,9,30,11,45,18-24,73,97,54,129-130,98-104,140,160,165-167,174,175,111)*

**Помош во проучувањето на природата**

Оној кој со лично искуство дошол до познавање на Бога и Неговото Слово е оспособен да се посвети на проучување на природните науки. За Христа, прикажан во симболите на Словото, пишува: „Во Него беше Живот и Животот им беше светлина на луѓето“ (Јован 1:4). Кога Адам и Ева во рајот ја изгубиле светлата облека, ја изгубиле светлината што ја осветлувала природата. Тие повеќе не можеле правилно да ја разберат. Но за оние кои ќе ја примат светлината на Христовиот живот, природата повторно е осветлена. Во светлината која свети од крстот можеме точно да ги толкуваме пораките на природата. {8C 324.5}

Оној кој ќе го запознае Бога и Неговото Слово има и цврста вера во божествената природа на Светото Писмо. Вистинитоста на Библијата тој не ја проверува со човечки идеи и поими за науката. Таквите идеи тој ги подложува на проверување на непогрешливото мерило. Тој знае дека Божјото Слово е вистина и дека вистината никогаш не си противречи на самата себе; сè што во учењето на таканаречената наука противречи на вистината на божественото откровение, тоа се само човечки претпоставки. {8C 325.1}

Научното истражување на вистински мудриот човек му отвора широко поле на мисли и сознание. Божјите патишта откриени во светот на природата и во Неговите постапки во човекот претставуваат една ризница од која секој ученик во Христовата школа може секогаш да црпи. {8C 325.2}

Вистинскиот доказ за живиот Бог не е само во теоријата; туку во уверувањето кое Бог го запишал во нашето срце и го осветлил и објаснил со Своето Слово. Тоа се наоѓа

во живата сила на Неговите создадени дела, ако се гледаат со очи кои ги просветлил Светиот Дух. {8C 325.3}

Оние кои расудуваат за Бога врз основа на Неговите создадени дела, а не врз основа на претпоставките на големите луѓе, секогаш во сѐ го гледаат Неговото присуство. Тие го гледаат Неговата насмевка во прекрасните зраци на сонцето и Неговата љубов и грижа за човекот во плодните полиња на есента. Дури и украсите на земјата зелената трева, прекрасното разнобојно цвеќе, високите разновидни шумски дрвја, потокот што жубори, прекрасните реки и тивкото езеро сведочат за нежната, татковска грижа на Бога и за Неговата желба Своите деца да ги направи среќни. {8C 325.4}

Природата - клуч на божествените тајни Ако студентот така ја посматра природата, во него ќе се јави едно ново сфаќање на вистината. Проучувањето на големата Божја книга природата ја потврдува вистината на напишаното Слово. {8C 326.1}

Во планот на спасението има тајни кои човечкиот ум не е во можност да ги сфати, многу работи кои човечката мудрост не е во состојба да ги објасни, но природата може да нѐ поучи во поглед на тие божествени тајни. Секоја грмушка, секое дрво кое донесува род, сите растенија содржат за нас поуки кои треба да ги примиме. Во ‘ртењетето на семето можеме да ги проучиме тајните на Божјото царство. {8C 326.2}

Сонцето, месечината, ѕвездите, дрвјата и полското цвеќе, сето тоа ни упатува зборови на совет на срцето кое е облагородено со Божјата благодат. Сеењето на семето го насочува умот на духовната сеидба. Дрвото сведочи дека доброто дрво не може да роди лош плод, ниту пак лошото дрво може да донесе добар род. „По нивните плодови ќе ги познаете”. Дури и каколот ни дава извесна поука. Него го сее сатаната и ако го оставиме непречено да расте, ќе ја загрози пченицата со своето бујно напредување. {8C 326.3}

Татковци и мајки, укажувајте им на своите деца на чудотворната Божја сила. Неговата сила се открива во секоја билка, во секое дрво кое донесува род. Водете ги со себе во градината и објаснете им како Тој прави семето да р’ти и расте. Тој мора да се надева во Бога дека Тој ќе го направи тоа што за човечката сила е невозможно. Господ го дава Својот Дух на семето и така тоа р’ти и расте. Земјоделецот ја ора својата земја и го сее своето семе, но тој не може да направи семето да никне и да расте. Тој мора да се надева во Бога дека Тој ќе го направи тоа што за човечката сила е невозможно. Господ го дава Својот Дух на семето и така тоа р’ти и живее. Со Неговата грижа р’кулецот ја пробива коската на семката која го затвора и се развива за да донесе род. {8C 326.4}

Додека децата учат од големиот учебник на природата, Бог ќе влијае врз нивните умови. Ако го разберат делото што Тој го прави за семето, ќе ја сфатат тајната за растењето во благодатта. Тие поуки, ако правилно се разберат, ќе ги приведат душите кон Создателот. Проучувајќи ги тие едноставни, свети вистини, срцето доаѓа во тесна врска со Бога. {8C 326.5}

## Поуки од послушноста

Природата се покорува на законите кои Бог ги пропишал. Облаците и бурата, сонцето и градот, росата и дождот - сето тоа е под Божји надзор и се покорува на Неговите заповеди. Во покорност на Божјиот закон, од земјата „никнува најнапред стебленце, па клас, а потоа и полно зрно во класот“ (Марко 4:28). Плодот се појавува прво во облик на пупка и Господ го развива во вистинското време, бидејќи тој не се

спротивставува на Неговото делување. Исто така и птиците ја извршуваат Божјата волја кога ги прават своите долги селидби од една земја во друга, при што раката на бесконечната сила ги води на нивните патишта каде што нема патокази. {8C 327.1}

Дали е можно, човекот, кој е создаден според Божјиот лик, надарен со ум и дар за зборување, да биде единствен кој не ги цени Неговите дарови и единствено тој да не се покорува на Неговите закони? Зар тие кои можат да се издигнат и облагородат и така да се оспособат да бидат Негови соработници, ќе се согласат да останат несовршени во карактерот и да создаваат збрка во нашиот свет? Треба ли телата и душите на Божјото откупено наследство да бидат попречени од несветите постапки и обичаи на овој свет? Зар не треба и тие да зрачат со убавината на Оној кој создал сè добро, за преку Неговата благодат несовршениот човек најпосле да го слушне благословот: „Добро извршено, добар и верен слуго... влези во радоста на својот Господар“? (Матеј 25:21). {8C 327.2}

Бог сака од природата да извлечеме поука за послушноста. {8C 327.3}

*„Но, прашај ги животните, и ќе те поучат;*
*прашај ги небесните птици, и ќе ти објаснат.*
*Или разговарај со земјата, и таа ќе те поучи.*
*И рибите во морето ќе ти раскажат.*
*Кој од нив не знае, дека Божјата рака го создаде сè тоа?“*
*„Во Бога се мудроста и силата;*
*Тој има совет и разум“*
*(Јов 12:7-9,13). {8C 327.4}*

*„Блажен е човекот чие задоволство му е во Господовиот Закон...*
*Тој е како дрво засадено покрај водни потоци,*
*што донесува плод во свое време,*
*чиј лист не венее*
*и сè што прави, во сè успева“*
*(Псалм 1:1-3). {8C 328.1}*

Книгата на природата и пишаното Слово се расветлуваат едно со друго. И едното и другото ни го објаснуваат Божјиот карактер и законите преку кои Тој делува, така што на тој начин подобро го запознаваме. {8C 328.2}

## Воспитување во животот што доаѓа

Воспитувањето што отпочнало овде нема да се заврши во овој живот; тоа со постојано напредување ќе продолжи низ целата вечност, и никогаш нема да се заврши. Од ден во ден на умот ќе му се откриваат нови убавини на Божјите чудни дела, доказите на Неговата чудотворна сила со која ја создал вселената и ја одржува. Во светлината која свети од престолот ќе исчезнат тајните и душата ќе се исполни со восхитување заради едноставноста на појавите кои порано никогаш не можел да ги сфати. {8C 328.3}

Денес гледаме нејасно, како преку стакло, но тогаш ќе гледаме лице во лице; денес знаеме само делумно, а тогаш ќе знаеме како што се знаеме себе. {8C 328.4}

## НАША ГОЛЕМА ПОТРЕБА

Наша голема потреба е познавање на Бога кое доведува до преобразување на карактерот. Ако ја исполнуваме Божјата волја, Тој во нашиот живот ќе се открие на начин кој е во согласност со учењето на Неговото Слово. {8C 329.1}

Искуството на Енох и на Јован Крстител ни прикажува што би морале и ние да бидеме. Мораме да го проучуваме животот на овие луѓе многу повеќе отколку што тоа сега го правам животот на човекот што бил пренесен на небото не вкусувајќи смрт и човекот кој пред Христовото прво доаѓање бил повикан да го подготвува патот на Господа, да ги исправни Неговите патеки. {8C 329.2}

### Искуството на Енох

За Еноха е запишано дека живеел шеесет и пет години и тогаш го добил првиот син и дека после тоа живеел „според Божјата волја триста години“. И во текот на тие рани години, Енох исто така го љубел Бога, имал стравопочит кон Него и ги држел Божјите заповеди. Но по раѓањето на својот прв син се издигнал на еден повисок степен на искуство: стапил во поблиска врска со Бога. Кога ја видел љубовта на детето спрема таткото, детската искрена доверба и неговата заштита и кога го почувствувал длабокиот копнеж на нежноста на татковото срце кон тој син првенец, тој ја сфатил драгоцената поука на чудесната Божја љубов спрема човекот, која се одразила во дарувањето на Неговиот Син и довербата со која Божјите деца можат да се потпрат на својот небесен Татко. Бескрајната, неиспитлива Божја љубов откриена во Христа станала предмет на неговото размислување ден и ноќ. Тој со сета срдечност на својата душа настојувал таа љубов да ја открие на оние меѓу кои живеел. {8C 329.3}

Енох не одел со Бог во занес или визија, туку во сите должности на секојдневниот живот. Тој не станал испосник (пустиник), не се одвоил потполно од светот, бидејќи во светот требало да изврши едно дело за Бога. Во семејството и во сообраќањето со луѓето, како сопруг и татко, како пријател и граѓанин, тој секогаш бил непоколеблив, доследен Божји слуга. {8C 329.4}

Како што поминувале вековите, неговата вера станувала сè посилна, а љубовта сè посрдечна. За него молитвата била дишење на душата. Живеел во небесната атмосфера. {8C 330.1}

Кога пред неговите очи се отвориле сцените на иднината, Енох станал проповедник на праведноста, пренесувајќи им ја Божјата порака на сите оние кои сакале да ги слушаат зборовите на предупредување. Во земјата во која Каин побегнал сакајќи да се сокрие од божествената присутност, Божјиот пророк објавувал чудесни сцени кои му биле покажани во видение. „Ете, доаѓа Господ со илјадници Свои свети ангели, за да изврши суд над сите и за да ги разобличи сите безбожници за сите нивни нечисти дела, што ги беа направиле со своето беззаконие, и за сите лоши зборови, што ги изрекле за Него безбожните грешници“ (Јуда 14,15). {8C 330.2}

Оние кои слушале, почуствувале дека Божјата сила делува преку Неговиот слуга. Некои го послушале предупредувањето и се откажале од своите гревови, но повеќето се потсмевале на свечената порака. Во овие последни денови Божјите слуги мораат да му објават на светот слична порака, и исто така ќе наидат на неверување и потсмев. {8C 330.3}

Како што поминувале годините, плимата на човечките беззаконија станувала сè подлабока и подлабока, се собирале сè помрачни и помрачни облаци на божествениот суд. Но Енох - сведокот на верата се држел за својот пат, предупредувајќи, преколнувајќи и проучувајќи, трудејќи се да ја спречи плимата на беззаконието и да ги сопре стрелите на одмаздата. {8C 330.4}

Луѓето од тоа поколение му се смееле на лудоста на оној кој не се трудел да собере злато и сребро, ниту да добие имот на овој свет. Но Еноховото срце копнеело за вечното богатство. Неговиот поглед бил насочен на небесниот град. Тој го видел Царот во Неговата слава среде Сион. Доколку било поголемо постоечкото беззаконие дотолку бил посрдечен неговиот копнеж за вечниот дом. Иако сè уште се наоѓал на земјата, тој со вера престојувал во царството на светлината. {8C 330.5}

„Блажени се чистите по срце, зашто тие ќе Го видат Бога“ (Матеј 6:8). Триста години Енох копнеел за чистота на срцето, за да биде во хармонија со небото. Три столетија одел со Бога. Од ден во ден копнеел за непосредно единство; општењето станувало сè поблиску додека Бог не го земал кај Себе. Тој стоел на прагот на вечниот свет, помеѓу него и земјата на блаженството имало само уште еден чекор. Тогаш вратата се отворила, одењето со Бог, кое толку долго траело на земјата, продолжило и тој поминал преку вратата на светиот град  како прв помеѓу луѓето кој таму влегол. {8C 331.1}

„Преку вера Енох беше преселен за да не види смрт... зашто пред преселувањето тој доби сведоштво дека Му угодил на Бога“ (Евреите 11:5). {8C 331.2}

На такво општење Бог нè повикува и нас. Како Еноховата, таква мора да биде светлината на карактерот на оние кои ќе бидат откупени помеѓу луѓето при второто Господово доаѓање. {8C 331.3}

## Искуството на Јован Крстител

Јован Крстител во својот живот во пустината бил поучуван од Бога. Тој во природата го проучувал Божјото откровение. Под водство на божествениот дух тој ги проучувал списите на пророците. Дење и ноќе Христос бил предмет на неговото проучување и размислување, сè додека визијата на славата не му го исполнила срцето и душата. {8C 331.4}

Тој го гледал Царот во Неговата убавина додека себе се губел од вид. Посматрајќи ја величественоста на светоста, ја увидел својата слабост и недостојност. Негова должност била да им ја објави на луѓето Божјата порака. Тој се одржал благодарение на Божјата сила и Неговата праведност. Бил подготвен да стане гласник на небото, не плашејќи се од човечкото, бидејќи го имал пред очите божественото. Тој стоел без страв пред земните владетели, бидејќи со трепет се поклонувал пред Царот над царевите. {8C 331.5}

Јован ја објавил својата вест без било какви разработени аргументи и фино измислени теории. Силен и строг, но сепак полн со надеж, се слушнал неговиот глас од пустината: „Покајте се, зашто се приближи царството небесно“ (Матеј 3:2). Тоа со некоја нова, необична сила влијаело на луѓето. Целиот народ се возбудил. Маси на народ доаѓале во пустината. {8C 332.1}

Необразованите селани и рибари од околината; римските војници од Иродовите касарни; војсководците со мечови на бедрата, подготвени да уништат сè што би личело на бунт; лакомите цариници од своите царинарници; и од Синедрионот свештениците

со своите филастики (еврејски обреден појас) сите слушале како маѓепсани; дури и фарисеите и садукеите студени потсмевачи на кои не можело да се влијае заминувале со замолкнат потсмев, додека свеста за личната грешност и вина длабоко се врежала во срцето. Ирод во својот двор ја слушнал веста и тој горд и во грев закоравен владетел, затреперил слушајќи го повикот на покајание. {8C 332.2}

Во овој век, непосредно пред Христос да се појави на небесните облаци по втор пат, потребно е да се изврши дело слично на Јовановото. Бог повикува луѓе кои ќе подготват народот да се одржи на големиот Господов ден. Пораката што на почетокот на Христовата јавна служба била упатена на цариниците и грешниците, фарисеите и садукеите гласела: „Покајте се, зашто се приближи царството небесно“ (Матеј 3:2). Како народ кој верува во скорото Христово доаѓање, ние мораме да ја објавиме пораката: „Подготви се, Израиле, да го пресретнеш својот Бог“ (Амос 4:12). Нашата порака мора да биде исто онака непосредна како што била и Јовановота. Тој ги укорувал царевите заради нивното беззаконие. И иако заради тоа животот му бил во опасност, тој не се воздржувал да го објави Божјото Слово. И нашето дело во овој век мора да биде исто така верно извршено. {8C 332.3}

За да ја објавиме таква вест каква што објавил Јован, мораме да имаме духовно искуство какво што имал тој. Во нас мора да се изврши истото дело. Мораме да го видиме Бога и гледајќи го Него да се изгубиме од вид себеси. {8C 333.1}

Јован по природа имал човечки недостатоци и слабости, но тој бил преобразиен од допирот на божествената љубов. Кога неговите ученици, дошле кај него и му се пожалиле дека сите одат по новиот Учител, Јован јасно покажал дека го разбира својот однос спрема Месијата и колку е радосен што може да го поздрави Оној на кого му го подготвувал патот. {8C 333.2}

„Не може човек ништо да прими“, рекол тој, „ако не му биде дадено од небото. Вие самите мене ми сведочевте дека реков: јас не сум Христос, туку дека сум испратен пред Него. Кој има невеста, младоженец е, а пријателот на младоженецот стои и го слуша, и се радува на гласот на младоженецот. Ова значи мојата радост се исполни. Оној треба да расте, а јас да се смалувам“ (Јован 3:27-30). {8C 333.3}

Потпирајќи се со вера на Откупителот, Јован се издигнал до самоодрекување. Тој не се трудел да ги привлече луѓето кон себе, туку нивните мисли сè повеќе да ги воздигнува, за да ги насочи на Јагнето Божјо. Тој бил само глас, повик во пустината. Сега со радост прифатил молчење во сенка, за сите очи да бидат насочени кон Виделината на животот. {8C 333.4}

Тие што верно го извршуваат својот повик на Божји гласници, нема да бараат чест за себе. Љубовта кон Христа ја фрла во сенка љубовта кон самиот себе. Тие ќе увидат дека нивна должност е како Јован Крстител да објавуваат: „Еве Го Јагнето Божјо, Кое ги зема гревовите на светот врз себе“ (Јован 1:29). Тие ќе го воздигаат Исуса, а со Него ќе се воздигне и човештвото. „Вака зборува Вишниот и Возвишениот, Кој вечно живее и името Му е Светиот: ‘Престолувам во високо и свето место, но Јас сум и со оној кој има скрушен и понизен дух, за да го оживеам духот на понизните, за да го оживеам срцето на скрушените’“ (Исаија 57:15). {8C 333.5}

Од душата на пророкот исчезнало сопственото „јас“ и таа се исполнила со божествена светлина. Со зборови кои биле во согласност со зборовите на самиот Христос, тој сведочел за славата на Спасителот. „Кој доаѓа одозгора, тој е над сите“, вели тој, „а кој е од земјата, земен е и како земен зборува. Кој доаѓа од небото, Тој е над

сите... Бидејќи тој што е испратен од Бога, кажува Божји зборови; зашто Бог Го дава духот неизмерно“ (Јован 3:31-34). {8C 334.1}

Во таа Христова слава треба да учествуваат сите Негови следбеници. Спасителот рекол: „Не ја барам Мојата волја, туку волјата на Таткото Кој Ме прати“ (Јован 5:30). А Јован рекол: „Бидејќи Бог не му го дава Нему Духот со мерка”. Така е и со Христовите следбеници. Небесната светлина можеме да ја добиеме само ако сме подготвени да ја отфрлиме себичноста и сопственото „јас“. Можеме да го запознаеме Божјиот карактер и да го примиме Христа само ако се согласиме секоја мисла да ја потчиниме на послушност кон Христа. На сите што прават така, Светиот Дух им се дава без мерка. Во Христос „пребива сета полнота на Божеството. И вие сте целосно во Него“ (Колосјаните 2:9,10). {8C 334.2}

Божјите ветувања На сите кои се подготвени да се понизат дадени им се Божјите ветувања: {8C 335.1}

„Ќе дозволам пред тебе да помине сета Моја добрина, и пред тебе ќе го објавам името Јехова“ (Излез 33:19). {8C 335.2}

„Повикај ме и ќе ти одговорам и ќе ти откријам големи и недостижни работи, за коишто не знаеш ништо“ (Еремија 33:3). {8C 335.3}

Тој „може да изврши преизобилно сè што ќе побараме или помислиме“, и да ни даде „дух на мудрост и откровение за да Го познаете“, за да „можеме да сфатиме со сите светии што е ширина и должина и длабочина и висина и да ја осознаеме Христовата љубов што го надминува секое знаење“, за да се исполниме со „сета полнота Божја“ (Ефесјаните 3:20; 1:17; 3:18,19). {8C 335.4}

Бог нè повикува да го примиме тоа познание, а во споредба со тоа сето друго е суета и ништожност. {8C 335.5}